ГОРДАНА ЛАЖЕТИЌ
БОБАН МИСОСКИ
ОЛГА КОШЕВАЛИСКА
ЛАЗАР НАНЕВ

ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО И ПРАВДА ЗА ДЕЦА

2025

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Гордана Лажетиќ
Бобан Мисоски
Олга Кошевалиска
Лазар Нанев

ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО И ПРАВДА ЗА ДЕЦА

Скопје, 2025

Издавач:
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Бул. „Гоце Делчев" бр. 9, 1000 Скопје
www.ukim.edu.mk

Уредник за издавачка дејност на УКИМ:
проф. д-р Биљана Ангелова, ректор

Уредник на публикацијата:
проф. д-р Гордана Лажетиќ
проф. д-р Бобан Мисоски
проф. д-р Олга Кошевалиска
проф. д-р Лазар Нанев

Рецензенти:
1. Академик, Владо Камбовски, проф. д-р
2. проф. д-р Гордан Калајџиев

Техничка обработка:
проф. д-р Олга Кошевалиска

Лектура на македонски јазик:
Весна Ристова

Илустратор:
проф. д-р Елена Максимова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
343.95-053.6(497.7)(075.8)
316.624/.2-053.6(497.7)(075.8)
342.7-053.2(497.7)

ДЕТСКО престапништво и правда за деца [Електронски извор] / Гордана Лажетиќ ... [и др.] ; [илустратор Елена Максимова]. - Скопје :
Универзитет "Св. Кирил и Методиј", 2025

Начин на пристапување (URL):
https://www.ukim.edu.mk/e-izdanija/PRF/Detsko-prestapnishtvo-i-pravda-za-deca.pdf.
- Текст во PDF формат, содржи 308 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 27.03.2025. - Фусноти кон текстот. - Биографски податоци: стр. 308. - Други автори: Бобан Мисоски, Олга Кошевалиска, Лазар Нанев. - Библиографија: стр. 288-307

ISBN 978-9989-43-527-0

1. Лажетиќ, Гордана [автор] 2. Мисоски, Бобан [автор] 3. Кошевалиска, Олга [автор] 4. Нанев, Лазар [автор]
а) Малолетничка деликвенција -- Психосоцијални аспекти -- Македонија -- Високошколски учебници б) Општествено однесување -- Социјална патологија
-- Млади -- Македонија -- Високошколски учебници в) Човекови права -- Деца -- Македонија

COBISS.MK-ID 65573893

ПРЕДГОВОР

Детското престапништво и правдата за децата се динамична област којашто го задржува традиционалното постапување спрема децата со сите специфики што тоа со себе го носи, а едновремено нужно мора да се прилагоди на новите трендови и тенденции, да ги вгради современите теоретски сознанија во однос на етиологијата и феноменологијата на детското престапништво и правдата за децата.

Со донесувањето на новиот Закон за правда за децата (ЗПД) во март 2024 година се изврши усогласување со Директивата EU2016/800 на Европскиот парламент и на Советот за процедурални заштитни мерки за децата кои се осомничени или обвинети во кривична постапка и со Директивата 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 година за утврдување минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал и за замена на Рамковната одлука на Советот 2001/220 / ЈНА.

Потребата од овој учебник за потребите на студентите на втор циклус студии од областа на казненото право се наметна поради фактот што во новиот ЗПД за првпат е дефинирано начелото за најдобар интерес на детето, неговиот опфат и попретежноста во однос на другите интереси на детето и други законски норми што се применуваат во рамките на материјалното и процесното казнено право, како и судската постапка спрема децата во судир со законот, со што ЗПД доби карактер на процесен закон.

Во учебникот се нагласува потребата за зајакната заштита на децата жртви и децата сведоци, со акцент врз спречување на секундарната виктимизација и сензибилизирање на сите професионалци што постапуваат спрема детето, а доаѓаат од различни државни органи или правосудни професии.

Развојната детска психологија овозможува да се сфатат процесите што влијаат врз правилен раст и развој, ризиците на адолесценцијата и современите аспекти на созревањето на детето од физички, емоционален и социјален аспект. Овие сознанија се круцијални за разбирање и проектирање на политиките за примарна превенција од детското престапништво, за навремено идентификување на ризик факторите и адресирање на вистинските потреби, проблеми и состојби во кои се наоѓа детето. Познато и прифатливо е дека постапувањето спрема децата отсекогаш имало свои специфики по кои сосема се разликувало од постапувањето спрема возрасните, како сторители на кривични дела.

Разработувајќи ги теориите што помагаат да се сфати однесувањето на децата се дава придонес за прилагодување на постапувањата според психо-физичкиот, емоционалниот и менталниот степен на развиток на детето и соодносот помеѓу возраста и зрелоста, притоа земајќи го предвид и неизбежниот расчекор помеѓу желбите, можностите и потребите на младиот човек којшто предизвикува состојби коишто може да бидат ризик фактори за детско престапништво.

Во теоријата, но и во практичното постапување апсолвирано е дека поради влијанието на егзогените и ендогените фактори детето не е секогаш во состојба најдобро да го разбере значењето на она што го сторува или пропушта, ниту соодветно да ги сфати последиците од преземеното дејствие. Изградувањето на систем на вредности кај децата се одвива преку идентификација и копирање на возрасните во првите години од животот, а подоцна големо влијание имаат социјалните и економски фактори, состојбата во семејството и влијанието на врсниците при што во определени ситуации иако детето може да направи дистинкција помеѓу општествено прифатливото

и неприфатливото однесување, не донесува правилна одлука поради недоволната зрелост и свесност за последиците.

Потребата за изработка на овој учебник се наметна и со оглед на фактот што материјата посветена на децата во ризик, децата во судир со законот и децата жртви се издвои од казненото материјално и казненото процесно законодавство и во голема мера се надогради и збогати со цел да овозможи постапувањето спрема деца да прерасне во посебен систем на казнено постапување, одлучување и санкционирање.

Во легислативна смисла, новите приоди во постапувањето спрема децата постојат во последата деценија и половина. Тие беа првично прифатени во Законот за малолетничката правда, којшто се применуваше од 2009 до 1 декември 2013 година, а потоа и со Законот за правда за децата од 2013 до 2024 година.

Во овој учебник се апострофираат улогата на неформалните облици на постапување, мислењето и согласноста од оштетениот за примена на определени процесни облици, како и проширени овластувања на јавниот обвинител за примена на начелото на целесообразност. Едновремено, прифатени се облици на постапување коишто се растоварени од определени формалности и овозможуваат изрекување и започнување со извршување на санкцијата во краток период по добиеното сознание за стореното кривично дело. Голема предност на законските решенија е можноста да се преземе соодветна реакција од Центрите за социјална работа и кон деца во ризик на возраст од 5 до 14 години.

Со ЗПД од 2024 година се измени пристапот кон семејството на детето. Имено, долгорочните цели на специјалната превенција се нагласени со активното вклучување на семејството на детето во ризик во сите облици на постапување со цел за зајакнување на семејството како институција, но повеќе не постојат санкции кон семејството, туку решенија кои овозможуваат зајакнување на капацитетите на семејството во остварување на родителската грижа и воспитување и заштита на децата

Подготвениот учебник е наменет, пред сè, за студентите на студиите од втор циклус на правните науки, но може да помогне и во совладување на материјата посветена на децата во ризик и за студентите на прв циклус на правните науки, но и на практичарите со цел правилно толкување и имплементација на концептот за заштита на децата преку посебниот приод кон детското престапништво и правдата за децата.

Скопје, Штип

Јануари, 2025 Од авторите

СОДРЖИНА

ВОВЕД 17
ГЛАВА I 19
ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО 19
1. Поим и основни карактеристики на престапничкото однесување на децата 19
2. Поим и основни карактеристики на воспитната запуштеност кај децата 21
3. Однос на адолесценцијата и делинквенцијата 23
3.1. Горна граница на малолетство 28
4. Теории на детското престапништво 29
4.1. Социолошки теории 30
4.1.1. Теорија на социјална дезорганизација 30
4.1.2. Теорија на аномија 31
4.1.3. Теорија на културна девијација 32
4.1.4. Теорија на диференцијална асоцијација 33
4.1.5. Теорија на општествена (социјална) контрола 33
4.1.6. Теорија на етикетирање и секундарна девијација 33
4.2. Биолошки теории 34
4.3. Психолошки теории 36
4.3.1.Психоаналитичка теорија 37
4.3.2. Когнитивна теорија 38
4.3.3. Теорија на општествено учење 39
5. Историски развој на положбата на детето во кривичното право 41
5.1. Развој на казненото право спрема деца до почетокот на XX век 41
5.2. Казнено право спрема деца во XX век 45
5.3. Современ развиток на казненото право спрема деца 46
5.4. Компаративни трендови во правдата за децата 50
5.5. Историски развој на македонската казнена правда за деца 55
5.5.1. Македонскиот систем на казнено право до Законот за малолетничка правда 55
5.5.2. Законот за малолетничка правда од 2007 година 59
5.5.3. Концепцијата на Законот за правда за децата од 2013 и 2024 година 60
5.5.4. Законот за правда за децата од 2024 година 66
5.5.5. Толкување и примена на Законот за правда за децата 68
6. Европското законодавство и новите трендови во концептот за правда за децата 69

6.1. Директивата EU2016/800 на Европскиот парламент и на Советот за процедурални заштитни мерки за децата кои се осомничени или обвинети во кривична постапка ... 72
6.2. Директивата 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и Советот од 2012 година за воспоставување минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите од кривични дела ... 78
ГЛАВА II ... 81
ЕТИОЛОГИЈА И ФЕНОМЕНОЛОГИЈА НА ДЕТСКОТО ПРЕСТАПНИШТВО ... 81
1. Етиологија на детското престапништво (егзогени и ендогени фактори) ... 81
1.1. Егзогени фактори за појава на детското престапништво ... 82
1.1.1. Сиромаштијата како ризик фактор ... 82
1.1.2. Семејството како ризик фактор ... 84
1.1.2.1. Семејството како криминоген фактор во појавата на детското престапништво ... 85
1.1.3. Образованието како ризик фактор ... 97
1.1.4. Влијанието на медиуимите ... 100
1.1.5 Влијанието на врсниците и соседството како ризик фактори ... 101
1.2. Ендогени фактори за појава на детското престапништво ... 103
1.2.1. Структура на личноста ... 105
1.2.2.Темперамент и негови карактеристики ... 106
1.2.3. Карактер и карактерни особини ... 108
1.2.4. Способностите како особина на личноста ... 109
1.2.5. Движечката сила на активноста на личноста - мотиви, ставоти, предрасуди и интереси ... 112
2. Трендови на детското престапништво ... 115
3. Феноменологија на детското престапништво ... 119
4. Казнена политика во однос на детското престапништво ... 123
ГЛАВА III ... 126
КАРАКТЕРИСТИКИ И ИЗВОРИ НА КАЗНЕНОТО ПРАВО СПРЕМА ДЕЦА ... 126
1. Основни карактеристики ... 126
2. Извори на казненото право спрема децата ... 128
2.1. Домашни извори на казненото право спрема децата ... 129
2.2. Меѓународни извори на казненото право спрема децата ... 130
2.3. Европски документи како извори на казненото право спрема децата ... 132
ГЛАВА IV ... 135
ПОИМ НА ДЕТЕ И ПОУКИ ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ... 135
1. Детерминанти кои го определуваат поимот дете ... 135
2. Дефинирање на поимот дете ... 139

I. Деца во ризик 141
II. Деца во судир со законот 143
ГЛАВА V 148
НАЧЕЛА ВО ПОСТАПУВАЊЕТО СПРЕМА ДЕЦА 148
1. Општо за значењето на начелата 148
2. Видови начела 150
2.1. Општи начела за постапување спрема детето 150
2.2. Начела на судската постапка спрема дете 154
ГЛАВА VI 161
СУБЈЕКТИ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА СПРЕМА ДЕЦА 161
1. Општо за субјектите 161
2. Надлежен суд во постапката спрема деца 161
3. Јавен обвинител за постапување спрема деца 164
4. Бранител 166
5. Центар за социјални работи 167
ГЛАВА VII 171
МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСУСТВО НА ДЕТЕТО 171
1. Меѓународни стандарди за притворање на деца 171
2. Повикување и задржување на дете според ЗПД 174
3. Определување краткотраен притвор според ЗПД 177
4. Определување мерка притвор според ЗПД 177
Определување други мерки. 179
ГЛАВА VIII 180
ТЕК НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА СПРЕМА ДЕЦА 180
1. Поведување на постапка 180
2. Поуки за права на детето 180
3. Право на детето да биде придружувано во текот на постапката 181
4. Подготвителна постапка спрема дете 182
5. Постапка пред Советот за деца 185
4.1. Седница на советот 185
4.2. Главен претрес 186
4.3. Измена на предлогот за изрекување санкција 190
6. Одлуки на Советот за деца 190
5.1. Видови одлуки 190
5.2. Образложение и рок за донесување на одлуките 191
7. Правни лекови 191

6.1. Жалба како редовен правен лек 192
6.2. Вонредни правни лекови 193
ГЛАВА IX 196
САНКЦИИ СПРЕМА ДЕЦА 196
1. Меѓународни и европски документи релевантни за приодот при санкционирање на децата 196
2. Општи правила во ЗПД во однос на санкциите спрема децата 199
3. Видови санкции спрема деца 204
3.1. Воспитни мерки 204
3.1.1. Укор и Упатување во Центар за деца 204
3.1.2. Мерки на засилен надзор 205
3.1.3. Заводски мерки 207
3.1.4. Специфики во однос на одделни воспитни мерки 209
3.5. Алтернативни мерки 210
3.6. Мерки на безбедност 213
3.7. Казни 215
3.7.1. Видови казни за деца и услови за нивно изрекување 216
4. Изрекување санкции на помлади полнолетни лица 217
ГЛАВА X 222
ПОСЕБНИ ОБЛИЦИ НА ПОСТАПУВАЊЕ СПОРЕД ЗПД 222
1. Постапки што ги спроведува ЦСР 222
1.1. Применување мерки на помош и заштита 222
1.2. Обештетување во ЦСР 231
2. Постапување по иницијатива на јавниот обвинител 233
2.1. Постапка за примена на мерки на одвраќање 233
2.2. Неповедување судска постапка за дела казниви со затвор до 5 години 236
2.3. Постапката за признавање на одговорност и спогодување за висината на казната 237
2.4. Предлагање санкција без подготвителна постапка 239
ГЛАВА XI 242
РЕСТОРАТИВНА ПРАВДА И МЕДИЈАЦИЈА 242
1. Ресторативна правда спрема децата 242
2. Концептуални карактеристиките на медијацијата спрема децата 244
3. Европски документи за поголема ефективност на ресторативната правда и медијацијата 247
4. Карактеристики на медијацијата спрема деца 248

5. Постапка на медијација согласно ЗПД 252
6. Примена на медијација во постапката за деца во Северна Македонија 257
ГЛАВА XII 262
ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА И НА ДЕЦАТА СВЕДОЦИ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА 262
1. Воведни напомени 262
2. Поимно определување 263
3. Европска регулатива за заштита на жртвата 263
4. Упатства на ООН за заштита на деца жртви и деца сведоци 265
5. Заштита на детето жртва во македонското законодавство 270
5.1. Права на детето жртва 273
5.2. Правата на детето сведок 278
ГЛАВА XIII 280
ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКОТО ПРЕСТАПНИШТВО 280
1. Основни карактеристики и видови превенција 280
2. Примарна превенција 280
3. Секундарна превенција 282
4. Терцијална превенција 283
5. Државен совет за превенција и правда за деца 283
5.1. Состав на Државниот совет 283
5.2. Траење и престанок на мандатот 284
5.3. Седиште, надлежности и надоместок 285
6. Општински совети за превенција на детско престапништво 286
Користена литература 288

КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

АКРСМ	**–**	**Адвокатска комора на Република Северна Македонија**
ЕУ	**–**	**Европска Унија**
ЗКП	**–**	**Закон за кривичната постапка**
ЗМП	**–**	**Закон за малолетничка правда**
ЗП	**–**	**Закон за прекршоци**
ЗПД	**–**	**Закон за правда за децата од 2024 година**
ЗПД 2013	**–**	**Закон за правда за децата од 2013 година**
КЗ	**–**	**Кривичен законик на Република Северна Македонија**
КПД	**–**	**Конвенција за правата на детето**
МВР	**–**	**Министерство за внатрешни работи**
ОЈО	**–**	**Основно јавно обвинителство**
ООН	**–**	**Организација на Обединетите нации**
РСМ	**–**	**Република Северна Македонија**
СЕ	**–**	**Совет на Европа**
ЦСР	**–**	**Центар за социјални работи**

ВОВЕД

Подоброто разбирање на причините и облиците на детското престапништво е од суштинско значење за остварување на целите на постапувањето со децата во ризик, децата во судир со законот и со децата жртви. Иновираната легислативна рамка во материјална и процесна смисла ја нагласува неопходноста од специјализација на професионалците од областа на социјалната заштита, јавните обвинители, судиите и адвокатите, како и вклучените во пенитенцијарниот систем за постапување со деца. Сето ова овозможува доминантно место во општествената, односно казнената реакција да имаат мерките на помош и заштита кон кривично неодговорни деца и кон оние над 14 години, доколку со мерки на помош и заштита или со мерки на одвраќање може да се надминат причините кои довеле до преземање на дејствието што содржи елементи на кривично дело.

Брзото реагирање по преземање на дејствието има за цел навремено адресирање на ризиците коишто може да доведат до однесување кое може да резултира со повторно извршуваање на кривично дело или извршување на потешко кривично дело.

Иако акцентот е на неформалното постапување и одбегнување на судската постапка спрема деца, во определени случаи неизбежно е изрекување на воспитните мерки и мерки на засилен надзор, па и институционални мерки на упатување во соодветна установа.

Изречената мерка или санкција мора да биде во најдобар интерес на детето. Основната цел на ваквиот приод е да се одбегне загрозувањето на правилниот раст и развиток на младите лица во адолесцентниот период на премин од детство кон полнолетството.

Во рамките на детското престапништво и правдата за децата и со новиот Закон за правда за децата (ЗПД),[1] се апострофира потребата за почеста примена на можностите за неформален пристап во разрешувањето на состојбите во кои се инволвирани децата, што подразбира интеракција и активно вклучување на поширок круг субјекти во кои спаѓаат родителите, училиштето во кои се образува детето, ЦСР, а поведувањето кривична постапка спрема деца да биде случај само за најтешките облици на кривични дела, односно кривични дела со фатални последици по животот и здравјето на луѓето, за повторено сторување полесни кривични дела и кога ќе се оцени дека личноста на детето, начинот на сторување на кривичното дело и околностите што довеле до сторување на кривичното дело го оправдуваат класичниот формален приод во постапувањето на што неизбежно се надоврзува изрекувањето соодветна кривична санкција, односно казна.

[1] Закон за правда за децата, Службен весник на РСМ, бр. 66 од 2024 година, со кој се стави вон сила претходниот Закон за правда за децата, Службен весник на РСМ, бр. 148/13, 152/19 и 257/19, во текстот на овој учебник цитиран како: ЗПД 2013.

Европската регулатива за правата на детето во текот на судската постапка, неговите права кога има својство на дете жртва се во контекст на современите трендови во теоријата и практиката за положбата на децата во системот на правда за децата.

Со ЗПД се задржа пристапот на кодификација на општиот дел од материјалното и процесното казнено законодавство за деца во еден закон, во кој покрај регулирањето на казнениот систем и казнената постапка спрема деца се опфатени и категориите деца во ризик, заштитата на децата како жртви на кривични дела и превенцијата на детското престапништво. Надвор од опфатот на ЗПД е аспектот на извршување на санкциите спрема децата регулиран со Законот за извршување на санкциите (ЗИС), којшто се заснова на други начела и концепт на поставеност на пенитенцијарниот систем, поради што не може да биде дел од ЗПД.

Унапредениот легислативен систем за правда на децата бележи фокус врз заштитата, воспитувањето, превоспитувањето и правилниот раст и развој на децата, од една страна, но и подигање на свеста дека постојат случаи кога однесувањето на детето ескалира поради ненавремено и несоодветно реагирање и процесуирање на предметите каде што се засегнати децата во различни својства.

Во текот на втората декада од законското регулирање на алтернативните санкции и мерки, сè уште постои потреба да се укажува дека правосудните органи мора да бидат повеќе охрабрени да пристапуваат кон определување на вонзатворски, односно алтернативните мерки и мерки со ресторативна природа спрема деца, при што ЦСР остануваат надлежни само за алтернативни мерки спрема децата, додека за возрасните извршувањето на алтернативните мерки е во рамките на надлежностите на пробациската служба воспоставена со Законот за пробација (Службен весник на РМ 226/15).

Потребно е да се добие претстава и за зголемените права на децата жртви, поголемите гаранции за нивна заштита, за проширување на опфатот на жртви согласно ЗПД и врз членовите на семејството, а важни се и можностите за паричен надомест на деца кога се жртви на кривични на насилство пропишани со Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство (Службен весник на РСМ, бр. 247/22), со којшто се изврши усогласување со Директивата 2004/80/ЕЗ на Советот од 29 април 2004 година за надоместок на жртвите на кривично дело CELEX број 32004L0080.

Конечно, кодификацијата на казненото материјално и процесното законодавство во еден закон во кој покрај регулирањето на казнениот систем, казнената постапка и системот на санкции кои може да им бидат изречени на децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела како и заштитата на децата, како жртви или сведоци на кривични дела, се содржани и одредби во однос на превенцијата на детското престапништво, значи осовременување и следење на новите трендови во теоријата и практиката за положбата на децата во системот на правдата за децата (Кошевалиска, 2013). Во однос на моделот на превенција во институционална смисла, ЗПД го задржува системот на постоење Државен совет за правда и превенција на децата и општински совети за превенција на детското престапништво, при што во Државниот совет составот се зајакнува со претставник од Министерството за здравство, што е особено важно поради состојбите со менталното здравје на младите и зачестените болести на зависност, како и претставник на Заедницата на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС) како начин за поголема поврзаност и подобра комуникација, координација, соработка и синергија на Државниот совет со општинските совети.

ГЛАВА I
ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО

1. Поим и основни карактеристики на престапничкото однесување на децата

Успехот во борбата против детското престапништво во голема мера зависи од адекватниот пристап на општеството кон оваа особено чувствителна проблематика. Со други зборови, правилниот модел на борба против овој глобален проблем овозможува не само соодветна реакција на надлежните органи, туку и превенирање на кривични дела каде што како сторители се јавуваат децата. Токму затоа новите приоди во постапувањето подразбираат приспособување на реакцијата кон причините што довеле до стореното. Влијанието врз причините за недозволеното однесување придонесува за разноликост на методите и формите за постапување. Ваквиот приод во законското регулирање е поттикнат од меѓународните документи кои укажуваат на потребата од издвојување на постапувањето кон децата во посебен систем од материјални, процесни и извршни казненоправни норми. Глобалните трендови во казнената политика свој одраз имаа и на полето на детското престапништво, кое е во сферата на непосреден и постојан интерес на криминолозите и теоретичарите од казненоправната област.

Криминолозите и теоретичарите настојуваат да ги дефинираат методите за постапување и спречување на натамошно делинквентно однесување на децата, а задачата на законодавецот е легислативно да ги врами решенијата кои ја содржат општествената реакција по повод стореното, при што заедничката крајна цел им е намалување на детското престапништво и надминување на проблемите со повторот.

Поимот **делинквенција** (***delinque*** – делинквентност, односно кршење на законските норми, извршување на кривични дела), опфаќа облици на асоцијално, антисоцијално, социо – патолошко и криминално однесување. Одредени теоретичари нагласуваат дека делинквенцијата не е медицинска дијагноза, туку е социјална болест, затоа што се смета дека делинквентите се личности кои не живеат во согласност со моралните и законските норми на општеството и од овие причини тие се повремено или трајно во конфликт со законите.

Но, од причини што делинквенцијата секогаш како поим е врзана за полнолетните сторители, ревидираното казнено законодавство го прифаќа новиот поим, односно поимот на детско престапништво. На овој начин всушност се укажува дека детето ја престапило законската норма, дошло во судир со општествено прифатливото однесување со што всушност се укажува на поблагиот степен на повреда на правните норми.

Одредувањето на поимот детско престапништво не е нималу лесна задача. Во литературата има бројни дефиниции коишто придонесуваат кон поголема конфузност одошто расветлување на, и така сложениот, генерален поим на детско престапништво. Со самата негова екстензивност, која секако е и неминовна, доволно е усложнет проблемот со дефинирањето на овој поим.

Повеќете теоретичари тргнуваат од добро познатите три групи сфаќања за поимот на детското престапништво.

Според првата група:

Под детско престапништво се подразбира однесување на младите кое за последица има кршење на нормите на кривичното законодавство. Ваквата дефиниција има сериозни недостатоци со оглед на фактот дека не прави разлика помеѓу криминалитетот на полнолетните и децата.

Детското престапништво го определува малку пошироко, дефинирајќи го како кривични дела сторени од страна на децата, но и сите оние однесувања на малолетните лица кои се во судир со правните прописи на определена држава. Приврзаници на оваа дефиниција се теоретичари од повеќе држави во САД.

Според третата група која се заснова на социолошко – криминолошките сфаќања:

Детското престапништво, покрај кршењето на кривичните и другите правни норми, го опфаќа и она однесување на децата, кое социокултурната средина го смета за непожелно.

Најпозната дефиниција што спаѓа во третата група е дефиницијата на Тодоровиќ (Тодоровиќ, 1971), којшто под овој поим подразбира „такво девијантно однесување на младите со кое се кршат правните норми но и моралните норми на општеството".

Една од дефинициите која наоѓа поширока примена е дефиницијата на Јашовиќ според која:

*„Престапничкото поведение на младите е секое поведение на поединец, група на млади кое е противправно, односно општествено неприфатливо, однесување со кое се кршат правните и моралните норми на определено општество и кои, кога тоа е општествено видливо, предизвикуваат спонтано или организирано општествено реагирање со намера да се заштитат општествените добра и вредности, како и самите актери на таквото поведение" (*Јашковиќ, 1978; Vidanovič, 1991).

Поради сеопфатноста на оваа дефиниција, истата ќе биде земана предвид во рамките на овој труд при користење на поимот „детско престапништво" .

Детето престапник е дефинирано како: лице коа е под законската возраст за кривична одговорност како возрасен сторител, а е над определена минимална возраст со која може да биде повикан на одговорност за прекршување на кривичниот закон. (Binder et al., 2001)

Асоцијалните однесувања на децата не се правно инкриминирани, но затоа со нив се кршат моралните норми во општеството. Асоцијалните однесувања на младите се сметаат за прв индикатор дека развојот и формирањето на младата личност оди во негативна насока, дека манифестира почетни облици на делинквентно однесување.

Според нашето систематизирање на дефинициите на поимот детско престапништво, постојат екстензивни и рестриктивни дефиниции на овој поим.

Екстензиваната дефиниција за овој поим е дека детското престапништво ги подразбира сите облици на девијација кои се појавуваат во однесувањето на децата, односно однесување спротивно со моралните и законските норми во дадено општество. Оваа дефиниција во себе вклучува анти-социјално и асоцијално однесување од различни предделиктни, девијантни облици, па сè до оние однесувања кои се инкриминирани со позитивните норми.

Потесната или рестриктивна дефиниција се потпира на важечкиот систем на законски норми, односно на она однесување кое инкриминирано во важечкото кривично законодавство како кривично дело.

Во определувањето на поимот на детското престапништво, владее големо шаренило, кое денес може да се види од бројните термини што се среќаваат, како во криминолошката така и во кривично-правната теорија воопшто. (Штерјов, 2013)

Имено се смета, дека постојат толку дефиниции, колку што постојат автори кои се занимаваат со анализа на тенденциите, карактеристиките и состојбите со детското престапништво. Воедно, треба да се укаже дека покрај терминот детско престапништво, паралелно во употреба се и термините малолетнички криминалитет, малолетничко престапништво, воспитна запуштеност и сл.

Во казнениот систем за правда за децата од 2013 година (Закон за правда за децата, Службен весник на РМ, бр. 148/2013) се прифати нов термин – детско престапништво, којшто доби карактер на концепт во пристапот и постапувањето спрема деца и како таков останува прифатен и се продлабочува и во новиот ЗПД од 2024 година.

2. Поим и основни карактеристики на воспитната запуштеност кај децата

Воспитната запуштеност е концепт којшто неминовно е врзан за поимот на детското престапништво, а воедно е и еден од најчесто користените поими кога се објаснува етиологијата на детското престапништво, ризик факторите што придонесуваат за појава на детското престапништво и причините коишто треба да се адресираат со изречените санкции, односно индивидуализираните облици на постапување со цел правилен раст, развој и воспитание на детето.

Графички приказ бр. 1: Детско престапништво во однос со воспитната запуштеност.

Семантичкото значење на „запуштеноста" подразбира состојба на отсуство на внимание, кога нешто е занемарено или се воочува недоволна грижа.

Една од дефинициите е дека воспитната запуштеност е поим кој опфаќа три степени:

- воспитна загрозеност,
- воспитна занемареност и
- детско престапништво. (Скала, 1959)

И покрај бројните критики на оваа дефиниција голем број од теоретичарите ја прифаќаат индиректно преку определување на воспитно запуштеното лице како лице кое со своето однесување врши:

- ✓ Нарушување на општо прифатените општествени норми за коректно однесување (како на пример, бегање од дома, неоправдано отсуство од училиште, скитање и сл.);
- ✓ Прекршоци против јавниот ред и мир;
- ✓ Кривични дела кои со закон се предвидени како кривични дела и чии обележја се определи со закон.

Друга дефиниција за воспитната запуштеност ја дефинира истата како облик на однесување на пределинквентниот тип односно „вид на сериозно антисоцијално однесување кое не значи делинквенција, но претставува сериозна опасност истата да се развие". (Јашовиќ, 1983)

Првата дефиниција не може да ја прифатиме поради нејзината екстензивност која се коси со правно регулираните инкриминации.

Имено, не е нужно воспитно запуштените деца да сторат кривично дело, туку кај овие деца може само да се констатира однесување кое укажува на опасност од извршување на кривични дела.

Оттука, нивниот третман на деца во допир со законот, но не и во судир со него.

Не е мал бројот и на авторите коишто прават разлика помеѓу пределинквентно и делинквентно однесување. Во таа смисла првото го дефинираат како *„однесување кое не содржи елементи на кривично дело во смисла на законските инкриминации, но има такво етиолошко потекло што укажува на фактот дека ако брзо превентивно не се реагира, ќе прерасне во делинквентно однесување*." (Милутиновиќ, 1971) Второто е дефинирано како однесување кое е опфатено во инкриминацијата на нормите на материјалното кривично право.

На крајот, напоменуваме дека општествено неприфатливото однесување на децата доживува суштинска трансформација во огромна мера, како во поглед на условите кои го предизвикуваат, така и во однос на условите во кои истото се манифестира.

Со развитокот на технологијата, информатичката технологија, глобализацијата, економската состојба, миграциите село-град, но и личните фактори како што е предвремениот пубертет и многу други фактори, младите сè повеќе паѓаат во искушение

за пречекорување на границата помеѓу дозволеното и недозволеното. Паралелно со наведените фактори, се забележува промена и на самата општествена реакција на асоцијалното и престапничкото однесување кај децата.

Современото општество во многу поголема мера е насочено кон превенцијата на детското престапништво и отстранување на факторите што влијаат врз неговата појава и се карактеризира со примена на многу потолерантен, неформален и похуман третман на децата кои се јавуваат како сторители на кривично дело.

3. Однос на адолесценцијата и делинквенцијата

Развојната детска психологија започнала интензивно да покажува интерес за проучување на адолесценцијата (***lat. adolescere***) во последната декада од XX век, со оглед на драматичните промени во општествено-економскиот контекст на модерното општество, подобрени можности за испитување на био-социјалните модели на развојот и со истражувања поврзани за решавање на социјалните проблеми поврзани со адолесцентите кои се манифестираат преку антисоцијално однесување, злоупотреба на недозволени супстанции, прерано впуштање во сексуални односи без свест за ризикот што тоа со себе го носи и сл.

Адолесцентниот период од животот се дели на три периоди:

i. рана адолесценција (10-14 години)

ii. средна адолесценција (15-19 години)

iii. доцна адолесценција (20-24 години)

Теоретичарите сметаат дека адолесцентите се најстигматизираната оштествена група на којашто ѝ се приоѓа стереотипно, недоволно е јасна категоријата „адолесцент" со оглед на индустријализацијата и нагласениот техничко-технолошки развиток кој овозможува и на помала возраст децата зрело да размислуваат, побргу да созреваат, да имаат допир со многу информации, да остваруваат интеракција, а сепак да не се изуми дека станува збор за личност која во физиолошка и когнитивна смисла ниту е дете, ниту возрасен. (Шкарић, 2009)

Токму поради наведениве особености на адолесцентите кои се наоѓаат во период на бурни физички, психолошки и социјални промени, основните постулати на правдата за децата[2] се состојат во акцентирање на обврската на заедницата да обезбеди услови за нормален раст, развој, благосостојба, воспитание и социјализација. Обврска е на заедницата да му пружи заштита, грижа, помош и контрола на детето во случај кога тоа има поведение кое е неприфатливо, има социо-патолошки карактеристики или е инкриминирачко. Имајќи ја предвид психофизичката состојба на детето особено е важно да се нагласуваат и збогатуваат можностите за неформален пристап во разрешувањето на состојбите во кои се инволвирани деца. Убедувањето дека за проблематичните деца постои полицијата, јавното обвинителство и судот мора да се надмине со аргументите дека успехот во третирање на детското престапништво зависи од институциите

[2] Поимите „малолетничка", „малолетство", „малолетност" се користат за да се укаже на малолетната возраст на сторителот.

инволиврани во општествена, односно во казнената реакција кон детето. Од својата одговорност не може да се изземат родителите, училиштето и социјалните органи.

Класичниот формален приод односно поведувањето официјална казнена постапка спрема децата треба да биде случај за потешки облици на кривични дела, за повторено сторување полесни кривични дела и кога ќе се оцени дека личноста на детето, начинот на сторување на делото и мотивите од кои се раководел го оправдуваат ваквиот приод, но и изрекувањето на кривичната санкција. (Камбовски)

Издвојувањето на децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела од останатите старосни категории делинквенти и создавањето на посебни законски категории деца[3] е повеќе од нужно, согласно сите меѓународни инструменти кои ги третираат децата.

Историскиот приказ на развојот на положбата и третманот на децата во кривичното право ни покажува дека уште во стариот век одделни правни системи (старото кинеско право, римското право) ги определувале старосните граници на детството поради посебното кривичноправно третирање на децата. Иако некои европски правни системи од средниот век го преземале прецизно определувањето на старосните граници од римското право, се јавуваат и неопределени, еластични граници кои се поврзани со определен достигнат развој на децата[4] (Златарић).

Како критериум за означување на границата на малолетност се зема формалниот критериум на старост (т.е. определен старосен период спрема достигнатиот број на календарски години) или пак материјалниот критериум за вистинска зрелост (спрема достигнатиот степен на биолошки или социјален развој на личноста). На првиот може да му се приговори во таа смисла што фиксното определување на возрасната граница е вештачко решение, бидејќи „старосниот период е само временски израз за определување на личноста во даден момент"[5] (Lopez, 1959) и со тоа не ја одразува вистинската граница. Од друга страна, иако зрелоста е многу тесно поврзана со личноста и околината од било кој друг елемент, постојат значајни тешкотии во утврдувањето на биолошката и социјалната зрелост на сторителот, поради што овој критериум е особено неприфатлив. Разбирливо е зошто во современиот приод се дава предност на формалниот критериум поради неговата јасност и прецизност, така што сите современи законодавства ја определуваат границата на малолетството според фиксираната календарска возраст на детето.

Можни се два начина за определување на границата на малолетството. Во некои земји се определува само горната граница, т.е. возраст кога почнува кривичноправно полнолетство, така што во начело секое малолетно лице (па и дете, на пример, од седум годишна возраст) мора да биде кривично одговорно за стореното дело. Во модерните законодавства преовладува друг начин, по кој освен горната граница се определува и долната старосна граница, т.е. периодот кога почнува одговорноста на детето во кривичното право. Во оваа смисла, децата, под, со закон определената долна граница на малолетство немаат потребна возраст за кривична одговорност и остануваат надвор од опфатот на кривичното право. На тој начин определувањето на долната граница на малолетството се врши со разграничување помеѓу деца и малолетници, а со

[3] Категории во ЗПД: дете, дете во ризик, дете во ризик до 14 години, дете во ризик од 14 до 18 години, дете во судир со закон од 14 до 16 години, дете во судир со закон над 16 години, дете жртва е секое дете на возраст до 18 години и помладо полнолетно лице.

[4] Во некои стари варварски права на раниот среден век, возрасната граница помеѓу малолетството и полнолеството се определувала со физичката способност за носење на оружје, а во шеријатското право според Куранот се усвојувала граница во зависност од вистинскиот (биолошкиот) развој на поединецот.

[5] Авторот ја критикува ваквата класификација и предлага да се напушти формалниот критериум за определување на возраста.

определувањето на горната граница се одвојува категоријата на малолетни од категоријата на возрасни, полнолетни сторители на кривични дела.

Конечно, како меродавно време за определување на статусот на малолетноста се зема времето на извршување на кривичното дело, односно времето на водење на кривичната постапка.

Вториот пристап е поредок во позитивните кривично-правни системи, бидејќи во случај на нешто подолго траење на кривичната постапка или подоцнежно откривање на кривичното дело, детето извршител на кривичното дело може да ја помине означената горна граница на малолетството и со тоа да го загуби правото да го ползува посебниот третман кој се предвидува за децата.

Современите законодавства покажуваат невоедначеност во поглед на висината на долната старосна граница, а ни нејзината смисла и значење не се насекаде исти. Имено, во некои земји долната граница на малолетството исклучува примена на било какви мерки предвидени со кривичното законодавство (тука спаѓаат и воспитните мерки), што значи дека со тоа се исклучува каков било облик на кривичното гонење на детето. Во други земји долната граница значи презумпција на кривичната одговорност, така што со неа се исклучува само примената на казни од општиот казнен систем. Сето ова покажува дека определувањето на долната граница на кривично-правното малолетство е поврзано со прашањето на кривична одговорност. Исто така, и смислата на долната граница е различна со оглед на организацијата на судовите и органите кои се баваат со детско престапништво, а долната граница стои и во врска со определувањето на поимот делинквенција на децата на кои може да му се даде различна содржина и ширина.

Ако поимот детско престапништво се сфаќа во екстензивна смисла, а судовите за деца, односно посебните органи покрај судењето на децата како сторители на кривични дела предвидуваат и мерки на социјална заштита на детето, тогаш долната граница на малолетството го губи своето значење, па доаѓа во прашање и оправданоста на нејзиното постоење.

Напротив, во земјите каде за постапувањето спрема деца како престапници се надлежни кривични (редовни или посебни) судови, долната граница на малолетството има своја важност, бидејќи и реакцијата на општеството на кривичното дело на детето во облик на кривична санкција е чувствителна.

Во поглед на начинот на определување и висината на долната граница на малолетството во одделни земји може да се забележат разновидни решенија. Со оглед на начинот како се определува долната граница, сите земји можеме да ги групираме во три групи:

- земји кои воопшто не ја определуваат долната граница на малолетството;
- земји со еластична долна граница кои за определување на долната граница на кривично-правното малолетство го земаат материјалниот критериум - достигнат степен на биолошки развиток;[6]
- земји кои ја определуваат долната, фиксната граница на малолетството и ја поврзуваат со достигнатиот број години на живот.

[6] Овде спаѓаат земјите кои немаат формално кривично законодавство и сè уште ја применуваат светата книга Коран, според која за малолетник се смета лице кое го достигнало степенот на развој на адолесценција (период помеѓу 12 и 15 години), но кое не достигнало полна зрелост (период помеѓу 17 и 18 години). На тој начин долната граница на малолетство зависи од степенот на биолошкиот развој на лицето, а одлука за тоа донесува судот преку непосредно перципирање на малолетникот;

Последниот начин на определување на малолетството го усвојуваат најголем број на земји во светот, но висината на долната граница значајно варира во одделни земји и се движи од 7 до 16 години.

Минималната возраст за кривична одговорност се разликува значително меѓу регионите и зависи од правните, културните и социјалните фактори на секоја земја. Европските и скандинавските земји имаат тенденција да поставуваат повисоки граници, додека земјите во Азија и Африка често имаат пониски граници. Разликите укажуваат на варијации во перцепцијата на детската зрелост и потребата за заштита на правата на детето.

Во Европа, старосната граница за кривична одговорност варира меѓу земјите, но најчесто се движи помеѓу 10 и 15 години:

Табела бр.1. Преглед на минимална возраст за кривична одговорност во Европа. Извор на податоци: Child Rights International Network (CRIN). (n.d.). *Minimum ages of criminal responsibility in Europe*. и Zimring, et.all 2017*.*

Држава	Минимална возраст (години)
Албанија	14
Андора	12
Австрија	14
Белгија	12
Босна и Херцеговина	14
Бугарија	14
Хрватска	14
Кипар	14
Чешка	15
Данска	15
Естонија	14
Финска	15
Франција	13
Германија	14
Грција	15
Унгарија	14
Исланд	15
Ирска	12
Италија	14
Латвија	14
Лихтенштајн	14
Литванија	14

Луксембург	12
Малта	14
Молдавија	14
Монако	13
Црна Гора	14
Холандија	12
Северна Македонија	14
Норвешка	15
Полска	15
Португалија	16
Романија	14
Русија	14 (во одредени случаи и под 14 или над 16)
Сан Марино	14
Србија	14
Словачка	14
Словенија	14
Шпанија	14
Шведска	15
Швајцарија	10
Турција	12
Украина	14
Обединето Кралство	10 (Англија, Велс и Северна Ирска); 12 (Шкотска)
Ватикан	14

Во Америка, старосната граница за кривична одговорност значително се разликува помеѓу земјите:

САД: Нема федерална минимална возраст, но повеќето држави имаат граница од 6 до 12 години (6 во Северна Каролина, а во повеќето држави е од 10 до 12).

Канада: Минималната возраст е 12 години

Во **Централна Америка**, границата е генерално **12 години**, унифицирана низ повеќето земји.

Во **Јужна Америка**, старосната граница се движи од **12 до 16 години**. (CRIN , n.d.)

Во Азиските земји, старосната граница за кривична одговорност е меѓу најразновидните:

7 години: Индија, Пакистан, Шри Ланка.

10 години: Јапонија, Малезија.

12 години: Филипини, Тајланд.

14 години: Кина, Јужна Кореја.

16 години: Индонезија. (CRIN , n.d.)

Но мораме да напоменеме дека многу азиски земји применуваат шеријатски закони, каде возраста за кривична одговорност може да се одреди според фазите на зрелост.

Во Африка, старосната граница е исто така варијабилна, зависно од националното законодавство:

7 години: Нигерија (во некои региони под шеријатски закони).

8 години: Судан.

10 години: Етиопија, Кенија.

12 години: Јужна Африка, Гана, Танзанија.

14 години: Алжир, Мароко. (CRIN , n.d.)

Во многу африкански земји, се користат обичајни и традиционални закони паралелно со официјалните правни системи, што дополнително влијае на старосната граница.

3.1. Горна граница на малолетство

Горната граница на малолетството, исто така, претставува сложен проблем бидејќи од неа зависи до која животна возраст ќе се применува заштитниот закон како спрема дете, а од која возраст ќе се применува законодавството што се однесува на возрасните. Таа претставува максимална старосна граница до која младиот сторител на кривично дело може поради својата незрелост да биде подложен на специјална постапка и изрекување на посебни мерки.

Значењето на горната граница на кривично-правното малолетство, исто како и долната граница, не е во сите земји исто.

Некаде горната граница служи поради издвојување на категоријата на децата од општиот режим кој важи за возрасните делинквенти, а некаде таа означува возраст до каде се применуваат санкции за возрасните сторители, но ублажени, односно редуцирани. Во секој случај определувањето на горната старосна граница претставува одлучувачки фактор за примена на редовното кривично право или специфичното малолетничко право, па затоа на ова прашање му се посветува посебно внимание.

Споредбениот преглед на законодавствата во поглед на определувањето на висината на горната граница на кривично-правното малолетство покажува големи разлики во пристапот. И тука можеме сите земји на светот, со оглед на начинот на определување на таа граница, да ги групираме во две групи[41]:

- земји со еластична горна граница на малолетство која зависи од степенот на биолошката зрелост на младата личност;
- земји со горна старосна граница која е фиксирана за определена календарска возраст. Овде, исто како и за долната граница, одделни земји

определуваат различна календарска возраст како горна старосна граница која се движи од 15 до 21 година. Разбирливо е дека најниската горна граница ја усвојуваат оние азиско - африкански земји кои имаат и многу ниска долна граница, а која се поклопува со долната граница во некои европски земји.

Долната и горната старосна граница на кривично-правното малолетство очигледно зборува за различните можности за решавање на овој проблем во одделни земји. Притоа се јавуваат многубројни и разновидни фактори кои може да влијаат врз законодавното определување на старосната граница:

- ✓ социјалната, биолошката, психолошката и педагошката состојба и барањата на младите луѓе на основа на кои се смета дека редовната кривична постапка и мерките на казнување не се ефикасно средство за спречување на делинквенцијата кај младите луѓе;
- ✓ причини за правната сигурност и заштита на државата спрема детското престапништво и сфаќањето за ефикасноста на превенцијата на детско престапништво со примена на посебни процедури и мерки спрема децата;
- ✓ релативно учество на потешки кривични дела и други облици на антисоцијални однесувања меѓу младите старосни групи;
- ✓ хумани фактори во општа смисла кои овозможуваат сторителите на кривични дела под определената старосна возраст да уживаат погодност на примена на посебен третман;
- ✓ на висината на горната граница на кривично-правната полнолетност влијае и висината на граѓанско-правната полнолетност;
- ✓ финансиските и практичните причини и причините на јавното мислење во поглед на проширувањето на примената на посебни процедури и мерки спрема категориите на младата возраст и
- ✓ историскиот развој и причините на традицијата.

Поради тоа што наведените фактори варираат во одделни земји и што се детерминирани од општествено - економските, политичките и географските влијанија на животот, сосема е разбирливо и нормално и границите на кривично-правната малолетност да бидат различни (Cipriani, 2007).

4. Теории на детското престапништво

Теориите за детското престапништво се обиди да се објасни зошто децата и младите луѓе се вклучуваат во престапнички однесувања. Овие теории ги разгледуваат факторите што придонесуваат за таквото однесување од различни перспективи, вклучувајќи биолошки, психолошки, социолошки и социокултуролошки аспекти.

Детското престапништво претставува комплексен феномен. Анализата на причините за престапничко однесување е предмет на интерес на криминологијата, психологијата, социологијата, педагогијата и други научни дисциплини. Теориите кои го објаснуваат детското престапништво служат за идентификување на факторите кои придонесуваат за појава на антисоцијално однесување и за креирање ефикасни стратегии за превенција.

Причините за детското престапништво се мултифакторски, вклучувајќи биолошки, психолошки, социјални и културни фактори.

Биолошките теории ја потенцираат улогата на генетиката, мозочните дисфункции и хормоналниот дисбаланас, тврдејќи дека одредени биолошки карактеристики можат да ја зголемат склоноста кон престапничко однесување. (Lombroso, 1876)

Психолошките теории, како теоријата на учење од Бандура (1977), го нагласуваат влијанието на семејството и околината врз создавањето на антисоцијални обрасци преку набљудување и имитирање.

Од социјолошка перспектива, теориите за социјална контрола и диференцијална асоцијација ја истакнуваат важноста на општествените врски и улогата на средината во формирањето на вредности и однесувања (Sutherland, 1947). Покрај тоа, теориите за етикетирање нагласуваат дека општествените перцепции и етикетите може да доведат до формирање на престапнички идентитет кај младите. (Becker, 1963)

Овие теории ја нагласуваат важноста на мултидисциплинарен пристап во разбирањето на појавата на детско престапништво. Преку комбинација на различните теории, може да се создадат програми кои ќе го адресираат овој општествен проблем на индивидуално и структурно ниво, со што ќе се намали ризикот од повторување на престапничко однесување кај младите. Во овој дел ќе ги разгледаме најбитните теории од биолошките психолошките, социолошките и социкултурните теории за појава на детско престапништво.

4.1. Социолошки теории

Социолошките теории за појава на детско престапништво се фокусираат на влијанието на општеството, семејството, и заедницата врз однесувањето на децата и младите. Овие теории истражуваат како општествените структури, норми и интеракции можат да придонесат за престапничко однесување. Социјалните фактори, како што се семејството, училиштето и заедницата, играат клучна улога во развојот на престапничко однесување. Социолошките теории ја истакнуваат важноста на средината, социјалните интеракции и општествените структури како клучни фактори за појава на детско престапништво. (Becker, 1963) Иако се разликуваат по пристапите, овие теории покажуваат дека престапништвото често е одраз на социјалната и економската реалност на заедницата, наместо индивидуален морален неуспех. (Akers, 1994) Превентивните мерки, како зајакнување на социјалните врски и обезбедување на можности за позитивен развој, се клучни за намалување на детското престапништво.

4.1.1. Теорија на социјална дезорганизација

Теоријата за социјална дезорганизација е криминолошка теорија за местото/живеалиштето од каде што потекнува сторителот на кривичното дело. Наместо да се фокусираат на тоа какви луѓе вршат криминал, теоретичарите на социјалната дезорганизираност се фокусираат на географската локација од кои потекуваат сторителите. Како резултат на тоа, оваа теорија, позната и како структурна теорија, преставува обид да се објасни зошто во одредени заедници или општини има повеќе криминал, отколку во другите. Луѓето се групирани според нивното соседство. Некои места очигледно имаат поголем криминал и имаат повеќе луѓе идентификувани како

престапници, во споредба со други општини, така што мора да има нешто специфично за таа општина што може да го објасни криминалот. (Sampson & Groves, 1989)

Преставниците на оваа тероија алудираат на зголемен криминал во општините со урбана сиромаштија. Развиена од Чикашката школа (Shaw & McKay, 1942) оваа теорија ја поврзува деликвенцијата со животот во сиромашни и социјално дезорганизирани заедници (Kubrin & Tublitz, 2023). Во ваквите заедници, недостатокот на социјални врски, слабите институции (училиште, полиција, судство), и недостатокот на контрола ги зголемуваат шансите за престапништво (Bellair, 2017). Децата кои растат во такви средини често се изложени на криминални модели на однесување (Kubrin & Weitzer, 2003).

4.1.2. Теорија на аномија

Теоријата на аномија тргнува од претпоставата дека присуството на интензивни легитимни желби кои не може легитимно да се задоволат го присилуваат лицето на девијација. Аномијата (состојба на безредие) создава чувство на фрустрација и поттик за антисоцијално однесување.

Роберт Мертон е најистакнатиот претставник на оваа теорија. Неговото учење се заснова на Диркемовиот концепт на аномија (Durkheim, 2006). Тој поаѓа од претпоставката дека престапништвото е резултат на преоптеретеноста која настанува порадди јазот на културни цели и средствата кои се на располагање за да се остварат тие цели (Merton, 1965). Во таа смисла, на децата како престапници од пониските општествените слоеви, со низок социјален статус, им се недостапни легитимните средства за постигнување на културно детерминираните цели, посебно поседувањето на материјални добра што за нив се од првостепено значење и кои тежнеат да ги остварат, поради што запаѓаат во „аномична состојба на личноста" и затоа ги кршат законските норми, односно се служат со нелегални средства да дојдат до својата цел. Престапништвото е резултат на разликата меѓу општествените цели (на пример, финансиски успех) и средствата достапни за нивно постигнување. Кога децата не можат легално да ги остварат целите, можат да се обратат кон нелегални активности, како кражба, разбојништво, изнуда, измама и сл.

Аномичната личност на децата престапници се определува како личност што е без иднина и без минато, со чувство на морална празнина (Алексоски, 2010). Најверојатно поради таквата состојба на личноста на детето што е во фаза на формирање, потпомогната од општествената дезорганизација, младиот човек станува оттуѓен, духовно стерилен, со изострено чувство за неправда, ги дехуманизира неговите вредности и уверувања и лесно го избира патот на деликвенцијата како привлечен и неретко единствен прифатлив излез од таквата ситуација (Алексоски, 2010).

Младите од пониските класи чувствуваат фрустрација од неможноста да учествуваат во плодоужувањето на економската благосостојба. Според Мертон, на фрустрацијата се адаптираат на неколку начини:

Конформизам **-** Младите кои го избираат конформизмот ги прифаќаат и општествените цели и легитимните средства за нивно постигнување. Иако можеби се соочуваат со пречки, тие се придржуваат до правилата и се трудат да ги постигнат целите преку образование, работа и други прифатени методи (Merton, 1938).

Ритуализам претставува адаптација која подразбира компулзивно придржување на легалните средства на сметка на остварување на своите цели. Ритуализмот се јавува кога младите ги отфрлаат општествените цели, но продолжуваат да ги следат

легитимните средства. Тие се фокусираат на секојдневните рутини без амбиција за постигнување на висок статус или успех, често прифаќајќи ниски очекувања за себе.

Повлекување како неефикасна и најретка адаптација, подразбира отфрлање на легалните цели и легалните средства. Младите кои се повлекуваат, се изолираат од општеството и можат да се вклучат во самодеструктивно однесување, како злоупотреба на супстанции или бегство од социјалните обврски.

Иновација е пристап, кој Мертон го опишува како, преземање на ризик со примена на илегални начини на заработка, односно криминал (Abadinsky, 2013). Младите кои се адаптираат преку иновација ги прифаќаат целите, но одбиваат или немаат пристап до легитимните средства за нивно постигнување. Тие често бараат алтернативни, често нелегални начини за успех, како што се кражба, измама, насилство, изнуда или нелегална трговија.

Бунт - Бунтовниците ги отфрлаат постојните општествени цели и средства и настојуваат да ги заменат со нови, радикални вредности. Младите кои се адаптираат на овој начин можат да се вклучат во активности како протести, револуционерни движења или субкултурни активности што ги одразуваат нивните нови вредности.

Мертон смета дека истите се пренесуваат на индивидуата преку механизмите на дисциплинирање на децата и низ проекцијата на родителските амбиции (Merton et al., 1998). Но теориите на Мертон се смета дека не се емпириски потврдени, ниту теоретски развиени затоа што повеќе укажуваат на резултатот, отколку на самиот процес.

Алберт Коен дава свои предлог варијации на постулатите на Мертон. Алберт Коен во својата *Теорија на субкултурите* го објаснува детското престапништво како резултат на социјални и културни фактори (Cohen & Short, 1968). Според Коен, младите од сиромашни заедници често се соочуваат со „статусна фрустрација" поради неможноста да ги постигнат општествените стандарди на успех преку легитимни средства. Како реакција, тие создаваат субкултури со алтернативни вредности каде што престапништвото, насилството и непочитувањето на авторитетот, за да бидат прифаени и наградени. Овие субкултури обезбедуваат чувство на припадност и успех за младите, но ги поттикнуваат на девијантно однесување (Farrington & Welsh, 2008).

4.1.3. Теорија на културна девијација

Претставниците на теоријата на културна девијација сметаат дека девијантната личност се конформира околу сите стандарди на едно општество кои не се прифатени од страна на доминантната поширока заедница (Matsueda, 1997). Доминантната заедница ги определува општествените и законските норми и дефинира кои поведенија не се во согласност со доминантните норми. Теоријата на културна девијација објаснува како девијантното однесување е резултат на структурни нееднаквости и социјални конфликти, што води до развој на алтернативни вредности кои ја поттикнуваат деликвенцијата. Кога младите од маргинализирани заедници се соочуваат со неможност да ги постигнат доминантните општествени цели (успех, статус) преку легитимни средства, тие создаваат субкултури со нови, често девијантни норми. Во овие групи, престапничко однесување (кражба, насилство, вандализам) може да биде прифатено и наградено, бидејќи претставува отпор кон општествените норми (Blackman, 2014). Младите, особено од сиромашни средини, се чувствуваат изолирани и обесправени, па субкултурите им овозможуваат алтернативен начин за постигнување статус и припадност. Главен правец на оваа теорија е теоријата на диференцијална асоцијација.

4.1.4. Теорија на диференцијална асоцијација

Согласно теоријата на диференцијална асоцијација, чиј главен преставник е Сатерланд (Sutherland, 1972), престапништвото се учи преку интеракции со други лица кои промовираат престапнички вредности и однесувања. Ако детето е изложено на влијанија кои го поттикнуваат криминалот повеќе отколку оние кои го спречуваат, постои поголема веројатност тоа да развие престапничко однесување. Според претставниците на оваа теорија делинквентното однесување се учи, односно се стекнува низ интеракцијата и контактирањето со поединци во општеството што имаат позитивен став кон делинквенцијата и со тоа се зголемува шансата да се манифестира девијантно однесување. Притоа не се учи само техниката на извршување на кривичните дела, туку се усвојуваат и ставовите, вредностите, мотивите на делинквентната група за споредување (Maloku, 2020).

4.1.5. Теорија на општествена (социјална) контрола

Теоријата на општествена (социјална) контрола тргнува од прашањето зошто едни вршат кривични дела, а зошто другите, во истите околности, се придржуваат кон правните норми.

Најчесто цитирани претставници на оваа теорија се ***Иван Ној и Травис Хирши*** (Hirschi, 2015). Еден од најголемите придонеси на оваа теорија е упатувањето на поимот на самоконтрола. Самоконтролата е фактор кој влијае на престапникот дали да го стори кривичното дело или да ги земе во предвид последиците кои задолжително следат по сторување на кривично дело. Токму нискиот степен на самоконтрола е најтипичен за децата и помладите полнолетни лица. Причина за ова, секако е високото ниво на активност, физичка сила и авантуризам.

Оваа теорија се фокусира и на врските на поединецот со општеството. Колку се посилни овие врски (семејство, училиште, заедница), толку е помала веројатноста за престапничко однесување. Хирши заклучува дека кога овие врски се слаби, поединецот е повеќе склон кон престапничко однесување. Теоријата на социјална контрола ја истакнува важноста на превентивни стратегии кои ги зајакнуваат врските меѓу младите и општеството (Costello & Laub, 2020). Клучните елементи на социјална контрола се:

- ✓ **Приврзаност** или силни емоционални врски со родители, наставници и врсници;
- ✓ **Активност,** односно учество во позитивни активности, како школски и заеднички проекти;
- ✓ **Посветеност** со поставување на цели и стремеж кон постигнување на целите и
- ✓ **Верување** и почитување на општествените норми и вредности.

4.1.6. Теорија на етикетирање и секундарна девијација

Според теоријата на етикетирање, детското престапништво често произлегува од негативните етикети што им ги дава општеството, како „проблематични" или „престапници" (Barmaki, 2019). Кога детето е означено на овој начин, постои ризик тоа

да го прифати тој идентитет и да почне да се однесува во согласност со етикетата, што води кон понатамошна маргинализација и повторување на престапничките активности. Етикетирањето укажува на реакцијата која ја има општетвото во однос на девијацијата или т.н. секундарна девијација (Barrick, 2017).

Однесувањата што ги смета за девијантни, општеството ги стигматизира што има за последица стигматизација, етикетирање и обележување на престапниците како непожелни, проблематични и конечно губење на општествениот статус како и почитувањето од другите.

Драмата на етикетирање се одвива постепено сè додека поединецот не ја преземе улогата на престапник. Примарната девијација доведува до стрес на поединецот, доаѓа до реакција на презир, отфрлање и казна од страна на општеството, заради што се зајакнува примарната девијација, се зголемува омразата, се зголемува очекувањето од делинквентната група и понатаму девијантно да се однесува, зошто и таа ќе го отфрли, заради што се зајакнува делинквентната активност.

Етикетирањето на деликвентот од страна на општеството се засилува, што уште повеќе ја зголемува неговата делинквентна активност, станува докажан и рамноправен член на делинквентната банда и на крај ја прифаќа улога на престапник. Оваа теорија укажува на фактот дека етикетирањето и стигматизацијата се опасни процеси и треба да се елиминираат.

4.2. Биолошки теории

Биолошките теории за појава на детско престапништво се фокусираат на идејата дека одредени биолошки фактори можат да го зголемат ризикот за криминално однесување кај децата и младите (Rafter, 2008). Овие теории истражуваат генетски, неурофизиолошки и други биолошки фактори кои влијаат на однесувањето.

Генетските предиспозиции откриваат дали одредени гени можат да влијаат на агресијата, импулсивноста или склоноста кон ризични однесувања (Lyons-Ruth & Jacobvitz, 2008). Некои истражувања сугерираат дека постои генетска компонента која може да го зголеми ризикот од антисоцијално однесување. Генетските студии, покажуваат дека одредени карактеристики, како агресивност или импулсивност, може да се наследат (Paquette, 2015). Ова не значи дека гените директно предизвикуваат престапништво, туку дека тие можат да создадат предиспозиција за одредени видови на однесување, кои во комбинација со фактори на животната средина може да доведат до престапништво. Но несомнено е дека **не постои „ген за криминал."** Генетиката не детерминира дали некое лице ќе стане криминалец. Постојат многу гени кои можат да влијаат на однесувањето, а нивното дејство зависи од интеракцијата со околината.

Невролошките дисфукции пак покажуваат дали проблемите со мозочната структура или функција, како што се нарушувања во когнитивните функции или хормонален дисбаланс, можат да предизвикаат проблематично однесување. Некои истражувања сугерираат дека абнормалности во структурата и функцијата на мозокот, особено во деловите одговорни за контрола на импулсите и емоциите, може да бидат поврзани со агресивно и антисоцијално однесување. Исто така, некои студии укажуваат на тоа дека нерамнотежа во одредени невротрансмитери, како што се допамин и серотонин, може да биде поврзана со агресивно однесување.

Во однос на **ендокринолошките предиспозиции**, постојат докази дека хормоните, како што е тестостерон, можат да влијаат на агресивното однесување,

особено кај мажите. Извесни истражувања имплицираат на можноста од „проблематично" однесување на женските деца за време на менструалниот циклус. Овие истражувања нудат теории за зголемно криминогено однесување на жените за време на менструалниот циклус, бременост или менопауза (Maksimova, 2018; Maksimova & Marolov, 2019). Но иако овие теории наоѓаат некаква логика во поединчени случаи, сепак нивната примена како генерално правилно, е исклучена.

Одредени биолошки теоретичари сметаат дека антисоцијалното однесување може да биде производ на еволутивни механизми за преживување, каде агресивноста и ризичното однесување се гледаат како адаптивни одговори на неповолни услови.

Биолошките теории за престапништво понекогаш се и контроверзни и често се критикуваат поради тоа што можат да се искористат за оправдување на дискриминација и занемарување на социјалните причини и економските фактори кои играат значајна улога во појавата на престапништво, а детското престапништво е резултат на интеракција меѓу биолошките предиспозиции и ендогените и егзогените фактори, како што се семејството, училиштето и заедницата.

Но од друга страна, веќе неколку децении, мејнстрим криминологијата е доминирана од социолошки теории. Иако наодите од биолошки тетеории не смеат да се отфрлат или потценуваат, кога се земат предвид сами, тие не нудат целосна проценка на придонесот за криминалното однесување. Податоците кои моментално се генерираат од бројни бихејвиорални науки, како што се генетиката на однесувањето, физиолошката психологија, психофармакологијата и ендокринологијата, укажуваат на тоа дека биолошките фактори играат подеднакво значајна улога во развојот на асоцијалното однесување и треба соодветно да се земат предвид. Вградувањето на теоретските параметри и наодите на овие бихејвиорални науки во криминолошката рамка би дало вредни информации во врска со процесите кои се во основата на асоцијалното однесување (Fishbein, 2017). Таквиот мултидисциплинарен пристап веројатно ќе ги подобри способностите за предвидување, спречување и управување со асоцијалното однесување.

Најпозната но и најрадикална билоошка теорија е **Ломброзова теорија за „роден престапник," (Lombroso, 1876)** Чезаре Ломброзо тврдел дека одредени физички карактеристики (како форма на черепот или лицето) укажуваат на предиспозиција за криминално однесување (Кипријановска). Во своето значајно дело „Човек деликвент", објавено во 1876 година, Чезаре Ломброзо го постави темелот на антрополошката теорија за криминалот. Според него, криминалното однесување е резултат на биолошки фактори, односно физичките карактеристики на човекот. Ломброзо верувал дека криминалците поседуваат одредени физички карактеристики, кои ги нарекол овие „стигми на дегенерација". Согласно неговата теорија криминалците однапред се распознаваат по физички препознатливата конситуција. Прегледувајќи ги и мерејќи ја затворенчката популација, Ломброзо забележал дека тие поседуваат физички стигмати (безоблични уши, бујна црна кадрава коса, ретка брада, коси очи, мал череп, големи челусни и јагодични коски, ниско чело) и психички стигмати (намалена чуствителност спрема болка, лекомисленост, жестина, мрзливост, суеверие и сл.). Ова го навело Ломброзо на идејата дека престапникот е посебен вид на човечки род или ***species generis humani*** (Марјановиќ, 1998). Ломброзо, исто така, го поврзал криминалното однесување со одредени ментални нарушувања, и тврдел дека луѓето кои страдаат од овие нарушувања имаат поголема веројатност да извршат кривично дело. Оваа теорија емипириски не е потврдена.

Теорија на Ханс Ајзенк. *Ханс Ајзенк (1986)* истакнт психолог, создал теорија која се обидува да ги објасни разликите во личностите на луѓето. Според него, секоја личност може да се опише со помош на три основни димензии:

Екстравертност – интровертност: Оваа димензија се однесува на тоа колку некое лице е друштвено и активно. Екстровертите уживаат во друштвото, додека интровертите преферираат самотија.

Невротичност – стабилност: Оваа димензија се однесува на емоционалната стабилност. Луѓе со висока невротичност се често анксиозни и немирни, додека оние со ниска невротичност се мирни и стабилни.

Психоцитизам: Оваа димензија се однесува на тенденцијата кон агресивност, импулсивност и неконформизам. Луѓе со висок степен на психоза се често груби и нечувствителни кон другите (Меѓедовиќ, 2009).

Ајзенк смета дека овие три димензии се во голема мера биолошки детерминирани, односно дека се наследуваат. Тој верува дека разликите во мозочната активност ги објаснуваат овие индивидуални разлики во личностите. Според Ајзенк, комбинацијата на овие три димензии го одредува нашиот уникатен карактер. На пример, некој може да биде екстровертен и стабилен, што значи дека е дружељубив и опуштен. Друг може да биде интровертен и невротичен, што значи дека е повлечен и анксиозен. Оваа теорија имала големо влијание во психологијата, но исто така има и свои ограничувања. Критичарите тврдат дека личноста е премногу сложена да се објасни со само три димензии и дека и околината има голем удел во формирањето на личноста. И покрај критиките, теоријата на Ајзенк останува важна, затоа што нуди едноставен и ефикасен начин за опишување на големите индивидуални разлики во личностите.

4.3. Психолошки теории

Психолошките теории се фокусираат на психолошките процеси и личноста на престапникот (Wortley, 2011). Психолошките теории тргнуваат од претпоставката дека настанувањето, одржувањето и ескалацијата на криминалот може да се објасни со внатрешни (***intra***) психичките процеси и надворешни **(*inter***) психичките процеси (Moore, 2011).

Хуманистичките науки во XX и првата половина на XXI век имаа еден индивидуалистички пристап во објаснувањето на каузалноста на престапничкото однесување. Овој пристап е резултат на доминацијата на психоаналитичарите и когнитивистите. Бихејвиоралните терапевти пак, примарнниот фокус го ставале на интеракцијата помеѓу личноста и нејзината непосредна околина како и на процесот на учење (Pearson & Weiner, 1985).

Психолошки теории за развој на детското престапништво се обидуваат да објаснат зошто некои деца се повеќе склони кон престапно однесување од други. Тие се фокусираат на индивидуалните фактори како што се личноста, когнитивните процеси и емоционалните реакции, како и на социјалните фактори кои влијаат на развојот на престапно однесување.[7]

[7] J. Piaget & B.Inhelder, The Psyhology of the Child, Routledge and Kegan Paul, London, 1969; Patricia H. Miller, Theories of Developmental Psychology, fifth edition, University of Georgia, Worth Publishers, 2011; D.Bancroft & E.Flynn, Early Cognitive Development, во J.Oates, C.Wood, A.Grayson, Pshychological Development and Early Childhood, Blackwell publishing, The Open University, 2005, str. 133 - 163.

4.3.1.Психоаналитичка теорија

Согласно **психоаналитичка теорија на Фројд, п**рестапништвото може да биде резултат на конфликт помеѓу „ид", „его" и „суперего", особено кога нема соодветна контрола на импулсите. Супер-его е дел од личноста кој ги претставува моралот и совеста. Недостаток на развиено супер-его може да доведе до послаба контрола на импулсите и поголема веројатност за престапништво (Hollin, 2013).

Ид (Id) - Идот е примитивната и несвесна компонента на личноста, која функционира според принципот на задоволство. Тоа ги содржи инстинктите и импулсите, како што се агресијата и сексуалната енергија. Ако идот е доминантен и неконтролиран, личноста може да се однесува импулсивно, задоволувајќи ги своите потреби без да ги земе предвид општествените норми или последиците од своите дела. Ова може да доведе до антисоцијално или престапничко однесување.

Его (Ego) - Егото е рационалната компонента која функционира според принципот на реалност. Неговата улога е да го балансира идот и суперегото, додека истовремено ги зема предвид реалните услови и општествените правила. Ако егото е слабо, тоа не може ефикасно да го контролира идот, што може да доведе до непромислени или деструктивни постапки. Од друга страна, ако егото е преоптоварено со конфликтите меѓу идот и суперегото, личноста може да развие деструктивни стратегии за справување, како престапништво (Freud, 1989).

Суперего (Superego) - Суперегото е моралната компонента која ги вклучува општествените норми, вредности и совеста. Тоа претставува внатрешен критичар и судија на постапките на личноста. Ако суперегото е слабо развиено или дисфункционално, личноста може да има слабо чувство за вина или морал, што го зголемува ризикот од девијантно однесување. Спротивно, премногу строго суперего може да предизвика фрустрација и анксиозност, кои се манифестираат преку девијантни активности како форма на отпор.

Престапништвото според Фројд се јавува кога овие три компоненти се во нерамнотежа:

Доминантен ид: Личноста ги следи своите инстинкти без контрола, што доведува до насилство, кражби или други антисоцијални дела.

Слабо его: Неможноста на егото да посредува меѓу идот и суперегото води до деструктивни постапки.

Дисфункционално суперего: Недостаток на морална насока или претерана вина може да резултира со несоодветно или девијантно однесување (Врућинић, 2013).

Психоаналитичката теорија ја нагласува важноста на детството во формирањето на идот, егото и суперегото. Недостатокот на родителска љубов и грижа, како и травматичните искуства, можат да имаат големо влијание врз развојот на детското престапништво. Децата кои не добиваат доволно внимание и љубов може да се обидат да го привлечат со престапничко однесување. Од друга страна, децата кои преживеале злоставување може да развијат бес и агресивност (Bowlby, 1946) и доминацијата на несвесните нагони. Претставниците на овие теории го оценуваат антисоцијалното

однесување како резултат на погрешен развој на личноста (Freud, 1974).[8] Согласно овие претставници, постојат неколку различни објаснувања за делинквенцијата кај децата.[9]

Овие несвесни конфликти, често поврзани со некои неостварени желби или травматични искуства од детството, можат да доведат до агресивно и деструктивно однесување. Фројд, основачот на психоанализата, верувал дека нашиот развој минува низ неколку фази.[10] Ако детето се заглави во некоја од овие фази, тоа може да доведе до трајни проблеми во личноста, вклучувајќи и склоност кон престапништво. На пример, ако детето не ја помине успешно оралната фаза, може да развие навика за кражба**.** Исто така, психоанализата ја истакнува важноста на одбрамбените механизми**.** Кога несвесните конфликти станат пресилни, децата може да ги потиснат овие чувства или да ги проектираат на други луѓе. Овие одбрамбени механизми, иако на кратко можат да олеснат, на долг рок може да доведуваат до проблематично однесување.

Иако психоанализата нуди интересен поглед на причините за детското престапништво, важно е да се напомене дека ова е само една од многуте теории. Современите истражувања покажуваат дека престапништвото е комплексен проблем кој се јавува како резултат на комбинација на различни фактори, како што се генетски предиспозиции, социјална средина, воспитување и сл. (Kadir, 2024). Во суштина, психоанализата го насочува вниманието на внатрешните конфликти и несвесните процеси како клучни фактори во развојот на детското престапништво. Меѓутоа, за целосно разбирање на овој проблем неопходно е да се земат во предвид и други фактори кои влијаат на однесувањето на детето.

4.3.2. Когнитивна теорија

Теориите за когнитивен развој ги истражуваат стадиумите на морален и когнитивен развој кај младите. Престапничкото однесување е поврзано со недостаток на развиени способности за логично размислување и морално резонирање. Теоријата за животниот тек на Moffitt (1993) разликува „адолесцентно-ограничена" и „животно-постојана" деликвенција, при што последната е поврзана со генетски фактори и проблематични средини (Moore, 2011).

Когнитивната теорија поаѓа од претпоставката дека човекот е определен и предопределен од своите спознанија или „***когнации***". Овие когнации се всушност високо определени социјални искуства на луѓето.

Во 60-тите години на XX век, претставниците на оваа теорија во рамките на психологијата покажале интерес за проучување на процесите кои се карактеристични и специфични за престапништвото.

Таткото на развојната детска психологија, ***Пијаже,*** сметал дека когнитивната адаптација претставува една од основните функционални константи во човековиот развој, бидејќи секоја личност има вродена тенденција да се адаптира на околината (Piaget). Делото на Жан Пијаже „Потеклото на интелигенцијата кај децата" (The Origins

[8] Така е и во повеќето текстови на Anna Freud, ќерка на познатиод Sigmund Freud која особено го проучувала однесувањето на децата.

[9] Делинквенцијата е екстернализирање на невротичните потреби, без разлика дали тоа е резултат на наградување или казнување (Freud, S.,1957; Feldman, 1969; Erikson, 1976); Делинквенцијата е одраз на интернализација на дефектните норми на пример, Поставување на целта толку високо што не постојат средства за нејзино остварување (Feldman, 1969.); Делинквенцијата е резултат на пренесување на либидото од родителите кон нови делинквентни објекти (Freud, A., 1969.) и сл.

[10] Орална, анална, генитална (фалична) и латентна фаза.

of Intelligence in Children) претставува темелно истражување за когнитивниот развој на децата. Во ова дело, Пијаже преку внимателно набљудување и експериментирање со своите и други деца, ја изложил својата теорија за когнитивниот развој, која и денес е една од највлијателните во областа на детската психологија.

Пијаже тврдел дека децата активно градат свое сопствено разбирање за светот преку интеракција со него. Тие не се само пасивни приемници на информации, туку учествуваат во создавањето на својата когнитивна шема. Тој ја поделил когнитивната развиеност на децата на четири основни стадиуми: сензомоторен, предоперационален, конкретно-операционален и формално-операционален. Секој стадиум се карактеризира со специфични начини на мислење и решавање проблеми. Овие два процеса се клучни за когнитивниот развој според Пијаже. Асимилацијата претставува вклопување на нова информација во веќе постоечките ментални шеми, додека акомодацијата е процес на прилагодување на постоечките шеми за да се прифати нова информација. Пијаже истакнал дека социјалната интеракција со врсниците и возрасните игра важна улога во когнитивниот развој на детето. Преку социјалните интеракции, децата учат да ги координираат своите перспективи со перспективите на другите и да градат посложени мисловни структури.

Во теоријата се истражувале когнитивните процеси кои го олеснуваат и стимулираат антисоцијалното однесување со кое се нанесува штета на некое друго лице. Особено е значаен нивниот придонес во разбирањето на механизмите за неутрализација на неодобрувањето на делинквентното однесување од страна на самиот престапник, но и од другите лица во негова близина. Овие механизми вклучуваат негација на одговорноста, негација на повредите, негација на жртвите, прогонување и повикување на посилна лојалност (Hirschi, 1969; Law, 1978).

4.3.3. Теорија на општествено учење

Овие теории се фокусираат на тоа како се учи криминалното однесување преку интеракција со средината. Теоријата на диференцијална асоцијација (Sutherland, 1939) исто така тврди дека криминалот се учи преку асоцијација со девијантни врсници.

Принципите на социјалното учење на Bandura (1986), како најпознат преставник на оваа теорија, исто така објаснуваат дека девијантното однесување е резултат на интеракција меѓу личните, општествените и когнитивните фактори (Moore, 2011).

Теоријата на општествено учење, развиена од Алберт Бандура, нуди едно од највлијателните објаснувања за тоа како децата развиваат различни видови на однесување, вклучувајќи и престапничкото однесување. Според оваа теорија, луѓето не се само пасивни приемници на информации, туку активно учат и стекнуваат нови однесувања преку набљудување и имитирање на другите. Децата учат преку набљудување на однесувањето на другите, особено на оние кои се за нив значајни (родители, врсници, ликови од филмови или видео игри).

Ако детето набљудува дека некое однесување е наградено или дека доведува до посакувани резултати, тоа е посклоно да го имитира тоа однесување. Теоријата на општествено учење не се фокусира само на имитација, туку и на когнитивните процеси кои се вклучени во учењето. Децата не само што набљудуваат, туку и кодираат и задржуваат информации за однесувањето што го набљудуваат. Тие исто така го проценираат значењето на тоа однесување и одлучуваат дали ќе го имитираат. Во целиот овој процес на социјално учење, Бандура посебно внимание посветува на способноста за саморегулација, односно способноста на индивидуата да ги контролира

своите сопствени мисли, чувства и однесувања. Децата кои имаат слаби вештини за саморегулација се посклони да подлегнат на импулси и да извршат престапни дејствија.

Децата се посклони да имитираат модели кои се слични на нив, кои имаат висок статус или кои се значајни за нив (Велкова, 2015; Киткањ, 2009; Фрицханд, 2007).

Превенцијата на насилство и агресија вклучува обесхрабрување и критичка проценка на негативните модели кај младите и покажување и развивање на алтернативни модели на просоцијалното однесување.

Постојат и бројни други психолошки теории (Станојоска & Аслимоски, 2015) како теории на психопатија, теории за личноста, теории за интелегенцијат итн., кои на различен начин го објаснуваат престапничкото однесување (Guofang, 2024), но за да се задржи концизноста на учебникот, се задржавме на најчесто елаборираните теории.

5. Историски развој на положбата на детето во кривичното право

5.1. Развој на казненото право спрема деца до почетокот на XX век

Политиката на сузбивање на детското престапништво има свој историски развој кој се движи од сосема незначајно разликување во поглед на казнувањето на децата од полнолетните сторители на кривични дела до создавање на посебен кривично-правен статус за оваа старосна категорија, која се разликува од онаа што во кривичното право ја имаат полнолетните сторители (Нанев, 2003).

Во најстарите правни системи на стариот век, уште пред појавата на римското право, може да се најдат само поединечни фундаменти во поглед на постапувањето со децата престапници. Во оваа смисла, раното кинеско право разликува три стадиуми на кривичната малолетност: сторителот под седум години потполно бил ослободен од казнување, сторителот од седум до десет години бил предложен пред царот на помилување, додека детето во случајот на извршување на кривично дело за кое не е предвидена смртна казна можел да биде казнет само со парична казна (Nyquist, 1960).

Кај Грците ги наоѓаме и првите идеи за пресметливоста. Аристотел на пример, ги смета пресметливи само возрасните лица, додека децата во поглед на пресмеливоста ги изедначува со животните поради нивните недоволно развиени психички конституција.

Кривичноправното разликување на децата од останатите старосни категории се сретнува и во најстарите пишани документи на римското право, во Законикот на XII таблици од првата половина на V век пред новата ера. Законик не ја признавал апсолутната неодговорност на детето (Nyquist, 1960, стр. 115), а границата за полнолетство била поврзана со надворешната зрелост и способноста за склучување на брак, што претставувало прашање кое се решавало во секој конкретен случај (Mommsen, 1959). Во последните години од Римската Република почнало да се прави разлика помеѓу одделни категории на деца (Nyquist, о. с., стр. 115). Тоа е позната трипартитна поделба на **"*infants*", "*infantiae proximi*" и "*pubertati proximi*".**

Според Јустинијановата кодификација, децата до седмата година **("*infants*")** апсолутно се кривично неодговорни и не мораат да се казнуваат; децата од седум до десет години **("*infantiae proximi*")** се сметале за кривично неодговорни и само исклучително можеле да бидат казнети, што зависело од нивните интелектуални способности.[11]

За деца од 10 - 14 години **("*pubertati proximi*")** важеле спротивни претпоставки, односно дека тие се кривично одговорни.

Лицата до 25 години (**"*puberes minors viginti quinque annis*"**) и покрај тоа што биле потполно кривично способни, можело поблаго да се казнат (The Institutes of Justinian, Abdy). Постоел единствен систем на санкции, со тоа што малите деца биле изземани од примената на казната, освен ако не утврдил судот дека се особено зли (Камбовски, 2006, стр. 804). Сфаќањето за децата како криминалци се потпирало врз владејачката максима: ***Malitia supplet aetatem*** („злобата ја надоместува возраста").

Меѓутоа, и покрај постоењето на точно определени старосни граници на малолетството, во подоцнежниот период на важење и примена на римското право нивното значење слабеело, бидејќи тежнеењето кон поблаго казнување на децата често

[11] За оваа категорија на малолетници требало за секое поединечно дело да се утврди дали детето можело да го сфати значењето на кривичното дело т.е. "doli capax".

било парализирано со делувањето на максимата **"*militia suplet aetatem*"**, којашто, пак, во голема мера овозможувала арбитрарност.

Во кривичното право на средновековните држави за децата се применувала максимата **"*militia suplet aetatem,*"** при што нивната старосна возраст немала големо практично значење во регулирањето на кривичните одговорност и казнувањето на децата. Кривичноправното полнолетство во средниот век машките деца го стекнувале со физичката способност за носење оружје, и покрај фактот што и во најраните збирки на правата на германските и француските племиња се среќава фиксно определување на кривично-правната полнолетност.[12]

Обележјето на општото право на средниот век, се однесува и на кривичното право за детето. Границите на кривично-правната полнолетност различно се поставуваат во одделни држави и тие во доцниот среден век се мошне ниско поставени (12 и 14 години). Раното француско право во средниот век во најголем дел ја следи усвоената поделба во римското право на три категории, при што за сите тие категории имало и различни кривично-правни последици. Почетокот на кривичната одговорност обично бил определен со седум години (Nyquist, о. с., стр. 119). Римското право влијаело и на средновековното англиско право.

Во таа смисла, изедначувањето на децата со полнолетните сторители продолжило и во средновековниот период на, во основа, некодифицирано право, во кое според обичајно-правните правила границата на малолетството била фиксирана меѓу 12-тата и 15-тата година од животот, со натамошна примена на правилото ***malitia supplet aetatem***. Во средновековките извори биле предвидени сосема ретки исклучоци од таквиот пристап. ***Constitutio Criminalis Carolina*** (1532 година) забранувал примена на смртна казна кон малолетен крадец на возраст до 14 години (Живановић). Сепак, во членот 164 од овој Законик се определува дека виновникот помлад од 14 години не се осудува без посебна причина на смртна казна, туку на една од телесните казни, односно од него да се бара одрекување од одмазда (***Uhrphede***). (Skaberne)

Кривичниот закон на Марија Терезија (1768 година) предвидува не само точно определување на горната старосна граница на малолетството со 14 години (под која на детето не може да му се изрече смртна казна), туку и долната граница со седум години (под која не може да се казни, освен казната тепање ако го сфаќаат делото кое го сториле и ако покажуваат знаци на опасно зло). Ако не постои зло, на детето од 14 до 16 години казната може да му се ублажи.

Посебно е значаен Законот на Леополд Тоскански од 1786 година кој разликува неколку категории малолетници и воведува нов критериум за утврдување на одговорноста на малолетникот. Така, децата до 12 години воопшто не можеле да се казнат, туку спрема нив се применуваат воспитни мерки. Децата од 12 до 14 години можеле да се казнат, и тоа благо, само ако е утврдена разборитост **(*discernement*),** додека децата од 14 до 18 години благо се казнувале (Zlatanovic).

Тосканскиот КЗ од 1786 година (работен од страна на ***Beccaria***) децата до дванаесет години ги исклучил од сферата на казнувањето и за нив предвидел само воспитни мерки, додека за децата од дванаесет до четиринаесет години го вовел критериумот на разборитост **(*discernement*).** Под разборитост **(*discernement*),** како услов за казнена одговорност и за казнување, се подразбира душевна развиеност на детето што овозможува сфаќање на значењето на делото, односно спознавање на злото. Малолетниците над четиринаесет години се казнувале како возрасни, но со поблаги казни. Идејата на ***discernement*** се зацврстила со францускиот револуционерен КЗ од

[12] Така на пример, според *Lex Salicia* и *Lex Ribuaria* возраста за кривична одговорност ја определуваат со 12, односно 15 години.

1791 година, кој границата меѓу малолетството и полнолетството ја поставил на шеснаесет години, без определување долна граница. Виновните малолетници од шеснаесет до осумнаесет години се казнувале како возрасните, со тоа што била исклучена смртната казна и било предвидено ублажување на казните. Пробивот на оваа идеја претставувал прв чекор кон дефинирањето принципиелен став за поблаго казнување на малолетните сторители и ги инспирирал решенијата на францускиот КЗ од 1810 година, баварскиот КЗ од 1813 година, а според нивниот модел и на другите големи кодификации на XIX век (Камбовски, 2006, стр. 806).

Германскиот Кривичен закон од 1871 година пропишува кривична одговорност за децата од 12 до 18 години со постоење на „разборитост". Можело да се казни само детето кое постапило со разборитост, во спротивно спрема него се применуваат воспитни мерки.

Наспроти оваа единствена категорија на децата во германскиот Казнен закон, и италијанскиот Кривичен закон од 1889 година предвидува четири старосни граници со различни правни последици: 9, 14, 18 и 21 годишна возраст.

Според ***common law*** (од XIII век па наваму) детето до седум години живот **"*infants*"** било апсолутно неодговорно за стореното кривично дело со оглед на недостатоците на душевната способност за злосторничка намера. Од седум до 14 години **"*pueritia*"** се сметале за интелектуално неспособни деца за извршување на кривично дело поради нивната незрелост, но оваа претпоставка можело да биде побиена со докажување дека детето поседува доволно способности за разликување помеѓу добро и зло. За децата од 14 до 21 година **"*pubertas*"** постоела претпоставка дека поседувале криминална способност.

Нордиското право во средниот век содржи некои обележја на германското, а исто така и на римското право. Достигнувањето на физичката полнолетност се поклопувала со претпоставените достигнувања во поглед на општествените и моралните способности за разликување помеѓу доброто и злото. Меѓутоа, кривично-правното малолетство во овој период не значело нужно изземање од примената на сите санкции, било од кривичен или од репараторен карактер.

Во текот на XVIII, а посебно во XIX век, доаѓа до суштинска промена во положбата на децата во кривичното право. Пред сè, се јавува прецизно законско утврдување на старосната возраст кога настапува кривична одговорност, односно утврдување на долната и горната старосна граница на кривичното малолетство. Освен тоа, се јавуваат и првите промени во политиката на сузбивање на детското престапништво. Овие реформи на малолетничкото казнено право, пред сè биле предизвикани од брзите општествени промени во индустриската ера од втората половина на XIX век. Индустријализацијата, големите миграции и урбанизацијата го потиснале поранешниот семеен модел на воспитување и контролата над децата. Наместо домашното образование и воспитување, на сцена стапиле училиштата како облици на масовно образование. Од друга страна, развојот на науките, особено медицината, психологијата и психијатријата, отворил нов пристап кон решавањето на социјалните проблеми, вклучувајќи ја во нив и контролата над конфликтните однесувања на децата. Со тоа биле создадени сите претпоставки за формулирање новата доктрина на мерки во интерес на детето, засновани врз моделот на благосостојба и теоријата на ***parens patriae***: државата е таа што треба да развие систем на едукативни и други мерки за воспитување, грижа и контрола над децата. Се разбира дека таквата концепција не можела, а да не атакува најпрвин врз легалистичкиот пристап кон репресијата и врз ретрибутивниот модел на реакција на детското престапништво, окован со начелото на строга законитост.

Историски погледнато прв законски текст кој третира посебна категорија деца бил донесен во Норвешка, во 1896 година, и со него се пружала заштита на запуштените деца (Junger – Tas). Во САД се појавиле првите посебни судови за малолетници и тоа првиот суд е основан во Чикаго во 1899, а веќе во 1910 година судови за деца постоеле во триесет и пет американски држави. Прво поцелосно малолетничко законодавство е изготвено во Канада во 1908.

Судовите надлежни за децата, чијашто горна возраст е различно определена меѓу шеснаесет и дваесет и една година, се надлежни за казнените дела, состојбите на запуштеност и сите нивни девијантни однесувања, како што се: пушење на јавно место, неморално однесување, учество во нелегални активности и сл. Се работи за концепција за детското престапништво што недоволно ги диференцира асоцијалните однесувања на децата од оние однесувања со кои се повредуваат кривично-правните норми. Притоа, долната граница на ваквата интервенција според ***common law*** е фиксирана на седум години.

Во англискиот Закон за малолетници од 1963 година тој минимум е подигнат на десет години. Децата од таа возраст до четиринаесет години во повеќето држави може да одговараат ако е исполнети условот на разборитост, додека децата над четиринаесет години се казнено одговорни, но за нив постои посебен систем на санкции (Камбовски, 2006, стр. 804-812). Основни карактеристики на англосаксонскиот модел на малолетничко казнено право се следниве: определување широк поим на детско престапништво, развивањето систем на мерки надвор од традиционалниот казнено-правен систем и постоење посебни судови за децата.

Овој сосема краток и сумарен приказ на историските уважувања за развојот на детето во кривичните законодавства до XX век покажува некои карактеристични црти во настанувањето на категоријата деца како посебна категорија сторители на кривични дела (Caric, 1971). Историјата на постапување со сторителите на кривични дела одбележана е со релативно раното земање на староста на делинквентите и постепениот развој на разликување во кривично-правната положба на детето и возрасните сторители, во основа раководена од различни интерпретации на прашања за кривичната одговорност на детето.

Елементите кои служат за одвојување на категоријата на деца од возрасните сторители на кривични дела и нивното меѓусебно разликување се: старосната граница на малолетството, начинот на третирање на кривичната одговорност на децата престапници и санкции кои се применуваат спрема нив.

Издвојување на детето во посебна категорија сторител на кривични дела се одвивало постепено и невоедначено, така што целиот процес го одбележуваат следниве карактеристики:

- ✓ римското право го направило првото обликување на легалната категорија на децата, при што е посебно значајно утврдувањето на долната граница на малолетство под која постои апсолутна неказнивост на сторителите;
- ✓ горната граница на малолетството и покрај со законот определен календарски период, поради специфичниот начин на утврдување на пресметливоста, не е посебно важна;
- ✓ усвојувањето на начелото на римското право "***malitia supplet aetatem***" (злобата ја надоместува возраста) (Камбовски, 2006, стр. 804) и понекаде неопределувањето на долната граница на малолетството, во средновековното кривично право дошло до застој во формирањето на посебна категорија на малолетници;

- ✓ со усвојувањето на разборитоста и определувањето на прецизните законски граници на кривично-правното малолетство доаѓа до конечно формирање на категоријата на децата која квалитативно се разликува од категоријата на возрасни сторители на кривични дела;
- ✓ со помош на разборитоста децата се изземаат од примена на редовните кривични санкции, а ако им се изречат казни, тогаш тие најчесто се редуцирани или во квантитативна или во квалитативна смисла, а во исто време се јавуваат специфични санкции со кои се тежнее кон превоспитување и поправање на децата.

5.2. Казнено право спрема деца во XX век

Посебен систем на малолетничката правда на европско тло постои од почетокот на XX век.[13] (УНИЦЕФ; Priun)

Во континенталното казнено право, процесот на диференцијација на децата како престапници од казнено-правниот режим на возрасните во XX век е финализиран со воведување посебен систем на воспитни мерки, инспирирани со идејата за помош, воспитување и поправање.

Првата реформа во оваа смисла е изведена во Холандија во 1901 година: отстранета е долната граница на малолетството, додека горната граница е зголемена на осумнаесет години, отстранет е критериумот на разборитост и исклучени се казните пропишани за полнолетни сторители, освен паричната казна и казнувањето на деца од шеснаесет до осумнаесет години за тешки дела со ублажена казна што не смее да пречекори десет години затвор. Шведскиот Закон за малолетници од 1902 година го најави на европска почва почетокот на тенденцијата за комплетно регулирање на малолетничкото казнено право во посебни закони за малолетници. Во белгискиот Закон за заштита на децата од 1912 година како горна граница на малолетството е определена шестнаесетгодишната возраст, предвидени се воспитни мерки на чување, воспитување и заштита, напуштен е критериумот на разборитост и востановени се посебни судови за малолетници.

До основање на вакви судови следува потоа во повеќе европски држави (Данска 1915, Потугалија 1911 и Унгарија 1913 година). Во Англија со Законот за децата од 1908 година се воведени судови за малолетници, а со Законот за превенција на криминалот од истата година за делинквенти од шеснаесет до дваесет и една година наместо редовна казна е предвидена мерката упатување во воспитни установи (***borstal detention***). Последица на ваквиот развој на малолетничкото казнено право е губењето на важноста на критериумот на разборитост, како услов за одговорност на детето, зашто основно станува прашањето дали тоа треба да се превоспитува, дали е во криза во која треба да му се помогне, а не дали и во кој степен го сфаќа социјалното значење на тоа што го сторил.

Развитокот на современото казненото право спрема деца во поширокиот контекс на казнено-правната реформа е јасно насочен кон негово етаблирање како посебен систем. Таквата тенденција доаѓа до израз во повеќето европски законодавства, во

[13] Во Велика Британија постои од 1908, во Португалија од 1911, во Франција, Белгија и Унгарија од 1912, во Шпанија од 1918, Холандија 1921, Германија во 1922, Австрија во 1923, Италија во 1934, Швајцарија во 1942.

рамките на кривичните закони или низ посебните закони за малолетници. Во германското законодавство првиот Закон за судови за малолетници е донесен во 1923 година, под влијание на американското законодавство и практика, во 1953 година е донесен нов Закон за судови за малолетници, а со неговите измени од 1990 година е проширена примената на медијацијата и на санкциите во заедницата, условната осуда, пробацијата и рестриктивниот притвор.

Во Австрија третманот на децата со Закон за судови за малолетници од 1988 година е изземен од општиот казнено-правен режим, при што како малолетници се третираа сторителите од четиринаесет до деветнаесет години, издвоена е категоријата на деца во „ризик" до четиринаесетгодишна возраст, за кои судијата за малолетници може да изрече мерки во семејството, прифатено е „скршувањето" на постапката во постапка на помирување со оштетениот и со изрекување алтернативни мерки (парична казна, општокорисна работа), во сите случаи итн.

Во Франција малолетничкото казнено право е содржано во посебна Ордонанса од 1945 година (изменета неколку пати до денеска); новиот Кривичен закон од 1992 година содржи само една одредба (чл.122-8), според која кон малолетни сторители се преземаат мерки на заштита, помош, надзор и едукација, предвидени со посебен закон, со кого се определуваат условите под кои на малолетник кој наполнил тринаесет години може да му бидат изречени и казни.

Границите на малолетството се, по правило, утврдени на осумнасесетгодишна возраст, како горна граница, и на четиринаесетгодишна возраст, како долна граница, под која детето се третира како дете, чие дело не може да биде во опфатот на казненото право. Но, притоа постои вистинско шаренило во однос на општиот концепт на одговорноста и предвидените санкции. Последниве години во повеќе законодавства се пробива концепцијата на посебно законодавство за малолетници (хрватскиот Закон за судовите за млади од 1997 година, српскиот Закон за малолетници од 2005 година итн.).

5.3. Современ развиток на казненото право спрема деца

Современите текови во постапувањето со децата се раководат од определбите содржани во меѓународните инструменти за правда за децата според кои таа треба да се сфати и креира како формална компонента на поширокиот приод во справувањето со криминалитетот.

Одговорноста, обештетувањето и ресторативната правда ги заменија декриминализацијата, депенализацијата и деприватизацијата.

Во современите текови се појавија повеќе нови правци и нови сфаќања за правдата и приодот кон престапниците. Детството го следат недоволен психички и емотивен развиток, отсуството на подолготрајно животно искуство водат кон недоволна способност за самоконтрола, односно управување со сопствените емоции, дразби, желби, потреби, можности и фрустрации.

Ставот кон децата во секое современо општество, па дури и тогаш кога ќе преземат дејствие кое ги содржи елементите на некое кривично дело, најсилно е изразен преку КПД на ООН, чиишто основни постулати се:

- ✓ должност на општеството е да се обезбедат услови за нормален развој и просперитет на секое дете, кое може да се развива и формира како

творечка личност и да чини сè во интерес на детето и неговото правилно формирање и развој;

- ✓ заштита, грижа, помош и контрола на детето кое манифестира негативно, асоцијално, девијантно, делинквентно поведение (Бужаровска & Пајовиќ – Мишевска, 2010).

Во духот на тврдењето на Франц фон Лист дека добрата социјална политика е најдобра криминална политика (von Liszt, 1905). Актуелно е согледувањето дека од голема важност за социјалниот мир е да се промовира криминална политика која е насочена кон превенција на антисоцијалното и криминалното поведение, развивањето алтернативни санкции и мерки, водење сметка за потребите на жртвите и нивна поддршка, реинтеграција на сторителите, посебни методи за постапување со децата престапници, како и ресторативната улога на судовите и затворите (Council of Europe, 2005).

Новиот пристап во справување со детското престапништво го карактеризираат настојувања да се подигне свеста и поттикне примената на алтернативните мерки и ресторативните мерки и постапки, водејќи сметка за социјалното чинење на кривичните дела и ефектите што се очекуваат од криминалната контрола - жртвите поефикасно да ги остварат своите интереси, сторителите полесно да се реинтегрираат и да се зајакне довербата на јавноста во казнено-правниот систем (MJU-26, 2005).

Најдобриот интерес на детето како едно од стожерните начела на кои се заснова КПД е водечката идеја во креирање систем на постапување со децата што во фокусот го има третманот, наместо казнувањето и пристап кој нема да има пунитивни елементи и последици туку ќе нуди помош, грижа, правилен раст, развој и социјализација на младата личност.

Процедуралните права на детето и инсистирање на принципот на сразмерност во санкционирањето доведе до постапување спрема децата, каде што примарна заложба е како децата да се заштитат од „нивните спасители" (Hartjen). Ваквата забелешка произлегла од согледувањето дека честопати кон децата престрого се постапувало, се третирале како криминалци во мало, а со цел да бидат превоспитани им се изрекувале престроги кривични санкции кои не биле соодветни ниту на возраста, а уште помалку на зрелоста на детето. Оттука, прифаќањето на диверзиони и ресторативни модели на постапување со детето се оценува како најсоодветно (Бужаровска - Лажетиќ, 2013).

КПД преку определбата дека „детето е човек, личност со достоинство и интегритет, и дека во секое постапување со него треба да се почитува неговата личност и да се следат потребите на неговите развојни фази, придонесе во создавањето и креирањето на ЗПД, да бидат оживотворени Пекиншките правила за постапување со децата (Обединети нации, 1985), Токиските правила за вонзатворски мерки (Обединети нации, 1990) и Ријадските правила за превенција на детско престапништво (Обединети нации, 1990).

Казнениот систем спрема деца е формална компонента од поширокиот концепт кој, освен активна улога на заедницата и нејзина инволвираност **(*community-based strategy*)** во превенирање на детското престапништво, ги опфаќа и органите и телата како полицијата, обвинителството, судството, пробациските служби и казнените институции.

Современиот развиток на казненото право спрема деца е во знакот на три основни контрадикции. Првата е наследена и се состои во судирот на концепцијата за децата престапници како криминалци во мало или како посебна категорија. Излезот, најчесто се гледа во средно решение **(*media via*),** кое укажува на сознанието дека меѓу нив и

полнолетните престапници постои суштествена разлика: тие, имено, го извршуваат делото во една развојна фаза на личноста во кое не може да ги сфатат сите причини и последици на своето однесување и не може до крај да се однесуваат според општествените барања, формулирани според просечните стандарди за возрасен, свесен и одговорен човек.

Оттука, на детето не треба да му се изрекуваат истите санкции како на возрасен сторител. Втората контрадикција ја создава внатрешната контрадикција во системот на казненото право спрема деца, распнато меѓу идејата за воспитување и поправање и идејата за ретрибуција и казнување. И двете тенденции се присутни во современите законодавства. Првата е изразена низ јакнењето на позицијата на воспитните мерки и свртувањето кон алтернативните мерки. Наспроти ваквата ориентација, во последно време во некои законодавства (како што наведовме, пред сè американското) е присутно свртувањето кон репресивните мерки и почесто посегање по казната лишување од слобода. Третата контрадикција се состои во судирот на моделот на благосостојба (теоријата на ***paren patriae***), кој влијае врз екстензивна интервенција во сферата на детската делинквенција и идејата за заштита на правата на детето како престапник. Казненото право спрема деца се наоѓа на крстопат: да продолжи да се развива како воспитно право, што за свој објект ја има грижата за воспитувањето и за развојот на детето, или да се развива во правец на почитување на неговите основни слободи и права, со сите гаранции во казнената постапка, но истовремено и со инсистирање на неговата одговорност.

Клучно е прашањето за внатрешното усогласување или двојниот колосек на казненото право спрема деца и правната основа на помошта на децата. За оптимален модел што ги помирува двата спротивставени пристапи денес се смета моделот на четири Д (***diversion, de-judiciarisation, de-institutionalisation, due process***: одбегнување на казнената постапка, дејуридизација, деинституционализација, процесни гаранции за правична постапка). (Камбовски, 2006, стр. 806)

Во потрагата по баланс меѓу концептот на благосостојба и концептот за правда и за правичност, казненото право спрема деца во последнава декада е под силно влијание на меѓународните норми и стандарди за „специјалните права" на децата. Независно од големиот број иновации во системот на санкции, постои висок степен на согласност околу оценатa дека тоа останува запоставено прашање на казненопоправната форма и дека дискрепанцијата со универзалниот корпус на таквите права е зголемена.

Основна насока на современиот казнен систем спрема деца е идентификација и надминување на криминогените фактори, при што несомнено е дека позитивните резултати во поголема мера се надоврзуваат на приоди кои овозможуваат да се одбегне инволвирање на децата во формалниот казнен систем и наметнување пунитивни санкции. Токму во оваа смисла приоритет имаат ресторативните и неформалните приоди, постапувања и реакции.

Правдата спрема децата во контекс на ресторативното постапување се среќава во документи на ООН. Владите на Канада и Италија во 2000 година поднеле резолуција со која предложиле ООН да развијат меѓународни упатства кои ќе им помогнат на државите да прифатат програми за ресторативна правда. Како резултат од тоа произлегла Декларацијата за основните принципи за ресторативната правда (позната како ***UN Basic Principles***), која економскиот и социјален совет ја прифатил во јули 2002. Таа содржи неколку дефиниции со цел за полесно разбирање на нејзините карактеристики.

Несомнен интерес за ресторативната правда бил изразен и на XI конгрес[14] (Van Ness, 2005) на ООН одржан во 2005 година во Банкок, Тајланд. За првпат ресторативната правда е дел од темите на кои е посветен Конгресот според официјалната агенда во рамките на која основен акцент бил ставен врз организираниот криминалитет и тероризмот. На конгресот е донесена Декларација (Обединети нации, 2005) за активности насочени против организираниот криминал, тероризмот, трговијата со луѓе, перењето пари, корупцијата, компјутерскиот криминали и ресторативната правда. Притоа државите се согласиле да се продолжи со промовирање на интересите на жртвите и натаму да се развива ресторативната правда, вклучувајќи ги алтернативите за обвинувањето и правдата за детето.

Новите приоди во казнената правда препознаваат неколку модалитети на правдата и тоа:

- правдата како рамнотежа (***justice as balance***) – правец кој укажува на важноста од моралните ефекти што произлегуваат од стореното кривично дело, но и социјалната улога на казнената правда односно правда што ќе придонесе за социјален мир и напредок;
- општествена правда (***communitarian justice***) – која тежнее кон воспоставување правда без право (***justice without law***), ја афирмира социјалната контрола на членовите на заедницата, инсистира на едноставност, интимност, еднаквост и сигурност;
- соседска правда (***neighborhood justice***) – која има за цел да создаде чувство на срам, потреба за извинување, напори за обештетување, почитување на обичаите и менталитетот на средината во која се случил настанот, а сето ова со основна цел за повторно воспоставување добри меѓусоседски односи.

Сè понагласени се и заложбите за прифаќање диверзиони модели на постапување за полесни кривични дела и со одбегнување на класичната формална казнена постапка спрема децата.

Диверзионото постапување ги има следниве карактеристики:

- ✓ насочено е кон откривање на причините кои довеле до недозволеното однесување, а не потрага по мотивите за стореното дело;
- ✓ основно настојување е во текот на постапувањето детето да сфати што сторило и какви последици тоа негово дејание предизвикале, а не утврдување на вина заради одмерување на казна;
- ✓ специјална превенција и нагласена индивидуализација се карактеристични за целиот тек на постапувањето, а не само за нејзиниот краен исход;
- ✓ реакцијата е насочена кон воспитување, превоспитување и подобра социјализација, а не санкционирање заради прекршување на определена законска норма;
- ✓ реакцијата создава обврски и за семејството, а не само на детето.

Во теоријата се среќаваат шест претпоставки[i] кои може да се сфатат како основа за диверзионо постапување:

[14] Restorative process - ресторативниот процес вклучува активности на полицијата, обвинителството, судовите, пробациските службеници, во затворите, како и од во текот на условното отпуштање.

i. одбегнување на непотребна стигматизација која нужно следи по изрекување формална казнена санкција,
ii. едукативно диверзионо постапување со акцент на едукација, наместо санкционирање,
iii. пропорционалност како ограничување на државната интервенција и одбегнување на несоодветни санкции
iv. т.н. „економичност" на диверзионото постапување која се состои во редуцирање на случаите за кои ќе постапува судот,
v. криминолошката основа на диверзионото постапување е инцидентна и незначителна природа на повеќето кривични дела сторени од страна на децата,
vi. зголемени очекувања за идно законито однесување.

Тенденциите во кривично правен систем спрема деца водат кон експанзија на процедурални гаранции од една страна и ограничување, односно намалување на интензитетот на интервенциите (Dünkel, 2008).

Советот на Европа препорачува (1987) користење диверзиони постапувања со децата со цел да се одбегне нивно инволвирање во казнено правниот систем. Се препорачува проширување на овластувањата на обвинителството во правец на прекин на постапката или откажување од гонење, обезбедување согласност од детето, а примената на мерката подразбира активна соработка со семејството на детето.

Промовирањето алтернативни облици на казнување, диверзиони модели и вклучување на локалната заедница придонесува за зајакнување на напорите да се дефинираат стандарди за санкциите и мерките што ќе може да се применуваат кон децата сторители на кривични дела. Во таа смисла Советот за пенолошка соработка (PC-CP) (Council of Europe, 2006) во рамките на Европскиот комитет за казнени проблеми на Советот на Европа (CDPC) доби дополнителен мандат за подготвување нацрт Европски правила за малолетни сторители лишени од слобода или подложени на алтернативни санкции и мерки применувани во заедницата. Притоа се имаат предвид не само препораките што се донесени во Советот на Европа, туку и меѓународните стандарди на ООН и извештаите на Комитетот за превенција од тортура.

5.4. Компаративни трендови во правдата за децата

Воочливо е дека во поголем број држави постојат успешни реформи на полето на справување со детското престапништво, при што предност имаат мерките со воспитен карактер и акцентот е ставен врз специјалната превенција. Се забележува динамичен прогрес во системите на правда за децата во многу европски држави, поранешните советски држави и поранешните југословенски држави. Не само што правдата за децата доби свој идентитет во казнената правда, туку се зајакнаа и процедуралните гаранции и интервенции кои водат сметка за потребите на децата (Dünkel et al.).

Евидентна е експанзија на неформалните санкции како ефикасно средство не само за намалување и ограничување на оптовареноста на судиите за деца, туку и во однос на специјалната превенција. Диверзиони начини на постапување постојат во повеќе европски држави[15] (УНИЦЕФ), од кои би ги издвоиле следниве:

[15] Како што е случајот со т.н. детско испитување во Шкотска.

- во Германија (Dünkel, 2008; Dünkel & Pruin, 2008) неформалните диверзиони санкции се изрекуваат во близу 70% од малолетничките случаи од кои 50% се диверзиони мерки од обвинителството без посебни обврски, потоа се диверзионите мерки од обвинителството со обврски, па диверзиони мерки од судот и неформалните санкции. Иако во Германија постои разноликост помеѓу различните држави, генерално стапката на диверзионо постапување во 2006 година изнесувала 69% (Dünkel, 2004). Притоа, стапката на повторништво изнесува 27%. Измените во областа на правда за децата во Германија потекнале од практиката, процес наречен "***reform through practice***" (Dünkel, стр. 154) кој подразбира иновативен однос кој во постапувањето го внеле социјалните работници, обвинителите и судиите за деца како најинволвирани во можностите и предностите на ресторативноста;
- во Англија и Велс постои полициско диверзионо постапување и полицијата издава предупредувања наместо пријавување на делото до обвинителството што би значело отпочнување формална судска постапка;
- реформата во Австрија од 1988 воведе форми на диверзионо постапување со или без интервенции при што се користи негонење како резултат на целесообразност или медијација сторител-жртва. Диверзионото постапување опфаќа 69% од сите одлуки што ги донеле обвинителите односно судовите, а 10,5% отпаѓа на медијацијата;
- во Белгија во реформата од 2007 година се прифатија мноштво заштитни мерки со едукативен карактер и ресторативни мерки, медијација и семејна групна конференција. Медијацијата доживува најголема примена, од сите случаи 85% на медијацијата страните ги упатил обвинителот, а судот само во 15% од случаите се одлучил за упатување на медијација. И во Белгија процентот на диверзиони постапувања и крајни ефекти е висок и опфаќа близу 70% од сите случаи спрема децата;
- во Грција со измените на ЗКП од 2003 година се овозможило диверзионо постапување на јавниот обвинител со наметнување воспитни мерки насочени кон обештетување или репарација по чиешто исполнување се запира постапувањето;
- Чешката република од 2003 година го приширила законодавството во правец на можностите за негонење поради диверзионо постапување и одлучување од страна на јавниот обвинител (Бужаровска & Пајовиќ – Мишевска, 2010).

Во Англија и Велс познати се облиците на т.н. **YOT (*youth offending team*)** и т.н. **YOP (*youth offender panel*).** Првото тело е пошироко и како облик на дискусиона група ги опфаќа сторителот и членовите на неговот најблиско семејство, жртвата и неговите најблиски, претставници од училиштата каде учат како и од месната заедница (непосредна локална заедница). Средбите се одвиваат во средината каде живеат децата. За разлика од него, второто тело брои три члена од кои едниот е сторителот и има за цел да изнајде најсоодветно решение да се надмине настанатата ситуација по конкретниот настан: извинување, обештетување, дополнителни обврски кон сторителот. Со упатувачките наредби, во фазата пред донесување одлука од судот (а откако се дефинирале фактите сврзани за кривичното дело и личноста на детето), се

наметнуваат посебни обврски за него и доколку тој ги почитува и оствари не се носи судска пресуда и воопшто не се создава криминално досие на детето. Времетраењето на наметнатите обврски може да се движи во интервал меѓу 3 и 12 месеци, а тие може да се состојат во обврска за обештетување **(*reparation order***), вршење општокорисна работа или извесни сторувања заради компензација за нанесената штета **(compensation orders**), наредби за вршење надзор врз однесувањето на детето **(*supervision orders***) како и медијациски активности. Со упатувачката наредба мора да биде согласен оштетениот и е вклучен во активностите на YOT кој формира тричлен YOP во кој задолжително е присутено детето и има за цел да го амортизира гневот кај оштетениот, агресивноста кај детето и да се постигне заедничко прифатливо решение, односно спогодба (содржина на упатувачката наредба). YOT го мониторира придржувањето кон обврските и однесувањето на детето во тој контекст.

Методите на работа подразбираат вклученост на најзасегнатите - инволвираност, ***party - oriented***, активен однос во надминување на проблемот - партиципативност, дијалог во заедницата кој е на половина пат меѓу семејството (кое не е кадарно да пружи воспитание согласно нормите) и правосудните институции (чиешто постапување е законски пропишано и поведувањето на постапката има соодветни импликации), корелација и надополнување на три фактори: одговорност, вклученост и превенција.

Приодот кон децата подразбира, во основата, три модели: алтернативи за гонењето, медијација со репарација - како судски епилог и наметнување обврски пред пресудување т.н. упатувачки наредби **(*refferal orders*).**

Постапувањето кон децата роди низа облици на алтернативи за гонењето - како да се одбегне сложениот механизам на правосудно постапување, а да се дојде до заедничко прифатливо решение кое значи надминување на натамошни проблеми и детектирање на причините кои довеле до настанот. Алтернативите за гонењето се резултат на сè поприсутното начело на минимална интервенција (Dünkel, стр. 4) кое подразбира казнена постапка и реакција само ако тоа се оцени како неизбежно, интевенциите кон децата треба да бидат соодветни и ненаметливи (Dünkel, стр. 5) сè додека тоа однесувањето го дозволува. Некои држави познаваат полициско диверзионо постапување - кога полицијата е овластена да наметнува извесни обврски со цел да не покрене кривична пријава.

Пружањето „втора шанса" е факт кој треба детето да го сфати за да го прифати. Од една страна, имајќи го предвид степенот на психофизички развиток на детето, мора да се согласиме дека е лошо да отсуствува реакција, но од друга страна е важно како детето да го вратиме кон правиот пат со наметнување дополнителни обврски, секако кога самиот настан тоа го дозволува (тежина на делото, последиците од него, однесувањето на детето).

Промената во пристапот и реакцијата кога во настанот е инволвирано детето е резултат од меѓународните инструменти кои инсистираат на имплементирање методи за социјална интеграција на младите луѓе, организирање посебни специјализирани програми и помош за младите лица во училиштата со цел за нивна подобра интеграција и социјализација (Совет на Европа, 1987).

Компаративните решенија покажуваат дека е сè поголем бројот на државите кои прифаќаат модел на постапување со децата кој подразбира одбегнување на класичната кривична постапка и санкционирање за сметка на проширени можности на социјалните, пробациските и образовните служби и начелото за обезбедување најдобар интерес на детето е раководно начело и во казнениот систем и во системот кој се заснова на благосостојбата на детето како приоритетна цел (Бужаровска - Лажетиќ, 2013).

Доколку се вкрстат законодавниот приод и санкционата практика може да се направи следнава поделба на малолетничките модели што постојат во Европа, со укажување дека нема држава со чист модел, туку најчесто моделите се комбинирани во зависност од околностите на случајот и својствата на детето. Настојувајќи, сепак, да се направи поделба на моделите на постапување со децата, внимание заслужува следнава поделба (Winterdyk, 2002):

- модел на благосостојба ***(welfare model)*** постои во Белгија, Германија, Франција, Бугарија, Полска и скандинавските држави каде што примарна цел на системот е да му се пружи помош на сторителот и да се оствари негово поправање и правилен развиток преку воспитни мерки и интервенции. Во овој модел на постапување не се опфатени само криминалните однесувања, туку и девијантните, односно однесувања кои значат ризик од идно криминално однесување;
- модел на правичност ***(justice model)*** каде што основна цел е одбегнување да се изречат подолготрајни интервенции со изговор дека се тие во најдобар интерес на детето. Оттука, овој модел инсистира на процедурална правичност која опфаќа права и гаранции што мора да ги ужива детето, санкциите мора да имаат определена содржина и сразмерна природа, а правниците играат главна улога во постапувањето и утврдувањето на реакцијата. Во оваа група спаѓаат Германија и скандинавските држави;
- модел на партиципативност **(*participatory model)*** кој подразбира неормален пристап и фаворизира минимална интервенција. Во овој модел не постапуваат правници, туку образовни и социјални органи кои се надвор од правосудниот систем. На европско тло добар пример за ваков приод претставуваат Children's Hearing System што постои во Шкотска, а во светски рамки постои и успешно се применува во Јапонија;
- модифициран модел на правичност ***(modified justice model)*** постои во Холандија и во Германија, а надвор од Европа е застапен во Канада. Во рамките на овој модел благосостојбата се остварува на тој начин што одговорноста и заштитата на општеството влијае врз легислативниот приод и води кон ублажување на одговорноста и нагласување на посебните потреби на детето;
- модел на контрола на криминалитетот ***(crime control model)*** е многу сличен со казнениот приод спрема полнолетните сторители, се нагласува улогата на казнениот прогон, активноста на обвинителството и пунитивноста во санкционирањето. Овој модел постои во САД, а од европските држави се среќава во Унгарија;
- корпоративен модел ***(corporatist model)*** подразбира интеринституционална соработка на полето на правда за децата. Најдобар пример за овој приод се Англија и Велс каде што постојат т.н. **Youth offending teams** како облик на дискусиони групи составени од социјални работници и службеници од пробациски, полициски и образовни органи коишто заеднички постапуваат со цел да пронајдат и пружат најсоодветни одговори на детското престапништво, имајќи ги предвид околностите на случајот, но и опасноста од идно повторништво. Во разговорите учествуваат сторителот и членовите на неговот најблиско семејство,

жртвата и неговите најблиски, претставници од училишни установи и од непосредната локална заедница. Таканаречениот **Youth offending team** формира тричлени т.н. **Youth offender panel** чијшто член е сторителот и има за цел да пронајде најсоодветно решение за да се надмине настанатата ситуација по конкретниот настан: извинување, обештетување, дополнителни обврски кон сторителот и сл. т.н. **Youth offending team** го мониторира придржувањето кон обврските и однесувањето на детето во тој контекст.

Потврда на согледувањето дека е тешко, па честопати и неблагодарно да се прават поделби, е и следниов обид во кој авторите поаѓаат од разликите што ги имаат системите кои фаворизираат интевенционистички модел, наместо класично казнување на децата и утврдиле постоење на три модели (Cavadino & Dignan, 2007):

- моделот на минимална интервенција **(*minimum intervention model*)** има за цел спречување на стигматизација со промовирање диверзионо постапување и одбегнување на класичната кривична постапка. Појдовна основа на овој модел е дека строгото и интензивно казнување на децата има контрапродуктивен ефект врз детето и неговиот подобар развиток и правилна социјализација. Овој модел се среќава во Австрија, Германија, Шкотска;
- модел на ресторативна правда ***(restorative justice model*)** каде што приоритет имаат вонсудските начини за разрешување на конфликтите. Реинтеграцијата и правилната социјализација на детето сторител се остварува преку мерки и постапки во кои се вклучуваат сторителот, жртвата и заедницата: медијација, семејна групна конференција и други облици. Најзастапена мерка е медијацијата која постои во поголем број европски држави;
- нео-корективен модел **(*neo-correctionalist model*)** каде што се укажува на потребата сторителот да стане свесен за она што го сторил, но покрај сторителот се вклучуваат и неговите родители кои, во определени случаи, може да бидат предмет на интервенции и мерки. Во Англија и Велс овие интервенции се нарекуваат „наредби за родителите" **(*parenting orders*).**

Реформските процеси водат кон комбинација на различни модели и отсуство на чист модел на постапување со децата (Бужаровска & Пајовиќ – Мишевска, 2010).

Во последната декада се забележува засилување на моделот на правдата за децата, воспоставување односно проширување на процедуралните гаранции со сè поголемо инсистирање на начелото на сразмерност, од една страна, но и фаворизирање на моделот на минимална интервенција кај децата и ресторативните елементи во постапувањето и реакцијата (Dünkel, стр. 1819).

Моделот на минимална интервенција води кон фаворизирање на неформалното постапување кое има две компоненти: диверзиони модели во постапувањето што значат одбегнување на класичната казнена постапка и проширување на алтернативните мерки и санкции **(*community sanctions and measures*)** кои би можеле да им се определат на децата.

5.5. Историски развој на македонската казнена правда за деца

5.5.1. Македонскиот систем на казнено право до Законот за малолетничка правда

КЗМ од 1996 година во однос на казненоправниот третман на децата ги имаше наследено решенијата од поранешното југословенско казнено законодавство, чијшто развиток помина низ неколку фази.

Кривичниот законик, Општ дел од 1947 година како деца (малолетници) ги третираше сторителите на возраст од четиринаесет до осумнаесет години поделени во две категории: казнено одговорни и казнено неодговорни, во зависност од критериумот на „разборитост" (discernement). На првите им се изрекуваа казни, освен смртната, додека на вторите воспитни мерки. КЗ од 1951 година во основа ја задржа ваквата концепција, поаѓајќи сепак од диференциран пристап заснован врз поделбата на малолетниците на помлади, од четиринаесет до шеснаесет години и постари, од шеснаесет до осумнаесет години.

Постарите малолетници се сметаа за казнено одговорни и им се изрекуваше казна за казнени дела за кои беше пропишана казна затвор над пет години (освен смртната и казните на ограничување на граѓанските права и забрана за вршење занимање), додека за полесните дела им се изрекуваше воспитно-поправна мерка упатување во воспитно-поправен дом. Помладите малолетници, пак, можеа да бидат казнети под условот на „разборитост" само за казнени дела за кои беше пропишана казна строг затвор од најмалку десет години. Спрема казнено неодговорните малолетници се применуваа само воспитно-поправни мерки. Со Новелата на КЗ од 1959 година е извршена ревизија на овие решенија, инспирирана со современите трендови на диференцирање на малолетниците не според нивната казнена одговорност или неодговорност, засновано врз условот на „разборитост", туку според потребата за преземање на мерки на воспитување, грижа и надзор. Во оваа смисла, заедно со таквото разликување е напуштена и концепцијата на казнената одговорност како претпоставка за изрекување на воспитни мерки. Воспитните мерки се основни санкции за двете категории малолетници (помлади и постари) (Камбовски et.all.2018).

При изборот на воспитната мерка судот поаѓа пред сè од личноста на малолетникот и потребата од неговото воспитување. Поделбата на помлади (од четиринаесет до шеснаесет) и постари малолетници (од шеснаесет до осумнаесет години) е во функција на примена на воспитните мерки како правило, односно на казната малолетнички затвор како исклучок: на помладите малолетници им се изрекуваат само воспитни мерки; на постарите малолетници исто така по правило им се изрекуваат воспитни мерки, или исклучително казна малолетнички затвор. Примената на казната е ограничена на извршувањето умислено казнено дело за кое е пропишана казна затвор над пет години, ако степенот на душевна развиеност на малолетникот е таков што можел да го сфати значењето на делото и да управува со своите постапки. Со Новелата од 1959 година е воведена и категоријата на помлади полнолетни лица, со која се опфатени сторителите што во време на судењето не се постари од дваесет и една година и за кои под определени услови може да се изречат воспитни мерки пропишани за малолетници.

Оваа концепција е задржана и во казненото законодавство од 1977 година, а потем и во КЗМ од 1996 година. Новелата на КЗМ од 2004 година внесе само определени измени во системот на санкции.

Репертоарот на казните е проширен со казните протерување странец од земјата и забрана на управување со моторно возило, што се изрекуваат под општите услови предвидени со КЗ. Како нови санкции се предвидени алтернативните мерки: условно прекинување на казнената постапка и општокорисна работа. Се работи за измени со кои малолетничкото казнено право се приклучува кон современите тенденции, без да се напушта неговиот основен профил.

Основна карактеристика на Македонското казнено законодавство во однос на третманот на децата престапници до донесувањето на првиот Закон за малолетничка правда од 2007 година е развитокот на малолетничкото казнено право како дел од општиот казненоправен систем. Според КЗМ (чл.70), за малолетните сторители на казнени дела важат неговите одредби (содржани во посебна, шеста глава) за воспитните мерки и казнувањето на малолетниците и другите одредби на законикот кои не се во спротивност со овие одредби. Посебните одредби за малолетните сторители се применуваат под законски определените услови и врз полнолетни лица кога им се суди за казнени дела што ги сториле како малолетници, а по исклучок и врз лица што сториле казнени дела како помлади полнолетници. Според тоа, малолетничкото казнено право беше и во формална, но и во суштинска смисла интегрирано во општото казнено право. Како малолетни делинквенти се третираа само малолетниците што сториле дело со законот предвидено како казнено дело (начело на законитост).

Основната определба на КЗМ во однос на содржината, функциите и целите на малолетничкото казнено право беше детерминирана со следниов пристап: неговиот категоријален систем се потпираше врз казненото дело, но во однос на казнената одговорност и системот на санкции тоа имаше потполно автономна позиција. Таквата специфичност е одраз на општите тенденции во развојот на малолетничкото казнено право, како процес на постапно еманципирање од казненото право за полнолетните сторители на казнени дела. Но и фактот дека во својот автономен развој тоа се концентрира на системот на санкции за децата го изразува пробивот во КЗМ на идејата на воспитување, поправање и помош како водечка идеја, заедно со начелото на индивидуална превенција и ресоцијализација. Во својот спој овие две основи на малолетничкото казнено право го изразуваат начелниот постулат дека детето не треба да се ресоцијализира, туку да се социјализира, не треба само да се превоспитува, туку мошне често и да се воспитува. Такво влијание врз него не може да се остварува со класичните репресивни инструменти, чиешто дејство не само што може да остане неразбрано, туку сосема извесно би создавало дополнителни депривации на личноста во развој. На воспитувањето, како основна функција на малолетничкото казнено право, му е органски туѓа идејата на присилно ограничување на определени права како реакција на казненото дело. Како коректив на другите општествени механизми на социјализација (семејството, училиштето, потесната средина), тоа треба колку што е можно повеќе да прилега на нив и да е насочено кон посредно делување со нивно повторно активирање (како воспитните мерки во семејството).

Специјално-превентивната, (пре)воспитна ориентација на малолетничкото казнено право ги детерминираше и природата, функциите и целите на неговиот систем на санкции. Основни санкции претставуваа воспитните мерки, додека казните и алтернативните мерки имаа улога на споредни, резервни санкции. Воспитните мерки се средства на социјална превенција и социјализација со кои е правно институционализирано ангажирањето на заедницата во помошта и грижата за малололетникот и поттикнувањето на позитивните црти на неговата личност. Казната како споредна санкција се применуваше само кај потешки дела, при постоење на казнена одговорност на малолетникот, ако не е оправдано изрекување на воспитна мерка. Во таа смисла КЗМ ја определуваше и целта на воспитните мерки, казната и алтернативните мерки (чл.73): целта на овие санкции е со давање заштита и помош на

малолетните сторители на казнени дела, со вршење надзор над нив, со нивно стручно оспособување и со развивање на нивната лична одговорност, да се обезбеди нивното воспитување, превоспитување и правилен развој; како посебна цел на малолетничкиот затвор е одредено вршењето засилено влијание врз малолетните сторители во иднина да не вршат казнени дека, како и врз други малолетници да не вршат казнени дела. Од така определената функција и цел произлегува дека системот на санкции беше поставен високо од ретрибутивната идеја. Видот на санкцијата што му се изрекува на малолетникот не зависеше од природата на делото или од постоењето и степенот на казнена одговорност, туку од потребите на личноста за воспитување, помош и грижа. Тоа дека системот на санкции не ја исклучуваше и казната значеше само потврда на истакнувањето на личноста на малолетниот делинквент како основа и мерило за санкцијата, во сенката на која останува стореното казнено дело како повод за нејзино изрекување. Начелото на индивидуализација имаше далеку поголемо значење во споредба со судското одмерување на казната за возрасни сторители, каде неговиот дострел беше ограничен на уважувањето и на личните околности на сторителот, но заедно со сите олеснувачки и отежнувачки околности. Запознавањето на личноста на малолетникот претставуваше нужна претпоставка за изрекувањето на соодветната мерка, а сложениот процес на избор, а потем и на следење на примената на мерките ја наметнуваше потребата казнената постапка спрема малолетникот да ја води специјализиран судија за малолетници. Барањето за специјализација се однесуваше и на другите органи што учествуваат во постапката (јавниот обвинител и полицијата). (Камбовски et.all.2018)

КЗМ разликуваше три категории малолетници: деца малолетници кои во времето на извршувањето на казненото дело не наполниле четиринаесет години; помлади малолетници, кои во времето на извршувањето на казненото дело наполниле четиринаесет, но не наполниле шеснаесет години и постари малолетници, кои во времето на извршувањето на казненото дело наполниле шеснаесет, но не наполниле осумнаесет години. Патем, ваквото терминолошко диференцирање не одговараше на меѓународните норми (Конвенцијата за правата на детето), кои оперираат единствено со поимот на „дете" како синоним за секој „малолетник" под старосната граница на полнолетството (во нашиов систем, осумнаесет години).

Посебен режим од аспект на можноста за изрекување на санкции за малолетници на полнолетни лица беше предвиден за помлади полнолетни лица кои во време на судењето не наполниле дваесет и една година.

Поделбата на овие категории повлекуваше и различен третман од аспект на системот на санкции. Спрема малолетник кој во времето на извршувањето на казненото дело не наполнил четиринаесет години (дете) не се применуваа казненоправни санкции (чл.71 КЗМ), што натаму значеше исклучување на казнена постапка и во случај на сторување на најтешко дело (убиство, на пример), спрема малолетникот можеа да се преземат други вонказнено-правни мерки на воспитување, грижа и надзор од страна на социјалните и други служби. На малолетник кој сторил казнено дело на возраст од четиринаесет до шеснаесет години (помлад малолетник) можеа да му се изречат само воспитни мерки (чл.72 ст.1 КЗМ). Под законски определените услови на помладиот малолетник кон воспитната мерка или пак самостојно, кога се работи за непресметливо малолетно лице, можеа да му се изречат и мерки на безбедност, како и алтернативните мерки: условно прекинување на казнената постапка и општокорисна работа (чл.72 ст.3).

На малолетник кој во времето на извршувањето на казненото дело наполнил шеснаесет, а не наполнил осумнаесет години (постар малолетник) можеше да му се изречат воспитни мерки, а по исклучок и малолетнички затвор, како и споредна казна протерување на странец од земјата и казна забрана на управување со моторно возило,

под законските услови за изрекување на тие казни. Алтернативните мерки: условно прекинување на казнената постапка и општокорисна работа и мерките на безбедност можеше да му се изречат на малолетник под законски предвидените условите. На малолетникот не можеше да му биде изречена судска опомена, ниту условна осуда (чл.72 ст.2-4).

Во КЗМ воспитните мерки беа предвидени како основни санкции што се состојат во заштита, помош, надзор, стручно оспособување и развивање на личната одговорност на малолетникот и што имаат за цел негово воспитување, превоспитување и правилен развој, систематизирани во три категории: дисциплински мерки, мерки на засилен надзор и заводски мерки (чл.74). Нивното градуирање немаше за цел определување на некаква априорна пропорционалност помеѓу видот и тежината на стореното дело и мерката што треба да се изрече, што произлегува и од дефинирањето на општите законски услови за нивната примена: дисциплински мерки укор, упатување во дисциплински центар за малолетнци се изрекуваат кога не постои потреба од потрајни мерки на воспитување, а особено ако малолетникот сторил казнено дело од непромисленост или лекомисленост; мерки на засилен надзор од страна на родителите, посвоителот или старателот, во друго семејство или од страна на социјален орган се изрекуваат кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување со соодветен надзор, а не е потребно целосно одвојување на малолетникот од дотогашната средина; заводски мерки упатување во воспитна установа и во воспитно-поправен дом се изрекуваат кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување и целосно одвојување на малолетникот од дотогашната средина, при што овие мерки не може да траат подолго од пет години.

Во таа смисла, судот го врши изборот на воспитната мерка, земајќи ја предвид возраста на малолетникот, степенот на неговата душевна развиеност, неговите психички својства, наклонетостите, побудите од кои го сторил делото, досегашното воспитување, средината и приликите во кои живеел, тежината на делото, дали спрема него порано била изречена воспитна мерка или казна малолетнички затвор и сите други околности што влијаат врз одредувањето на видот на мерката заради постигнување на нејзината цел определена со закон (чл.75).

За постар малолетник кој сторил казнено дело за кое е со закон пропишана казна потешка од пет години затвор, а поради тешките последици на делото и високиот степен на казнена одговорност не би било оправдано да се изрече воспитна мерка, можеше да изрече казната малолетнички затвор (чл.86). Покрај таа казна како главна на постар малолетник можеше под општите законски услови да му се изречат, како споредни, казната протерување на странец од земјата и казната забрана на управување со моторно возило (чл.72 ст.2). Со Новелата на КЗМ од 2004 година во системот на санкции за малолетници беа внесени алтернативните мерки (чл.91-а): условно прекинување на водење на казнената постапка и општокорисна работа.

Спрема малолетникот под условите предвидени со закон кон воспитната мерка или казната малолетнички затвор можеше да му се изрече некоја од следниве мерки на безбедност: задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа и задолжително лекување на алкохоличари и наркомани. Спрема непресметлив малолетен сторител под условите определени со закон можеше да се изрече мерката на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа и задолжително лекување на алкохоличари и наркомани без изрекување на воспитна мерка или казна малолетнички затвор. Кон овие мерки судот можеше да одреди и привремена забрана на управување со моторно возило што трае додека трае примената на мерките (чл.62 ст.3).

КЗМ посебно ги издвојуваше помладите полнолетни лица, предвидувајќи можност за изрекување на санкции на полнолетни лица за дела кои ги сториле како малолетници, и изрекување на воспитни мерки на помлади полнолетни лица.

Судската постапка спрема малолетните сторители на казнени дела беше уредена со ЗКП, што е консеквенција на општиот пристап во третирањето на децата-престапници како „криминалци во мало" и на нивниот казнено-правен третман како релативно самостоен дел од општиот казнено-правен систем.

5.5.2. Законот за малолетничка правда од 2007 година

Реформата на македонското казнено право подолго време го заобиколуваше барањето за приклучување кон новите тенденции во развојот на правдата за деца како автономен правно-институционален систем. При усвојувањето на КЗМ од 1996 година иновирањето на малолетничкото казнено право беше поттурнато за следната фаза на реформа. Ни Новелата на КЗМ од 2004 година не внесе некои суштински новини, со исклучок на појавата на алтернативните мерки.

Одлагањето на прашањето за темелно преиспитување на третманот на децата во конфликт со законот несомнено отсликуваше недопустлива негрижа на општеството за положбата, проблемите и перспективите на младите. Со надминат концепт, исполнет со репресивен дух, со застарен модел на санкции, со неорганизирана институционална мрежа (одделни воспитни мерки воопшто не се применуваа поради тоа што не беше организирано нивното извршување), повеќе од јасно е дека не можеше да се постигне посериозен успех во сузбивањето на делинквенцијата и другите проблеми на децата.

Поради таквите согледувања, на повеќе собири нашата научна мисла алармираше за крајно негативните состојби и потребата од пристапување на итна подготовка на нов концепт на правда за деца.

Покрај уважувањето на специфичните потреби и можности за сузбивање на делинквенцијата на децата во нашата земја, таа потреба е аргументирана со барањето за интерполирање во македонскиот систем на правда за децата на меѓународните стандарди за правата на децата.

Дали и во која мера тој концепт треба да биде развиен надвор од системот на казненото право е прашање на воспоставување баланс помеѓу моделот на "parens patriae" и моделот на правда, како две идеи што се појавуваат како основни лостови на промените во оваа област, на кои се надоврзува и третиот, „партиципативен" модел, чијашто основа е барањето за активно учество на заедницата во спречувањето на штетното однесување на децата и во нивна реинтеграција во главните социјални текови по пат на минимизирање на формалната легална интервенција. Низ неколкугодишна перманентна работа (семинари, советувања), претресувани се компартивните модели, но и општествените состојби и институционални капацитет за примена различните модел, врз што пресудно влијание имаат и можностите за вложување од страна на државата да вложува поголеми средства во превенцијата на деликвенцијата (локални програми на превенција, воспитни институции, постапки на посредување итн.).

Врз претходната анализа на меѓународните норми и стандарди, постапно е формиран конзистентен систем на институти што инклинираат од општите казненоправни решенија и треба да се систематизират во еден закон, кој содржи материјално-правни, процесно-правни и извршни одредби. Таквите идеи се разработувани подолго време (подготвен беше и нацрт на „Малолетнички казнен законик" на Советот за превенција против малолетничката делинквенција од 2001

година в. *Арнаудовски/Нанев*, 25) и обликувани во соработка со странски експерти и УНИЦЕФ. По таква долгогодишна и сериозна подготовка, со усвојувањето на Законот за малолетничка правда од 2007 година е добиена потребната законска рамка за еден претежно превентивно ориентиран модел на третманот не само на децата-престапници, туку и на децата „во ризик" и децата-жртви на казнени дела.

Со Законот за малолетничка правда (чл.1) се уредуваат постапувањето со деца во ризик и малолетни сторители (законот го користи тој израз, наместо „деца") на дејствија што со закон се определени како кривични дела или прекршоци, се определуваат условите за примена на мерки на помош, грижа и заштита, воспитни и алтернативни мерки и за казнување на малолетниците, положбата, улогата и надлежностите на органите што учествуваат во постапувањето со деца во ризик и малолетни сторители на дејствија што со закон се определени како кривични дела или прекршоци и извршувањето на воспитните и алтернативните мерки и казните.

Законот ги уредува мерките за заштита на малолетникот жртва на кривично дело и мерките на превенција на малолетничкото престапништво. Веќе самата законска дикција („малолетен сторител на дејствија со закон определени како кривични дела", наместо „малолетен сторител на кривично дело" итн.), ја изразува интенцијата за одвојување на системот на малолетничка правда од општиот казнено-правен систем.

Новиот пристап е изразен низ бројни специфични решенија, од кои најзначајни се: разликувањето на малолетниците сторители на дејствија предвидени како казнени дела и „децата во ризик"; начелото на приоритет на неформалното постапување и избегнување на судската постапка; систем на мерки на помош, грижа и заштита, во кои казнувањето се појавува како исклучителна мерка; медијација и скршнување на постапката; уредување на судската постапка со низа специфичности во однос на казнената постапка и со надлежност на судијата и советот за малолетници; воведување условни или одложени казни; воспоставување на дисциплински центри за постапување во рамки на заедницата, алтернативни мерки и краткотраен притвор или затворање; задолжително присуство на адвокат за време на испитувањето на малолетните лица; елиминација на гонењето по приватна тужба; ограничување на времетраењето на постапката; воведување услов за специјализација на судиите, јавните обвинители, полициските истражители, бранителите и медијаторите; и воспоставување на специјализирани оддели или тимови за работа со малолетници, во рамки на ЦСР. Законот содржи и посебен дел за посебната заштита на децата-жртви на кривично дело и за системот на превенција на малолетничката деликвенција.

И покрај тоа што Законот за малолетничка правда е компониран од одредби што се однесуваат на различни материи (материјално-правни и процесно-правни норми, судски и вонсудски институционални решенија итн.), нивното внатрешно единство што му дава карактер на кохерентен систем го сочинуваат начелата на приоритет на интересот на детето, идејата на ресторативна правда, индивидуализацијата и превентивната цел на системот на мерки на помош, заштитата на процесните гаранции и правата на детето во која било постапка и избегнувањето на строгите формалности на постапката, секогаш кога е тоа важно од аспект на неговите интереси.

5.5.3. Концепцијата на Законот за правда за децата од 2013 и 2024 година

Законот за правда за децата од 2013 година (Сл. весник на РМ бр. 148/2013) го заокружува системот на правда за децата, втемелен со претходниот Закон за малолетничка правда, додека пак со Законот за правда за децата од 2024 година. На

неговото донесување му претходи анализа на поранешниот закон и неговата практична примена, која укажа на потребата од бројни интервенции во самиот законски текст, покрај воочените слабости во примената на неговите одредби. Во голем дел иновациите во законот се наложени со барањето за неговото натамошно сообразување со меѓународните норми и стандарди, во суштинска и терминолошка смисла (законот оперира само со изразот „дете", наместо поранешниот „малолетник"), како и со во меѓувреме извршените промени во домашното законодавство поврзани со одделни негови одредби, посебно донесувањето на новиот ЗКП од 2010 година.

Законот ги унапредува начелата врз кои беа засновани и поранешните решенија, посебно развивајќи ги новите категории на деца во конфликт со законот и деца во ризик, согласно меѓународните стандарди. Особено е важно дека доаѓа до проширување на категоријата на „деца во ризик", како состојба која опфаќа и извршување на дејствија предвидени како полесни казнени дела, за кои е предвидена (не, како во законот „утврдена") парична казна или казна затвор до три години, согласно „Ријадските правила". Смислата и целта на нејзиното проширување е дефинирањето на мерки на рана заштита и превентивна интервенција кон децата кои се во ситуација на социјален ризик, пред да дојде до извршување или по извршено дејствие предвидено како полесно казнено дело, но и одбегнување во овој случај на формална постапка и примена на мерките предвидени со законот. Поимот на ризик воопшто опфаќа ситуации во кои децата се загрозени и имаат потреба од непунитивни мерки заради заштита на нивното здравје, воспитување и помош. Таквите мерки може да се насочени кон детето и тогаш имаат карактер на заштита и помош, или пак кон неговото семејство и друга средина (образовни институции), заради нејзино активирање како гаранти за заштитата и воспитувањето на детето. Ризикот може да биде создаден со фактори кои се однесуваат на самата личност (менталното здравје на детето), односите на детето со семејството (растурен дом, малтретирање, питачење итн.), или социо-економските услови во кои живее детето (сиромаштија итн.). „Ријадските правила" поаѓаат од определбата дека младите лица треба да имаат активна улога и партнерски однос со општеството во нивната социјализација и не може да се сметаат за обичен објект на социјализација или контрола. Превенцијата не се состои само во отстранување на негативните фактори, туку и во унапредување на правата и благосостојбата на детето. Интервенцијата на државата треба да биде поставена на три рамништа. Првото е на примарна превенција, што содржи мерки и политика насочени кон целокупното население. Второто е рамништето на секундарна превенција, што има за цел идентификација на „децата во ризик", за која се задолжени специјализирани агенции чија задача е спречување на вршење дејствија предвидени како казнени дела и се остварува низ шест фази: идентификација на проблемот (социјални работници, учители, полиција во контакти со родители итн.); лоцирање на проблемот (во средината каде постои таква опасност); идентификација на децата (собирање на информации за групи малолетници во ризик); поставување на временска рамка за акција (координирана од повеќе структури, воспитувачи и др.); мониторинг на програмата; и натамошно следење, за да не дојде до повторување. Терцијалната превенција опфаќа мерки за индивидуални случаи и има за цел редукција на рецидивизмот. Категоријата на „деца во ризик" не познава старосни граници: дете на која било возраст може да се најде во состојба на загрозеност, во однос на која мора да се статуираат јасни обврски на државата за помош и грижа насочена кон зачувување на неговото здравје и правилен развој.

Под „дете во судир со законот" се подразбира дете над четиринаесетгодишна возраст чиешто дејствие во објективна смисла претставува повреда на некоја казнено-правна забрана, за којашто е предвидена (не „утврдена") казна затвор над три години и на кое под определени услови може да му биде изречена воспитна или друга мерка.

Внатрешното разликување на овој поим од претходниот „дете во ризик" има квантитативен и квалитативен аспект. Првиот се однесува на старосната граница (14 години), над која децата се „во судир со законот". Вториот, суштински, без која ваквото разликување не би имало смисла, ги покрива условите за примена на воспитни и други мерки на „децата во судир со законот" во формална судска постапка.

Законот за правда за деца ги развива и допрецизира условите за дејуридизација и флексибилност на третманот на децата, согласно неговата ориентација кон правата и благосостојбата на детето, давајќи им широки дискрециони овластувања на органите што учествуваат во постапката. Простор за нивното остварување во интерес на детето претставуваат решенијата инспирирани со идејата на „свртување" (diversion) на третманот на „детето во судир со законот" од формалната судска постапка кон неформалните мерки на помош и грижа во заедницата. Алтернативниот третман станува основен принцип на модерниот систем на малолетничка правда во таа мера, што примената на судски инситуционални или слични мерки се ограничува само на случаите во кои заштитата на општеството налага нивно третирање во формална судска процедура. „Свртувањето" на постапувањето со малолетникот кон вонсудски третман претпоставува секогаш дејствие на детето со кое се остварени обележјата на некое казнено дело и негова согласност и активно учество во примена на други мерки што се состојат или во алтернативи на судската постапка или во алтернативи на институционалниот третман. Останува и основното барање, примената на алтернативен, вонсудски третман да е во согласност со неговите права и формални гаранции, како што е правото на одбрана и фер и правично постапување Камбовски et.all.2018.

Централно подрачје на кое се развива новиот концепт на правда за децата е системот на санкции. Заедно со напуштањето на концептот на вината и на казната како справедливо возвраќање за стореното казнено дело, системот на санкции во Законот за правда за децата целосно ја инкорпорира во себеси идејата на ресторативна правда. Разликата помеѓу ретрибутивната и ресторативната правда - првата како начело доминантна за казненото право за возрасни сторители на казнени дела, втората својствена за системот на правда за децата, се состои најпрвин во различните релации меѓу одделните субјекти: првата се сведува на двостран однос помеѓу државата и сторителот, во кој сторителот се расплатува со државата, додека втората подразбира тростран однос помеѓу сторителот, жртвата и државата, во кој државата е само посредник во процесот на порамнување помеѓу сторителот и жртвата. Натаму, ретрибутивната правда значи апстрактно порамнување со извршеното злодело со изрекување на казна како справедливо порамнување: правдата е задоволена на еден метафизички, општ начин, злоделото е расплатено, но со тоа не е реставрирана поранешната состојба. Ресторативната правда претставува, наспроти тоа, повторно воспоставување на поранешниот статус и права на жртвата, преку одредена конкретна активност на сторителот насочена кон самата жртва. Додека ретрибутивната правда се сведува на прашањето како да се казни сторителот, ресторативната правда е окупирана со прашањето, како да се реставрира благосостојбата на детето, жртвата и заедницата.

Наспроти ретрибутивната правда, која е свртена кон минатото (порамнување со извршеното дело), ресторативната правда е ориентирана кон иднината: специјална превенција и ресоцијализација на сторителот, сатисфакција на оштетениот во вид на компензација на штетата и задоволување на потребите на заедницата за спречување на казнени дела.

Ретрибутивната санкција не го решава основниот конфликт меѓу сторителот и оштетениот и може да биде извор и на нови конфликти, особено ако продолжи заемното непријателство меѓу нив. Наспроти тоа, ресторативната правда е ориентирана кон

решавање на конфликтот, со помирување и компензација на штетата или со примена на друга санкција што е прифатлива за сите (општокорисна работа и сл.).

Најексплицитен израз на начелото на ресторативна правда во Законот за правда за децата е институтот на посредување и помирување (медијација): судијата или јавниот обвинител не пресудува и не изрекува санкција, туку посредува во спорот меѓу детето и неговото семејство и оштетениот, барајќи најдобра солуција што ќе ги задоволи интересите на сите страни.

Прифаќањето на идејата на ресторативна правда како водечко начело на правдата за деца се соочува со разумните предупредувања за почитување на основните државно-правни гаранции (в.*Jessberger/Kress*, 846): системот на правда за децата треба да е хармонизиран со начелата на правната држава, слободите и правата на децата и потребата од ефикасна заштита на општеството од криминал. Поради тоа, Законот за правда за децата минуциозно ги уредува судската и вонсудските постапки спрема децата, поаѓајќи од уважување на нивните посебни права и нивната заштита што има приоритет пред начелото на ефикасност на постапувањето. Исто така, истакнувањето на интересот на детето и потребата од неговата социјализација како примарна цел на системот на санкции ја брише разликата помеѓу материјално-правните и процесно-правните решенија. Постапката започната по повод извршено дејствие предвидено како казнено дело може да заврши и со процесно решение, како што е помирувањето, условното одлагање на постапката и сл. Исто така, одделни санкции, како што се мерките на засилен надзор, се замислени како континуирано „постапување" со малолетникот, во кој е вклучен и органот кој го врши надзорот, така што персоналниот елемент на санкцијата се сведува на обврска на исполнување на одредени налози, контакти со тој орган и сл.

Главни санкции во системот на санкции се воспитните мерки, кои се изрекуваат на дете во судир со законот; само по исклучок на дете од 16 до 18 годишна возраст за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело може да му се изрече казна или алтернативна мерка; на дете за дејствие кое со закон е предвидено како прекршок може да му се изречат прекршочни санкции определени со овој закон; мерки на безбедност се изрекуваат на дете под условите определени со КЗ и со овој закон; конфискација на имот и имотна корист и предмети прибавени со дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци на деца се врши согласно со општите услови утврдени во КЗ (чл.34). Во овој закон предвидените санкции имаат различна содржина, што го предодредува начинот на нивното извршување, но единствена цел што ги прави различна од сличните санкции во казненото право. Таа е дефинирана како обезбедување на нивно воспитување, превоспитување и правилен развој (чл. 35). оттука, казната за деца според својата смисла и цел е различна од казната за возрасните сторители на казнени дела: нејзина исклучива цел е специјалната превенција и превоспитување, така што нејзиното извршување е лишено од сите ретрибутивни елементи што се атрибути на казнувањето.

Единството на целта на сите предвидени санкции му дава друга содржина и на начелото на индивидуализација (чл. 36) како водечко начело во изборот и одмерувањето на санкциите: тие имплицираат широки овластувања на судијата во нивниот избор, детерминиран, покрај уважувањето на околностите што се однесуваат на личноста, тежината на дејствието и последиците, главно од потребата од воспитување, превоспитување образование и развој, заради обезбедување и заштита на најнеопходниот интерес за детето; притоа, казна или потешка санкција се изрекува само ако не е оправдано изрекување на полесна санкција и со обврска на судијата посебно да ги образложи причините за изрекување на потешка санкција.

Истакнувањето на начелата на индивидуализација, специјална превенција и депенализација како приоритетни ги прави бесмислени и неприменливи во системот на правда за децата посебните правила предвидени во казненото право со фамозниот Закон за избор и одмерување на висината на казната.

И покрај „втопувањето" на казните во единствениот систем на превентивни санкции, како подрачје на натамошно унапредување на системот на правда за децата останува прашањето за нивната конзистентност или неконзистентност со основната концепција врз која е заснован моделот на правда за деца. Според Законот за правда за децата (чл. 50), може да се казни (предвидени казни се: затвор за деца, парична казна, забрана на управување со моторно возило и протерување на странец од земјата) дете „кривично одговорно" над 16 годишна возраст, само ако поради тешките последици од стореното дело и високиот степен на кривичната одговорност не би било оправдано да се изрече воспитна мерка (според чл. 51, услов за изрекување казна затвор за деца е и „висок степен на кривична одговорност"). Овие решенија, кои се остаток од посматрањето на децата престапници како „криминалци во мало", претставуваат очигледно мешање на две идеи: на превоспитната функција на санкциите за деца, од една страна и на казнувањето што за своја основа ја има вината на сторителот. Таквата конфузија не може, а да не се одрази врз двојната природа на казнувањето: функција на казната е и превоспитувањето на малолетникот, како другите воспитни мерки, и справедливото возвраќање за стореното дело. Мнозина автори, особено, припадниците на теоретскиот правец што го преферира третманот наспроти казнувањето, сметаат дека ваквиот дуализам на непомирливи идеи го оправдува напуштањето на казната, која штети на личноста на детето и неговиот развој и се појавува како директна причина за рецидивизам (*Heuyer*, 274).

Решенијата кои упатуваат на „кривична одговорност" на детето над 16 години остваат отворени и други прашања, како, на пример, тоа дали секогаш кога се работи за дете во судир со законот судот треба да го утврдува постоењето на вина или пак таа се утврдува само кога тој ќе стори некое потешко дело. И дали тоа значи дека кај полесните дела судот не треба да утврдува казнена одговорност, што допушта можност делото да не е извршено со умисла, односно небрежност, кога законот ја казнува небрежноста. Последново прашање имплицира и следно: ако судот утврди дека не постои умисла или небрежност, дали воопшто може да примени било каква санкција. Кога би се прифатила тезата дека вината се утврдува само кај потешките дела, останува можноста за примена на воспитни мерки без оглед на тоа дали постои вина кај детето за стореното дело, а тоа (врз основа на заклучување ad absurdum), би значело примена на заводска мерка, на пример, и за обичен случај, во кој е предизвикана казнено-правно релавантна последица без да постои ниту небрежност на страната на сторителот. Поради тоа, судот треба да ги утврдува сите елементи на субјективниот однос на детето во судир со законот на 16 годишна возраст кон неговото дело во секој случај на поведување на постапка.

Притоа, кога ќе утврди вина (умисла или небрежност, ако небрежноста се казнува) за стореното потешко дело, може да изрече и казна затвор за деца ако се исполнети и другите услови за нејзиното изрекување; во другите случаи за изрекување на воспитна мерка е доволно да утврди постоење на таков субјективен однос на детето кон стореното дело, што покрај умислата или небрежноста како психолошки однос кон дејствието и неговата последица ја манифестира неговата неприлагоденост, воспитна запуштеност или девијантниот развој на неговата личност.

Законот за правда за децата ги презема сите поранешни решенија што се однесуваат на помладите полнолетни лице, кои се гранична категорија помеѓу децата и полнолетните сторители на казнени дела.

Иако е таа категорија туѓа на смислата, функциите и целите на системот на правда за деца, нејзиното придружување кон посебниот третман на децата со можноста за изрекување воспитни мерки е добро затоа што на тој начин се отвора поширок пробив на начелата на индивидуализација и ресоцијализација, наместо ритрубуција, во подрачјето на општиот казненоправен систем.

Постапките за утврдување на постоењето на околности релевантни за изрекување на определена мерка спрема дете во ризик или санкција спрема дете во судир со законот се уредени со почитување на основните начела на кои се повикуваат и меѓународните документи за правата на детето: процесни гаранции, со задолжително право на одбрана и претставување, специјализација и компетентност на органот што ја применува мерката или изрекува санкцијата и почитување и заштита на личноста на детето во која било форма на постапување спрема него од надлежни институции, деинституционализација на третманот и што пократко траење на институционалните мерки што подразбираат лишување од слобода на детето, користени како последно средство.

Комплексот на одредби за заштитата на децата-жртви на казнени дела и насилство и на децата-сведоци во казнените постапки го изразува неговиот интегралистички пристап, кој почива врз стојалиштето дека со категориите на деца во судир со законот и деца во ризик ги спојува идејата дека виктимолошкиот и заштитниот елемент: се работи за деца што имаат потреба и право на заштита, помош и грижа од општеството, низ чиешто должно исполнување тоа (општеството) си обезбедува просперитетна иднина. Во одредбите на Законот за правда за децата затоа се гарантирани правата на овие две категории и постапувањето со нив во казнената постапка. Покрај посебните гаранции на детето-жртва што ги има како оштетен во постапката, Законот ги уредува неговите посебни права на процесна заштита кај одделни видови казнени дела или кога има потреба од посебна грижа и заштита со користење на посебни процесни мерки на заштита и итност на постапката (чл. 146-150). Посебно е значајно што Законот го дефинира правото на детето-жртва на казнено дело или прекршок на насилство или на друг акт на насилство (вооружен конфликт, насилни демонстрации итн.), обесштетување од посебен фонд формиран во рамките на буџетот на Министерството за правда, ако обесштетувањето не може да се изврши од сторителот на делото (чл. 151- 152). Оваа императивна одредба налага обврска за обезбедување таков фонд во рамките на буџетот на Министерството за правда, иако тој не е обезбеден, претставува основа за поднесување тужба против државата за надоместување на штетата.

Заштитата на децата како жртви и како сведоци во казнената постапка се обезбедува согласно со одредбите од Законот за кривичната постапка и Законот за заштита на сведоците и со примена по потреба на посебни мерки за заштита на психофизичкиот интегритет на детето.

Во еден превентивно и протективно ориентиран систем каков што е системот на правда за децата развиен со Законот за правда за децата е логично да биде инкорпориран и исклучително важниот сегмент на превенцијата на детското престапништво. Тој е разработен во законот (шестиот дел) како легислативна рамка за обврските на државата да организира систем на превенција, преку соодветни тела Државен совет и општински совети за превенција. Со нивното исполнување Република Македонија се приклучува кон добрите практики на развиените држави за формирање на такви тела, како облик на вклучување и на поширокото општество и науката во формулирањето на криминално-политичките цели, средствата и инструментите за сузбивање на детското престапништво.

5.5.4. Законот за правда за децата од 2024 година

Новиот Закон за правда за децата (Службен весник на РСМ, бр. 66 од 20.3.2024 година), има за цел усогласување на македонското законодавство и со Директивата EU/2016/800 на Европскиот парламент и на Советот за процедурални заштитни мерки за децата кои се осомничени или обвинети во кривична постапка и Директивата 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 година за утврдување минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал и за замена на Рамковната одлука на Советот 2001/220 /ЈНА.

Во последниве години, Советот на Европа воведе нови директиви со фокус на подобрување на системите за заштита на оваа особено ранлива категорија на деца. Овие директиви се насочени кон промовирање интегриран пристап за справување со детското престапништво, при што се става акцент на алтернативни мерки и обезбедување поддршка за реинтеграција и ресоцијализација на засегнатите деца.

Промените во законодавството, вклучувајќи го и донесувањето на новиот Закон за правда за децата (ЗПД), овозможуваат поефикасна поддршка за децата во ризик и децата жртви. Овој закон воведува специјализирани мерки за помош и поддршка, особено нагласувајќи ја важноста на превенцијата на детското престапништво. Усогласувањето со меѓународните стандарди за правата на децата подразбира развивање програми кои се приспособени на специфичните потреби на децата во ризик, како и на оние кои се соочуваат со правниот систем. Превентивните активности, исто така, вклучуваат поддршка за родителите и програми за подобрување на нивните воспитни вештини, бидејќи најголемата поддршка за децата доаѓа преку нивните семејства.

Начелото на најдобар интерес на детето. ЗПД за првпат го воведува начелото на „најдобар интерес на детето" како водечки принцип. Ова начело не е строго дефинирано, туку варира во зависност од околностите на конкретниот случај, како и од индивидуалните потреби и интереси на детето. Според ЗПД, најдобриот интерес на детето подразбира дејствување и одлучување кое има за цел заштита, воспитување, превоспитување и правилен развој на детето, со почитување на ефектите што таквите постапки би ги имале врз него. Ова начело има доминантен статус, особено ако дојде до конфликт со други интереси или правни одредби кои се однесуваат на постапката или одлуките поврзани со детето.

Согласно ова начело, сите институции и специјализирани органи имаат обврска да покажат посебна внимателност и да ја приспособат средината во која се спроведуваат постапките со деца. Ова осигурува дека детето може да учествува во процесот без непотребни притисоци, при што се почитуваат неговото право на приватност и заштита на личните податоци.

Активно учество на детето во постапките. За да се овозможи детето активно да учествува во постапките, ЗПД ги унапредува правата на детето, вклучувајќи и обврска да биде информирано за своите права. Детето има право на писмена поука за правата, како и на усна информација за текот на постапувањето. Дополнително, му се обезбедува право на поплака и претставка до Народниот правобранител и други надлежни институции (Лажетиќ, et.all. 2024).

На детето му се објаснуваат правата на јазик кој го разбира и со терминологија приспособена на неговата возраст и зрелост. Ова осигурува дека правата не се само теоретски концепт, туку се разбирливи и достапни за детето да ги искористи.

Примена на начелото на целесообразност. Начелото на целесообразност во ЗПД претставува исклучок од начелото на легалитет. Ова му дава дискреционо право на јавниот обвинител да одлучи дали ќе започне постапка за кривични дела извршени од деца во судир со законот. Според член 19 од ЗПД, постапките против деца над 14 години се започнуваат само во исклучителни случаи, за да се избегнат штетните влијанија врз детето. Судските постапки се резервирани за случаи на тешки кривични дела или кога целите на мерките предвидени со законот не можат да се постигнат поинаку (Лажетиќ, et.all. 2024).

Поширока дефиниција на „дете жртва". ЗПД го проширува концептот на „дете жртва" во согласност со Директивата 2012/29/ЕУ. Според законот:

- Дете жртва е секое лице под 18 години кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање или загуба на права и интереси како резултат на кривично дело.
- Исто така, за дете жртва се смета лице чија возраст не може со сигурност да се утврди, но за кое постојат индиции дека е дете.
- Жртви се и членовите на семејството на дете чие страдање е последица на кривично дело, вклучувајќи загуба на живот.
- Во оваа категорија се вклучуваат и деца кои учествуваат во радикализација, насилен екстремизам и други форми на насилство или екстремизам.

Ресторативна правда. Ресторативната правда е значајна компонента на ЗПД. Постапките за ресторативна правда вклучуваат мерки за помош и заштита на децата во ризик, како и посредување помеѓу засегнатите страни за враќање на имотната корист или надоместување на штетата. Овој пристап има за цел повторно воспоставување на состојбата пред спорот, притоа избегнувајќи формални судски постапки.

Заштита на детето жртва или сведок. ЗПД воведува одредби за засилена заштита на децата кои се жртви или сведоци на кривични дела. Детето има право да биде заштитено од застрашување и одмазда, да биде информирано за текот на постапката и да добие поддршка при сведочењето. Постапките се спроведуваат со највисоко внимание за да се минимизираат негативните последици врз развојот на детето.

Превенција на детското престапништво. Во ЗПД се вградени новини во однос на превенцијата на детското престапништво. Вклучувањето на нови институции, како што се претставници од Министерството за здравство и ЗЕЛС, ја проширува улогата на Државниот совет за превенција на детското престапништво и правда за деца. Покрај тоа, се поставуваат основи за јавно објавување на превентивни програми, едукативни материјали и алатки за поддршка на децата и семејствата.

Овие мерки претставуваат значаен чекор напред во создавање праведен и ефикасен систем за заштита на правата на децата и превенција на детското престапништво.

Промените во законодавството и донесувањето на новиот Закон за правда за децата (ЗПД)4 овозможуваат подобра поддршка на децата во ризик и децата жртви, специјализирани мерки за помош и поддршка, со акцент на превенцијата на детското престапништво. Континуираното следење и усогласување со меѓународните стандарди за правата на децата во делот на превенција подразбира развивање програми што се адресирани на специфичните потреби на децата во ризик, но и оние што се соочуваат со правниот систем. Секако, превенцијата значи и родителска поддршка, развивање програми за подобрување на родителските вештини, бидејќи најефикасна поддршка

децата добиваат преку поддршка на нивните родители и воопшто на семејството (Лажетиќ, et.all. 2024).

Клучните подобрувања воведени со овој закон имаат за цел да го потврдат принципот на најдобар интерес на детето во сите одлуки за децата коишто ќе дојдат во контакт со правосудниот систем. Освен тоа, во Законот се продлабочува пристапот на ресторативна правда, нагласувајќи го правото на детето да биде слушнато, како и пристапот кон рехабилитација и реинтеграција како посакуван исход (УНИЦЕФ, 2024).

Новиот закон дава приоритет на превентивните мерки и помошта за децата, како и на заштитата на личните податоци, што е новост во однос на претходниот текст. Во новиот закон, се воведува електронски систем за назначување адвокати и детални одредби за бесплатна правна помош за децата и нивните семејства, како и финансиска поддршка за правната помош од страна на државата. Новиот закон посветува посебно внимание на заштитата на децата жртви, со засилени мерки за минимизирање на психолошката траума и негативните ефекти од постапките. Истиот вклучува дигитални регистри за деца во ризик, јасни процедури за собирање податоци и нови механизми за следење на примената на мерките. Дел од роковите во постапката за деца се скратени а со цел да се постигне „итноста" на постапката.

Новиот закон претставува крупна пресвртница, но ќе бидат потребни дополнителни заложби од институциите и стручните лица за да се обезбеди негова примена во пракса. Овие нови подобрувања се ветувачки чекори со кои системот на правда за деца ќе биде по нивна мерка, родово чувствителен и ќе ги има неопходните ресурси и меѓусекторска соработка, вклучувајќи ги и секторите за здравство и образование.

5.5.5. Толкување и примена на Законот за правда за децата

Законот има комплексна природа на мал Кодекс на правда за децата, иако не ги исцрпува сите нивни права. Тие се утврдени со Конвенцијата за правата на детето и другите меѓународни конвенции за човековите слободи и права, коишто се непосреден извор на домашното право (согласно уставната одредба од чл.118). Оттука, сите одредби на Законот за правда за децата судот и другите државни органи се должни да ги толкуваат во светлината на нормите содржани во тие конвенции. Исто така, при постоење на правна празнина, недореченост или конфузија во примената на одредба од овој закон, или нејзина колизија со одредба од Конвенцијата за правата на детето или други конвенции, судот и другите државни органи се должни да ја применат соодветната одредба на меѓународната конвенција, ако таа на конкретен начин уредува определена правна ситуација и може да се примени на конкретниот случај.

Комплексноста на Законот за правда за децата произлегува и од неговиот опфат на примена, во кој влегуваат пет категории: деца во судир со законот (престапници), деца во ризик, помлади полнолетни сторители на казнени дела, деца-жртви на казнени дела на насилство и деца сведоци во казнена постапка, секоја од нив со посебен статус, права и учество во постапки кои се форкусирани на различни објекти: дејствија предвидени како казнени дела или прекршоци, состојби на ризик, дејствија на оштетен или сведок во постапката. Сите тие разнородни позиции, статус, права, санкции итн., се уредени со материјалноправни и со процеснопрaвни одредби, одредби за статусот и надлежностите на одделни органи (центри за социјална работа, судија за деца, јавен обвинител итн.) и други субјекти (родителите на детето итн.). Внатрешното единство на

ваквото мноштво од разнородни одредби го обезбедуваат единствените начела и цели на учесниците на сите учесници во различните постапки спрема деца: помош, заштита, превоспитување и поправање на детето. Но, поставувањето на концепцијата на Законот врз, од една страна идејата на заштита на децата ("parens patriae") и од друга страна начелото на почитување на правата на детето, гаранатирани со меѓународните конвенции ("justice"), ги доведува неговите одредби во тесна релација со бројни други прописи (за семејните односи, заштита на децата, социјалната заштита, образованието, полицијата, здравството итн.). Оттука, само низ поврзаноста со законите што ги уредуваат тие области, во кои се обезбедува правилниот развој, заштита и грижа за децата, неговите одредби добиваат целосна смисла и значење. Оттука, сите што го применуваат законот: судијата, јавниот обвинител, адвокатите, полицијата, вработените во центрите за социјална работа и др., треба да имаат одлични познавања за правните области со кои се во допир неговите одредби.

Законот за правда за децата изречно упатува на примена на одредбите и на други закони: КЗ, ЗКП, Законот за прекршоци, Законот за медијација, Зконот за употреба на јазикот, Законот за заштита на сведоци, Законот за бесплатна правна помош, Законот за социјалната заштита, Законот за семејството и Законот за извршување. Упатувањето на првите пет закони е наложено од легислативно-технички причини, иако во начелна смисла е неумесно, затоа што инклинира од барањето за потполна автономија на системот на правда за децата од општиот казненоправен систем и системот на прекршочното право. Некои одредби од тие закони се применуваат директно, додека други „соодветно", што подразбира прилагодување на содржината на одредбата од тие закони на одредбите од Законот за правда за децата (на пример, ако во таа одредба станува збор за сторителот на казненото дело, вината, условите за изрекување казна, притворот итн.).Употребата на ваков метод, којшто создава определени тешкотии во примената на законот е нужно наложен со барањето за легислативна економија, зашто во спротивно во него би требало да бидат кодифицирани сите одредби од други закони на кои се повикува, што би резултирало со мошне обемен Кодекс на правда за децата.

Покрај тоа, секое изменување на другите закони, како што е на пример ЗКП кој е *sedes materie* на одредени процесни институти (одбрана, правни лекови итн.), би повлекувало и измени во таквиот кодекс.

6. Европското законодавство и новите трендови во концептот за правда за децата

ЕУ во последниве децении експресно се обиде да го зацврсти и стандардизира почитувањето на основните човекови права кај децата којшто се во судир со законот, тргнувајќи прво од Конвенцијата на ОН за правата на детето како извор на инспирација. Обезбедувањето или подобро кажано, осигурувањето на „правда пријателска за децата" (child friendly justice) низ ЕУ беше една од „клучните акциони точки" идентификувани во Агендата за правата на детето (European Commission, 'Agenda for the Rights of the Child', COM(2011). Дополнително, беше посветено посебно поглавје на барањето да им се обезбеди можност на децата да го кажат своето мислење и да учествуваат во донесувањето на одлуките што ги засегаат. Со оглед на фактот дека и нашата држава аспирира кон европското семејство, нашето законодавство постојано се дополнува и изменува, а со цел да биде хармонизирано со европските стандарди за почитување на правата и правдата за децата.

Доказ за тоа е донесувањето на новиот Закон за правда за децата во 2024 година кој во себе ги транспонира главните две Директиви на ЕУ: Директивата EU2016/800 на

Европскиот парламент и на Советот за процедурални заштитни мерки за децата кои се осомничени или обвинети во кривична постапка и Директивата 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 година за утврдување минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал и за замена на Рамковната одлука на Советот 2001/220/ЈХА.

Некои автори (De Bondt, W., & Lauwereys, H., 2020, стр. 232-268), правото на учество во кривичната постапка го класифицираат во две групи – првата за осомничените и обвинетите лица. Правата на учество на оваа прва група се поврзани со нивното фундаментално право на правично судење, кое е општо прифатено и широко заштитено.[16] Во светлината на тоа, ефективното учество е од најголема важност. Учеството на децата е особено предизвикувачко имајќи ја во предвид нивната ранливост. De Bondt го поставува прашањето: до кој степен на децата треба да им се дозволи да учествуваат сами или не придружени или претставени од нивните родители или друг соодветен возрасен? Полноправното право на автономно учество можеби не е секогаш во нивен најдобар интерес. Пронаоѓањето на вистинската рамнотежа е и клучно и предизвикувачко. Правото на учество на децата дополнително се комплицира со прашањата поврзани со ефективноста на нивното учество и адаптациите потребни за да се направат процедурите што е можно по „пријателски за децата".

Покрај учеството на оваа прва група, се поставуваат прашања за правата на учество на втората група, имено децата кои станале жртви на кривично дело. Степенот до кој на жртвите – генерално – им е дозволено да учествуваат, значително варира помеѓу земјите-членки на ЕУ. За некои може да изгледа дека само групата на осомничени и обвинети е релевантна. Ова се должи на фактот што кривичната постапка има претежно јавен карактер, што значи дека кривичната постапка е работа меѓу државите и сторителите, со што се решава нарушувањето на националната сигурност, јавната безбедност и редот по кривично дело.

Сепак, два аргументи се користат за апострофирање и на правата на втората група. Прво, се тврди дека учеството на жртвата е потребно за да се постигне ефикасна кривична постапка. Жртвите можат да дадат информации кои се многу вредни за работата на сите надлежни органи во кривичното правосудство. Во оваа смисла, учеството на жртвите особено влијае на судската ефикасност.[17] Второ, се тврди дека учеството на жртвата е потребно за да се врати и/или да се одржи општествената доверба во системот на кривичната правда.

Согласно Директива 2012/29/ЕУ за жртви на криминал, жртвите на кои им е дозволено да учествуваат, добиваат психолошки предности од нивното учество во постапката затоа што се чувствуваат „препознаени" како жртви – и се повеќе склони да веруваат во правилниот исход на кривичната постапка. Во оваа смисла, учеството на жртвите допринесува за судската доверба и кредибилитет.

Имајќи предвид дека во Агендата за правата на децата од 2011 година, Европската комисија призна дека децата можат да бидат вклучени во кривичните постапки или како сведоци или како жртви, се поставува прашањето дали овие аргументи треба да се

[16] Член 6 Европската конвенција за човекови права и чл. 24, 47 и 49 Повелба за основни права. Сепак, мора да се забележи дека без оглед на фактот што Повелбата за основните права не содржи никаква одредба поврзана со специфичните за децата, земјите-членки мора секогаш да ја почитуваат Повелбата на ЕУ кога ги спроведуваат одредбите од која било од директивите.

[17] Директива 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 година со која се воспоставуваат минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал: „Правдата не може ефективно да се постигне, доколку жртвите не можат соодветно да ги објаснат околностите на кривичното дело и да ги обезбедат своите докази на начин разбирлив за надлежните органи".

користат и за обликување на правата на децата жртви и до кој степен понатамошниот развој на правото е потребно целосно да се земат предвид специфичните потреби на децата (Van Der Aa, S. 2016).

Кога станува збор за анализа на учеството во кривичната постапка, сите трудови вообичаено се ограничени на разгледување на овие две групи: од една страна осомничените/обвинетите лица и од друга страна жртвите.

Меѓутоа, авторите De Bondt, W., & Lauwereys, H., ја прошируваат оваа подебла со вклучување на трета група во равенката. Третата група ја сочинуваат деца за кои може да се тврди дека *се засегнати* од кривична постапка. Се подразбира дека децата чии родители (т.е. нивните старатели) се кривично гонети и осудени, (Hissel, Bijleveld, & Kruttschnitt, 2011, Millar, & Dandurand, 2017, Lerer, 2013) се засегнати од (исходот од) кривичната постапка. Без оглед на тоа дали овие деца се жртви на кривичните дела кои се предмет на кривичните постапки постапки (во кој случај и тие би припаѓале на втората група), децата можат да станат „жртва на кривичната постапка", бидејќи може да се соочат со тешки последици од осудата по кривично дело што не го извршиле. Децата може да се сместат во згрижувачко семејство по затворање на родител.

Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето (КПД), постигна речиси универзална ратификација, и го гарантира правото на детето да биде сослушано во својот член 12:

1. Државите членки ќе му обезбедат на детето кое е способно да формира свои ставови, правото слободно да ги изразува тие гледишта за сите прашања што го засегаат детето, при што на гледиштата на детето им се дава соодветна тежина во согласност со возраста и зрелоста на детето.

2. За таа цел, на детето особено ќе му се обезбеди можност да биде сослушано во која било судска и управна постапка што го засега детето, директно или преку претставник или соодветно тело, на начин во согласност со процедуралните правила на националното право.[18]

Меѓутоа, правото на учество е пошироко од само правото да се биде сослушан. Покрај ова основно право, КПД содржи „група права" кои – заедно со правото на детето да биде сослушано – го формираат правото на детето на учество, правото на слобода на изразување (член 13), правото на слобода на мисла, совест и религија (член 14), правото на слобода на здружување и мирно собирање (член 15), и правото на пристап до информации (член 17).

Ситуации во кои КПД експлицитно го споменува правото на детето да учествува се постапки кои вклучуваат одвојување на детето од неговите или нејзините родители (член 9 ст.2), посвојување (член 21 (а), во кој е напоменато дека е потребна „информирана согласност" на детето) и во кривичната постапка (член 40).

На ниво на Советот на Европа, членот 6 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) и судската практика на Европскиот суд за човекови права се од важност во толкувањето на опсегот и значењето на правата за учество на детето во кривичната постапка. Дополнително, Советот на Европа ги лансираше своите Насоки за правда пријателска за деца (Committee of Ministers of the Council of Europe, Guidelines of the Committee of Ministers of the Council of Europe of 17 November 2010 on child-friendly justice), која – и покрај необврзувачкиот карактер на истата – веднаш доби висока морална вредност.

[18] Комитетот на ОН за правата на детето го надгледува спроведувањето на КПД на домашно ниво и го појасни опсегот и значењето на правото на детето да биде сослушано (член 12) во својот необврзувачки Општ коментар бр. 12.

Правата на детето се втемелени и на ниво на Европската Унија. Членот 3(3) од Договорот за Европската Унија ја утврдува поопштата цел на ЕУ да ја промовира заштитата на правата на детето. Членот 24 од Повелбата за основните права на Европската Унија гарантира голем број клучни принципи за правата на децата, вклучувајќи го и правото слободно да ги изразуваат своите ставови во согласност со нивната возраст и зрелост (член 24(1)). Дополнително, ЕУ усвои неколку директиви кои се однесуваат на учеството на децата во кривичната постапка, спроведувајќи ги овие основни права.

Учеството е особено утврдено за децата од првата група (осомничени и обвинети), во многу помала мера за децата од втората група (жртви на кривични дела) и најмалку или воопшто за децата од третата група (деца чии родител или родители се во судир со законот, се осудени и /или лишени од слобода).

Со цел да се оцени правната рамка на ЕУ која го регулира учеството на децата во кривичната постапка, во овој дел ќе ги анализираме правните извори кои се однесуваат на децата (од сите три погоре споменати групи) и нивните права во кривичните постапки.

Првата група деца за која ќе се анализира правото на учество во кривична постапка е групата деца осомничени или обвинети за сторено кривично дело.

Правото на учество во кривична постапка во која е осомничено или обвинето лице, е предвидено во различни меѓународни правни инструменти. Може да се најде на пример во Европската конвенција за човекови права, во Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и конкретно во однос на децата обвинети или осомничени за сторено кривично дело, правото на учество е уредено во Конвенцијата за правата на детето. Дополнително, Советот на Европа ги лансираше своите Насоки за правда пријателска за децата, кои – и покрај необврзувачкиот карактер широко се применуваат и се почитуваат.

6.1. Директивата EU2016/800 на Европскиот парламент и на Советот за процедурални заштитни мерки за децата кои се осомничени или обвинети во кривична постапка

Со Директивата (EU) 2016/800 се согледува важниот чекор кој го направи ЕУ за да осигура дека децата во кривичните постапки се третираат со посебна грижа и внимание. Основата на оваа директива е заштитата на ранливите категории како што се децата, каде што нивните потреби се различни од оние на возрасните. Таа вклучува детално регулирање на начинот на кој тие се информираат, како се одвива нивното испрашување и какви права треба да имаат за време на постапките.

Директивата (EU) 2016/800 претставува основа за унифициран пристап во земјите на ЕУ за правата на децата како осомничени или обвинети во кривична постапка.

Како што е наведено, Директивата цели да воспостави стандарди за фер судење преку одредби кои гарантираат правото на информираност, правна помош, индивидуална проценка и учество во постапките (FRA, 2022). Директивата особено ја нагласува неопходноста за индивидуална проценка и пристапот на интегрирање на социо-економските и психолошките аспекти на децата во правосудниот процес.

Во однос на применливост на Директивата (ЕУ) 2016/800, Директивата поставува минимални стандарди за процесните права на деца осомничени или обвинети во кривични постапки. Применлива е од првото испрашување на дете како сведок до конечната пресуда, вклучително и во жалбените постапки и истата вклучува и деца кои стекнуваат статус на осомничени за време на полициско испрашување.

Процесни права заштитени кои заштитени, или гарантирани со директивата се: Право на информираност, индивидуална проценка, медицински преглед при лишување од слобода, пристап до адвокат и правна помош, гарантирање на презумпцијата за невиност и право на присуство на судење.

Кога станува збор за дефинирање на поимот „дете" и проценка на возраста, во Директивата како дете е дефинирано секое лице под 18 години. Ако постои сомнеж за возраста, лицето се смета за дете сè додека не се утврди спротивното.

Мониторингот на примената на Директивата вклучува надзор на националните механизми за гарантирање права за деца и обезбедување дека децата добиваат соодветна правна помош и заштита.

а) *Информирање на децата за нивните права*

Директивата (ЕУ) 2016/800 поставува основни процесни права за деца осомничени или обвинети во кривични постапки, вклучително и правото на информираност. Ова право е една од клучните компоненти за обезбедување праведност во кривичните постапки и заштита на најдобриот интерес на децата. Што се подразбира под правото на информираност според Директивата?

Според член 4 од Директивата, децата мора да бидат информирани за нивните права веднаш и на јазик кој го разбираат. Информациите треба да бидат на едноставен и разбирлив јазик. Во пракса, истражувањата покажуваат дека многу земји не обезбедуваат формулари кои се дизајнирани така за да можат децата да ги разберат (FRA, 2022). Имено, практичната примена покажува дека често оваа обврска не е правилно исполнета, бидејќи информации се доставуваат преку стандардни писмени формати кои не се адаптирани за деца.

Правото на информираност во себе ги инкорпорира следниве барања:

- Право на јасна и разбирлива информација. Директивата утврдува дека децата мора да бидат информирани за своите права на јасен, едноставен и разбирлив јазик, земајќи ја предвид нивната возраст, зрелост и евентуални јазични или културни бариери. Информацијата треба да биде достапна усно и писмено и прилагодена на нивната когнитивна способност за разбирање.
- Информирање пред и за време на постапките. Осомничените или обвинетите деца мора да бидат информирани за:
    - Нивното право на адвокат.
    - Правото да молчат и последиците од давање изјава.
    - Правото на бесплатна правна помош.
    - Процесните чекори и улогата на надлежните органи.
    - Последиците од нивните постапки во текот на постапката.
- Вклучување на родителите или законските старатели. Родителите или другите носители на родителска одговорност – старатели, згрижувачко семејство и сл.

мора исто така да бидат информирани за правата и обврските на детето во постапката. Доколку дете е лишено од слобода, тие мора да бидат веднаш информирани.

- Специфични аспекти на информирањето според Директивата. Член 4 од Директивата нагласува дека информирањето мора да биде навремено, пред првото испрашување или пред преземање какви било други мерки. Постои обврска да се осигури дека децата разбрале што им било објаснето. Ако постојат јазични бариери, мора да се обезбеди превод на јазик кој е разбирлив за детето.
- Информирање за резултатите од постапката. Детето мора да биде информирано за сите одлуки кои влијаат на неговите права и обврски, како и за можноста да ги обжали овие одлуки.
- Специфични услови за деца со посебни потреби. Директивата препознава дека некои деца имаат специфични потреби (како на пример когнитивни или јазични тешкотии). Во такви случаи, информирањето мора да биде прилагодено со дополнителни објаснувања или со помош од соодветни експерти.

b) *Право на правна помош и пристап до бранител*

Директивата (ЕУ) 2016/800 воспоставува специфични одредби за правото на бранител, нагласувајќи дека ова право е клучно за обезбедување праведна кривична постапка за децата кои се осомничени или обвинети. Директивата ја нагласува централната улога на бранителот како заштитник на правата на децата во кривичните постапки. Со обезбедување на пристап до стручен, обучен и доверлив адвокат, децата се ставени во позиција да ги разберат постапките и да ги користат своите права на најефективен начин.

Децата имаат право на адвокат уште при првото испрашување. Член 6 обезбедува дека децата имаат право на адвокат од првото испрашување. Мониторингот за примена на Директивата (EU) 2016/800 покажал дека во некои земји во ЕУ полицијата ги испрашува децата без присуство на адвокат, што доведува до повреди на нивните права. Консултациите со адвокат не секогаш се приватни, а адвокатите честопати немаат доволно време за подготовка (FRA, 2022).

Што се подразбира под правото на бранител според Директивата? Право на пристап до бранител и присуство на бранителот при секое испрашување. Децата имаат право на адвокат уште од првиот контакт со правосудните органи. Полициските или судските испрашувања не можат да се одвиваат без присуство на адвокат. Ова е важно за да се избегнат притисоци или малтретирање на детето, како и за да се гарантира дека сите изјави дадени од детето се праведни и доброволни.

Консултации со бранителот се без надзор. Директивата гарантира дека децата имаат право на доверливи консултации со својот бранител. Приватноста на овие консултации мора да биде почитувана, што значи дека полициските или судските органи не смеат да присуствуваат за време на овие средби.

Бранителот има клучна улога во објаснувањето на правата на детето, преговарањето со правосудните органи и обезбедување фер третман за време на целата постапка. Децата мора да бидат јасно информирани за улогата на адвокатот.

Право на бесплатна правна помош подразбира дека детето или неговото семејство не можат да си дозволат адвокат, државата е обврзана да обезбеди бесплатна

правна помош. Ова гарантира дека економската состојба не влијае на правото на фер постапка.

Информирање за правото на бранител е обврска од моментот кога детето станува осомничено или обвинето. Истото мора веднаш да биде информирано за правото на адвокат. Информацијата мора да биде дадена на јазик кој детето го разбира, земајќи ги предвид нивната возраст и когнитивните способности.

Во Директивата постојат правила и за етички аспекти и стандарди за бранителите. Во оваа смисла, адвокатите мора да бидат специјализирани за работа со деца и да бидат обучени за детска психологија и комуникација. Во случаите на деца со посебни потреби, адвокатите мора дополнително да ги прилагодат своите пристапи за да обезбедат соодветна правна заштита.

Заштита на најдобрите интереси на детето може да се гарантира само доколку децата добиваат стручна и правична застапеност во секој момент од постапката. Бранителот е клучен за да се осигура дека сите права на детето се почитувани и дека постапките се спроведуваат во согласност со највисоките стандарди.

c) *Право на учество во кривичните постапки*

Децата имаат право активно да учествуваат во процесот (член 16 од Директивата). Истите потребно е да бидат сослушани и да ги изразат своите мислења. Истражувањата за мониторинг над Директивата во ЕУ (FRA, 2022) покажале дека судските постапки не секогаш се затворени за јавноста, што ја загрозува приватноста на децата. Судот во Стразбур во својата судска пракса утврдил дека Член 6 ЕКЧП како целина треба да се чита како заштита на правото на осомничениот или обвинетиот ефикасно да учествуваат во кривично судење (ECtHR, Murtazaliyeva v Russia App no 36658/05, para 91.) Тоа право треба да повлекува право да се биде присутен, но и да ја слушне и следи постапката.(ECtHR, Stanford v United Kingdom App no 16757/90, para 26.)

Директивата (ЕУ) 2016/800 нагласува дека децата треба да имаат можност за ефикасно учество во кривичните постапки. Ова опфаќа:

- Нивно присуство на сослушувања.
- Изразување на нивното мислење.
- Разбирање на текот на постапката и последиците од одлуките.

Член 16 експлицитно бара на децата да им се овозможи да бидат слушнати на начин што е соодветен за нивната возраст. Судиите треба активно да се осигураат дека децата ги разбираат прашањата и последиците од своите одговори

Исто така мониторингот за примена на Директивата покажал дека во многу земји-членки на ЕУ, процедурите за децата не се доволно „пријателски за децата". Ова особено се покажало преку употребата на сложениот правен јазик кој често го ограничува разбирањето на децата како и непочитување на приватноста во одредени случаи, што доведува до објавување детали во медиумите, штетно за благосостојбата на децата (FRA, 2022). Правото на приватност е загарантирано од Конвенцијата за правата на детето и Директивата 2016/800. Тоа опфаќа и заштита на личните податоци и одржување на судските рочишта коишто се затворени за јавноста. Затоа затворените судски рочишта треба да бидат приоритет за заштита на приватноста на децата.

Комуникацијата треба да биде приспособена на возраста, интелектуалните способности, емоционалниот капацитет и зрелоста на детето за тие активно да

учествуваат во својата одбрана (ECtHR, V v United Kingdom App no 24888/94, paras 85-86.) Судии, адвокати и други учесници во постапката, треба задолжително да посетуваат обуки за детска психологија и методи за комуникација прилагодени на децата. Заштитата на идентитетот на децата треба да биде главен приоритет, а медиумите да следат етички кодекси во известувањето за случаи со вклучени деца.

Дополнително, за учеството на детето во кривичните постапки, во Член 9 од Директивата се бара полициските испрашувања на децата да бидат аудиовизуелно снимени, доколку тоа е пропорционално и во најдобар интерес на детето. Доколку снимањето не е возможно, се бара детално пишано записничко снимање.

d) *Правото на децата да бидат придружени од родителите*

Член 15 од Директивата обезбедува право децата да бидат придружени од лице со родителска одговорност или друго соодветно возрасно лице за време на постапките. Целта е да се обезбеди психолошка и морална поддршка за детето. Мониторингот за примена на Директивата покажал дека вклученоста на родителите е нееднаква, односно: во некои случаи, родителите се активни во поддршката на своите деца, а во други, културните или јазичните бариери ја ограничуваат нивната улога. Во некои држави, улогата на придружното лице е недоволно дефинирана, што ја намалува нивната ефективност.

e) *Оценка на индивидуалните потреби на детето*

Член 7 од Директивата (EU) 2016/800 бара индивидуални проценки кои ја разгледуваат личната состојба на детето. Секогаш се потребни информации за социјалната и психолошката состојба на детето, неговата зрелост, семејното опкружување и специфичната ранливост. Во пракса, мониторингот за примена на Директивата (EU) 2016/800 во земјите членки на ЕУ, покажал дека ваквите проценки често доцнат или се недоволни или се изведуваат со ограничен квалитет, што ја намалува нивната корисност за судските процеси (FRA, 2022).

Целта на индивидуалната проценка е секако заштита на најдобриот интерес на детето. Проценката е основа за третман кој е прилагоден на специфичните потреби и ситуации на детето. Истата обезбедува праведност затоа што спроведувањето на соодветни мерки ќе биде во согласност со карактеристиките на секое дете и го унапредува концептот на фер правосудство. Конечно, индивидуалниот пристап помага во реинтеграцијата на детето во општеството.

Што подразбира индивидуалната проценка според Директивата? Цел на индивидуалната проценка е да се идентификуваат специфичните потреби на детето за време на кривичната постапка, да се осигура дека мерките преземени во текот на постапката се соодветни и пропорционални на возраста, зрелоста и ситуацијата на детето и да се гарантира дека детето добива соодветна заштита, поддршка и рехабилитација.

Индивидуалната проценка треба да вклучува разгледување на:

- Личните карактеристики на детето (возраст, пол, зрелост).
- Социоекономската ситуација и семејното опкружување.

- Психолошките потреби и специфичната ранливост, како што се когнитивни или емоционални потешкотии.
- Нивните образовни потреби и можности за рехабилитација.

Според член 7 од Директивата, проценката мора да се спроведе што е можно порано, идеално пред судењето или донесувањето одлука за лишување од слобода. Проценката мора да биде систематска, детална и спроведена од мултидисциплинарен тим на стручњаци. Понатаму, проценката мора да биде прилагодена на индивидуалните потреби на детето, земајќи предвид културните, јазичните и социјалните специфики. Треба да се осигура дека детето активно учествува во процесот и ги разбира резултатите од проценката.

Резултатите од проценката треба да се земат предвид во одлуките за лишување од слобода, рехабилитација или казнување. Судските органи мора да ги користат податоците од проценката за да донесат информирани и фер одлуки.

Примената на индивидуалната проценка мора да има посебни правила за ранливите категории. Децата со когнитивни или емоционални потешкотии, оние од мигрантска или малцинска позадина, или од сиромашни семејства, мора да добијат дополнителна поддршка.

Мултидисциплинарен пристап мора да биде загарантиран во смисла дека тимови составени од социјални работници, психолози, образовни стручњаци и правни советници се клучни за спроведување сеопфатна проценка. Децата треба да бидат информирани за целта на проценката, како и за можните резултати и влијанието врз правниот процес.

Оваа проценка се користи за: Одредување на мерки за заштита и поддршка, евалуација на кривичната одговорност и определување на соодветни казнени или образовни мерки.

f) Деца лишени од слобода

Притворот и лишувањето од слобода треба да биде последно средство коешто е применето за обезбедување на присуство на детето. Мониторингот за примена на Директивата покажал дека најчесто децата се лишуваат од слобода заради сериозни кривични дела, но сепак, не секогаш им се обезбедува соодветна медицинска грижа, едукација или програми за реинтеграција. Утврден е и недостигот на одвојување на притворените деца од возрасни сторители, што пак претставува сериозен проблем во некои држави (FRA, 2022).

Според Директивата (ЕУ) 2016/800, лишувањето од слобода на децата треба да се користи само како последна мерка, кога другите алтернативи се неефективни или несоодветни. Правила кои мора да се почитуваат се:

- Да се обезбедат образование, терапевтски програми, здравствена нега и редовни контакти со семејството.
- Да се гарантира хумано и соодветно постапување со оглед на ранливоста на децата.
- Обезбедување на одделни објекти за деца, специјално прилагодени за нивните потреби.

- Забрана на дисциплински мерки кои можат да го загрозат физичкото или менталното здравје на децата (како изолација или телесно казнување).

Судските одлуки за притвор треба да се базираат на темелни причини и да бидат подложени на редовен надзор, а притворот треба да биде временски ограничен и прилагоден на потребите на детето.

Член 8 од Директивата бара итен медицински преглед при прием на дете во притвор. Прегледот треба да: ја процени физичката и менталната состојба на детето и да определи дали детето е способно за учество во истражни или судски активности.

g) Улогата на семејството

Член 15 од Директивата (EU) 2016/800 бара децата да бидат придружени од родители или старателите. Мониторингот за спроведување на Директивата (EU) 2016/800 во земјите членки на ЕУ покажал дека родителите не секогаш се информирани за нивната улога или немаат пристап до јасни информации за постапките во кои нивните деца се вклучени (FRA, 2022). Родителите имаат право да присуствуваат на сите фази на постапката, но нивната улога често е ограничена. Препораките на FRA вклучуваат обезбедување на поголема поддршка за родителите, особено преку јасни информации и преведувачки услуги кога е потребно (FRA, 2022).

h) Обука на сите органи кои учествуваат во постапката спрема деца

Сите професионалци кои работат со деца треба да бидат обучени за техники на комуникација со деца, како и за културни и психолошки аспекти, а посебна обука и за работа со деца од мигрантски и етнички заедници (FRA, 2022).

Директива (ЕУ) 2016/800 предвидува сите лица вклучени во спроведување на законот, притворски установи, судии и обвинители да имаат специфични способности за работа со деца. Ова вклучува познавање на детска психологија, соодветна комуникација и познавање на права на децата. Овој дел ја истакнува клучната улога на обуката за зајакнување на правата на децата во кривичните постапки. За ефикасна примена на овие права, потребна е унифицирана и обврзувачка обука која ќе ги опфати сите релевантни аспекти, од законски регулативи до практични комуникациски вештини.

6.2. Директивата 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и Советот од 2012 година за воспоставување минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите од кривични дела

Директивата 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и Советот, која воспоставува минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на кривични дела е клучен инструмент за унапредување на правата на жртвите и има значително влијание врз законодавствата на земјите-членки на ЕУ, а своето влијание го пренесе и на законодавство во Северна Македонија, со оглед на фактот дека текстот на Директивата е транспониран во нашиот нов Закон за правда за децата од 2024 година. Законот за правда за децата од 2013 година како главна слабост ја имаше недореченоста во однос на правата на децата жртви, не толку како неуреденост, туку повеќе како неприменливост на релевантните одредби за заштита на децата жртви (Атанасова, М. et all. 2021).

Директивата 2012/29/ЕУ претставува главен хоризонтален инструмент на политиката на Европската Унија кога станува збор за процедуралните права на жртвите (Атанасова, М. et all. 2021).

Додека директивата за жртвите воспоставува општи правила што се применливи за сите жртви на кривични дела, ЕУ со други директиви предвидува посебна заштита за одредени категории жртви или дополнителни права. Покрај Директивата за жртвите, секундарното законодавство на ЕУ ги содржи и Директивата за надомест на жртви од кривични дела (2004/80/ЕС), Директивата за спречување сексуална злоупотреба и сексуално искористување на деца и детска порнографија (2011/92/EU); Директивата за превенција и спречување трговија со луѓе и заштита на жртвите (2011/36/EU)и Директивата за справување со тероризам (2017/541).

Директивата 2012/29/ЕУ е значаен чекор напред во заштитата на жртвите, но потребна е натамошна хармонизација и ревизија за да се надминат идентификуваните слабости. Ефективноста на Директивата зависи од националните капацитети и меѓусекторската соработка. Овие предизвици бараат континуирани напори за целосна имплементација и адаптација на законодавствата.

Директивата 2012/29/ЕУ ги предвидува (Гавриловски, 2021) следниве права:

- Право на жртвата да разбере и да биде разбрана (Член 3).
- Право на жртвата да добие информации при првиот контакт со надлежен орган (Член 4).
- Право на жртвите при поднесување кривична пријава (Член 5).
- Право на жртвите да добијат информации за нивниот предмет (Член 6).
- Право на толкување и преведување (Член 7).
- Право на пристап до служби за поддршка на жртви (Член 8).
- Поддршка од служби за поддршка на жртви (Член 9).
- Право на сослушување (Член 10).
- Права во случај на одлука да не се врши кривично гонење (Член 11).
- Право на заштитни мерки во постапки пред служби за ресторативна правда (Член 12).
- Право на правна помош (Член 13).
- Право на надоместување на трошоци и издатоци (Член 14).
- Право на враќање имот (Член 15).
- Право на одлука за надоместок од сторителот во текот на кривична постапка (Член 16).
- Права на жртвите што престојуваат во друга земја (Член 17).
- Право на заштита (Член 18).
- Право на избегнување контакт меѓу жртвата и сторителот (Член 19).
- Право на заштита на жртвите во текот на кривична истрага (Член 20).
- Право на заштита на приватноста (Член 21).
- Индивидуална проценка на жртвите за да се идентификуваат посебните потреби за заштита (Член 22).
- Право на заштита на жртвите со посебни потреби за заштита во текот на кривичната постапка (Член 23).
- Право на заштита на деца жртви во текот на кривичната постапка (Член 24).
- Обука на практичари (Член 25).
- Соработка и координација на служби (Член 26).
- Обезбедување податоци и статистика (Член 28).

Резултатите од евалуацијата на Директивата спроведена во 2022 година укажуваат дека Директивата има позитивно влијание врз правото на пристап до информации, поддршка и заштита. Сепак, разликите во националните практики го ограничуваат нејзиното целосно спроведување. Основните дефиниции и цели на директивата остануваат актуелни, но се идентификувани недостатоци во однос на моментот кога жртвите добиваат пристап до права и мерки. Постои ограничено финансирање и ресурси за спроведување на одредбите на директивата. Понатаму, многу жртви не добиваат информации за своите права, што го ограничува нивното активно учество во постапките. Ранливите жртви, како децата, немаат секогаш пристап до специјализирана поддршка. Пристапот до компензација од сторителот е отежнат поради сложените процедури и недоволна координација меѓу различните институции ја намалува ефикасноста на заштитата (Фетаи, Ф. 2023).

И двете директиви се насочени кон градење систем кој ги почитува специфичните потреби на децата – било како осомничени, обвинети или жртви. Директивата 2016/800 е посветена на правичноста и процесуалните права на децата, додека Директивата 2012/29 ја нагласува заштитата и поддршката на децата како жртви.

Европското законодавство и новите трендови во концептот за правда за децата се фокусирани на заштита на најдобриот интерес на детето, обезбедување на правото на детето да биде слушано и промовирање на рехабилитација и реинтеграција. Ресторативната правда, децентрализацијата на системот, меѓусекторската соработка и улогата на технологијата се клучни елементи на овој развој. И покрај постигнатите резултати, остануваат предизвици во имплементацијата на овие принципи во сите земји членки на Европската Унија.

ГЛАВА II

ЕТИОЛОГИЈА И ФЕНОМЕНОЛОГИЈА НА ДЕТСКОТО ПРЕСТАПНИШТВО

1. Етиологија на детското престапништво (егзогени и ендогени фактори)

Мултифакторски се причините што го предизвикуваат детското престапништво. Корените може да се најдат во општествените промени и тешкотиите младата личност да ги спознае вистинските животни вредности и да оствари правилна идентификација која ќе му помогне во себеразбирање, зголемена самодоверба, поголем степен на толеранција, прифаќање на различностите, социјални вештини и интерперсонални својства, сликата за себе и градењето став кон оправданоста на општествено прифатливите норми.

Постојат многу причини што ги наведуваат децата да сторуваат кривични дела, односно да манифестираат антисоцијално поведение.

Оние кои се општоприфатени, пред сè, го опфаќаат општествено - економското и социјалното опкружување: турбулентните времиња, промените во општествените односи, социјалната несигурност, сиромаштијата и маргинализираноста, невработеноста воопшто и онаа кај младите, предизвиците кои постојат во семејствата, генерацискиот јаз, (не)можностите за соодветно образовните и усовршување и следствено на тоа слаби училишни резултати, злоупотреба на алкохол, дроги и други недозволени супстанции, што може да доведе до сторување на кривични дела (ДСПДП & УНИЦЕФ, 2022).

Факторите на ризик сами по себе не претставуваат причина за детско престапништво, меѓутоа во комбинација со други фактори на ризик и посебните карактеристики на индивидуата, може да се сметаат како причини за престапништво. Исто така, постоењето на повеќе фактори на ризик кај некои деца може, но и не мора, да доведе до престапништво. Тоа, пред сè, зависи од постоењето на фактори кои го штитат детето од ризиците што негативно влијаат. Може да се каже дека овие заштитни фактори ги амортизираат ризичните фактори и стимулираат позитивно однесување, односно ја зајакнуваат отпорноста кај индивидуите, развиваат позитивно однесување, приврзаност кон семејството, училиштето, кон некој возрасен во или вон семејството и сл. И кај заштитните фактори важи правилото дека многу почесто постоењето на повеќе заштитни фактори обезбедува заштита од ризиците, односно развива отпорност кон нив.

Иако препознавањето на факторите на ризик е, сè чини, поочигледно, сепак практичарите истовремено се насочени и кон идентификација на заштитните фактори. Напорите се насочени кон тоа факторите кои водат до ризици во определени случаи да бидат препознаени како заштитни фактори, определени фактори со текот на времето да преминат од ризични во заштитни, или пак помеѓу целиот спектар на фактори на ризик да се пронајде еден единствен заштитен фактор кој ќе се стимулира и може да ја измени ситуацијата.

Идентификувањето на заштитните фактори може да биде постимулативно за имплементирање кога пристапот е кон зајакнување на таквите фактори, одошто кон намалување на факторите на ризик, на пример, попримамливо би било доколку се

преземат активности за подобрување на здравјето и вештините, отколку да се фокусираат на решавање конкретни негативни состојби.[19]

1.1. Егзогени фактори за појава на детското престапништво

Факторите на ризик може да се наоѓаат во самата индивидуа или пак во околината, во средината во која младите живеат, во семејството, во односите со пријателите, училиштето, локалната заедница. Сите овие фактори ги надополнува индивидуата со својот психосоцијален развој, својата автономност, каде што адолесцентноста претставува посебен период од развојот. Оттука, најчестата поделба на причините за појава на детското престапништво е поделбата на егзогени (надворешни) фактори и ендогени (внатрешни).

Егзогените фактори се оние кои потекнуваат од надворешната средина на детето, вклучувајќи го влијанието на семејството, училиштето, врсниците, заедницата и општествено-економските услови. Овие фактори често се испреплетуваат, што доведува до комплексни интеракции кои го зголемуваат ризикот од деликвентно однесување.

1.1.1. Сиромаштијата како ризик фактор

Сиромаштијата е еден од најзначајните егзогени фактори што влијаат врз социјалното и психолошкото однесување на децата. Егзогените фактори се оние кои потекнуваат од надворешната средина и ја обликуваат индивидуата преку различни социоекономски, културолошки и структурни услови. Сиромаштијата, како основен индикатор на економска ранливост, го одредува животот на многу семејства и има директно влијание врз појавата на детско престапништво.

Сиромаштијата се дефинира како состојба во која едно домаќинство или поединец немаат пристап до основните ресурси за задоволување на човечките потреби, како што се храна, дом, образование и здравство (World Bank, 2021). Оваа состојба ја зголемува ранливоста на децата, кои се особено чувствителни на негативните ефекти на економската нестабилност. Сиромаштијата не е само материјална состојба; таа вклучува и чувство на исклученост, депривација и недостаток на шанси за подобар живот. Децата кои растат во сиромашни семејства честопати се изложени на ризик од социјална маргинализација. Во услови на сиромаштија, тие немаат доволен пристап до квалитетно образование, здравствени услуги и социјална поддршка, што ги ограничува нивните можности за личен развој. Недостатокот од овие основни потреби ја зголемува веројатноста за вклучување во престапни активности како форма на адаптација на тешките животни околности.

Сиромаштијата е состојба која длабоко ги обликува животните можности и иднината на засегнатите лица. Влијанието на сиромаштијата врз детските животи и нивниот развој е предмет на долгогодишни истражувања и дебати. Иако постојат различни мислења за тоа дали сиромаштијата директно води кон проблематично однесување, постојат јасни докази дека таа претставува сериозен ризик-фактор за развој на социјални и емоционални проблеми. Секако сиромаштијата може да доведе до

[19] Ibid, стр.10.

престапничко однесување само во комбинација со некој од другите егзогени и ендогени фактори.

Многу истражувања (Griggs & Walker, 2008, Danziger & Danziger, S. 1995, Duncan, & Brooks-Gunn, 2000) покажуваат дека сиромаштијата влијае на децата преку недостаток на основни ресурси, како што се соодветна исхрана, здравствени услуги и пристап до квалитетно образование. Овие недостатоци придонесуваат за поголема веројатност за појава на здравствени проблеми, ниски перформанси во образованието и нарушено психо-социјално функционирање. Сиромаштијата е повеќе од финансиска состојба; таа е состојба на социјална исклученост. Во семејствата кои живеат во сиромаштија, често се јавуваат проблеми како што се фрустрација, депресија и нарушени односи меѓу членовите. Овие состојби ја зголемуваат веројатноста децата да развијат проблематично однесување, вклучително и антисоцијално или криминално однесување (Aber et all.1997). Недостигот на финансиски средства негативно влијае врз образовните можности на децата. Многу истражувања покажуваат дека децата од сиромашни семејства често имаат ограничен пристап до квалитетно образование, до добри училишта и образовни материјали (Engle & Black, 2008, Jensen, 2008 и Ladd, 2012).

Сиромаштијата исто така влијае на когнитивниот развој на децата, бидејќи постојаната изложеност на стрес во сиромашните средини го намалува нивниот капацитет за учење и адаптација (Jackson, 2017). Покрај структурните и социјалните фактори, сиромаштијата има и значителни психолошки последици врз децата. Постојаниот стрес од економската нестабилност може да доведе до депресија, анксиозност и чувство на бесперспективност. Овие психолошки состојби често ја намалуваат способноста на децата да донесуваат рационални одлуки и ја зголемуваат веројатноста за вклучување во ризични или девијантни однесувања Понатаму, децата кои растат во сиромаштија често се соочуваат со стигматизација од врсниците или општеството, што го намалува нивното чувство на припадност. Ова чувство на социјална исклученост може да поттикне револт кон системот и однесување кое се манифестира преку насилство, кражби или други видови на престапништво.

Здравствените проблеми исто така се чести кај децата од сиромашни семејства. Невозможноста за редовни медицински прегледи, недоволната исхрана и стресот предизвикан од несигурните услови на живеење придонесуваат за хронични здравствени состојби.

Економските услови во едно општество директно се поврзуваат со стабилноста на семејствата. Во контекст каде што има голема стапка на невработеност или ниски приходи, се зголемува бројот на дисфункционални семејства, па оттаму во комбинација со другите ризик фактори се зголемуваат шансите за детско престапништво. Впрочем, како резултат на ваквите околности, младите честопати развиваат револт кон системот кој не функционира, зголемена агресивност и насилство.

Додека сиромаштијата не е директен предизвикувач на антисоцијално однесување, таа често се поврзува со други фактори кои ја зголемуваат веројатноста за вакви однесувања. На пример, дефицитот на родителска грижа и контрола, воспитна запуштеност и занемареност, како и недостигот на социјални услуги, создаваат услови за појава на девијантно однесување. Родителите кои живеат во сиромаштија честопати се соочуваат со стрес, што ја намалува нивната способност за активно вклучување во животот на своите деца. Проблемите со ниски приходи, невработеност или долготрајни финансиски задолжувања го ограничуваат времето и енергијата што родителите можат да ги посветат на своите деца. Сепак, анализата на сиромаштијата мора да биде интегрирана со други фактори, како што се образовните можности, пристапот до здравствени услуги и социјалната поддршка. Само така може да се идентификува нејзиното вистинско влијание врз индивидуалното и општественото однесување.

Во нашата држава, генералната општествено - економска социјална слика говори за прилично несигурно опкружување придружено со високо ниво на сиромаштија, маргинализираност или исклученост, невработеност, но и сиромаштија и покрај вработеноста што се должи на ниски примања. Ваквата реалност предизвикува стрес и тензија за многу семејства, придонесува за нивна дисфунционалност, менување на структурата на семејствата (самохрани родители, родителство на подоцнежна животна возраст) што негативно се рефлектира врз младите. Раслојувањето, сиромаштијата и невработеноста кај децата раѓаат револт кон системот кој не функционира, се зголемува агресивноста и насилството[20] (Pfeiffer, 1998; Eisner, 2002).

Постојат некои анализи кои укажуваат на фактот дека во општества кои економски осиромашуваат детското престапништво се зголемува (Обединети нации, 2003). Сепак, генералната општествено-економска состојба во земјата или на семејствата како фактор на ризик мора да се анализира во корелација со другите фактори на ризик при идентификувањето дали тој е релевантен во проценката за престапништво или антисоцијално однесување, со оглед на фактот што многу често тој може да претставува дополнителен услов кој ги зајакнува другите директни фактори – оние социјализирачките (Ferrington & Welsh, 2007).

Сиромаштијата е комплексен феномен кој има длабоки и долготрајни последици врз младите. Иако не секое дете кое расте во сиромаштија развива проблематично однесување, сиромаштијата останува еден од клучните ризик-фактори за нарушено функционирање на децата. Затоа, потребни се системски решенија кои ќе го намалат влијанието на сиромаштијата преку подобрување на социјалните политики, образовните можности и пристапот до здравствени услуги.

1.1.2. Семејството како ризик фактор

Семејството е првата и најважна средина во која детето расте и се развива. Тоа е темелот на детството, каде што се стекнуваат основни вештини и вредности. За да детето може да се развие во среќна и успешна личност, потребно е семејство кое обезбедува љубов, поддршка, сигурност и стабилна средина. Децата најсоодветно се развиваат во семејства кои имаат хармонични семејни односи, примарна позиција на детето во семејството, позитивна и конструктивна семејна атмосфера, психичка, социјална и морална зрелост родителите како и уредна финансиска состојба (Бужаровска et al., 2015).

Семејството, односно родителите се *role model* за восприемање на позитивната идентификација кај децата и тие наметнуваат сопствени стилови на родителство (УНИЦЕФ, 2019) (авторитарен стил, пермисивен стил, демократски стил или индиферентен стил). (Мурџева – Шкариќ, 2009)

Семејството доживува промени под влијание на индустријализацијата и урбанизацијата, па наместо поранешното проширено (повеќе генерациско) семејството премина во мало, нуклеарно семејство кое е многу полесно прилагодливо на барањата за географска мобилност (Мицковиќ, 2008).

Модерното семејство добива карактеристики на плуралистичко семејство во кое постои изменета структура и функции, трансформација на емотивните и сексуалните односи, правна, економска и социјална рамноправност на жената, како и изменет однос

[20] Во повеќето земји-членки на Европската Унија стапките на малолетнички криминалитет се зголемуваат правопропорционално со зголемувањето на стапките на невработеност и сиромаштија.

помеѓу родовите, партнери со поделени родителски функции, истополови родители, очув/маќеа и сл. Промената на дефиницијата за семејство има огромно влијание врз детското престапништво. Семејството се исправи со предизвик да ја одржи својата заштитна функција во време кога децата кои се нурнати во култура која ја дефинираат рекламите, социјалните медиуми за забава и притисокот од врсниците, каде честопати доминираат влијанија, кои децата ниту ги разбираат ниту им се противат. Соочени со такви предизвици и за да имаат какви и да се реални изгледи за авторитет, родителите во ова време мораат да се постават на едно поцврсто стојалиште против овие предизвици. Дејствувањето на родителите, кое во одредени околности може да се смета за деспотско, во други може да биде нужно или барем оправдано (Мирчовска, 2011).

Злоупотребата на родителската моќ е дефинирана како употреба на казна од страна на родителите, но не како инструмент за менување на несоодветното однесување, туку како начин да се искаже сопствената лутина и одговорност (Patterson, 1996; Heflinger & Nixon). Кога родителското однесување ќе стане закана за детската безбедност и добросостојба, децата страдаат од т.н. збунувачки колапс. Поради неможноста да ги контролираат условите и да се зближат со своите родители, злоупотребуваните деца реагираат со дезорганизација, дезориентираност и обиди да ја компензираат загубата на контрола преку физичка контрола на непосредната околина (McAdams & Foster 2007).

Најголемиот предизвик со кој се соочува современото семејството е сè поинтензивно слабеење на неговата воспитна функција. Семејството претставува креатор на условите во кои детето се развива, односно може да биде креатор на социјално исклучување или пак креатор на околности кои ќе се сметаат за заштитни и ќе влијаат во градењето отпорност на ризиците кои го опкружуваат детето (Free, 1995). Сепак, сè зависи од околностите, на пример, еднородителско семејство може да биде заштитен фактор, доколку односите во него се позитивни, детето е негувано и згрижено, за разлика од дворoдителско семејство кое можеби живее во постојан конфликт (Farrington & Welsh 2007).

1.1.2.1. Семејството како криминоген фактор во појавата на детското престапништво

Семејната атмосфера, начинот на живот, односите меѓу родителите и децата се состојби кои влијаат врз формирањето и развојот на децата. Во таа смисла, слабите семејни врски, оттуѓеноста, конфликтни односи, присуство на насилството, дрога, алкохол[21] (Министерство за здравство на РМ) можат во значителна мера да го поттикнат детето да ја премине границата помеѓу дозволеното и инкриминираното.

Генерално, факторите на ризик во семејството опфаќаат (Naplava & Oberwittler, 2001; Sanders et al., 2003; Димитриевска, 2010):

- недостиг од позитивен однос со родителите или отсуство на емоционална поврзаност помеѓу членовите на семејството, ран губиток на родителите;

[21] Се смета дека првиот контакт на децата со алкохолот е многу ран, односно 9% од учениците до 6 годишна возраст веќе го имале својот прв контакт со алкохолот во семејството. Децата кои живеат во семејства на алкохоличари се изложени на разни форми на семејно насилство, сиромаштија, стрес, несреќно детство. Се проценува дека алкохолот е причина за 16% од случаите на злоупотреба и запоставување на децата. Според една студија, 16, 4% од сообраќајните несреќи кај маладите (до 30 години) се поврзани со конзумирање на алкохол.

- остра, непопустливоста и неконзистентна дисциплина или несоодветен надзор врз детето;
- родителската психопатологија (присуство на алкохолизам, дрога или други зависности, депресија кај родител и високо ниво на родителски стрес);
- неповолна семејна историја (слаба социјализација, занемарување, лоша дисциплина, хаотичност и неорганизираност);
- неразбирање на односот родител – дете;
- семејни конфликти и насилство кога детето се јавува како сведок или жртва;
- нецелосни семејства;
- неповолни материјални услови во семејството, неможноста да се задоволат секојдневните потреби, сиромаштија во семејството, запоставување или занемарување на децата (глад, хигиена), но и презаситени материјални услови, изобилие и расипништво;
- многудетно семејство;
- повеќе генерации во единствено домаќинство;
- криминалитет во семејството, особено во поново време родители со радикалистички или екстремистички убедувања и сл.

Постоењето на еден или повеќе од овие ризик фактори ги зголемуваат шансите кај децата да се развијат проблеми во однесувањето, емоционални проблеми, употреба на дрога, но и антисоцијални и делинквенти активности. Повеќето од овие ризик фактори се и причина за т.н. дисфункционално семејство.

Бројните дефиниции кои прават обид да го дефинираат дисфункционалното семејство, укажуваат на комплексноста на овој поим. Во стручната литература претежно се прифаќа екстензивната дефиниција дека дисфункционално семејство е она во кое конфликтот, несоодветно однесување и злоупотреба, се случуваат често од страна на поединечни членови на семејството, така што останатите во домот се приморани да се приспособат на ваквите акции (Stoop & Masteller, 1997).

Во психолошко-психијатриската литература, детскиот психолог Ејер, вели дека во 83% од случаите на детско престапништво, виновно е дисфункционалното семејство, а во некои истражувања, овој процент се однесува дури на 90% од испитаниците (Мирчовска, 2010).[22] Затоа, како што упатува Милица Петровиќ, пореметувањата во однесувањето кај детето треба да се сфаќаат како реакција на околината во која живее и е неопходно да се испита и детето, но пред сè, семејните односи и социјални прилики (Petrovic, 1955).

Како дисфункционални семејства се категоризираат семејствата во кои има дисфункционалност во хиерархија на моќта, негрижа и занемарување, злоупотреба, негативен пример и оттуѓување. Дисфункционална хиерархија настанува кога родителите не успеваат да ја исполнат одговорноста на лидери во семејство. Причините за неуспехот на родителите во преземање на раководна улога во семејството се бројни: злоупотреба на супстанци (наркотици и алкохол), психички болести (нарушено психичко здравје), брачни несогласувања, лоши или никакви санитарни услови, криминални навики на родителите, проблеми поврзани со работата, недостиг од родителски вештини и сл.

[22] Во оваа група, родителите на 64% од децата-испитаници припаѓаат на пониските социјални слоеви и работат на помалку атрактивни работни места.

Оттука, *дисфункционално е она семејство кое не е во состојба да ги исполни обврските за правилен развиток, помош, грижа и заштита на децата.* Дисфункционалните семејства ја оневозможуваат правилната социјализација на децата, која е ненадоместлива.

Краток осврт на семејните услови кои можат да влијаат врз појавата на детското престапништво. Условите кои можат да постојат во едно семејство, влијаат врз психичката и физичката состојба на детето и затоа претставуваат еден од одлучувачките фактори за неговото однесување. Зависно од тоа кои услови преовладуваат во едно семејство, истите можат да се јават и како индиректен фактор за појавата на детското престапништво (Savignac, 2009). Личните предиспозиции на детето имаат значајна улога во формирањето на неговото однесување. На пример, две деца од исто семејство, воспитувани со иста љубов, грижа и внимание, може да развијат различни животни патеки – едното да стане престапник, а другото успешен член на општеството. Исто така, може да се случи родителите да покажат различен степен на наклонетост кон децата. Едното дете може да добива повеќе внимание, пофалби и поддршка, што му обезбедува чувство на успех и задоволство, додека другото останува во сенката на родителското разочарување и перцепција на неуспех. Иако физичките, економските и социјалните услови за двете деца се исти, нивните психолошки искуства може да бидат драстично различни. Дополнително, факторите како училишната средина, соседството и поширокото опкружување можат да играат клучна улога во формирањето на нивното однесување и животна насока.

Материјални недостатоци или материјален вишок во семејството. Прво, започнуваме од општите услови кои се неопходни за здрав психофизички развој на детето. Во оваа смисла, *санитарните услови* во семејството можат да играат и клучна улога. За здрав психофизички развој на детето неопходни се основни услови, како хигиена и соодветна средина. Лошите санитарни услови, како нечистотија, слаба вентилација, пренатрупаност во домот или недостаток на светлина, може да влијаат не само на физичкото здравје на детето, туку и на неговата психолошка состојба. Живеењето во преполни простори, каде децата сведочат на разговори или сцени меѓу возрасните, може да ги искриви нивните перцепции и да поттикне несоодветно однесување.

Од друга страна, децата кои растат во семејства со премногу материјални средства исто така се подложни на ризик. Тие може да го изгубат чувството за вредност и почит кон имотот, бидејќи се навикнати на изобилство од играчки, облека и пари. Поттикнати од досада или желба за возбуда, тие често бараат екстремни активности за задоволство, што може да доведе до деликвентно однесување, како уништување на имот или подметнување пожари. Недостатокот на емпатија и почит кон туѓото ги засилува овие тенденции (Banham Bridges, 1927).

Материјалните недостатоци и вишок во семејството можат да влијаат врз девијантното однесување на децата. Недостатокот на соодветна облека, простор за игра, лична сопственост или финансии за секојдневни потреби може да го поттикне детето да компензира преку криминални активности. Сиромаштијата влијае не само врз физичката благосостојба, туку и врз психолошкиот развој, самодовербата и способноста за контрола на импулсите. Ова чувство на инфериорност може да ги турка децата кон крадење, коцкање или други незаконски активности за да го надоместат недостигот на ресурси. Од друга страна, желбата за поседување, ако е правилно насочена, може да ја научи детето да ја цени сопственоста. Сиромаштијата, како клучен егзоген фактор, е длабоко поврзана со семејството. Кирил Барт истакнува дека „55% од младите деликвенти во Лондон потекнуваат од домови под линијата на сиромаштија." (Burt,

1925) Невработеноста во семејството исто така може да допринесе кон нарушување на природниот баланс во семејството.

Општото мнение е дека поголемиот број на кривични дела кои се направени од страна на децата во голем процент зависат од овој фактор на сиромаштија и невработеност, во борба против гладот, барајќи брз излез од проблемите со кои се соочуваат, а одбирајќи го најлошиот можен начин, со судир со законот.

Табела бр. 2: Осудени деца според занимањето на таткото. Извор на податоци: Државен завод за ревизија.

Занимање на таткото	**201**	**201**	**201**	**201**	**201**	**201**	**201**	**201**	**Вкупн**
Вкупно	547	722	556	473	461	6	468	368	3993
Директор	10	9	9	8	8	5	22	6	77
Стручњаци и научници	2	22	5	7	7	14	6	1	64
Техничари и сродни занимања	34	48	28	23	27	6	8	4	178
Службеници	4	5	7		2			1	19
Работници во услужни дејности и продавачи	15	36	19	25	10	6	3	2	116
Земјоделски работници	26	33	25	23	23	12	9	7	158
Занимања за неиндустриски работници	25	41	35	10	27	47	17	5	207
Ракувачи на машини и постројки	21	37	18	15	25	7	4	1	128
Воени занимања				1	2		1	1	4
Елементарни занимања	154	84	49	52	36	60	181	126	742
невработени	131	160	142	119	106	42	82	53	835
Пензионери	9	9	4	2	8	2	3	3	40
Непознато	116	238	215	208	180	147	132	158	1394

За појасно и по воочливо прикажување на занимањето на таткото кај вкупниот број на правосилно осудените деца во периодот од 2010 до 2017 година, следи графички приказ.



Графички приказ бр. 1. Занимање на таткото кај осудените лица. Извор: Државен завод за статистика.

Од графичкиот приказ можеме да заклучиме дека во најголем број родителите се со непознат работен статус, што во значителен дел ја отежнува анализата. Потоа, најголем процент отпаѓа на невработениот татко и татко со елементарно занимање, што укажува на егзистенционалнате криза во која се наоѓа семејството, на раб на сиромаштија и егзистенција. Но иако родителот како невработен се наоѓа дома, сепак неговата родителска функција затајува и ги пропушта клучните моменти.

Иако постои генерален впечаток дека појавата на проблематично и инкриминирачко однесување кај детето делумно се должи на вработеноста, еманципацијата и отсуството на мајката од домот, од анализа на податоците во периодот од 2010 до 2017 година, ваквиот впечаток не се потврди како точен. Од податоците за кои има конкретни бројки, во најголем процент мајката е или невработена или домаќинка што укажува на нејзината можност да присуствува активно во воспитувањето на детето, растоварена од работните обврски. Во очекување на мајките кои се домаќинки да бидат најмали по бројност кај осудените деца, дојдовме до бројки кои се обратни од очекувањата. Мајката да е дома, а детето да е осудено за кривично дело.



Графички приказ бр. 2: Занимање на мајката на осудените деца. Извор: Државен Завод за статистика.

Поради особено изразениот број на невработени татко или мајка кај осудените деца, високата стапка на мајки кои се домаќинки и родители кои се со непознато занимање, неизбежно е да ја истражиме врската помеѓу невработеноста на родителите (што упатува на сиромаштија) и видот на кривичните дела за коишто децата најмногу се осудени.

Од овие причини следи графички приказ на најчесто извршените кривични дела за кои се осудени децата во РСМ во период од 10 години (Buzarovska – Lazetik et al., 2018).



Графички приказ бр. 3: Вкупен број на осудени деца според групите на кривични дела во период од 10 години. Извор на податоци: Државен завод за статистика.

Со оглед на фактот дека дури во 72% од случаите станува збор за кривични дела против имотот, повеќе од јасна е причинско-последичната врска помеѓу невработеноста на родителите, сиромаштијата и детското престапништво.

Нецелосните семејства како ризик фактор. Голем број од академските истражувања упатуваат на поголем процент на детско престапништво кај нецелосните семејства (Demuth & Brown, 2004).[23] Под нецелосни семејства се подразбира е*ден или двајца од родителите да се починати* или пак к*ога родителите се раздвоени или разведени*. Активното присуство на двајцата родители е од огромна важност за правилниот раст и развој на индивидуата на која и се потребни искуствата, но и упатствата од двата родителa, за нормално чекорење по животните патеки. Поголемиот дел од становиштата (Burt et al., 2008) се дека под било кој од претходно споменатите услови и околности, детето може да биде без потребниот пример, дисциплина или влијание кое води кон комплетно морално и индивидуално развивање. Ваквите претпоставки, во пракса се докажуваат како неточни бидејќи бројките укажуваат на најголем процент на осудени деца од целосни семејства.

Огромно влијание на престапништвото има и повторното стапување во брак на еден или на двајцата од родителите (Price & Kunz, 2003), како и новата врска со новиот небиолошки родител (Parks, 2013), па во таа смисла, лошо третирање од згрижувачки родители, очув/маќеа или старатели има влијание врз појавата на детското престапништво (Beaver et al., 2015).

Но веќе е надминат стереотипот според кој проблематично однесување манифестираат деца од разведени бракови, од едно родителски семејства и деца без родителска грижа. Официјалните податоци покажуваат дека и покрај фактот што бројот на разводи во Северна Македонија бележи пораст речиси не се изменил процентот од близу 80%[24] на децата кои живеат со обата родителa, а им е изречена мерка. Запрепастува податокот за состојбата со семејството на децата кои се рецидивисти според кој дури 66% од нив живеат со обата родителa, а 71% имале статус на брачни деца во моментот на раѓањето (Лажетиќ & Димитријевска, 2015). Главните причини за нецелосно семејство кај децата рецидивисти се: семејството го напуштил едниот родител (мајка или таткото во нова вонбрачна заедница, заминале во непознат правец, детето воопшто нема контакт со некој од родителите), обата родителa го напуштиле семејството - детето живее со баба, детето под старателство на чичко, дете во установа за деца без родители, обата родителa во затвор (за кражби, тешки кражби, трговија со дрога, запуштање и малтретирање на дете). (Dimitrijoska & Buzarovska, 2017)

Следи графички приказ на осудени деца според комплетноста на семејството, односно лицата со коишто живеат, за да можеме да ја утврдиме причинско-последичната врска помеѓу нецелосните семејства и бројот на осудените деца во РСМ во периодот од седум години.

[23] За влијанието на нецелосните семејства врз детското престапништво, како и за влијанието на полот на родителот кој отсуствува (мајката или таткото).

[24] Публикација: Сторители на кривични дела**,** http://www.stat.gov.mk/ PublikaciiPo Oblast.aspx?id=43&rbrObl=6.

Графички приказ бр. 5: Број на осудени деца вкрстени со податоците за семејните услови во кои живеат во период од седум години. Извор на податоци: Завод за статистика.



Графички приказ бр. 6: Комплетност на семејството кај осудените деца. Извор на податоци – Државен завод за статистика.

Во 91% од случаите, детето кое било осудено за кривично дело во периодот од 2010 до 2017 година, живеело со двајцата родители, што значи дека претежно децата осудени за кривични дела живеат со двајца родители. Ова доведува до заклучок дека во ваквите семејства, иако станува збор за целосни семејства, потфрлиле во воспитувањето, грижата на детето.

Можеме да увидиме дека претежно осудените деца во периодот од 2010 до 2017 година живеат со двајцата родители (во 73%). Случаите кога осуденото дете не живее со родителите се 7%, или кога живее со мајката родителите се разведени – 6%, а кога живее со таткото бидејќи родителите се разведени – 3% од бројот на вкупно осудени деца. Кога станува збор за нецелосно семејство бидејќи едниот родител е починат процентите се следниве: ако живее со , а мајката е почината – 1% и кога живее со мајката бидејќи таткото е починат – 3%.

Табела бр. 3: Бројот на осудени деца според брачниот статус на родителите (при раѓањето на детето). Извор на податоци Државен завод за статистика.

	2010	**2011**	**2012**	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**	**2017**	**вкупно**
Вкупно осудени деца	547	722	556	473	461	348	468	368	3993
Живее со родителите	512	670	498	431	408	334	446	337	3636
Не живее со родителите	35	52	58	42	53	14	22	31	307
Брачно	521	688	515	444	283	274	409	333	3467
Вонбрачно	17	21	23	22	170	12	28	11	304
Посвоено	1	3			3				7
Непознато	8	10	18	7	5	62	31	24	165

Овој факт зборува во прилог на потребата од зајакнување на родителската грижа во семејствата во кои децата живеат со обата родителa.

Физички или психички недостатоци кај родителите. Во случај на п*сихички проблем и заостанат развој на родителот,* се смета дека ова може да влијае врз однесувањето на детето преку несоодветно или погрешно воспитување и дисциплина, преку деликвентен пример или преку други несогласувања во домашниот живот што произлегуваат од дефектна интелигенција и состојба во која се наоѓаат родителите.

Во случај на *психичка болест на родителот* (Frick et al., 1992), природата на престапништвото утврдена од оваа причина ќе зависи од видот на психичката болест. Кога насилството, лажењето и сл. се меѓу симптомите на родителите, детето може истите да ги развие преку нивна имитација. Во други случаи, детето може да развие реакција на гадење или апатија кон неговиот дом и бегајќи од дома да се придружи на уличниот живот на соседството.

Во случај на п*сихопатија и нервоза, с*екоја од овие состојби може да се резултира со лоши ефекти врз децата како резултат на околина со депресија, меланхолија, раздразливост, односно иритација, напнатата атмосфера која ја произведуваат родителите кои боледуваат од претходно споменатите болести (Chess & Thomas, 1984).

Алкохолизам или зависноста од дрога како болести на зависност може директно да влијае на однесувањето на детето преку сугестија и имитација на непожелното однесување на неговите родител/и или може да му влијае штетно на неговиот живот преку занемарувањето, суровоста и недостатокот на родителска наклонетост.

Физички деформитети на родителот некои автори ги гледаат како можен фактор за појава на детско престапништво (Banham Bridges, 1927, стр. 531).[25] Во истражувањето направено врз деца повторници на кривични дела (Dimitrijoska & Buzarovska, 2017, стр. 167–173) болеста во семејството се јавува како причина за судир со законот. Во оваа смисла како најчеста хронична болест во семејството се евидентирани депресија, психички болести, емоционални растројства, срцева болест, слепило, шизофренија.

Неморални и родители деликвенти, осудуваност во семејството. Преку вродената карактеристика на детето да ги имитира своите родители, особено во периодот додека не созрее и не започне само да ги спознава работите, родителот деликвент и неморалниот родител се последното нешто кое би му биле од корист на дете во развој. Гледајќи ги негативните примери, детето стекнува сосема погрешни навики, па оттука и големи се можностите за ваквите деца да бидат склони кон неморалност и нормално кон детското престапништво. Едно од најголемите истражувања досега кое е направено од Sytska Besemer и кое има опфатено 3,423,483 деца (NWO, 2017), потврдило дека децата чии родители се вклучени во криминални активности има 2.4 пати повеќе шанси да бидат во судир со законот (Besemer et al., 2017).

Кога зборуваме за семејството како криминоген фактор, не можеме да се задржиме само на родителите, бидејќи тоа би било премногу едностранa анализа. Секако како негативен фактор можат да се појават и браќата или сестрите од семејството. Детето кое е под лошо влијание од страна на своите браќа и сестри, исто така може да развие чувството на инфериорност или некаква маана. Кога браќата или сестрите се *лош пример и* патоказ за деликвентно поведение, може да се јават во улога на криминоген фактор.

Недостаток на родителска грижа и внимание. Психичката страна и чувствата на едно дете е потребно да се негуваат исто како што е потребна и нега на неговото тело. Детето кое е лишено од љубов, нега и внимание, го пропушта првиот „час" по обучување за љубезност, почит и грижа за останатите, а не само за себе. Со самото тоа, ги пропушта најважните и најзначајните фактори за неговиот правилен раст и развој во една созреана и добро изградена личност. Ја пропушта одговорноста за останатите, ја пропушта емоционалната изградба (Petrosino et al., 2009).

Родителската грижа и вниманието се многу значаен фактор, бидејќи доколку отсуствуваат во правилното време, остават простор за спротивните особини на пожелните. Остават простор за омразата, бесот, егоизмот, лутината, асоцијалноста, а нормално и детското престапништво. Сите овие особини само го поттикнуваат детето кое никогаш, не ја запознало топлината на родителите, топлината и грижата за друг, поради тоа што било оставено само на себе и ги нема меморирано овие особини.

[25] Детето може да се почувствува засрамено од неговите блиски кои имаат некој физички деформитет и да се претворат во личности со презир, одбивност кон останатиот свет, но и гнев и желба за некаков нивен вид на одмазда.

Родителската грижа и вниманието во своите негативно форми се јавуваат како следните облици:

А. Мајка/ татко кои премногу работат;

Б. Мајка/ татко кои се окупирани со премногу социјални активности (лично за себе);

В. Премногу деца во семејството и вниманието на родителите е поделено на повеќе страни, па не се посветува доволно време поединечно и

Г. Отсуство или недостаток на родителска грижа и внимание.

Иако генерална претпоставка е дека кога станува збор на отсуство на семејна грижа и внимание, станува збор за родители кои се преангажирани, презафатени, отсутни од домот, ваквата претпоставка бројките ја соборуваат во најголем дел. Уште повеќе загрижува фактот што кај децата рецидивисти, едниот родител (најчесто мајката) е невработен. Па така, фактот што 65% од мајките на децата повторници се невработени, зборува во прилог на отсуството на семејна грижа и внимание и покрај отсуство на работни обврски. Загрижува што во најголем број случаи, стручните тимови на центрите за социјални работи, оценуваат дека семејството не е во можност да го контролира однесувањето на детето (Лажетиќ & Димитријевска, 2015).

Сепак секој ризик фактор е само можност истиот да влијае врз детското престапништво, што не значи дека во секој случај влијае. Согласно податоците до кои дојдовме од истражувањето, кога мајката и таткото се на високи раководни позиции, што бараат значително поголем ангажман и време, отсуство од дома, интензивен и исцрпен работен ангажман, осудеността на децата е околу 2-4% од вкупниот број на осудени деца во истражуваниот период.

Недостаток и погрешно насочена дисциплина. Меѓу повеќето можни начини на кои домашната дисциплина може да биде погрешна ќе ги споменеме само неколкуте: п*реголемо галење (разгалување)* или претерување, а не контрола на детските желби, цели и потреби.

Преголемо ограничување (забрана) и строгост, исто така може да го направи детето со тек на време да стане имуно на дисциплината и строгоста, односно строгиот однос кој го наметнуваат неговите родители (УНИЦЕФ, 2019). Исто така прекумерната забрана, може да ја зголемува постојано желбата за извршување на зацртаните цели и покрај забраните на своите родители, од причина што во човековата природа е дека тоа што е забрането е најпосакувано. Нормално, сериозноста и забраните, заедно со строгиот однос, можат да му наметнат одбивен однос на детето кое, нема да посакува повеќе да се наоѓа во таква средина, па ќе се насочи кон борба со ваквиот систем, а со самото тоа ќе се определи и за некој од можните начини на приклучување кон детското престапништво.

*Недостаток на соработка помеѓу родителите, к*ога родителите не се согласуваат во прашањата за дисциплината и начинот на воспитување на нивните деца, во домот се јавува ситуација во која како и практично да нема никаква дисциплина и ред.

Непостојан авторитет кога родителот не си го почитува, односно го погазува зборот или забраната која претходно му е упатена на своето дете, односно се премислува и му ја укинува забраната, автоматски давајќи му дозвола да ја стори истата работа, ефектот од ваквата ситуација е речиси иста како претходно споменатата, односно ситуацијата кога двајцата родители не се согласуваат во своите одлуки за нивните деца. Детето во ваква ситуација не знае што да прави и најчесто си го задржува својот интерес, а тоа што добива забрани или казни и во брз период истите ги снемува, детето се навикнува на ваквиот однос, почнува да станува имуно на тоа што е забрането

за него, а што не и ова го насочува кон погрешно гледање на работите, па така забранетите работи му стануваат поинтересни.

Влијанието на семејството во рецидивизмот кај децата. Како што веќе наведовме, во однос на состојбата со семејството на детето повторник загрижува сознанието дека 66% од нив живеат со обата родителa, а 71% имале статус на брачни деца во моментот на раѓањето. Ваквата констатација нужно наведува на потреба од натамошна анализа на што се должи проблематичното однесување и каде затајуваат родителските должности. Во поголем број случаи се работи за многудетни семејства кои не успеваат да бидат функционални во смисла на грижа, заштита, помош, но и контрола и надзор врз децата (Лажетиќ & Димитријевска, 2015).

Причините за ваквата состојба треба да се бараат во намален авторитет на родителите врз децата поради конзумирање алкохол, осудуваност, престој во затвор, слаба економска состојба на семејствата, напуштање на семејството од страна на еден или обата родителa, развод или фактички раскината брачна заедница, нови вонбрачни врски во кои децата од претходните бракови недоволно се адаптирани, невработеноста и неможноста на родителите да го намалат јазот помеѓу желбите, можностите и потребите на детето. Понатаму, како ризик фактори во конкретни случаи се регистрирани лош однос со родителите, браќата и сестрите, конфликтен однос со таткото/мајката, криминално однесување на другите деца во семејството (браќа сместени во установа, браќа во затвор, вршење кривични дела со сопствен татко и брат), ниедно дете во многудетното семејство не е вклучено во образовен процес (деца на улица) или номадски живот на семејството (децата не се вклучени во образовен процес, отсуство на елементарни станбени услови, татко без извод од родени), скитништво и питачење кај сите членови на семејството. Не ретко е евидентирано и хронична болест во семејството (депресија, психички болести, емоционални растројства, срцева болест, слепило, шизофренија), починат родител, а другиот нема доволен авторитет; другиот родител заминал; другиот родител основал нова брачна/вонбрачна заедница во која детето не се вклопило, не се адаптирало поради што кај него се јавува агресивност, анксиозност, несигурност, безобзирност, дрскост, непочитување, проблематично друштво и сл. детето има поддршка од таткото (таткото манифестира отпор и несоработка со ЦСР наместо да презема мерки детето да се корегира во однесувањето). (Лажетиќ & Димитријевска, 2015)

1.1.3. Образованието како ризик фактор

Следна алка во синџирот фактори и актери во социјализација на децата е образованието претставено преку училиштето и другите форми на организирано предучилишно образование (градинки), односно вонучилишно образование (спортски активности, негување таленти и посебни вештини кај детето).

По семејството, следна социјална средина во која детето продолжува со развојот е училиштето. Во училиштето децата за првпат осознаваат нешта за кои немале информации во семејството, за првпат може да се споредат со другите деца и притоа да доживеат задоволство или фрустрација, да се образуваат, но и воспитуваат, стекнуваат ментални и физички способности, учат за социјалните вредности, стекнуваат вештини за остварување социјални контакти, за разбирање на различностите, за толеранција, недискриминација и инклузивност.

Образованието по правило влијае конструктивно врз однесувањето на детето. Но, во зависност од вклопеноста на детето, прифатеноста од соучениците и постигнатиот

успех, училиштето може да придонесе за појава на криминално однесување. Ова би било случај кога кај детето се појавува ниско ниво на образование, лоши резултати, непосетување настава или отпишување од училиштето (УНИЦЕФ, 2004, стр. 79) (поради разни причини, како сиромаштија во семејството и напуштање на училиштето или слаби училишни резултати поради неадаптираност кон степенот на образование или начинот на предавање и ангажирање и сл.). Од друга страна, квалитетот на образованието и недостигот на воспитната улога на училиштата се дополнителен фактор. Училиштето треба да дејствува како надополнување на неисполнетите функции на семејството во смисла на изградба на правилен систем на вредности, здрави навики, воспитание и лична хигиена, почит и одговорност кон училишните обврски.

Но, не само училишните активности туку и вонучилишните, како организирани активности, со корисно исполнување на времето, имаат свој придонес во развојот на децата.

За жал, образовниот систем не секогаш се движи по оваа линија (FOSIM, n.d.).

Образованието претставува една од основите на заштита и превенција на детското престапништво. Образованието како заштитен фактор е под силно влијание на семејството, но и на заедницата. Имено, родители кои имаат позитивен став кон образованието, училиштето и надоградбата, или родители со високо образование може да претставуваат заштитен фактор. Училиштето ќе претставува заштитен фактор, доколку обезбеди сигурна средина за децата и децата, ќе обезбеди квалитетен однос помеѓу ученикот и наставникот, креирање интересна, остварлива и стимулативна средина за наобразба. Доколку ученикот се чувствува прифатено, ќе оствари врска која на пример, кај децата кои имаат лоши училишни резултати или антисоцијално поведение, ќе ги одврати да бараат „прифаќање" во други опкружувања.

Повторно, она што е очигледно е дека квалитетот на односот е најбитен. Во дополнение, организираното и конструктивно минување на слободното време е нишка која овозможува учење, развивање на социјални вештини, дружење со одговорни луѓе, воведување рутина, одговорност, тимска работа и слично. Учеството во такви активности овозможува натамошна конструктивна социјализација со позитивно дружење со врсници, но и со други возрасни (Sutherland et al., 2005).

Образованието претставува клучен инструмент за индивидуалниот и општествениот развој. Но, недостатокот на квалитетно образование, образовната исклученост и структурните неправди поврзани со образовниот систем можат да создадат плодна почва за појава на детско престапништво. Образованието игра фундаментална улога во формирањето на индивидуалните вредности, способности и социјални компетенции. Преку образованието, децата стекнуваат знаења и вештини кои им овозможуваат успешно интегрирање во општеството. Истовремено, училиштето функционира како важен агент за социјализација, каде што децата учат за правилата, нормите и очекувањата на заедницата.

Нееднаквоста во пристапот до образование и неуспехот на образовниот систем да одговори на потребите на најранливите групи може да доведе до маргинализација и социјална исклученост. Оваа маргинализација е идентификувана како значаен ризик фактор за развој на девијантно и престапно однесување кај децата.

Истражувањата покажуваат дека постои силна корелација помеѓу образованието и детското престапништво. Недостигот од образование или проблемите во образовниот процес, како што се ниската мотивација, недисциплината, лошите резултати и отсуството од настава, можат да го зголемат ризикот од девијантно однесување кај младите.

Прекршувањето на правилата во училиште, како што се недисциплината и агресивноста, честопати е првиот сигнал за подоцнежно појавување на посериозни облици на девијантно или криминално однесување.

Училиштето е клучен простор каде што се развиваат социјалните вештини на децата. Сепак, недисциплината во училишните средини, вклучувајќи агресивно или антисоцијално однесување, може да биде показател за ризик од подоцнежно престапништво. Учениците кои се недисциплинирани честопати се исклучуваат од училишните активности, што ги изолира од позитивните социјални влијанија. Дополнително, доколку овие ученици се подложени на стигматизација од страна на наставниците или врсниците, тоа може дополнително да го зголеми нивното чувство на исклученост.

Отсуството од настава и напуштањето на училиштето се едни од најзначајните индикатори за ризик од детско престапништво. Истражувањата покажуваат дека децата кои не го завршуваат основното или средното образование имаат поголема веројатност да се вклучат во престапни активности. Причините за напуштање на училиштето често се поврзани со економски и социјални проблеми, како што се сиромаштијата, насилството во семејството или недостатокот на поддршка од страна на родителите. Без формално образование, децата се соочуваат со ограничени можности за вработување, што ги тера да бараат алтернативни средства за заработка, често преку нелегални активности.

Истражувањето на Thornberry и неговите колеги (2006) покажува дека напуштањето на училиштето е еден од најсилните предиктори за вклучување во престапни активности. Според нив, учениците кои напуштаат училиште имаат поголема веројатност да бидат вовлечени во криминални активности поради недостатокот на социјални и економски можности. Дополнително, истражувањата укажуваат дека недостигот од приврзаност кон училиштето е значаен фактор за појава на девијантно однесување. Децата кои не се идентификуваат со образовниот процес честопати се свртуваат кон активности кои ги надоместуваат нивните потреби за признание и прифатеност.

Врсничкото насилство е една од најчестите форми на девијантно однесување кое се манифестира во училиштата и значајно влијае врз образовниот процес и ризикот од детско престапништво. Како дел од образовниот контекст, оваа форма на насилство може да ги засили негативните последици на социјалната исклученост и да придонесе за развој на антисоцијално однесување кај младите.

Врсничкото насилство, или *bullying*, опфаќа физичко, вербално, социјално или дигитално малтретирање на едно лице од страна на негови врсници, со цел да се воспостави доминација или да се предизвика штета (Buzarovska et all. 2017). Децата кои се жртви на врсничко насилство често се чувствуваат изолирани, без поддршка и под зголемен стрес, што може да ги поттикне да бараат начин да се одбранат или да се осветат, што пак ги изложува на ризик од престапнички активности.

Жртвите на врсничко насилство често развиваат чувство на ниска самодоверба, анксиозност и депресија. Исто така, децата кои се постојано изложени на врсничко насилство имаат тенденција да ги избегнуваат училишните обврски, што доведува до отсуство од настава и пониски академски резултати. Тоа чувство на исклученост и неправда понекогаш ги мотивира да се впуштат во девијантни активности како средство за изразување на нивниот револт.

Но насилството може и да се усвои како модел за однесување. Така, децата кои често се малтретирани, но истовремено не добиваат соодветна поддршка од наставниците или родителите, може да го усвојат насилството како свој модел на

однесување. Тие можат да станат насилници кон другите врсници или да покажуваат агресивност кон авторитети, што претставува основа за понатамошно вклучување во престапни активности. Од друга страна, врсничкото насилство може да има сличен ефект и врз насилниците. Децата кои често покажуваат насилно однесување се изложени на зголемен ризик од вовлекување во сериозни форми на девијантно или криминално однесување, особено ако нема интервенција од страна на училиштето или семејството. Врсничкото насилство често е поттикнато од надворешни фактори, како што се сиромаштијата, семејната дисфункција или насилството во домот. Децата кои потекнуваат од вакви средини се со поголема веројатност да учествуваат во врсничко насилство, било како жртви или како насилници.

Истовремено, во училиштата каде што нема јасни политики за справување со насилството, овие форми на девијантно однесување остануваат несанкционирани, што дополнително ја зголемува и ја нормализира насилната култура.

1.1.4. Влијанието на медиуимите

Медиумите се моќен фактор што влијае врз правилното воспитување, социјализација и градење на систем на вредности кај детето. Советот на Европа уште во 1987 година укажа дека е неопходно да се спроведуваат истражувања во однос на влијанието на медиумите врз детската делинквенција (Препорака P(87)20 за социјалната реакција на детската делинквенција).

Достапноста на информациите и широкиот медиумиски простор имаат двојно значење и може да бидат и фактор за подобра информираност, едуцираност и социјализација во смисла на фактор на превенција, но едновремено медиумите претставуваат сериозен ризик фактор што придонесува за воспитна запуштеност и детско престапништво.

Медиумите треба да се сфатат во најширока смисла на зборот којшто ги опфаќа и социјалните медиуми и пристапот до интернет. Интернетот влијае врз детското престапништво во смисла на пристап до ризични информации и информации коишто не секогаш може со сигурност да се проверат.

Сериозни се ризици во дигиталната сфера на коишто децата не се соодветно подготвени, не се свесни за последиците, пристапуваат со доверба во интеракција со непознати лица и сл. Овие ризици во дигиталната сфера во најголем број случаи се одвиваат вон каква и да е родителска или институционална контрола, со што превенирањето на лошото влијание врз однесувањето и постапките на детето е речиси невозможно. Во оваа смисла социјалните медиуми придонесуваат и за поголем процент на виктимизација на децата преку различни облици на измами, онлајн насилство, злоупотреба на довербата и искористување на наивноста на децата што во некои случаи доведува до сериозни последици по менталното здравје на детето, како и појава на депресија и анксиозност.

Интернетот е најголем и неисцрпен извор на информации во историјата на човечката цивилизација, што придонесе кон целосна дигитализација на секојдневното функционирање на човекот, при што е сосема невозможно да се определи опфатот на достапните информации достапни, бидејќи тие постојано се зголемуваат. Со брзите технолошки достигнувања, средствата за користење на интернет комуникација станаа евтини и достапни за сите со што ризик факторите само се зголемуваат (Лажетиќ et al., 2020).

Прекумерната употреба на социјалните мрежи се оценува како еквивалентна на зависност од дрога, пушењето и алкохолот. Се развива зависност од користење на социјалните мрежи кое неизбежно негативно влијание врз менталната и социјалната благосостојба на поединецот, особено кај децата.

Видео-игрите често може да послужат како ризик фактор за детско престапништво кога содржат насилни или антисоцијални содржини, особено оние кои имаат за цел да ги нормализираат или поттикнат ваквите однесувања.

Истражувањата покажуваат дека насилни игри видеоигри како *Grand Theft Auto* или *Call of Duty* често содржат насилни сцени и наградуваат однесувања како тепање, кражби или убиства и истите може да го зголемат агресивното однесување и да ја намаат емпатијата кај децата (DeLisi et al., 2013).[26] Децата кои поминуваат многу време играјќи видеоигри може да ги имитираат сценаријата од игрите во реалниот живот, што го зголемува ризикот од деликвенција, особено што прекумереното консумирање на вакви содржини може да доведе до изолација од семејството и врсниците, што ги прави децата поранливи на антисоцијално однесување (Ferguson & Olson, 2014).

Платформите што дозволуваат објавување на содржини со насилство или криминал може да создадат чувство дека ваквото однесување е прифатливо. Социјалните медиуми често промовираат чувство на припадност, дури и кон групи што поттикнуваат насилство или деликвенција (Anderson et al., 2006). Во тој контекст, популарните серии и филмови кои слават криминалци или престапничко однесување можат да ги поттикнат децата да го имитираат таквото однесување. На пример, филмови како *The Godfather* и серии како *Breaking Bad* кои на некој начин го романтизираат криминалот, им даваат лажна претстава на децата дека и криминалното однесување може да има оправдување. Тука би ги додале и одредени жанрови на музика кои содржат текстови кои промовираат насилство, дрога или непочитување на законот. Децата кои се идентификуваат со овие пораки може да ги усвојат како модел за однесување. Кога зборувавме за когнитивната теорија, веќе напоменавме дека, младите со недоволно развиена критичка свест потешко разликуваат фикција од реалност. Кај нив постепено може да се јави десензибилизација која при повторената изложеност на насилство ги прави децата помалку чувствителни кон такви сцени и ги нормализира антисоцијалните однесувања.

1.1.5 Влијанието на врсниците и соседството како ризик фактори

Несоменено е влијанието што врсничката група го има врз правилниот развиток и стекнувањето на самодовербата кај детето, но секако и кон стекнување навики кои не се во согласност со општествено прифатливите норми. Влијанието на врсниците е особено изразено во т.н. средно детство (Мурџева – Шкариќ, 2009) коешто го опфаќа периодот од 7 до 12 годишна возраст, кога може да се сретнат нарушувања со недостиг од внимание, импулсивност, но и спектар автистични нарушувања што ги карактеризираат неадекватни социјални способности, ненавремена комуникација или ненормално играње. Токму во текот на средното детство, детето најголем дел од времето минува со своите врсници и е подложно на спецификите на детската култура, како основ за изградување морални односи и издвојување на доброто од злото.

Нагласената врсничка интеракција придонесува за создавање дијадни врски, при што однесувањето на еден учесник во групата има свое влијание, реакција, одобрување или осуда кај другите учесници во групата и на тој начин се создваат групните норми.

[26] Секако има и истражувања во кои оваа теза не успеала да се потврди.

Интеракцијата со врсниците може да создаде просоцијални поведенија изразени во меѓусебно помагање, поддршка, разбирање, споделување, доверување, но може да се појават и однесувања што во себе содржат вербална агресија и насилство, малтретирање, омаловажување, без емпатија за состојбата во која се наоѓа малтретираното дете (Мурџева – Шкариќ, 2009, стр. 239, 241).

Како детето расте, така врсниците заземаат сè позначајно место во неговиот живот, се нагласува врсничкиот статус што детето го добива во групата и сето ова има особено значење за разбирање на промените што се случуваат во детството и во адолесценцијата.

Врсниците добиваат улога на своевиден „корективˮ на воспитанието што детето го добива во домот. Желбата на детето да биде прифатено од својата врсничка група и потребата да се поистоветува со доминантните членови на таа врсничка група се иманентни за младата личност во фаза на себепронаоѓање, изградба на систем на вредности и стекнување самодоверба. Влијанието на врсничката група е особено изразено во услови на миграциони процеси поради кои детето се чувствува осамено, изолирано, чувствува страв и несигурност, а сето ова влијае врз неговите социјални вештини, контакти и комуникација.

Дружење со врсници кои не се согласуваат со делинквентно однесување придонесува за спречување на насилничко однесување (Elliott, 1994).

Негативното влијание на врсниците може да се анализира во двојна насока. Првата, неприфаќањето од врсничката група може да доведе до мултиплицираност на фрустрациите, стигматизираност, чувство на отфрленост и сл., што има особено негативен ефект врз кревкиот емоционален развој на детето. Анализите на адолесцентите кои биле насилници или сториле кривични дела против животот и телото покажуваат дека тоа биле млади личности отфрлени или понежени од своите врсници, кои немале ниту поддршка од семејството (Мурџева – Шкариќ, 2009, стр. 265). Втората насока, онаа помалку посакуваната, е поврзувањето на детето со врсничка група со, најблаго кажано, проблематични сфаќања, навики, поведение и постапување. Постојат студии кои укажуваат на конзистентнта поврзаност помеѓу инволвирањето во делинквентна врсничка група и манифестирањето делинквентно однесување. Ова е особено на возраст до 14 години (Lipsey & Derzon, 1998).

Делинквентната врсничка група е ризик фактор поради фактот што нејзините членови го одобруваат делинквентното однесување, го сметаат за начин на искажување револт кон „здодевнитеˮ норми на општествено живеење наметнати од возрасните и на тој начин вршат негативно влијание со инволвирање на своите членови во девијантни, социо-патолошки и инкриминирачки поведенија (McCord et al., 2001).

Како фактор за ризично однесување кој треба да се земе предвид е и околината, односно заедницата во која детето живее (Max Planck Institute of Foreign and International Criminal Law Freiburg, 2004).

Како ризични фактори кои постојат во заедницата во која живее детето, а кои може да влијаат врз појавата на детското престапништво, се наведуваат: нискиот степен на економски развој, можностите за сторување криминал во заедницата, несигурното соседство (хроничното насилство во заедницата, сиромаштијата, економската депривација, нискиот квалитет на домување и здравствена заштита) (Димитриевска, 2010, стр. 14), слаба или немоќна локална заедница да се справи со проблемите. Од друга страна, пак, заедницата истовремено може да претставува и заштитен фактор, доколку на пример овозможува постоење на алатки кои ќе ја заменат или дополнат на некој начин социјализирачката функција која недостасува во семејството и училиштето. Така, можностите за определени културни, спортски и други рекреативни активности,

волонтерство или други ангажмани кои на конструктивен начин би го исполниле времето на децата и младите се едни од алатките кои заедницата може да ги понуди. Од друга страна, пак, дружењето со врсници во заедницата може да претставува заштитен фактор, но се разбира во зависност од квалитетот на односи и влијанието кое групата го има врз индивидуата, дали е позитино или негативно. Така истиот елемент може да претставува фактор на ризик или пак, заштитен фактор. Исто така, проактивна локална заедница и позитивно настроени граѓани се разбира дека ќе овозможат активирање на заедницата и артикулирање на тековите во неа, кои ќе бидат во корист на нејзиниот подмладок (Sutherland et al., 2005, стр. 30).

1.2. Ендогени фактори за појава на детското престапништво

Кога говориме за ризик факторите за детско престапништво, повторно ќе нагласиме дека секој од факторите сам за себе не мора да претставува причина за престапништво. Меѓутоа, комбинацијата на фактори, артикулирани преку индивидуалниот профил, води кон тоа некои да пристапат кон криминално поведение или антисоцијално однесување, а некои не. Индивидуата, нивото на интелигенција, емпатијата, однесувањето (импулсивноста) (Farrington & Welsh, 2007, стр. 37), нејзиниот став за себе и сопствената автономија, уверувањата и слично ги амортизираат сите претходно споменати околности. Во дополнение, како момент кој не смее да се занемари е адолесцентноста, односно времето кога младите се трансформираат, реагираат бурно, често експериментираат со ризици, како пушење, дроги, алкохол, сексуално однесување, кое може да биде особено ризично. Овие елементи не смеат да се занемарат бидејќи тие, иако може да претставуваат ризици за однесувањето на младите, сепак може да бидат привремени како што се наведува во Упатствата на ООН за спречување на детското престапништво (Ријадски упатства). Затоа, адекватна индивидуална проценка е нужна за развивање на соодветни програми применливи за секое дете согласно со неговите потреби.

Индивидуални карактеристики на личноста на детето кои влијаат врз појавата на детското престапништво и тоа: структура на личноста; тешкотии и проблеми во емоционалното и социјалното созревање на младите поради преживеани стресови; фобии – стравови; недостиг на самопочит; негативна идентификација (искривен модел); негативно влијание на врсниците и сл.; агресивни манифестации; депресија; намалена комуникативност; недоверба кон непознати; љубов или омраза; желба за доминација; пасивност; ограничени интереси; несигурност; некритичност; недоверливост; намалена контрола на половиот нагон; отсуство на вина и срам и непочитување на авторитетите и слично.

Детерминантите што на посебен начин ја определуваат положбата на детето како сторител на казнено дело во материјалното и процесното казнено право може да се објаснат само со посебностите на личноста на детето. Искуствата што ќе ги стекне детето во раното детство се важни фактори за развој на интелигенцијата, личноста и односот што ќе го има детето кон другите. Оттука и потребата да се објаснат оние особености што личноста на детето ја прават особена, ранлива и специфична. Приоритет на секое општество треба да бидат млади личности со соодветен когнитивен и социо-емоционален развој.

Развојот на единката подразбира процеси кои напредуваат кон нагорни квантитативни и квалитативни промени. Може да се идентификуваат три значајни аспекти на развојот (Шкариќ, 2009):

- пораст на компетенциите на единката,
- зголемување на хармонијата меѓу единките и средината,
- пораст на чувството за својот сопствен индивидуалитет.

Развојната психологија е дисциплина која ги проучува систематските врски и односи меѓу протокот на времето и промените во поведенијата и во психичките функции (Шкарић, 2009, стр. 28).

Развојната психологија посветена на личноста на детето разликува три етапи (Фрицханд):

Движење за проучување на детето ***(Child Study Movement)*** во периодот **1894 – 1904,** при што фокусот е ставен врз систематското набљудување и опишување на детскиот развој;

Движење за детски развој **(*Child Development Movement*)** во периодот **1917 – 1950,** чијшто приритет биле нормативните и психометриските студии и утврдување на стандарди и норми за детскиот развој;

Развојна психологија **(*Developmental Psychology*)** од **1960** до денес, чијшто предмет се истражувања кои по својата природа се повеќе објаснувачки одошто опишувачки.

Во долгиот процес на проучување и истражување на поимот на личноста и барање одговор на прашањето кои се нејзините важни особини и што е движечка сила на нејзината активност, се јавуваат различни теоретски претпоставки и дефиниции. Сите тие меѓу себе се разликуваат по тоа кои особини на личноста се третираат како примарни за нејзиниот развој и формирање. Така определени дефиниции, како основа за определување на поимот на личноста ги истакнуваат или само мотивите и потребите, или навиките, или мотивационите особини и особините на темпераментот, или разни способности, или биолошките или социјалните својства и карактеристики и др. (Рот, 1971)

Многубројноста на разните дефиниции е докажана во изреката „Изгледа дека секој знае што е личност, а никој не умее точно да ја опише - постојат стотина дефиниции" на познатиот психолог Алпорт (1969). Според суштинските определувања на поимот на личноста, Алпорт многубројните дефиниции ги вбројува во три класи под имињата:

а. надворешен ефект - каде ги вбројува дефинициите кои поаѓаат од влијанијата кои индивидуата ги прави на другите луѓе;

б. внатрешен ефект - овде ги вбројува дефинициите кои поаѓаат од внатрешната интеграциона структура на важните својства на личноста, во кои ја вбројува и својата дефиниција и

в. позитивистичките дефиниции кои на поимот на личноста му приоѓаат од позитивистички гледишта и критикувајќи ги структурално - есенцијалистичките дефиниции допуштајќи ги само надворешните, видливи допирливи операции.

Третирајќи ја личноста како единка која навистина постои Алпорт ја дава својата дефиниција која гласи: „Личноста е динамичка организација на оние психички системи внатре во индивидуата кои го определуваат нејзиното карактеристично однесување и нејзиниот карактеристичен начин на мислење" (Alport, 1969, стр. 44).

Преминот од детство кон малолетството во социолошка смисла се дефинира како стадиум во кој човекот престанува да биде дете, но не е ниту подготвен да влезе во светот на возрасните. Притоа, завршува еден и започнува друг степен на физички,

психички и социјален развиток, но треба да се има на ум дека социјалниот развиток понекогаш може да не ги следи во чекор претходните два аспекти.

Во анализирањето на поимот на личноста, професорот Никола Рот, пак, исто така нагласува дека во современата психолошка литература постојат голем број различни дефиниции за поимот на личноста, но сите тие, иако многу различни меѓу себе, во објаснувањето на прашањата за личноста ги истакнуваат следниве три моменти:

- единство или интегритет на личноста,
- единственост или особеност на личноста и
- релативна доследност во однесувањето како последица на единството и особеноста на личноста (Рот, 1971, стр. 6).

Личноста може да биде дефинирана и како меѓусебен однос на нашите мисли и емоции по коишто се разликувама едни од други (Siegel & Welsh, 2013, стр. 88).

Токму затоа и начинот на којшто се однесуваме или реагираме на надворешните дразби е во корелација со нашата личност.

Според Пиерон (1951), пак, личноста е интегрално единство на човекот со сите негови трајни диференцијални карактеристики (интелигенција, карактер, темперамент, конституција) и нему својствени облици на однесување. Поаѓајќи од споменатите карактеристики на личноста и овие дефиниции професорот Рот ја дефинира личноста „како единствена организација на особините која се формира со заемно делување на организмот и социјалната средина и го определуваат општиот за поединецот карактеристичен начин на однесување" (Рот, 1971, стр. 8).

Предноста на оваа дефиниција во однос на споменатите, како што тоа и самиот автор го подвлекол, е во тоа што според напред изнесените три карактеристики на личноста, го истакнува и моментот дека во формирањето на личноста, определена улога имаат карактерните услови во кои се развива таа, а посебно социјалната средина, и што како основа на личноста ги смета особините или цртите кои условуваат релативно траен и за поединецот карактеристичен начин на реагирање во слични ситуации. Под поимот „особини" авторот ги сфаќа не само особините на темпераментот и карактерот, туку и способностите и мотивите, како и за поединецот карактеристичен начин на задоволување на тие мотиви.

При дефинирање на поимот на личноста како појдовна основа треба да бидат особините на личноста како индивидуални својства, кои се развивале и формирале под влијание на социјалната средина (сфатено во потесна и поширока смисла) во која таа личност растела и се развивала, што е особено релевантно во определувањето на личноста на детето коешто се развива под особено влијание на социјалната средина.

1.2.1. Структура на личноста

Суштинско е прашањето - што се подразбира под поимот „особини на личноста", односно кои се тие особини кои ја сочинуваат структуралната основа на една личност. Со ова прашање се занимавале научните работници на полето на медицината, психологијата и другите научни дисциплини од најраното доба, односно од Хипократ - таткото на медицината (околу 400 г. пред нашата ера), па до современите теоретски и емпириски потфати на познати. Систематската анализа на огромниот број на можни придавки со кои, нешто се кажува за начинот на однесување на луѓето, Г. Алпорт и Х. Одберт издвоиле околу 300 придавки кои означуваат релативно трајни универзални

особини, т.е. релативно конзистентни начини на однесување кои може да се сретнат помалку или повеќе кај сите луѓе. Некои автори сметаат дека ги има повеќе, отколку што наведуваат Г. Алпорт и Х. Одберт. Прифаќајќи го постоењето на било 300, било повеќе особини на личноста, ние можеме, пишува Рот, да ги поделиме во неколку категории, и ги наведува следниве:

- ✓ особини со кои се означуваат особеностите на темпераментот,
- ✓ особини со кои се означуваат особености на карактерот,
- ✓ особини со кои се означуваат способности и
- ✓ особености на физичката конституција.

Како што веќе наводовме во делот за теориите за објаснување на детското престапништво, најпознатиот психоаналитичар, Сигмунд Фројд, вели дека личноста содржи три структурни елементи: ид, его и супер-его. Ид е делот од личноста на човекот кој ги дава инстинктите, нагоните, потребите и импулсите. На пример, ид ни кажува дека кога сме гладни тој нагон можеме да го задоволиме со јадење. Ид исто така укажува дека тој нагон веднаш, без одлагање мора да биде задоволен.

Супер-егото е другата крајност, односно укажува на општествените стандарди, моралноста и поведението во нормативни рамки. Конечно, егото е компонентата од личноста која е одговорна за балансирање на импулсивноста која може да се јави од доминантен ид наспроти исклучителниот страв, анксиозноста и ригидноста, кои пак може да бидат резултат на премногу развиено супер-его. Ова значи дека егото е контролата на ид, кое не тера да ги задоволиме нашите потреби во моментот, и супер-егото коешто вели дека мора да ги имаме во предвид општествените норми во целост (Shoemaker & Wolfe, 2005). На пример кога детето чуствува глад, ид му укажува на тоа дека е гладно и дека мора во моментот да го задоволи тој нагон преку конзумирање на храна. Супер-егото му укажува на тоа дека храната мора да се купи, во спротивно нејзиното земање од продавница би било кривично дело кражба. Его му укажува на детето дека гладта ќе ја задоволи со купување на храна во вредност од парите коишто реално ги има.

1.2.2.Темперамент и негови карактеристики

Во психолошката наука денес главно преовладува мислењето дека темпераментот и неговите особености не се однесуваат само на емоционалните реакции, туку се изразуваат и преку целокупната активност на човекот, во сите видови на психичко реагирање, како и во сите движења кои човекот ги извршува, односно тој покажува брзина, сила и траењето на реакциите (Рот, 1971, стр. 41).

Одредувајќи го темпераментот како „конституции или навики кои посебно зависат од физичките конституции или е во врска со нив", и сметајќи го како интелигенција и телесна граѓа, и еден вид суров материјал од кој се обликува личноста. Алпорт дал нешто потесна дефиниција: Темпераментот се однесува на карактеристични појави од емоционална природа на една индивидуа, вклучувајќи ја нејзината чувствителност на емоционално поттикнување**,** нејзините вообичаени сили и брзина на реагирање, квалитетот на расположение кое преовладува и сите особености на флуктуација и интензитетот на расположението, а овие потреби се сметаат зависни од конституционалниот состав и затоа се во основа наследни по потекло (Alport, 1969, стр. 50-52). Алпорт истовремено нагласил дека темпераментот не останува непроменет од раѓањето до смртта, туку и тој, како телесна граѓа и интелигенција, може (во извесни граници) да се менува под различни влијанија како и во текот на учењето и

стекнувањето на животни искуства. Промената, според него е можна, но не и неограничена.

Според определени автори пак сите се раѓаме со однапред детерминиран темперамент кој го наследуваме, но со тек на време под различните надворешни влијанија и под различното примање на тие влијанија различно се обликуваат нашите темпераменти. Оттаму и различните членови на иста фамилија вариираат во карактеристиките на нивниот темперамент. Сите се уникатни по природа, а сепак сродни по определени црти на карактерот (Childs, 1995; Oates & Stivensen, 2005; Oates et al., 2005).

До промена во особините на темпераментот не доаѓа само поради законитите промени на физиолошка основа (бидејќи со стареењето се менува вегетативниот и ендокриниот систем), туку доаѓа и после општиот развој на личноста. Ако личноста потполно и целосно се развива, кај неа ќе се развијат определени особини на темпераментот, меѓу останатите: поголема емоционална зрелост, толерантност, поголема самоконтрола и издржливост. Начинот на реагирање зависи во голема мера од тоа како околината се однесува спрема поединецот (Рот,1971, стр.61).

Следното прашање е поделба, односно типологија на темпераментот. Тука современата психолошка наука и денес се служи со Хипократовата класификација, по која се разликуваат четири типа на темперамент: колерик, сангвиник, флегматик и меланхолик.

Истовремено се прифаќаат и дадените особености на поедини типови на темпераментот кои се состојат во следново:

- На **колеричниот** тип на темперамент својствени му се силни чувства, лесно одлучување на акција, чести возбудувања, односно чести нагли и силни реакции.

- На **сангвиничниот** тип на темперамент својствено му е брзо реагирање, но чувствата не се силни и не траат долго. Личностите со сангвиничен темперамент лесно го менуваат расположението, брзо поминуваат од негативно расположение во позитивно, склони се на ведро расположение, односно полни се со надеж (Damon et al., 2006). Овде е важно да напомениме дека сите деца на возраст до 10 или 11 години очекувано покажуваат карактеристики типични за сангвиничниот темперамент, без разлика дали потоа овој темперамент ќе им биде примарен или секундарен во животот (Childs, 1995, стр.22). Впрочем секое дете до оваа возраст е активно, енергично, љубопитно, авантуристичко и заинтересирано за сè што се случува околу нив.

- **Флегматичниот** темперамент се огледа во ретко, бавно реагирање, слаби чувства и слаба подвижност. Личностите со овој тип на темперамент се, во основа, апатични и рамнодушни.

- На **меланхоличниот** тип на темперамент својствени му се ретки, бавни, но силни реакции. Личностите во кои е изразен овој тип на темперамент реагираат ретко, но кога реагираат тоа го прават со интензивни чувства кои траат долго. Повлечени се во себе и реагираат, во основа, на она што е во врска со нивната личност. Во нив преовладуваат непријатни чувства, чувство на тага и загриженост.

Во психолошката наука познати се и други начини на покажување на особините на темпераментот. Меѓу нив посебно се истакнува Гилфордовата класификација со која, тој, сите особини, ги сведува на определен број на фактори. За да би утврдил најмал број на фактори на кои би можеле да се сведат различни особини на темтераментот, тој ја применил постапката за факторска анализа и со нивната реакција дошол до заклучок дека постојат сè на сè 15 фактори или основни особини на темпераментот кои лежат во

основата на однесувањето на поединецот. По нивното значење и манифестирање Гилфорд овие 15 фактори ги групирал во три групи:

- првата група ја сочинуваат пет фактори кои се манифестираат во различните активности кои го покажуваат однесувањето воопшто (сигурност – несигурност, живост - тромост, импулсивност - промисленост, издржливост - слабост, објективен однос-пречувствителност);
- втората група ја сочинуваат пет фактори кои се изразуваат во емоционалното однесување (ведрина - потиштеност, емоционална зрелост - емоционална незрелост, ладнокрвност - нервозен); траење на расположението - нагло менување на расположението, урамнотеженост на расположението - егоцентричност;
- третата група ја сочинуваат останатите пет фактори и тие се манифестираат во однесувањето спрема другите луѓе (сигурност - плашливост, самостојност – потпирање на други, пријателски однос кон другите - непријателски однос кон другите, социјална иницијатива - пасивност, толерантност - критизерство). (Guilford, 1988)

Ако проучувањето на личноста на децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела претставува институт со општо влијание врз целокупната казнена постапка спрема децата, ако одговорите на прашањата сврзани со проучувањето на личноста се третираат како детерминанти што го определуваат целокупното постапување спрема децата, тогаш кога се јавуваат како сторители на казнено дело, секој од сегментите што ја чинат личноста има посебно значење. Темпераментот по сите свои елементи го определува криминалното поведение на детето на тој начин што елементите на неговиот темперамент се отсликуваат на самото казнено дело, ги определуваат феноменолошките карактеристики на казненото дело. Но притоа овие проучувања имаат повеќеслојно значење.

Прво, тие треба да ги објаснат етиолошките елементи на криминалното поведение на детето сврзани со неговата личност и да одговорат на прашањето зошто тоа е сторено на тој начин. Второ, темпераментот и неговите карактеристики треба да го подредат постапувањето на органите на кривичниот прогон во смисла тие да се остваруваат на начин на кој се врши едновремено и позитивно, воспитно и со ресоцијализирање на детето. Трето, познавањето на темпераментот треба да го одреди изборот на санкцијата што соодветствува на тој темперамент и да го одреди начинот на нејзиното извршување. Ако направиме анализа на некои одредби од постапката спрема децата ќе видиме дека во голем број од нив не се наведува директно, но е сосема јасно дека во постапувањето на органите на казнениот прогон се упатуваат на познавање, почитување и постапување во согласност со темпераментот на детето.

1.2.3. Карактер и карактерни особини

Во историскиот тек на психолошки науки уште од античка Грција, прашањето за карактерот, односно карактерните обележја кои се својствени на една личност и на нејзиното однесување, се елаборирани од повеќе аспекти. Во принцип, се поаѓало од семантичкото значење на зборот карактер, кој е од грчко потекло и значи врежување, и од Теофрастовите триесет скици на карактерот (Manjaric, 1947). Тука од страна на поедини психолози се правени разни отстапувања. Некои автори карактерот го сметале за посебен дел на личноста, т.е. како „степен на етички ефективни организации на сите

снаги на индивидуата", или како „истрајна психолошка дисциплина која треба да ги кочи импулсите во согласност со еден регулативен принцип", а некои повторно, изразите личност и карактер ги употребувале како синоними. Од друга страна има и такви автори кои ја застапувале тезата дека карактерот, со оглед дека се однесува на моралната страна на личноста, т.е. означува „вреднувана личност од позиција на некој општествен и морален стандард" (Алпорт), како израз треба да се отстрани од психолошката наука, или ако се издржува тогаш треба да се употребува само за означување на волевите работи (Alport, 1969, стр. 47-50). Според нивното мислење психологијата не треба да оценува дали однесувањето на личноста е позитивно или негативно, односно општествено прифатливо или не. Тоа е работа на етиката, правото и другите научни дисциплини.

Под изразот карактер се подразбираат оние особини кои покажуваат карактеристично однесување на поединецот со оглед на моралните принципи и моралните сфаќања на определено општество.

Поаѓајќи од тоа гледиште професорот Рот смета дека под карактер треба да се подразбира „интегриран систем на особини кои му овозможуваат на поединецот и покрај препреките да постапува на релативно доследен начин, во согласност со моралните принципи и моралните сфаќања на општеството". (Рот, 1971, стр. 63)

Во таа смисла, под карактерни особини се подразбираат особини како што се: храброст - плашливост, совесност - несовесност, себичност - несебичност, почитување - непочитување и сл.

1.2.4. Способностите како особина на личноста

Интелектуални и ментални способности, психомоторни и сензорни способности. Меѓу особините на личноста, посебната група на особини ја чинат способностите. Овие особини не може директно да се забележат, туку за нив се заклучува врз основа на успешноста во извршувувањето на определени работи, во вршењето на определени движења, во брзината и вештината на реагирањето на определени сензорни дразби и слично (Нанев, 2003).

Под способности се подразбираат определени психички својства кои една личност ја прават подобна за успешно вршење на определени работи (ЦРС, 1967, стр. 397).

На поимот способност професорот Рот му пришол од позиција на споредување на овие особини со особините на други личности, па во таа смисла „... ако сакаме точно да дефинираме што е способност, можеме да констатираме дека под способност подразбираме особини на личноста од кои зависи разликата во успешното извршување на определени задачи, ако оние кои извршуваат задача имаат слично искуство и ако се подеднакво мотивирани тие задачи успешно да ги направат (Рот, 1971, стр. 65, 66). Во оваа насока ја усвојуваме првата дефиниција бидејќи сметаме дека за способностите на некоја индивидуа може да се суди единствено врз основа на резултатите кои таа лично ги покажува во вршењето на определени работи, без оглед на тоа како, односно со каков успех таа работа ја извршуваат другите.

Основата за развој на способностите ја чинат органските наследно дадени анатомско - физиолошки особености на нервниот систем - диспозиции. Меѓутоа, нив треба да ги сфатиме само како предуслов за развој на способностите. Тие условуваат, но не предопределуваат способности на човекот и можност за негов развој. Со простото созревање и растење не може определени диспозиции да се развијат и претворат во способности. Тоа е процес на развивање на младата човечка индивидуа која, во

анатомскофизиолошка смисла опфаќа растење и созревање, а во психолошко - педагошка, систематско и организирано функционирање, вежбање, учење, работа, како и средства, облици, методи и патишта со чие растење и созревање постојано се усовршува еден орган, една диспозиција, едно психичко својство и човечка индивидуа во целина (Krneta, 1965) Овој процес на развој на личноста тече по дијалектична законитост и се одразува во непрестанато квантитативно и квалитативно менување, со тоа што, влијанието на надворешните и внатрешните фактори, воспитувањето и активноста, квалитативното менување на својствата, особини и одлуки на една индивидуа, е можно до една определена граница.

Со оглед на досегашните испитувања на способностите по пат на факторска анализа се разликуваат три групи на способности:

- интелектуални или виши ментални способности,
- психомоторни способности и
- сензорни способности.

За оваа група особини (способности) во психолошката наука се присутни две сосема спротивни гледишта. Првото гледиште се состои во тоа што особините на способностите не претставуваат особини на личноста. Второто гледиште, (кое до денеска и со многу истражувања е потврдено, а посебно со истражувањето на американскиот психолог Терман), се состои во тоа дека способностите, а посебно интелигенцијата не само што претставува посебна група особини на личноста, туку тие имаат и значајно влијание во развивање на други особини на личноста (Terman, 1919). За развој на личноста во целина и за развој на различни други особини на личноста, не е без значење дали некоја личност е интелигентна или не и дали има определено други способности или нема. Резултатите на многу истражувања покажале дека многу луѓе покажуваат поголема социјалност, подобра емоционална урамнотеженост, подобро прилагодување. Рот посебно нагласил дека не само интелигенцијата, туку и поедини од посебните способности кога се многу развиени, може да влијаат на мотивацијата, интересите и самосвеста на поединецот, па затоа интелигенцијата во прв ред, а потоа и посебните способности, може да се сметаат како за важни особини на личноста (Рот, 1971, стр. 67).

Интелектуалните или виши ментални способности, се група особини на личноста која го привлекува вниманието на многу психолози, па со тоа и е предмет на многу истражувања. Во испитувањето на овие способности за првпат е применета постапката за факторска анализа. Неа, за првпат, ја применил Спирман уште во 1904 година.

Интелектуалните или вишите ментални способности во психологијата обично се нарекуваат интелигенција. Интелигенцијата најчесто се дефинира како способност за снаоѓање по пат на мислење во нови ситуации или како способност за решавање на проблеми по пат на мислење. Основната психичка активност која доаѓа до израз кај интелектуалните работи е, согледување на битни и важни односи, односно согледување на оние односи кои ќе доведат до успешно решение. Интелигенцијата претставува не една единствена способност, туку организација на поголем број способности.

Според Терстон (1924), таа се состои од еден општ или генерален фактор кој содејствува при интелектуалните операции и во него содржаните 7 фактори кои ги означуваат примарните способности. Тоа се способност на зборување, односно лесно наведување на зборовите и богатство на речникот со кој поединецот располага, способност за разбирање на вербално формулираната содржина, способност за успешно оперирање со броевите, способност за претставување или замислување на просторните односи, спсобност за меморирање и тоа, пред сè, на материјал без логичка смисла кој мора механички да се помни, способност за перцепирање, односно воочување на мали

разлики во дразбите со посредство на видот, и способност за резонирање која се огледа во наложување на општите принципи и во решавањето на проблемите. Овој последниот фактор има најважна улога при сите таканаречени интелектуални операции, односно активности кои бараат интелигенција.

Врз основа на мислењето дека интелигенцијата се изразува во повеќе различни видови и дека со тоа претставува организација на поголем број способности, во психолошката наука е утврдено и тоа дека интелигенцијата и нејзиниот развој, како и развојот на другите особини на личноста, не зависи само од наследството, туку дека исто толку зависи и од различните фактори во средината. Условите во средината треба да се такви да овозможуваат користење на диспозиции за интелигенцијата, односно да бараат нивно активирање, постојан и систематски развој и усовршување. Меѓутоа, сите овие систематски организирани или неорганизирани влијанија на средината не може значајно да придонесат во развојот на интелигенцијата, ако за тоа кај поединецот не постојат одговарачки анатомско-физиолошки особености на нервниот систем. Тие претставуваат основна база за развој на определени способности.

Со многуте испитувања е утврдено дека интелигенцијата се развива постепено во текот на развојот на индивидуата со тоа што својот максимум го достигнува помеѓу 20 и 25 година од животот. По оваа старосна доба доаѓа постепено до опаѓање на интелигенцијата, што секако е условено со индивидуалните особености на поединецот. Но ова не значи дека луѓето во возрасната доба не може успешно да обавуваат различни работи како и младите луѓе. Возрасните, успех во различните работи обезбедуваат не само со интелигенцијата, туку и со различни други особини кои ги стекнуваат со годините.

Оцената на степенот и видот на интелектуалните способности на една индивидуа се прави со посебни мерни инструменти - тестови за интелигенција. Тоа се избран збир на задачи за кои е утврдено на кој начин треба да се постават и на кој начин да се оценуваат резултатите кои се добиваат со нивно решавање. Првиот таков тест го конструирале француските научници Бине и Симон во 1905 година (Melucci, 2004). Тестот бил наменет за издвојување на децата кои не биле во состојба да следат редовна настава. Подоцна се конструирани поголем број на други тестови за интелигенција (Domino & Domino, 2006). Задачите во тестовите се групирани, така што ја мерат интелигенцијата на децата од различна возраст. Врз основа на Бинеовиот, американскиот психолог Терман конструирал свој тест за мерење на интелигенција со тоа што задачите ги прилагодил на американските прилики.

Професорот на белградскиот Универзитет д-р Борислав Стевановиќ, врз основа на овие, конструирал свој тест за мерење на интелигенција на југословенските деца, познат по името белградска ревизија на Бине - Симеоновата скала за мерење на интелигенција (Стевановиќ, 1937).

Врз основа на добиените резултати по пат на тестови, се определува таканареченото ментално доба или умна зрелост на испитаникот. Оваа возраст не мора секогаш да се поклопува со хронолошката возраст, што зависи од психичките својства на испитаникот. Но, процесот на таквите случаи е релативно мал.

Степенот на интелигенција се определува на тој начин што менталната возраст, добиена по пат на тест, се дели со хронолошката возраст и се множи со 100. Добиениот број (резултатот на тестот) се нарекува коефициент на интелигенција и се означува со IQ. Во психологијата се смета дека коефициентот помеѓу 90 и 109 ја изразува просечната интелигенција, над 109 натпросечна, а под 90 интелектуални способности под просек.

Психомоторни и сензорни способности. Психомоторната способност на поединецот се огледа во прецизноста, координацијата, вештината и брзината во

вршењето на движењето на раката, во способноста за користење на двете раце, во способноста за моторно движење при брзо повторување на едноставни моторни движења, во способноста и успешноста во вршењето на работи при кои е нужна употреба на прсти под контрола на видот, во способноста за визуелизација при изведување на брзи и прецизни движења, исто така под контрола на видот (сензорна реакција) и слично. Сензорните способности на поединецот се однесуваат на развиеноста и способноста на сетилата за вид, слух, мирис, вкус и допир, се изразуваат во степенот и усовршеноста на нивните функции и реакции на одговарачки надразнувања од надворешната средина. За испитување на психомоторните функции во светот, а и кај нас се употребуваат психомоторни тестови. Најчесто тоа се одговарачки апарати или инструменти (термометри за испитување на смиреноста на раката или реакциометри за испитување на брзината и изедначеноста на реакциите).

За испитување на координацијата на движењата во нас, многу се користи Турнеровиот тест (Pfister, 2013); за испитување на спретноста на прстите тестот на О`Конор, а за проценување на прецизноста на кординирани движења со двете раце, се користи тест за двострук лавиринт кој го изработил Боннардел во 1946 година (Perceptual and Motor Skills, 1957). За мерење на сетилната чувствителност се користат разни видови на сензорни тестови и аудиовизуелни апарати.

1.2.5. Движечката сила на активноста на личноста - мотиви, ставоти, предрасуди и интереси

Од наведение групи особини кои ја чинат структурата на една личност се гледа дека тоа се универзални особини кои условуваат, односно определуваат за поединецот каракетистичен начин на однесување. Со оглед на својата природа на овие особини, како карактеристични црти на една индивидуа, не го покажуваат само начинот на однесување и релативната доследност во однесувањето, туку тие истовремено и ја поттикнуваат личноста на определена активност, па поради тоа имаат и определен мотивационен карактер. Меѓутоа покрај овие особини и личноста на човековата индивидуа постојат и други особини, така наречени, мотиви, од кои зависи целокупната активност на поединецот, а пред сè, содржината на неговото однесување.

Тоа се движечки сили, односно „органски и психолошки фактори" кои ја предизвикуваат активноста, кои ја насочуваат и управуваат со таа активност. Алпорт, под мотиви го подразбира секој внатрешен услов во поединецот кој наведува на акција и мислење (Alport, 1969, стр. 255).

По природа потребите кои сакаат да ги задоволат мотивите може да бидат вродени или стекнати. Првите се нарекуваат физиолошки или биолошки мотиви и ги сочинуваат: мотив за храна, за вода, сексуалниот мотив, мајчинскиот мотив, потоа мотивот за топлина, за избегнување на бол и повреда на организмот, за активност, сон, одмор и слични. За сите нив заедничко е остварувањето и насочувањето на активностите за отстранување на определени растројства во функционирањето на организмот. Овие мотиви се вродени и универзални што значи дека постојат кај сите поединци. Меѓутоа за разбирање на однесувањето на поединецот од сите овие мотиви важни се мотивите за глад и жед, мајчинските и сексуалните мотиви, бидејќи незадоволувањето на потребите на кои тие почиваат, делуваат изразито на однесувањето на поединецот и на различни психички функции.

Истражувањата во психологијата покажале дека од овие посебно се силни мајчинскиот мотив, и тоа после мајчински (послепородилно однесување) - мотив да се грижи за веќе родените деца и сексуалниот мотив.

Меѓутоа за однесувањето на поединецот исто така се важни, а може и повеќе, стекнатите - социјални - мотиви кои почиваат на психолошките потреби на поединецот, и тоа на потребите кои може да се задоволат само со директно или индиректно учество на други луѓе.

Тоа се потреби за општеството и признавање во општеството. Покрај овие потреби постојат и други психолошки потреби и тие се формираат врз основа на личното искуство на поединецот. Тие не бараат учество на други луѓе, па затоа мотивите кои на нив се базираат се нарекуваат лични или персонални мотиви.

Покрај мотивите, за однесувањето на поединците големо значење имаат и ставовите. Тоа се исто така динамички црти или двигатели на силата на личноста, а се извршуваат во тенденцијата било позитивно или негативно да се реагира на некоја особина, предмет, ситуација или институција. Може да бидат изразени во форма на лични ставови, став на поединецот спрема определени објекти, или во форма на групни - социјални ставови, односно ставови кои се заеднички на поголема група на лица. Овие последниве во основа се изразуваат преку разни општествено важни појави, а може да прераснат и во ситуации кога групата луѓе зазема определен став спрема однесувањето или еден чин на само една личност, како на пример, ставот на помалку или повеќе групи на луѓе спрема извршителите на тешко кривично дело.

Во оваа група на движечки сили припаѓаат и предрасудите кои во психологијата се сметаат за еден вид на ставови, а се дефинираат како интезивни, неосновани ставови. За разлика од изнесените, овие ставови тешко се менуваат. Тие може да имаат позитивен (навистина ретко) или негативен карактер и како и ставовите се стекнуваат во текот на животот. Според идеалните можности да може да биде позитивно, реагирањето предизвикано од предрасудите по правило претставува негативен однос, обично непријателски однос кон лицата спрема кои постојат предрасуди и редовно означуваат неподнесување, непризнавање на вредности, осуда на некои нации, некои групи, припадници на некоја раса итн. Ова е поради тоа што во суштина не се засноваат на факти, на вистинска состојба, туку се во суштина спротивни на нив.

Покрај овие, важни движечки активности на личноста се и интересите. Интересот претставува тежнеење на поединецот редовно да обрнува внимание на определени објекти и содржини и со нив било ментално (во мислите), било активно да се занимава.

Интересите може да бидат различни по својата природа и содржина и во основа се делат на професионални и непрофесионални интереси (интерес за определено занимање и интерес за активности кои луѓето ги сакаат бидејќи им пружаат определени задоволства). За разлика од ставовите, интересите секогаш означуваат позитивен однос спрема некого и за нешто и во суштина имаат посилна мотивациона сила од ставовите.

На јавувањето, делувањето и задоволувањето на мотивите влијаат разни околности и тие може да произлезат од самата личност на поединецот или од социјалната средина во која поединецот живее. Овие околности може да бидат такви што претставуваат извонредна клима за задоволување на биолошките и психолошките или социјалните потреби на една личност и остварување на посакуваните цели. Меѓутоа, во животот поединецот е најчесто изложен на дејство на разни препреки, владејачки принципи и норми на однесување, разни сфаќања на околината или пак дејствување на посебни ситуациони околности во кои е принуден да живее (војска, затвор и слични ситуации). Овие причини може да ограничуваат, попречуваат и спречуваат задоволување на поедини мотиви или да го условуваат начинот на нивното

задоволување. Во вакви случаи во психологијата се зборува за фрустрации (спречување во задоволување на мотиви), и за депривација или пречење во задоволувањето на мотивите. Кога се појавуваат вакви ситуации активноста на личноста, а посебно некои облици на активност, може да биде многу изразена, посебно ако се во прашање биолошки мотиви, а може да дојде и до потполно исцрпување на организмот или пак и до смрт на дадената единка. Остварувањето на целите за кои поединецот е посебно мотивиран се одвива на општествено прифатлив начин, со личен напор и општествена корисна активност. Меѓутоа има и случаи кога поединецот задоволува определени мотиви, односно остварувањето на некоја цел го постигнува не на општествено прифатлив начин, туку со прекршување на определени општествени принципи и норми на однесување, напад на извесни лица и општествени добра, повреда на интересите и интегритетот на други лица, или во ретки и крајно драстични случаи напад на сопствената личност.

2. Трендови на детското престапништво

Достапните податоци во однос на детското престапништво овозможуваат добивање претстава за некои аспекти поврзани со трендовите на детското престапништво и тоа општо во смисла на учество на детското престапништво во вкупниот криминалитет, трендовите според возрасните групи на деца, трендови на учество на децата од женски пол како и трендовите во однос на семејната состојба на детето на кое му е изречена мерка.



Графички приказ бр. 7: Учество на детското престапништво во вкупниот криминалитет (%) во периодот 2000-2023 година. *Извор: Податоци од Државниот завод за статистика на РСМ.*

Податоците претставени на графиконот покажуваат намалување на учеството на детското престапништво во вкупниот криминалитет во периодот од 24 години, со тоа што во последната декада учеството не надминало 6%. Секако дека се поставува прашањето дали ваквата состојба се должи на помалиот број сторени кривични дела од страна на децата или се должи на зголемување на темната бројка на неоткриени и непријавени кривични дела сторени од лица на возраст до 18 години.

Доколку се анализираат трендовите во однос на возрасните групи и тоа деца на возраст од 14 до 16 години и деца на возраст над 16 до 18 години, податоците покажуваат дека доминираат деца во втората старосна група од 16 до 18 години.



Графички приказ бр. 8: Деца на кои им се изречени мерки според возрасни групи (N). *Извор: Податоци од Државниот завод за статистика на РСМ*

Податоците на графиконот наведуваат на заклучок дека се забележува зголемување на бројот на деца во старосната група од 14 до 16 години, што е особено загрижувачко и треба да биде индикатор за продлабочени анализи на причините.

Освен според возрасните групи, достапните податоци во однос на трендовите на детското престапништво може да се анализираат и во однос на половата структура на децата.



Графички приказ бр. 9: Тренд на учество на децата од женски пол (%). *Извор: Податоци од Државниот завод за статистика на РСМ*

Трендовите во однос на учеството на децата од женски пол во рамките на детското престапништво, вредности изразени во проценти, покажува дека во 2021 и 2022 година било високо учеството на децата од женски пол, па во 2023 година нивното учество се вратило на ниво од 2020 година.

Подолу во рамките на феноменологијата се наведени податоци за видовите кривични дела што ги извршиле децата од женски пол во текот на анализираниот седумгодишен период.

Семејната состојба на децата на кои им била изречена мерка е важен показател за улогата на семејството како фактор на превенција или како ризик фактор за детското престапништво. Ова веќе го елабориравме во делот етиологија на детско престапништво, егзогени фактори – семејството како криминоген фактор.

Овие податоци се особено важни и ако се земе предвид видот на санкцијата што се изрекува, колку е таа индивидуализирана според потребите на детето и околностите на стореното кривично дело, а колку е навистина во најдобар интерес на детето, особено кога во практиката се изрекува повеќекратно воспитната мерка Засилен надзор од родители, иако е согледано дека семејството не е фунционално во доволна мера за да пружи соодветна грижа, заштита, помош и поддршка на детето.

Табела бр. 4: Трендовите во однос на семејната состојба на детето на кое му е изречена мерка (N&%). *Извор: Податоци од Државниот завод за статистика на РСМ*

Година	2017	2018	2019	2020	2021	2022	2023
Вкупно	368	330	302	350	382	262	307
Со двајцата родители	300 81.5%	264 80%	221 73%	268 76.5%	274 71.7%	199 76%	266 87%
Со таткото – мајката е почината	1	2	2	1	1	-	-
Со таткото – родителите се одвоени	9	8	1	13	23	9	9
Со мајката – таткото е починат	6	6	8	7	7	1	4
Со мајката – родителите се одвоени	21	19	14	25	27	14	19
Не живее со родителите	31	31	57	36	50	39	9
Живее со брачен другар	4	3	1	1	16	3	1
Живее со роднини	5	1	14	6	8	2	4
Живее со други лица	-	2	-	1	1	2	2
Живее со друго семејство	-	-	-	1	-	-	2
Живее во социјално воспитна установа	11	6	14	1	18	1	-
Живее сам	11	19	28	26	7	31	-

Претставените податоци се повеќе од загрижувачки од аспект на фактот што висок процент на децата на кои им била изречена мерка живеат со двајцата родители. Редефинирањето на дисфункционалното семејство како семејство кое не ги врши должностите за воспитание и грижа и тогаш кога е комплетно бара редефинирање на односот во справување со детското престапништво, редефинирање и на ризик факторите и на политиките за превенција на детско престапништво, како и потреба од институционална поддршка на семејствата со цел зајакнување на нивните капацитети за остварување на родителските функции.

Од аспект на трендовите на детското престапништво внимание заслужуваат и трендовите поврзани со бројот на пријавени, обвинети и осудени деца во последните 15 години.

На следниот графикон се претставени номиналните вредности во однос на пријавените, обвинетите и осудените деца во периодот од 2009 заклучно со 2023 година.

Податоците покажуваат дека во првите седум години од анализираниот период – 2009 до 2015 година доминира бројот на пријавени деца, по што следува помал број на обвинети деца, а најмал е бројот на осудени деца.

Од 2016 година трендовите значително се менуваат. Имено, значително е помал соодносот помеѓу пријавените и обвинетите деца, во текот на некои години од анализираниот период бројот на обвинети деца бил повисок од бројот на пријавени деца (2016 година), односно бројките се приближно изедначени (2017 година), а во останатите години по 2017 година разликите помеѓу пријавени, обвинети и осудени деца е значително помала.



Графички приказ бр. 10: Број на пријавени, обвинети и осудени деца во периодот од 2009 до 2023 година. Извор: Државен завод за статистика.

Ако се споредат номиналните бројки од почетокот на анализираниот период во споредба со броевите на крајот од анализираниот период, се забележува значително намалување на бројот на пријавени деца (за повеќе од 3 пати), во однос на обвинетите деца намалување за 2/3, а во однос на осудени деца броевите се преполовени.

3. Феноменологија на детското престапништво

Детското престапништво има бројни заеднички карактеристики со криминалитетот на полнолетните сторители на кривични дела, но поради своите посебни особености, типични и единствени само за него, истото се издвојува во посебна категорија.

Специфичностите или посебноста на детското престапништво, се согледува пред сè, во особините на личноста на детето коешто е во судир со законот, етиологијата на деткото престапништво, феноменологијата, низата превентивни мерки кои општеството ги презема заради сузбивање на оваа општествено негативна појава и, конечно, во криминалната политика која државата ја води во случај на извршено кривично дело од страна на дете.

Достапните податоци покажуваат дека се менува структурата на кривичните дела што ги вршат децата, освен кога станува збор за имотниот криминалитет.

Во периодот 2000-2023 година според учеството биле застапени следниве кривични дела: против имотот, против животот и телото, против јавниот сообраќај и против јавниот ред.

Табела бр. 5: Видови кривични дела сторени од деца во период од 2000 до 2008 година. Извор: Податоци од Државниот завод за статистика на РСМ.

	2000	**2001**	**2002**	**2003**	**2004**	**2005**	**2006**	**2007**	**2008**
Вкупно	939	877	776	826	877	762	844	676	715
КД - имот	786	729	626	674	696	608	672	537	529
КД - живот и тело	39	45	52	51	52	60	54	49	44
КД - безбедност на јавен сообраќај	39	50	36	38	36	27	35	22	50
КД - јавен ред	15	9	14	14	36	33	40	24	16

Табела бр. 6: Видови кривични дела сторени од деца во период од 2009 до 2012 година. Извор: Податоци од Државниот завод за статистика на РСМ.

	2009	**2010**	**2011**	**2012**	**Вкупно**
Вкупно	748	547	722	556	9865
КД - имот	547	403	513	409	78,34%
КД - живот и тело	49	59	79	43	6,85%
КД - безбедност на јавен сообраќај	46	35	39	26	4,85%
КД - јавен ред	45	16	35	43	3,44%

Табела бр. 7: Видови кривични дела сторени од деца во период од 2017 до 2023 година. Извор: Податоци од Државниот завод за статистика на РСМ.

Година	**2017**	**2018**	**2019**	**2020**	**2021**	**2022**	**2023**
Вкупно	368	330	304	350	382	262	307
Против имотот	251	188	181	153	164	105	120
Против животот и телото	29	44	38	39	25	23	43
Против безбедноста на јавниот сообраќај	32	25	24	28	28	25	37

Против здравјето на луѓето	7	10	18	66	94	53	21
Против слободите и правата на човекот и граѓанинот	2	2	3	4	4	6	4
Против половата слобода и половиот морал	2	2	2	5	9	15	4
Против бракот, семејството и младината	-	-	-	1	2	1	2
Против јавните финансии, платниот промет и стопанството	1	2	1	-	3	1	1
Против животната средина и природата	1	1	-	-	2	-	-
Против општатата сигурност на луѓето и имотот	2	2	3	2	3	2	-
Против правосудството	2	-	-	-	2	-	3
Против правниот сообраќај	2	1	1	3	1	1	-
Против човечноста и меѓународното право	-	-	-	1	-	4	2

Податоците за последните години покажуваат промена во видот на кривичните дела сторени од страна на децата.

Феноменолошката анализа има сериозни импликации врз заклучокот дека со текот на годините дошло до промена на ризик факторите коишто придонеле до промена на видовите на кривични дела во коишто деца се јавуваат како сторители.

Промени се воочуваат во учеството на кривичните дела против здравјето на луѓето, што се должи на широката распространетост на дрогите и другите психотропни супстанции, појава на болести на зависност кај децата и нивна вклученост во трговија и препродажба на наркотични дроги. Воедно се забележува и поголемо учество на децата како сторители на кривичните дела против половата слобода и половиот морал. Разликите во трендот на учество на децата од женски пол може да се појасни со анализа на кривичните дела што ги извршиле во текот на анализираните години.

Табела бр. 8: Видови кривични дела сторени од деца од женски пол во периодот од 2017 до 2023 година. Извор: Податоци од Државниот завод за статистика на РСМ.

Година	2017	2018	2019	2020	2021	2022	2023
Вкупно (N)	14	17	17	17	30	22	15
Кривични дела против							
имотот	10	7	14	1	16	7	5
....Разбојничка кражба	-	-	-	-	-	2	-
....Кражба	1	4	4	1	7	-	1
....Тешка кражба	9	2	8	-	7	5	4
....Разбојништво	-	2	-	6	9	6	2
Против здравјето на луѓето	-	2	-	6	9	6	2
Против безбедноста на јавниот сообраќај	2	2	-	2	1	3	4
Против јавниот ред	1	2	1	2	2	2	-
....Напад вез службено лице при вршење работи на безбедноста	1	-	-	-	-	-	-
....Спречување службено лице во вршење службено дејствие	-	2	-	1	-	-	-
....Насилство	-	-	-	1	2	2	-
Животот и телото	1	2	1	1	-	1	4

Од достапните податоци евидентно е дека во текот на 2021 и 2022 година децата од женски пол извршиле поголем број имотни кривични дела, поголем број кривични дела против здравјето на луѓето, а се забележува и нивно учество во извршување на кривичното дело Насилство. Овие сознанија се индикатори коишто мора да бидат земени предвид во дефинирање на превентивни програми со цел помало учество на децата од женски пол кај одредени видови кривични дела.

Во феноменолошка смисла може да се констатира дека најмногу кривични дела извршени од деца спаѓаат во областа на имотниот криминалитет при што најчесто се вршат тешки кражби, но застапени се и разбојништвата, разбојничките кражби, одземањето моторни возила и оштетување туѓи предмети. Во однос на начинот на сторување на кривичните дела, забележително е сторување кривични дела во групи со елементи на насилство. Освен насилството, детското престапништво го карактеризираат и зачестеност, агресивност, упорност и повторништвото. Кога децата вршат кривични дела во групи, најчесто групирањата се од нефомален карактер. Причините за приклучување кон групата се различни, но честопати се резултат од чувството на маргинализираност во општеството, проблеми со идентитетот, начин за надминување

на проблемите со социјална прилагоденост, можност да се дојде до парични средства во општество кое го карактеризира глобална криза, висока стапка на невработеност и ниски плати. Поаѓајќи од степенот на психофизички развој, со припадноста кон групата кај детето се создава и одржува нетолеранција и непочитување на општествено прифатливите норми, наспроти меѓусебна доверба и поддршка помеѓу членовите на групата. Во последната декада се бележи пораст на кривичните дела против здравјето на луѓето што ги вршат деца во судир со законот во однос на неовластеното производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори како и овозможување на употреба наркотични дроги.

4. Казнена политика во однос на детското престапништво

Феноменолошките карактеристики на трендовите на детското престапништво наведуваат на потреба да бидат претставени податоците во однос на казнената политика и изречените санкции спрема децата. Податоците покажуваат дека се застапени казната затвор за деца во помал број случаи, што е сосема очекувано, а дека е поголемо учеството на воспитните мерки.

Табела бр. 9/1: Видови на санкции изречени спрема деца во периодот од 2017 до 2019 година. Извор: Податоци од Државниот завод за статистика на РСМ.

Возраст	Вкупно	2017									2018									2019					
		Вкупно	Затвор од 5 до 8 години	Затвор од 3 до 5 години	Затвор до 2 години	Укор	Засилен надзор од родители	Засилен надзор од ЦСР	Воспитна установа	ВПД	Вкупно	Затвор од 5 до 8 години	Затвор 2 до 3 години	Затвор до 2 години	Укор	Засилен надзор од родители	Засилен надзор од ЦСР	Воспитна установа	ВПД	Вкупно	Затвор до 2 години	Укор	Засилен надзор од родители	Засилен надзор од ЦСР	ВПД
14-16 г.	596	112				11	63	34	2	2	73				10	39	18	3	3	82		20	32	28	2
16-18 г.	1693	256	1	3	1	39	128	75	3	6	257	1	1	1	36	107	101	5	5	218	2	30	90	95	1

Вкупно	2289	368	1	3	1	50	1191	109	5	8	330	1	1	1	46	146	119	8	8	300	2	50	122	123	3

Табела бр. 9/2: Видови на санкции изречени спрема деца во периодот од 2020 до 2023 година. Извор: Податоци од Државниот завод за статистика на РСМ.

Возраст	2020						2021							2022							2023						
	Вкупно	Затвор до 2 години	Укор	Засилен надзор од родители	Засилен надзор од ЦСР	ВПД	Вкупно	Затвор до 2 години	Укор	Засилен надзор од родители	Засилен надзор од ЦСР	Воспитна установа	ВПД	Вкупно	Затвор до 2 години	Укор	Засилен надзор од родители	Засилен надзор од ЦСР	Воспитна установа	ВПД	Вкупно	Затвор до 2 години	Укор	Засилен надзор од родители	Засилен надзор од ЦСР	Воспитна установа	ВПД
14-16 г.	80		27	29	21	3	83		28	31	24	-	10	66		11	28	21	-	6	100		29	40	27	2	2
16-18 г.	270	1	76	101	85	7	289	1	77	109	90	1	11	196	3	62	72	58	1	-	207	4	79	64	56	1	3
Вкупно	350	1	103	130	106	10	372	1	105	140	114	1	21	262	3	73	100	79	1	6	307	4	108	104	83	3	5

Најчесто изрекувани се воспитните мерки при што доминира Засилениот надзор од родителите. Имајќи ги предвид проблемите со семејството како ризик фактор, недостиг од можностите за соодветна институционална поддршка на семејствата коишто се дисфункционални, останува дилемата дали во практиката секогаш се води сметка за најдобриот интерес на детето при избор на санкцијата или се започнува секогаш со најлесната воспитна мерка на засилен надзор од страна на родителите. Особено е загрижувачко што има случаи кога кон исто дете со повеќе одлуки повеќекратно се изрекува истата воспитна мерка – засилен надзор од родителите.



Графички приказ бр. 11: Најчесто изрекувани санкции спрема деца од 2017 до 2023 година. *Извор: Податоци од Државниот завод за статистика на РСМ*.

ГЛАВА III
КАРАКТЕРИСТИКИ И ИЗВОРИ НА КАЗНЕНОТО ПРАВО СПРЕМА ДЕЦА

1. Основни карактеристики

Современите тенденции во постапувањето со децата се раководат од определбите содржани во меѓународните документи за правдата спрема децата според кои таа треба да се сфати и креира како формална компонента на поширокиот приод во справувањето со криминалитетот (Бужаровска et al., 2012). Во рамките на критериумите за креирање современ систем на правда спрема децата мора да се вброи и согледувањето што произлегува од повеќе компаративни криминолошки истражувања спроведени во различни европски држави, а чиишто заклучоци водат кон согледувањето дека детското престапништво во најголем број случаи е епизодно и редовно исчезнува во раното полнолетство (Бужаровска et al., 2012, стр. 18).

Современите тенденции во законодавството спрема децата укажуваат на потребата и едновремено ја потврдуваат истата во однос на доминантно место кое го имаат воспитните мерки, како тенденција што постои многу одамна во нашето казнено законодавство (Арнаудовски, 1979), како и акцент врз интервенциите наместо казнување и лишувањето од слобода со сместување во установите за деца.. Основа цел на ваквиот приод е да се одбегне загрозувањето на правилниот раст и развиток на младите лица во транзитниот период од дете преку адолесцент до полнолетна особа.

Во рамките на современата структура на казненото право повеќе од јасна е потребата од постоењето на казнено право спрема децата како и оправданоста од постоењето на посебно казнено законодавство (материјално, процесно и извршно) со кое несомнено и недвосмислено ќе биде уредена положбата на детето во казнениот систем. Оправдувањето за ова произлегува од самата цел на кривичната постапка спрема децата, а тоа е превоспитување, социјализација и правилен развиток на детето, но и елиминирање на причините кои го навеле детето на патот на делинквентното однесување, при што казнувањето за преземеното дејствие не е приоритет како што тоа вообичаено е во кривичната постапка према полнолетни лица.

Првично, ЗМП внесе сосема нов приод во постапувањето со децата и малолетниците поаѓајќи од начелата на кои почива КПД, документите на ООН во однос на методите што треба да бидат застапени при постапување со деца и малолетници, превенирање на малолетничката делинквенција, како и имплементација на препораките на Советот на Европа. ЗМП претставуваше успешен сублимат на одредби кои припаѓаат на две области: малолетничка правда **(*juvenile justice system*)** и благосостојба на децата **(*child welfare*).** (Лажетиќ – Бужаровска, 2006, Лажетиќ – Бужаровска, Мисоски, 2011) Ваквата тенденција ја задржа и неговиот следбеник, ЗПД.

Со донесување на ЗПД системот на правда за децата во Република Северна Македонија може да се окарактеризира како посебен, конзистентен и кодификуван систем во смисла на материјално - правен и процесно - правен третман на децата. Различните облици на постапување предвидени во ЗПД овозможуваат индивидуализиран пристап прилагоден кон природата, интензитетот и траењето на интервенциите, ризикот од повторништво, возраста, ранливоста и степен на зрелост на детето. Со оглед на големиот број органи и установи вклучени во системот на реакција кон децата, ЗПД предвидува дека сите тие, како и телата и органите од кои се бараат известувања, извештаи или мислења се должни законски предвидените обврски,

односно бараните податоци да ги достават во најкус можен рок, но не подолго од 20 дена.

Основните начела на кои почива ЗПД се најдобриот интерес на детето, помош и заштита на детето и на неговите права, негова правилна социјализација, грижа, воспитување и превоспитување, ресторативна правда со посебен акцент врз улогата, интересите и положбата на оштетениот, превенција на детското престапништво на централно и локално ниво, како и заштита на детето-жртва од кривично дело (Бужаровска - Лажетиќ, 2013).

Системот на казненото право спрема децата е составен од:

I. ***материјално казнено право*** – систем на законски одредби со кои се уредува кривично правниот статус на децата сторители на кривични дела и системот на кривични санкции, алтернативни мерки и мерки на безбедност коишто може да му се изречат на детето кое е сторител на кривично дело;
II. ***казнено процесно право*** – систем на законски одредби со кои се определува поимот, организацијата и надлежност на органите во казнено правосудство спрема децата, поведувањето и водењето на кривичната постапка, нејзиниот тек и постапката по редовни и вонредни правни лекови;
III. ***извршно казнено право*** – систем на законски и подзаконски прописи со кои се определува организацијата и надлежноста на државните органи надлежни за извршување на кривичните санкции спрема деца, алтернативни мерки и мерки на безбедност и постапката на нивно извршување.

Неизбежно е во рамките на кривично право спрема децата да се проучува и положбата на децата кои се јавуваат како жртви на кривично дело односно како сведоци на сторено кривично дело. Со оглед на искуството коешто го имаа правосудните органи како и другите органи кои се надлежни во постапката спрема децата, повеќе од јасно станува дека многу повеќе внимание треба да се посвети на превенцијата на детското престапништво одошто на казнување. Со право сите современи законодавства повеќе внимание посветуваат на превенирање на детското престапништво преку елеминирање на сите ризик фактори кои се јавуваат како причина за детско престапништво, одошто за подигањето на репресијата спрема децата и изразување на ретрибутивен карактер на казнената реакција.

Казненото право спрема децата ги има следниве карактеристики:

- одредбите од КЗ не се однесуваат на деца кои во моментот на преземање на дејствието што ги содржи сите обележја на кривичното дело немаат навршено 14 годишна возраст, бидејќи тие не се активен субјект во кривичното право;[27]
- главниот постулат на системот на правдата за децата е различен од основниот постулат на казненото право спрема полнолетни сторители во таа смисла што основната цел на кривичната постапка спрема децата е социјализација, воспитување и превоспитување, помош и грижа за децата;
- казнено право спрема децата, во прв ред, има превентивен карактер;

[27] Според определени автори поимот кривична одговорност е инкомпатибилен со поимот дете под 14 години.

- системот на казнени санкции кои може да им бидат изречени на децата во прв ред се одликуваат со мерки на помош и заштита и со посебен акцент на ресоцијализација, со минимализирање на употреба на принуда, ограничување на слободата и со внимателно ограничување на репресијата. Последново е во согласност со Хаванските правила на ООН од 1990 година според кои во однос на малолетните сторители на кривичното дело се бара исклучителна односно минимална примена на каков било облик на лишување од слобода (Обиденети нации, 1990, чл. 11, т., б);
- воспитните мерки се основен облик на реакција спрема децата во судир со законот како сторители на кривични дела;
- казната затвор за деца може да се изрече во исклучителни случаи само спрема дете над 16 годишна возраст кое сторило кривично дело за кое е утврдена казна затвор над пет години или потешка казна, ако делото е сторено под особено отежнувачки околности и при висок степен на кривична одговорност на сторителот и притоа не би било оправдано да се изрече воспитна мерка.

Специфики има и казнено процесно право спрема децата. Во нашето процесно право постои специјализираност на органите кои учествуваат во постапката спрема деца и тие мора да поседуваат посебни знаења во областа на правата на детето и детското престапништво. Во однос на надлежниот суд, согласно ЗПД, постојат специјализираните судски оддели за криминалитетот на децата формирани во основните судови со проширена надлежност, коишто ги сочинуваат судии за деца, совети за деца и советници за деца. Во рамките на другите органи кои имаат надлежност во областа на правдата на децата спаѓаат Центрите за социјална работа, јавното обвинителство, МВР и установите за извршување на санкции за деца.

Судијата за деца, јавниот обвинител, адвокатот и овластените службени лица од МВР се должни најмалку пет дена во текот на годината да следат специјализирана обука за правда за деца во земјата или во странство. Советот за деца во основниот суд е составен од судија за деца и двајца судии - поротници. Освен горенаведените органи како специјализирани се јавуваат и судиите – поротници кои се избираат од редот на просветни работници, психолози, педагози, социјални работници и други лица кои имаат искуство во воспитанието и образованието на младите. Специјализираноста не се однесува само на судството туку и на јавното обинитество, односно на јавниот обвинител кој единствено може да се јави како овластен тужител во кривичната постапка спрема деца. Дополнителни услови се бараат и за бранителот на детето, кој може да биде само адвокат, со положен правосуден испит и со најмалку пет обуки во годината во земјата и странство.

2. Извори на казненото право спрема децата

Извор во формална смисла е општ правен акт кој во пишана форма е донесен од страна на надлежен орган (Матовски et al., 2011). Со оглед на фактот што казненото право спрема децата е позитивна правна дисциплина, негови извори се уставните и законските прописи и меѓународните договори кои содржат норми кои имаат релевантно влијание за правата на децата.

Изворите на казненото право спрема децата се делат на: домашни и меѓународни.

Домашните извори, според рангот што го имаат, се делат на:

- Уставни, законски и подзаконски,
- Главни и споредни.

.

2.1. Домашни извори на казненото право спрема децата

Најдобриот интерес на детето како едно од стожерните начела на кои се заснова КПД е водечката идеја во креирање на систем за постапување со децата што во фокусот го има третманот наместо казнувањето и пристап кој нема да има пунитивни елементи и последици туку ќе нуди помош, грижа, правилен раст, развој и социјализација на младата личност (Бужаровска et al., 2012, стр. 19).

Следејќи ги горенаведеново, како и тенденциите во повеќето европски земји (Германија, Франција, Хрватска) и во Македонија беше донесен посебен закон (*lex specialis*) кој се однесува на постапува спрема децата. Првиот таков закон беше ЗМП[28] со кој детално и современо беше уредена положбата на детето во материјалното и процесното казнено право. Со цел за терминолошко усогласување со КПД, беше донесен ЗПД,[29] при што истата терминологија ја задржа и ЗПД од 2024 година.[30] Со донесувањето на посебен закон со кој се уредува положбата на детето во кривичната постапка всушност се направи чекор напред во казненото законодавство издвојувајќи го детето од полнолетниот сторител во вистинска смисла на зборот. Денес, овој закон е основен, домашен и непосреден извор на казненото право спрема децата, кој има примат во примената во постапката против деца, а во определени случаи и спрема полнолетни сторители до 21 годишна возраст.

Претходно положбата на детето во казненото материјално право беше уредена во посебна глава на КЗ,[31] а во процесното казнено право во посебна постапка спрема малолетници во ЗКП.[32]

Главни домашни извори се:

Уставот на РСМ (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 52 од 22.11.1992 година со дополнителните Амандмани);

Закон за правда за децата (Службен весник на Република Северна Македонија, бр.66/2024);

Закон за извршување на санкциите (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24);

Споредни домашни извори на казнено право спрема деца се:

Кривичниот законик на РСМ, (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18, 36/23 и 188/23);

[28] ЗМД, Сл. весник на РМ, бр.87/07, 103/08, 161/08, и 145/10) закон вон сила од 01.12.2013 година;
[29] ЗПД, Сл. весник на РМ, бр. 148/13.
[30] ЗПД, Сл. весник на РСМ, бр. 66/2024.
[31] Одредби од член 70 до чл.90 кои се вон сила, КЗ, (пречистен текст) Сл. весник на Р.Македонија бр.19 од 30.03.2004 година.
[32] ЗКП Сл. весник на Р.Македонија бр.15 од 07.03.2005 година (Пречистен текст), во глава Г. Постапка спрема малолетници.

Законот за кривична постапка (Сл. весник на РСМ бр. 150/10, 100/12, 142/16 и 198/18);

Декларација за заштита на правата на детето (ратификувана од Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 20 октомври 2003 година).

Овие закони се јавуваат како посреден извор на казненото право спрема деца само во мера и обем во кој ЗПД упатува на одредбите од овие закони. Во таа смисла, на пример, како извор се јавува посебниот дел од КЗ во којшто се содржани инкриминациите на кривичните дела, понатаму во одредбите кои се однесуваат на извршувањето на кривичното дело од страна на повеќе лица (соучесници, соизвршители и поттикнувач) и сл. Општите одредби од ЗКП исто така се јавуваат како споредeн извор на кривичната постапка спрема децата итн.

Како **споредни домашни извори** се јавуваат и следниве закони:

Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22);

Закон за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/06, 62/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 96/19);

Закон за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/2020);

Закон за адвокатурата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.:199/2023

Закон за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 120/16, 127/16, 142/16, 190/16, 21/18, 135/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22);

Закон за полиција („Службен весник на Република Македонија" бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 294/21 и 89/22);

Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23);

Законот за странци („Службен весник на Република Македонија" бр. 97/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/19, 294/21 и 284/23)

Закон за заштита на сведоците („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05, 58/05 и 71/18);

Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2021);

Закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство („Службен весник на Република Македонија" бр. 247/2022).

2.2. Меѓународни извори на казненото право спрема децата

Меѓународни извори на казнено право спрема децата се меѓународните инструменти кои уредуваат проблематика врзана за децата и казненото материјално, процесно или извршно право.

Притоа напоменуваме дека како извор може да се јават само меѓународните инструменти кои се ратификувани во согласност со Уставот на РСМ[33] со што истите станале дел од внатрешниот правен поредок и не може да се менуваат со закон.

Во продложение се наведени сите меѓународни инструменти кои содржат одредби за правата на децата во кривичните постапки. Дел од нив се ратификувани и како такви се составен дел на македонското законодавство, дел од нив се во прецес на ратификација, а дел се наведени за да се добие целосна слика за положбата на детето во меѓународите инструменти. Како меѓународни извори се јавуваат само оние кои се ратификувани од страна на Собранието на РСМ.

Во нив спаѓаат, пред сè, **документите на ООН:**

Декларација за правата на детето - Женевска декларација од 1924 година;

- Декларација за социјалните и правни принципи кои се однесуваат на заштитата и благосостојбата на децата со посебен осврт на посвојувањето и сместувањето (UN General Assembly, 1986);
- Стандардни минимални правила за спроведување на малолетничка правда (Пекинишки правила); АНЕКС на Стандардни минимални правила за спроведување на малолетничка правда (Пекиншки правила);
- Конвенцијата за правата на детето (КПД); Факултативен протокол кон КПД кој се однесува на вклучување на децата во вооружени конфликти; Факултативен протокол кон КПД кој се однесува на продажба на деца, детска проституција и детска порнографија;
- Упатства за спречување на малолетничка делинквенција (Ријадски упатства);
- Прописи за заштита на малолетници лишени од слобода (Хавански правила);
- Прописи за заштита на малолетници лишени од слобода;
- Стандардни минимални правила на ООН за вонзаводски мерки (Токиски правила);
- Протокол за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца, со кој се дополнува Конвенцијата на ООН Против транснационалиот организиран криминал;
- Водич за постапка кон децата во системот на кривична правда препорачан во Резолуција број 1997/30 од 21 Јули 1997 година на Економскиот и Социјален совет;
- Развој и имплементација на мерките на медијација и ресторативната правда во кривичната правда;
- Резолуција 1999/26, 28.07.1999 година;
- Резолуција на ООН 2002 за Правата на детето;
- Општ коментар број 10 на ООН: права на децата во малолетничка правда (ОН, CRC/C/GC/10, 25 април 2007 година);

[33] Чл. 118 од Уставот на РСМ.

- Општ коментар на ООН бр.12: право на детето да биде сослушано (ОН, OCRC/C/GC/12, 20 јули 2009 година);
- Декларација за основните принципи за употребата на програмите на реставтивна правда во кривичната материја од 2002г.;
- Основни принципи за примената на програмите за реставтивна правда во кривичните предмети;
- Водич за постапка кон децата во системот на кривична правда препорачан во Резолуција број 1997/30 од 21 Јули 1997 година на Економскиот и Социјален совет;
- Развој и имплементација на мерките на медијација и реставтивната правда во кривичната правда,
- Резолуција 1999/26, 28.07.1999 година;
- Заштита на сведоците и жртвите - EKO SOS Упатства – Резолуција 2004/27;
- Упатства за правосудните прашања кои вклучуваат деца жртви и сведоци на кривични дела упатства за правосудните прашања кои се однесуваат на децата жртви и сведоци на кривични дела кои ги состави меѓународното биро за детски права (Бужаровска et al., 2012, стр. 241-520).

2.3. Европски документи како извори на казненото право спрема децата

Во европските документи се вбројуваат документите донесени од страна на СЕ и на ЕУ, а кои се круцијални во креирање и унапредување на системот за правда на децата.

Документи на СЕ:

- Конвенција за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба;
- Европска Конвенција за остварување на детските права;
- Препорака бр. R (91)11 за сексуалната експлоатација, порнографија и проституција и трговија со деца и помлади полнолетници (Council of Europe, 1991);
- Резолуција бр. 2 за социјалната мисија на системот на кривична правда – реставтивна правда, МЈУ-26(2005);
- Препорака бр. R (97) 12 за кадрите задолжени за спроведување на санкции и мерки;
- Препорака R (93) 2 за медицинско – социјалните аспекти на злоупотребите на деца;
- Препорака бр. R (99) 19 за медијацијата во кривичната материја;
- Препорака R (2000) 20 за улогата на раната психосоцијална интервенција во спречувањето на криминалитетот;
- Препорака Rec. (2003) 20 за новите начини на постапување со малолетничката делинквенција и улогата на малолетничката правда;
- Препорака Rec.(2003)22 за условниот отпуст;
- Препорака Rec.(2006)1 за улогата на националните младински совети во развивањето на политиката;

- Препорака Rec (2006) 8 за помош на жртвите на криминал;
- Препорака Rec(2006)13 за употребата на притворот, условите на притворање и обезбедување гаранции против злоупотреба;
- Препорака CM/REC(2008)11 за Европските правила за малолетни престапници субјекти на казнени санкции или мерки;
- Препорака CM/Rec (2010)1 за пробациските правила (Бужаровска et al., 2012, стр. 520-687);
- Препорака ЦМ/РЕЦ (2017) 3 за Европските правила за санкции и мерки што се извршуваат во заедницата (Council of Europe, 2017);
- Упатствата на Европскиот комитет за ефикасност на правдата за подобра имплементација на Препораката Р(99)19 за медијација во кривичната материја (CEPEJ, 2007);
- Препораката во однос на ресторативната правда во кривичната материја (Council of Europe, 2018).

Документи на ЕУ:

- Директива за воспоставување минимални стандарди за правата, поддршката изаштитата на жртвите од кривични дела (Директива 2012/29/ЕУ, 2012);
- Директива (ЕУ) 2016/343 на Европскиот парламент и Советот за зајакнување на одредени аспекти на презумпцијата на невиност и правото да бидат присутни на судењето во кривична постапка;
- Директива 2016/800 на Европскиот парламент за процедуралните гаранции на децата осомничени или обвинети во кривичната постапка, вклучително и директивите кои се посочуваат во оваа директива;
- Директива 2013/48/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот за правото на пристап до адвокат во кривична постапка и во постапки за европски потерници, како и за правото на трето лице да се информира за лишување од слобода и да комуницира со трети лица и со конзуларните органи додека е лишен од слобода;
- Директива на Советот 2004/80/ЕЗ од 29 април 2004 година во врска со компензација на жртвите на криминал, OJ L 261, 6.8.2004, стр. 15-18;.
- Директива 2011/99/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 13 декември 2011 година за европскиот налог за заштита; Регулативата (ЕУ) бр. 606/2013 на Европскиот парламент и на Советот од 12 јуни 2013 година за заемно признавање на мерките за заштита во граѓански прашања;
- Директива 2011/36/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 5 април 2011 година за спречување и борба против трговијата со луѓе и заштита на нејзините жртви;
- Директива 2011/93/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 13 декември 2011 година за борба против сексуалната злоупотреба и сексуална експлоатација на деца и детска порнографија;
- Директива (ЕУ) 2017/541 на Европскиот парламент и на Советот од 15 март 2017 година за борба против тероризмот.

Усогласувањето на домашното законодавство со меѓународните стандарди е од клучно значење за ефективна заштита на правата на децата во кривичните постапки. Примената на меѓународните препораки и конвенции овозможува:

- ✓ Стандарден пристап: Сите држави да ги следат истите принципи за заштита на децата.
- ✓ Ресоцијализација и реинтеграција: Казнувањето на децата треба да има воспитна, а не репресивна функција.
- ✓ Превенција: Намалување на рецидивизмот преку програми за едукација и поддршка.

ГЛАВА IV
ПОИМ НА ДЕТЕ И ПОУКИ ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

1. Детерминанти кои го определуваат поимот дете

Детерминантите што на посебен начин ја определуваат положбата на детето како сторител на казнено дело во материјалното и процесното казнено право може да се објаснат само со посебностите на личноста на детето. Оттука и потребата да се објаснат оние особености што личноста на детето ја прават специфична, кои претходно беа елаборирани.

Обидите да се изгради една целосна слика за приодот кон човекот, за она што е важно и карактеристично за него како личност, односно за она што ја чини психолошката структура на човекот како индивидуа и она што е општо и заедничко за човечкиот род датираат од многу одамна (Нанев, 2003, стр. 81). Специфичноста на делинквентното однесување кај децата несомнено е резултат на нивната недоволна био-психичка и социјална зрелост (Кнежевич, 2010). Современите кривични законодавства секако го земаат во предвид овој факт и во своите законодавства предвидуваат поинакви норми за децата како сторители на кривични дела, кои се разликуваат и по степенот на кривична одговорност, начела врз кои почива постапувањето кон децата, но и по системот и по висината на санкциите за разлика од оние коишто важат за полнолетните сторители на кривични дела.

Важноста на раното психосоцијално дејствување (Council of Europe, 2000), од една страна, се поврзува со фактот што младите лица се во процес на психофизичко развивање и проблемите со социјализацијата може да придонесат за скршнување кон криминално однесување, а од друга страна, со сознанието дека оној што дошол во судир со законот на рана возраст и не бил соодветно третиран е во опасност да се впушти во сериозни облици на казнени дела уште додека е дете (Бужаровска & Пајовиќ – Мишевска, 2010).

Во духот на споменатата препорака на Советот на Европа, под поимот "деца во ризик" се подразбираат лица на возраст до 18 години изложени на многукратни ризични фактори, додека пак „рана психосоцијална интервенција" опфаќа мерка или активност со цел за откривање деца во ризик и редуцирање на веројатноста за нивно идно инволвирање во криминални активности. Програмите за психосоцијална интервенција се спроведуваат во соработка со семејството, училиштетото и локалната средина односно соседството на детето.

Примената на програмите треба да се заснова на принципите на ефикасност, минимална интервенција, пропорционалност, нестигматизација и недискриминација.

Сè повеќе се зголемуваат поддржувачите на согледувањето дека е неопходно да се дефинираат форми на реакција кон младите лица кои скршнале од вообичаениот начин на постапување, иако тоа сè уште не значи судир со законот. Отсуството на навремена и квалитетна реакција честопати е причина за впуштање на лицето во криминално однесување што пак значи дека релевантните служби одговорни за следење на однесувањето на младите лица затаиле: пред се службите во училиштата (педагози, психолози), односно соодветните социјални органи. Вклучувањето на правосудните органи веќе зборува за неуспешна превентивна мисија на повиканите служби. Нов начин на постапување е неопходен бидејќи во услови на континуиран нагорен тренд на детското престапништво забележува промена во природата и

сериозноста на сторените дела од каде произлегува нужноста за нови приоди и методи на постапување.

Вонинституционалниот приод подразбира мултидисциплинарност во процесот на детектирање и надминување на причините за проблематично или деликвентно однесување како и постигнување на прифатливо конечно решение, што подразбира инволвираност на потесното семејство на детето, претставници од училиштето, оштетениот и претставници од непосредната локална заедница (Council of Europe, 2003).

Препораките на Советот на Европа најголема примена наоѓа во одредбите на ЗПД во којшто се предвидени неколку неформални облици на постапување во кои може да се вбројат постапка за мерки на помош и заштита како и постапката за медијација. Двете постапки имаат ресторативни аспекти – првата се фокусира на заштитата на правата на оштетениот и можностите за обештетување, додека втората, преку медијаторот, има за цел да помогне во постигнување заемно прифатливо решение за сите инволвирани страни (Бужаровска & Пајовиќ – Мишевска, 2010).

Од био-физичката и психо-социјалната конституција на младата личност произлегуваат карактеристики и состојби што го детерминираат општественото поведение, положбата и статусот. Детството е релативно кратка фаза од животот во која доминира љубопитноста, желбата за истражување и потребата за искуствено учење. Ова е период во кој одговорноста за детето ја носат неговите родители. Токму ова е една од причините поради кои, дури и во случаи кога детето направило грешка, прашањето на одговорноста не се третира на ист начин како кај возрасните (Нанев, 2003, стр. 32). Дополнително, процесот на преминување од малолетство во полнолетство се одвива во специфични и често комплицирани околности, кои можат да поттикнат однесување што законски може да се квалификува како детско престапништво (United Nations, 2003, стр. 189).

Современите кривични законодавства покажуваат тенденција кон зголемување на старосната граница за тоа кога едно лице се смета за дете. Оваа промена овозможува во групата малолетници да се вклучат и лица кои, иако го достигнале законскиот праг на полнолетност во моментот на извршување на кривичното дело, сè уште не ја развиле потребната психолошка зрелост за да бидат третирани како полнолетни сторители односно не го достигнале степенот на зрелост за врз нив да се применуваат кривични санкции наменети за полнолетните.

Животната реалност бара од теоријата, како и од легислативата, разбирање за неможноста секогаш возраста да се подреди на законот како правен пропис. Имено, не може да му се суди на неполнолетен сторител на кривично дело, кој интелектуално и волево е незрел, по исти законски постапки со оној полнолетен сторител кој според степенот на зрелост одговара на законскиот критериум за лимитирање на старосните граници, односно кој е интелектуално зрел и емоционално стабилен, извршувањето на кривичното дело го планира и организира со однапред планиран исходот од неговото дејствување.

Така, кривичното право релевантно за децата, ќе се збогати со нови можности за зголемување на својата ефикасност кога се во прашање децата, во што всушност се гледа иднината на современото кривично законодавство воопшто - да стане поефикасно и да понуди подобри можности за ресоцијализација и превенција (Марјановиќ, 1998, стр. 249).

Минималната возраст за преземање на кривична одговорност се разликува поради историски и културни фактори. Модерниот пристап се состои во разгледување на тоа дали детето е дораснато на моралните и психолошките компоненти на кривичната

одговорност, односно дали детето со самото свое сфаќање и разумно размислување може да се повика на одговорност за манифестирано антисоцијално однесување.

Ако возраста како критериум за влез во кривичната одговорност е фиксирана на низок степен или ако долната граница воопшто не постои, поимот на одговорност ќе ја загуби смислата.

Општо земено, постои тесна врска помеѓу концептот за одговорност за делинквентно и кривично однесување и други општествени права и одговорности (како на пример, стапување во брак, полнолетство, итн.). Затоа треба да се прават напори да се постигне согласност за прифатлива долна граница на старост, којашто може да се применува во меѓународни размери.[34]

Како што и претходно беше наведено кривичните законодавства во другите земји од светот се присутни различни решенија. Имено, во поглед на долната граница на детството, што воедно служи и за разграничување на дете од малолетник, има земји кои воопшто не ја определуваат долната граница на кривична одговорност на децата, а други земји оваа граница ја определуваат од 7 до 16г. Исто така во поглед на определувањето на горната граница која служи за разграничување на детството од полнолетноста постојат големи разлики и тоа од 15 до 21г. (Нанев, 2003, стр. 32).

Без оглед на фактот што најголемиот број кривични законодавства границата на неспособноста за кривична одговорност ја стават на 14 - годишната возраст, како критичната граница од чие исполнување детето може да се повика на одговорност за сторено казнено дело, сепак сè уште постојат многубројни колебања во две насоки.

Првото колебање е поврзано со дилемата дали границата од 14 години е прениска или превисока. Прениска, со оглед на фактот што многу психолози се обидуваат да докажат дека во ова време младите лица побрзо созреваат во физичка и психичка смисла, а тоа овозможува нивната социјална зрелост да се оствари побрзо и порано. Оттука тие изразуваат тенденција дека долната граница за способноста за казнена одговорност треба да се спушти подолу (на 10 или 12 години од животот). Да напоменеме дека нашиот Закон за социјална заштита, малолетноста (статусот на дете) ја определува на 10 години. Оваа тенденција за спуштање на границата за казнена одговорност под 14 години е под силно влијание на современите услови и односи на животот. Сè поприсутно е емпириски провереното сознание дека во современиот криминалитет што се наоѓа во постојан пораст, силно е изразена тенденцијата на учеството на децата во криминалитетот да се зголемува и во тие рамки да се зголемува учеството на оние под 14-годишна возраст. Скоро 30% од отфрлените пријави од страна на јавниот обвинител се однесуваат на деца кои не се способни за кривична одговорност (Нанев, 2003, стр. 34). Од друга страна овие лица некогаш се јавуваат како сторители на тешки казнени дела со тешки последици.

Втората колебање е насочено кон настојувањето да се подигне границата на способност за одговорност на 16, односно на 18 години од животот. Помал е бројот на кривичните законодавства што го прифаќаат ова решение. Ова инсистирање се објаснува со фактот што казнено право спрема деца е похумано, ослободено од репресија и на тој начин се создаваат претпоставки врз поголем број сторители на казнени дела да се примени казненото законодавство спрема деца. На тој начин голем број лица ќе бидат заштитени од примена на казни.

Првата тенденција е резултат на сознанијата за зголемен тренд на детското престапништво. Ова тежнение се вклопува во современите тенденции за грижата на општеството за детето и одговорноста на општеството за правилен развој на детето.

[34] Ова е предвидено со Правилото бр. 4 од Пекингшките правила.

Го истакнуваме тврдењето дека детето што сторило казнено дело не смее да остане без никаква реакција на општеството или неговите органи. Нему мора да му се покаже дека сторило нешто што е противправно, што не е општествено прифатливо и кое повлекува некаква санкција. Во таа смисла и теориите на детско престапништво се обидуваат да ги идентификуваат главните причини и фактори кои придонесуваат младата личност од личност која се придржува кон правните норми да премине во личност во судир со тие норми (Burfeind & Bartusch, 2011).

Во некои држави покрај судовите за деца (редовните судови) постојат други судови (полициски судови, семејни судови или други) кои не ги казнуваат овие деца, но преземаат мерки на грижа, воспитување, надзор и слично, со што се остварува поставката дека казненото законодавство во својата основа ја има грижата за детето и неговите интереси за правилен развој. Ова стојалиште се брани и со научните сознанија за побрзото, особено социјално, созревање на децата во современите услови бидејќи децата имаат пристап до голем број информации, а техничко-технолошкиот развој, модерните облиц на комуникација и масовната компјутеризација, секако им овозможуваат побрзо созревање.

Задирањето во старосните граници на способност за казнена одговорност загатнува многу проблеми и тоа е сериозно бидејќи е прашање што се наоѓа во центарот на казнениот систем и тоа зад себе повлекува многу други прашања на казненото право. Оттука потекнува прифаќањето на компромисен пристап преку воведувањето на категорите во казненото право - **„помлади полнолетни лица**" која категорија всушност претставува можност да се разрешат некои проблеми што не можеа да се разрешат преку институтот „малолетност". На оваа категорија и се одреди ист правен статус како кога се во прашање деца како сторители на казнени дела. Тоа се лицата што во времето на сторувањето на делото или во времето на судењето не наполниле 21 година од својот живот. Ова е катерогија на сторители на кривични дела кои иако според возраста треба да бидат доволно зрели, свесни, промислени и одговорни, тоа не е секогаш случај, па им се нуди „втора шанса", иако полнолетни да имаат посебен режим на постапување како преодна категорија помеѓу децата и полнолетните.

Со овие решенија кои во основа се компромисни се разрешуваат некои проблеми. Особено го истакнуваме фактот дека децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела, не смеат да останат без општествена реакција на таквото поведение, бидејќи на тој начин кај младата личност се изградува системот на вредности, она што е добро, а што зло, што е допуштено, а што е забрането, што е казниво, а што прифатливо во меѓусебните односи на луѓето. Второ, тоа е општ пристап кон обликување, зацврстување на општествената дисциплина и одговорност на младиот човек. Во современото општество, дисциплинираноста на човекот е услов не само за неговиот успех во животот, туку битен услов за негово опстојување и соживот.

Зборувајќи за прашањата сврзани за казнената одговорност на децата внимание заслужуваат уште две согледувања:

Прво, целокупното социјално живеење и развој на човекот се остварува меѓу разликувањето на доброто и злото. Тоа се нешта во кои човекот најрано и најбрзо стекнува искуства. Стекнува сопствени искуства, но поради големото значење на оние облици на човечко поведение значат нанесување зло, заради заедничкото живеење, најбрзо, најрано се осознаваат, се изградуваат критериуми за тоа што е лошо, што е недопуштено, што е тоа што заедницата не го одобрува. Врз таа теза во суштина се гради и постапката за одговорноста на секој човек за неговите постапки, однесување, но и за казнената одговорност. Во услови кога уште посилно се нагласуваат проблемите сврзани со заштитата на слободите и правата на детето, низ системот на заштита, грижа и помош, тогаш и прашањето за одговорноста во однос на постапките се поставува во

нови релации и на нов начин. Во тие рамки како две дијаметрално различно поставени појави, на едната страна правата и заштитата, на другата страна – одговорноста, во казненото право се бараат решенијата за поставување на проблемот на одговорноста на начин на кој ќе се реализира во функција на стекнување позитивни и негативни искуства за да не се повтори тоа.

Второ, самиот факт што во меѓународните инструменти нема единствен став за тоа која е возраста од која детето може да се повика на одговорност (казнена) за своите постапки, е доказ за севкупната сложеност на проблемот. Натаму, и тогаш кога се определуваат различни граници на старост во однос на способност за одговорност од седум години нагоре и во рамките на оној период од животот што се нарекува „детство" постојат различни категории со различни облици на одговорност и со тоа различни системи на реакција со казнени мерки.

Детето е дете, но тоа истовремено е и „субјект", тоа е „личност" и во тие рамки ќе се бара и казнената одговорност, тогаш кога ќе стори казнено дело.

2. Дефинирање на поимот дете

Определувањето на границата на способноста за казнена одговорност кога е во прашање детето, отсекогаш во кривично-правната теорија и практика предизвикува голем интерес, покренува многубројни дилеми и постојано е во сферата на актуелност. Проблемот се изразува преку прашањето: која е таа возраст во која детето може да се смета за способно да го сфати значењето на своето казнено дело и да управува со своите постапки како основа за негово повикување на одговорност и примена на кривични санкции.

Основен елемент кој служи за разграничување на детското престапништво од останатиот вид на криминалитет е возраста на сторителот на кривичното дело означена како малолетна возраст, а самиот сторител како дете. Категоријата дете настанува во кривичното право како потреба да се издвојат оние лица кои поради својата биолошка, емоционална, психолошка и социјална незрелост не треба да се третираат и казнуваат на ист начин како и возрасните (Арнаудовски, 1984).

При определувањето на поимот дете постојат некои општи сфаќања и претпоставки кои сами по себе не се доволно прецизни и остават можност за нивно различно толкување. Објективно, малолетноста се идентификува со постигнување определена возраст, а субјективно кога е во прашање делинквентното поведение се поаѓа од сфаќањето дека детето е неоформена личност во развој која нема постигнато биолошка, емоционална, соматска, интелектуална, емоционална (психолошка) и социјална зрелост и поради тоа не е во состојба да го сфати значењето на своето поведение и да управува со своите постапки (Нанев, 2003, стр. 26; Обединети нации, 1985). Детето е младо лице, кое според соодветниот правен систем може да одговара за кривично дело на поразличен начин од оној што постои за возрасните.

Дете со проблематично однесување не е делинквент, туку тоа е дете изложено на ризик да стане престапник, да манифестира неприфаливо, односно девијантно однесување. Сепак, и покрај посебната психичка состојба која може, но и не мора да биде пропорционална со возраста на детето, не може да се допушти определени поведенија на детето да поминат без општествената реакција која укажува на допуштеноста, односно недопуштеноста на таквото поведение во смисла на општествена и правна прифатливост.

Детето се определува како незрела личност, неоформена личност, личност во развој. Незрела личност бидејќи не е созреана биофизички, затоа што расте и се развива. Детето нема достигнато потребен степен на емоционална, физичка, психолошка и интелектуална зрелост (Нанев, 2003, стр. 27). Зрелоста и возраста не секогаш се во знак равенство кај различни млади индивидуи. Детето е личност којашто нема изграден систем на вредности, нема оформено карактерни особини, емоционално е особено чувствително и реагира бурно и импулсивно. Многупати е во состојба на расчекор помеѓу желбите и можностите што раѓа незадоволство и фрустрации. Дејствијата ги прави под силно влијание на нагоните и емоционалната чувствителност, поради недостиг од информации и неможност да донесе релевантна одлука, детето многу лесно потпаѓа под надворешни влијанија од своите врсници, од оние коишто ги доживува како идоли но и од лицата кои им пркосат на авторитетите, неприфаќаат правила и секое наметнато мислење и критика честопати ја доживува како нешто што ја задушува неговата самоиницијативност, оригиналност и ентузијазам. (Камбовски et.all.2018)

Во Република Северна Македонија, пред донесувањето на ЗПД и пред донесувањето на неговиот претходник ЗМП,[35] – прашањето за кривичната одговорност на децата беше уредено со КЗ. Имено, во КЗ имаше посебни одредби во однос на општите правила за казнување на малолетниците, при што како помлад малолетник се сметаше лице кое во време на извршувањето на кривично дело наполнило 14, а не наполнило 16 години, а постар малолетник беше оној малолетник кој во време на извршувањето на кривичното дело наполнил 16, а не наполнил 18 години (Камбовски, 2008). Во чл. 71 од КЗ беше определен и поимот на дете, како малолетник кој во времето на извршувањето на кривичното дело не наполнил 14 години, додека во чл. 82, категоријата помлад полнолетник се однесуваше на полнолетен извршител кој во времето на извршување на кривичното дело не наполнил 21 година, што значи лице на возраст од 18 до 21 година.

Во ЗМП дефинирањето на категориите што тој ги опфаќање беше двојно и ги познаваше и категоријата „дете" и категоријата „малолетник". Но заради усогласување со меѓународните инструменти, нашиот законодавец одлучи да го користи терминот „дете" наместо „малолетник", чијашто оправданост е доста дискутабилна (Koshevaliska & Nanev, 2014).

Во македонското казнено законодавство со ЗПД од 2013 година,[36] се напушти терминот „малолетник" и се прифати единствениот поим „дете" по примерот на КПД. Во согласност со КПД (Обединети нации, 1989), „дете" е секое човечко битие кое не навршило 18 годишна возраст, доколку врз основа на закон кој се однесува на детето, полнолетството не се стекнува порано (Бужаровска et al., 2012, стр. 286).

Основната дефиниција во ЗПД е дека под **дете** се подразбира секое лице на возраст до 18 години.

Со цел да се разграничат различните категории деца според возраста, преземените дејствија, состојбите на ризик, можните казнени реакции, мерки и санкции што може да се определат односно изречат, поимите на дете може да се групираат во неколку групи:

[35] Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 87, 12 јули 2007, закон вон сила;
[36] Сл. весник на РМ бр.148/2013.

I. **Деца во ризик**

Дете во ризик е секое дете кое наполнило пет,[37] а не наполнило 18 години кај кое постои некоја од следниве состојби: попреченост, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/от, односно старателот, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува или користи дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејство кое со закон е предвидено како прекршок или дејство кое со закон е предвидено како кривично дело.

Како дете во ризик ќе се смета и лице чијашто возраст не може со сигурност да се утврди до моментот на утврдување на возраста.

Дете во ризик до 14 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието кое со закон е пропишана како кривично дело за кое е пропишана парична казна или затвор над три години или дејство со закон предвидено како прекршок наполнило пет, а не наполнило 14 години.

Дете во ризик од 14 до 18 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е пропишана парична казна или затвор до три години или дејство со закон предвидено како прекршок наполнило 14, а не наполнило 18 години.

Од прифатените дефиниции произлегува законодавецот се определил за двојно значење на „ризикот" кој се однесува на старосната група од 5 до 18 години. Ризикот ги опфаќа различните ризик фактори кои го загрозуваат правилниот раст, развој, воспитание и социјализација на детето. Потребата за широкото определување на ризик факторите произлегува од настојувањето на законодавецот да го антиципира и превенира допирот на детето во ризик со органите за кривичен прогон и сторителите на кривични дела. Токму од овие причини ризик факторите ги определува како состојби поради кое детето во ризик може да дојде во допир со закон и тоа или како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или како кривично дело.

Настојувањето е да се одбегне инволвираноста на детето во системот на кривична правда како негов учесник, а не како сторител на кривично дело.

Второто значење на ризикот е отсуство на кривична одговорност во случај кога детето од 5 до 14 години презело дејствието кое со закон е предвидено како кривично дело и за кое е утврдена парична казна или затвор над три години, односно дејствие кое со закон е предвидено како прекршок.

Произлегува дека кога детето од 5 до 14 годишна возраст ќе преземе инкриминирачки дејствија што го чинат обележјето на некое кривично дело, тоа не се смета за сторител на кривично дело и кон него не се води класична, формална, кривична постапка, туку се смета за дете во ризик и кон него може да се преземат само мерки на помош и заштита.

Примената на начелото на целесообразност им овозможува на органите на кривичниот прогон да не иницираат судска постапка и кон дете во ризик од 14 до 18 години кое презело дејствие што со закон е предвидено како кривично дело и за кое е

[37] Во ЗПД од 2013 година, како дете во ризик се сметаше секое дете кое наполнило **седум,** а не наполнило 18 години.

утврдена парична казна или затвор до три години или дејствие кое со закон е предвидено како прекршок. На овој начин, ризикот се проширува и врз децата од 14 до 18 годишна возраст, но само во случај кога тие ќе сторат полесно кривично дело што се одмерува според пропишаната казна во КЗ.

Поимот на „дете во ризик" согласно Ријадските правика е одреден врз широка психо-социјална основа и има за цел издвојување и посебен третман на деца од пет до 18 години заради преземање мерки на рана заштита и превентивна интервенција кон децата кои се во ситуација на загрозување на нивното здравје, воспитување, социјализација и правилен развој. Опасноста за развојот на детето може да има ендогени (болест, заостанат душевен развој итн.) или егзогени причини, како што е средината во која тоа живее (семејната состојба) или пошироките социо-економските услови во кои се развива (сиромаштија, бегање од училиште, негативни влијанија на средината, питачење итн.). Одредбава упатува на неколку околности: телесна попреченост или пречки во менталниот развој, ситуација во која детето е жртва на насилство или е воспитно и социјално запуштено, состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите, односно старателите, состојба во која детето не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, или е вовлечено во питање, скитање или проституција, употреба на дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол. Со таквата околност треба да биде создадена опасност детето да дојде во судир или во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие коешто со закон е предвидено како прекршок или како казнено дело. Опасноста се манифестира како состојба на непосредна можност детето да изврши дејствие со закон забрането како прекршок или казнено дело и може да биде манифестирана и со извршувањето такво дејствие во случаите во кои и тоа се третира како постапување на дете во ризик до 14 години или дете во ризик од 14 до 18 години.

Постапувањето со „деца во ризик" има карактер на преземање мерки од центрите за социјална работа, училиштата и другите институции мотивирани исклучиво со превентивни цели, коиште не се состојат само во отстранување на негативните фактори на влијание, туку и во унапредување на правата и благосостојбата на детето. Покрај одредбите од овој закон што се однесуваат на постапување со дете во ризик, со законите за семејството, образованието и воспитувањето и социјалната заштита се определени општи мерки на примарна превенција што се однесуваат на грижа, заштита и развој на децата воопшто како и мерки на секундарна и терцијална превенција.

Секундарната превенција се остварува со идентификација на „децата во ризик" од воспитните и образовните институции и центрите за социјална заштита и постапување со такви деца што опфаќа шест фази: идентификација на проблемот (социјални работници, учители, полиција во контакти со родители итн.); лоцирање на проблемот (во средината каде постои таква опасност); идентификација на децата (собирање на информации за групи деца во ризик); поставување на временска рамка за акција (координирана од повеќе структури, воспитувачи и др.); мониторинг на програмата и натамошно следење на ефектите на програмата. Терцијалната превенција опфаќа мерки за индивидуални случаи насочени кон дете во ризик што имаат карактер на заштита и помош, или пак кон неговото семејство и друга средина (образовни институции).

Поимот на „дете во ризик до 14 години" законот го изедначува со другите основи за оценување на состојба на ризик, опфатени со општиот поим на „дете во ризик", и извршувањето дејствие со закон предвидено како потешко казнено дело за кое е пропишана казна затвор над три години или прекршок од дете на возраст од пет до 14 години. *Argumentum a contrario*, во оваа категорија не влегува дете на таа возраст коешто ќе изврши некое дејствие предвидено како полесно казнено дело, ако не

постојат други индикации според кои може да се оцени дека се работи за „дете во ризик". Оваа категорија е по правило изземена од формално судско постапување, освен кога се исполнети условите за судска постапка. (Камбовски et all., стр.96-102)

II. Деца во судир со законот

Дете во судир со закон од 14 до 16 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е пропишана казна затвор над три години наполнило 14, а не наполнило 16 години.

Дете во судир со закон над 16 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е пропишана казна затвор над три години наполнило 16 години, а не наполнило 18 години.

Во оваа група спаѓаат всушност двете старосни категории деца кои со поранешната терминологија беа означувани како „помлади малолетници" и како „постари малолетници". Суштината на кривичната одговорност останува иста, а само е прифатена нова терминологија, со една важна разлика во однос на кривична одговорност само за потешки кривични дела казниви со затор над три години, бидејќи за полесните се применува начелото на целесообразност и истите се третираат како деца во ризик.

Законот не употребува израз „сторител на кривично дело", за да ја нагласи разликата помеѓу законското уредување на правдата за деца и казненото право резервирано за полнолетни сторители на кривични дела, којашто не е само терминолошка, туку имплицира низа посебности: од начелата на постапување до мерките и санкциите, чиишто функции и цели се предодредени со интересите на детето за помош, заштита и превоспитување.

Разликувањето помеѓу два поими на дете во судир од 14 до 16 и над 16 (до 18) години е во функција на диференцирање на одделните мерки и санкции и можноста за кривична одговорност: за првата категорија со законот се пропишани само воспитни мерки, додека за втората и казна или алтернативна мерка.

III. Дете жртва

Дете жртва е секое дете на возраст до 18 години кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите како последица на сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело.

За ***дете жртва*** се смета и лице чија возраст не може со сигурност да се утврди, ако постојат причини да се верува дека е дете жртва.

За жртва се сметаат и ***членовите на семејството на детето жртва***, чијашто смрт настапила како резултат на кривичното дело и кои претрпеле штета како последица на смрт на детето жртва.

ЗПД посебно внимание им посветува на децата жртви како лица до наполнети 18 години, при што за едно дете да добие статус жртва потребно е да претрпело штета, повреда, страдање, загуба или загрозување на неговите права и интереси како

последица на сторено кривично дело. Во корелација со дефиницијата на дете во ризик станува јасно дека недоволно рано се реагирало за откривање и надминување на ризик факторите поради кои сепак детето дошло во допир со законот како жртва на кривичното дело.

ЗПД од 2024 година за првпат пропишува поширок опфат на тоа кое лице може да добие статус на жртва. Па во оваа смисла како дете жртва ќе се смета и лице чија возраст не е позната, кога постојат причини да се верува дека е дете жртва. Ваквиот пристап овозможува хуман пристап насочен кон заштита на лицето иако има дилеми околу возраста. Пристапот се оправдува со аргументот дека секогаш во случај на дилема за возраста мора да се постапува во интерес на лицето, дека е покорисно ако се пружи заштита на лице, иако е тоа возрасно, но дека голема грешка и пропуст ќе биде, ако несоодветно се заштити детето жртва само поради недоволната убеденост во неговата возраст.

Воедно, ЗПД за првпат предвидува и права на посредна жртва, а во овој термин влегуваат членовите на семејството на дете жртва кај кое како резултат на кривичното дело настапила смрт. Ваквата определба е во контекст на европските директиви за поимот жртва (Директива 2012/29/ЕУ, 2012).

IV. Дете во услови на радикализација, насилен екстремизам и тероризам

Законодавецот ги проширува поимите дете во ризик, дете во судир со законот или дете жртва и со дете кое се наоѓа во услови на ***радикализација, насилен екстремизам и тероризам***, тешки облици на насилство, масовни миграциски движења, ксенофобија и други тешки форми на екстремизам. Детето добива некое од наведените својства, доколку промовира, прифаќа, поддржува, оправдува, се залага и учествува во некое од наведените дејства (Лажетиќ et al., 2019).

Конвенцијата за правата на децата, Стандардните минимални правила за примена на малолетничка правда (Пекиншки правила), Насоките на Генералното собрание на ООН за спречување на малолетничка делинквенција (Ријадски насоки), Правилата за заштита на малолетниците лишени од слобода (Хавански правила), Принципите и насоките од Париз за децата поврзани со вооружени сили или со вооружени групи, како и Факултативниот протокол на Конвенцијата за правата на детето за вклучување на деца во воени конфликти се круцијалните меѓународни документи кои ја подигаат свеста за опасностите на коишто децата може да бидат изложени.

Радикализацијата на деца многу често се врши со примена на измама, насилство, со киднапирање, со ветување пари или други материјални придобивки или следејќи ги своите родители децата се наоѓаат во средиште на радикализирана средина. Радикализација претставува динамичен процес со кој поединецот, поради идеолошки, политички, верски, социјални, економски или лични причини, сè повеќе го прифаќа и поддржува насилниот екстремизам (Council of Europe, 2016). Ризиците за радикализација се многукратно зголемени и како резултат од влијанието на интернетот и социјалните медиуми (UNICRI).

Под насилен екстремизам се подразбира промовирање, поддржување, оправдување или извршување насилни дела, чија цел е да се брани идеологијата која се залага за расна, национална, етничка или религиозна супремација или се спротивставуваат на клучните демократски принципи и вредности (Council of Europe, 2016).

Потреба од разбирање на сите овие начини на размислување, однесување и постапување во контекст на детското престапништво и инволвираноста на децата се особено важни заради изградување систем за постапување, за поголема едуцираност на професионалците во системот како и за правилен третман на децата со цел одбегнување на секундарна виктимизација.

V. Помлад полнолетник

Помладо полнолетно лице е лице кое во времето на пресудување за дејствие со закон предвидено како кривично дело наполнило 18, а не наполнило 21 година.

Предвидувајќи посебен третман за оваа категорија сторители на кривични дела, законодавецот само уште еднаш потврдува дека возраста и зрелоста не се одвиваат праволиниски кај сите лица, па постои потреба од пружање „последна шанса" за поблаг третман и казнување и во однос на лица коиштотуку станале полнолетни.

Изрекување санкции на полнолетни лица за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела кои ги сториле како деца (чл.70 и 71 од ЗПД). Законот упатува на два услова за посебен третман: дејствието предвидено како казнено дело да е извршено за време на детството од 14 до 18 години, а полнолетното лице во време на пресудувањето да не наполнило 21 година. Целта на овие одредби е законодавецот да спречи одбегнување на одговорност за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела, само поради фактот што лицето ги извршило дејствијата кога било дете, па потоа станал полнолетен и судењето се одвива по неговото полнолетство.

До ваква ситуација во практиката може да дојде и кога кривичното дело е подоцна откриено или сторителот станал полнолетен во текот на судењето (Лазаревиќ-Грубаќ, Коментар, стр. 86).

Но, на полнолетно лице кое наполнило 21 година не може да му се суди за дејство што со закон е предвидено како кривично дело кое го извршило како дете од 14 до 16 годишна возраст. Оваа одредба всушност содржи рок за застарување на кривичното гонење на делата што ги сторило дете во судир со закон од 14 до 16 години на денот кога тоа лице наполнило 21 година, а без оглед на роковите за застареност на кривичното гонење пропишани во Кривичниот законик коишто се раководат од пропишаната кривична санкција.

Ако пак е во тек постапка за дело сторено на возраст помеѓу 14 и 16 години, а лицето **наполнило 21** година во текот на постапувањето, мора да биде донесено решение за нејзино запирање поради постоење на правни пречки за истата да продолжи. Притоа, ирелевантна е тежината на кривичното дело за коешто се водела постапката, а одлучувачки фактор е возраста на сторителот. Се поставува прашањето што се подразбира под околноста дека лицето наполнило 21 година во текот на постапувањето и на кое постапување се мисли. Со оглед на императивноста на одредбата, лицето не треба да наполни 21 година, сè до правосилноста на одлуката.

На полнолетно лице **кое во време на судењето не наполнило 21 година** може да му се суди само за дејства што со закон се предвидени како кривични дела кои ги сторил како дете од 14 до 16 годишна возраст за кои е утврдена казна поголема од пет години. Имено, судот не е должен да спроведе судење спрема полнолетно лице што не наполнило 21 година, а потешкото дело го сторило на возраст помеѓу 14 и 16 години, туку одлуката е оставена на оцена на судот, согласно околностите што се наведени во овој став. Судот може да одлучи да спроведе судење, но само во случај на потешко

кривично дело (за кое може да се изрече казна затвор подолга од 5 години). Оттука произлегува дека судот има лимитирано дискрециono право да одлучува дали ќе спроведе судење кога се исполнети условите пропишани во овој став.

Следна карактеристика на оваа одредба е што на полнолетно лице му се изрекува мерка на засилен надзор или заводска воспитна мерка, коишто се всушност санкции што може да им се изречат само на деца.

Изборот на мерката за деца ќе се изрече во зависност од околностите на случајот, тежината на стореното дело, времето што поминало од неговото извршување, поведението на сторителот и целта на соодветната воспитна мерка, особено имајќи ја предвид возраста на полнолетникот.

Се поставува прашање како ќе се цени возраста на сторителот, односно дали во моментот кога отпочнало судењето да нема навршено 21 година, да не наполни 21 година во текот на судењето или да не наполни 21 година до правосилноста на пресудата. Се чини најсоодветно е оваа одредба да се толкува во смисла дека лицето не треба да наполни 21 година до правосилноста на пресудата, бидејќи ќе отпадне основот за примена на одредбите од овој закон со моментот кога лицето ќе наполни 21 година.

На полнолетно лице, без оглед на возраста (но имајќи ги предвид роковите за застареност на кривичното гонење согласно чл. 107 од Кривичниот законик), може да му се суди за кривично дело што го извршило како дете со наполнети 16 години возраст.

Притоа законодавецот не ја определува горната старосна граница до кога може да му се суди на полнолетното лице за дело сторено со навршени 16 години. На ова лице може да му се изречат мерка на засилен надзор или заводска воспитна мерка, казна или алтернативна мерка, а во зависност од околностите на случајот, тежината на стореното дело, времето што поминало од неговото извршување, поведението на сторителот, како и целта што треба да се постигне со овие санкции.

На полнолетно лице што наполнило 21 година, наместо затвор за деца може да му се изрече казна затвор или условна осуда. Санкцијата носи назив казна затвор и се извршува во казнено-поправна установа за возрасни лица, но се изрекува според времетраењето на затворот за деца. Дополнително, специфично е тоа што, иако се изрекува казна затвор, таа произведува правно дејство како да е затвор за деца (во смисла на рехабилитација, бришење на осуда, правни последици од осудата).

ЗПД го има прифатено традиционално различниот пристап во постапувањето и казнувањето на **помладите полнолетни лица за дела што ги сториле по полнолетството, а пред да наполнат 21 година**.

Ваквиот посебен режим за помладите полнолетни лица се однесува само за сторени кривични дела.

Според Препораката CM/REC (2008) 11 на СЕ за Европските правила за малолетни престапници субјекти на казнени санкции или мерки, потребно е помладите полнолетни лица да се сметаат за деца и кон нив соодветно да се постапува.

Согласно поимното определување на различните категории кон коишто се применува овој закон, под помладо полнолетно лице се подразбира лице кое во времето на пресудување за дејствие со закон предвидено како кривично дело наполнило 18, а не наполнило 21 година.

На помладо полнолетно лице што сторило кривично дело на возраст помеѓу 18 и 21 година, судот може да му изрече соодветна мерка на засилен надзор или заводска мерка, ако со оглед на неговата личност и околностите под кои е сторено делото, може

да се очекува дека и со воспитната мерка ќе се постигне целта што би се остварила со изрекувањето на казната.

Во оваа одредба се содржани два услова: првиот е формален, возраста на лицето кое е полнолетно, но нема наполнето 21 година и вториот услов којшто е материјален, а се состои во убедеността на судот дека и со воспитна мерка изречена спрема полнолетното лице ќе се постигне целта што би се остварила со изрекување на казната (Лазаревиќ-Грубаќ, Коментар, стр. 91).

Според некои автори, фактот што се бара лицето да биде полнолетно во моментот кога го сторило кривичното дело, но да нема наполнето 21 година, е всушност двоен формален услов што мора да биде исполнет за оваа одредба да биде применета (Периќ, стр. 99).

На помладо полнолетно лице на кое му е изречена воспитна мерка судот може да му изрече и мерка на безбедност под условите предвидени со овој закон.

Законодавецот пропишал максимална возраст до која може да се извршува воспитната мерка спрема помладото полнолетно лице, а имено тоа се 23 години возраст на помладото полнолетно лице (Камбовски et all. 2018, стр.202-206).

ГЛАВА V
НАЧЕЛА ВО ПОСТАПУВАЊЕТО СПРЕМА ДЕЦА

1. Општо за значењето на начелата

Начелата во постапувањето се особено важни бидејќи овозможуваат систематизација на процесните прописи и нивно подобро разбирање, а во определени случаи се алатка што овозможува правилно толкување на определени норми со цел нивна правилна примена, согласно околностите на случајот (Лажетиќ et al., 2015). Казненото право се заснова на определени начела кои се плод на правната традиција, цивилизациските придобивки во развојот на науката и се обликувале, согласно со карактеристиките на правните системи и општествено-политичките уредувања. Нивната содржина неминовно е зависна од правно политичкото уредување во државата и границите на нејзината авторитарност и ограничување на основните човекови права. Во таа смисла, кривичното право и казнената постапка секогаш се во зависност од еволуцијата на државното уредување и строгоста, односно либералноста на пенитенцијарниот систем (Кошевалиска, 2010).

Правните начела може да ги дефинираме како апстрактни норми кои се изведени како резултат на генерализација на серија на поединечни норми, а кои се важат за сите случаи кои се опфатени со таа серија на поединечни норми. Тие често се дефинирани и како институт со кој генерално се утврдува формата или начинот на постапување во кривичната постапка, како и текот на самата постапката. Во таа смисла, во кривично-процесната теорија начелата се однесуваат како на постапувањето, така и на субјектите кои учествуваат во него.

Основните начела ја претставуваат базата врз која се градат сите односи во кривичното и кривично-процесното право. По содржината на самите начела се определува и обликот на кривичната постапка и нејзината припадност кон акузаторниот или мешовитиот тип. Со оглед на фактот дека казнено право спрема децата својата основа ја има во казненото право за полнолетни лица, а постапката спрема децата е дизајнирана преку адаптирање на постапката против полнолетни лица, важна е корелацијата помеѓу начелата на материјалното и процесното право спрема возрасни и оние во однос на децата.

Казненото процесно право спрема деца се заснова на специфични начела својствени на карактеристиките на самото постапување, етиологијата и феноменологијата на извршеното дејствие коешто содржи елементи на кривично дело или друго со закон казниво дело. Особено важни за постапката спрема децата се начелата кои се однесуваат на поставеноста и организацијата на судството и јавното обвинителство и адвокатурата (начело на независноста на судството, учеството на граѓаните како судии поротници и сл.), начелото на индивидуализација и специјална и генерална превенција, заштита од секундарна виктимизација на децата сведоци и децата жртви, како и на правилен раст и развој на детето. Имено, мерките и санкциите спрема децата мора за своја примарна цел да ги има заштитата, воспитувањето, превоспитувањето и правилниот развој на детето, постапувањето на сите органи и поединци треба да е прилагодено на возраста, личноста и на потребите и интересите на детето,

Одредбите од ЗПД содржат главно процесни начела, што претставуваат основа за конкретните одредби во законот со кои е уредено постапувањето со децата, но и

материјално-правни начела што содржат општи норми и правила во однос на условите за примена на мерки или изрекување на санкции. Како општи норми, начелата претставуваат стандарди за постапување на судот и другите органи кое е подредено на целта што се сака да се постигне со нивното прогласување. Начелата имплицираат конкретна целесообразна содржина на прешироко дефинираните правни норми, а повикувањето на нив е начин за пополнување на евентуални празнини од страна на судот, ако за решавање на определена конкретна ситуација не може да се пронајде соодветна норма. Со својата функција на општи норми и стандарди, начелата претставуваат раководни правила за судот и другите органи во толкувањето и примената на законот.

Освен општите начела кои освен во редовната кривична постапка, се применуваат и во постапките спрема деца, во казненото-процесно законодавство за деца постојат и некои посебни начела кои се применуваат само во оваа постапка и се типични само за неа: начело на целесообразност, начело на итност, право на детето на судска заштита, начело на специјализираност на надлежните органи во постапката, како и начелото на тајност на постапката. Лишување на дете од слобода да се применува само како последно средство, на детето може да му бидат одземени или ограничени определени права само во мера што одговара на достигнатиот степен на развој на неговата личност и на неговата потреба за отстранување на состојбите што влијаат тој да врши инкриминирачки дејствија.

Во согласност со ЗПД е предвидено дека на детето на кое му се става на товар дејствието што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок има право на правично судење во разумен рок, пред независен и непристрасен суд основан со закон, со сите гаранции за правата што ги има обвинетиот во кривичната или прекршочната постапка.[38]

Со ваквиот пристап, законодавецот всушност дал еден краток вовед во начелата кои се применуваат во постапката спрема деца притоа повикувајќи се и на начелата кои важат за кривичната постапка за полнолетни лица. Во контекст на овој член, законодавецот го наведува и начелото на итност како едно стожерно начело на постапката спрема деца.

Конечно, на дете над 14 години во неформалното постапување на надлежните органи и служби, како и во судската постапка, му се гарантираат истите права што ги имаат полнолетните лица обвинети во кривичната, односно прекршочната постапка, како и посебните права признати со КПД и другите ратификувани меѓународни договори, во сите фази на постапката и во изрекувањето и извршувањето на која било санкција или мерка.[39]

При примената на мерките и санкциите според ЗПД, на дете над 14 години можат да му бидат одземени или ограничени определени права само во мера што одговара на достигнатиот степен на развој на неговата личност и на неговата потреба за отстранување на состојбите што влијаат тој да врши дејства што со закон се предвидени како кривични дела или прекршоци. Притоа, при одлучувањето за примена на мерките и санкциите утврдени со ЗПД, секогаш се дава предност на превентивните, заштитните и воспитните мерки.[40]

[38] Член 92 од ЗПД.
[39] Член 8 од ЗПД.
[40] Член 16 и 17 од ЗПД.

2. Видови начела

2.1. Општи начела за постапување спрема детето

Најдобар интерес на детето. Водечко начело при постапувањето и одлучувањето е начелото дека секогаш примарен мора да биде најдобриот интерес на детето. Точна дефиниција за тоа што се подразбира под најдобар интерес на детето не постои, туку се проценува согласно околностите на случајот и е фактичко прашање што се менува и е различно во однос на различни деца и различни состојби. Исто така, проценката за тоа што претставува „најдобар интерес" често е субјективна и зависи од културниот, социјалниот и економскиот контекст. Ваквата негова природа го отежнува препознавањето во практиката, но ја отежнува и оцената дали ова начело навистина било применето и дали најдобрите интереси детето имало можности и услови да ги оствари.

Начелото на **најдобар интерес на детето** е еден од најзначајните и најпрепознатливи принципи во меѓународното и националното право за заштита на децата. Овој принцип се заснова на уверувањето дека децата се ранливи лица кои заслужуваат посебна грижа и заштита со цел да се обезбеди нивен физички, психолошки, образовен и социјален развој. Најдобар интерес на детето е централна тема во Конвенцијата на ООН за правата на детето, особено во **член 3**, кој вели:

„Во сите активности кои ги засегаат децата, без оглед дали се преземени од јавни или приватни институции, судови, административни органи или законодавни тела, најдобриот интерес на детето ќе биде примарна грижа."

Начелото на најдобар интерес на детето е фундаментален принцип кој ги насочува правните, социјалните и институционалните процеси кон заштита и унапредување на правата на детето. Иако неговата примена е комплексна и понекогаш предизвикувачка, јасното разбирање и усогласување на домашните и меѓународните стандарди е од клучно значење за обезбедување на добросостојба и иднина за секое дете.

Ова е едно од круцијалните и темелни права на детето согласно Конвенцијата за правата на детето, во којашто се содржани рамките, а останува на законодавецот да процени и соодветно го пропише и имплементира ова начело.

Во основата, ова начело содржи три елементи: интересите на детето пред сè; обврска за државите да обезбедат заштита и грижа; и обврски за институциите да бидат професионални и стручни.

Најдобриот интерес на детето е содржано и во документи на ЕУ и на СЕ (FRA Handbook, 2022):

Во ЗПД од 2024 година за првпат е содржана дефиниција во рамките на основните начела на кои се заснова пристапот кон децата, според која најдобар интерес на детето подразбира постапување и одлучување при што примарно значење имаат интересите на детето за негова заштита, воспитување, превоспитување и правилен раст и развој и ефектите што таквото постапување односно одлучување ги има врз детето.[41]

[41] Член 3 од ЗПД.

Charter of Fundamental Rights, Article 24 (2) **CJEU, C-244/06, Dynamic Medien Vertriebs GmbH v. Avides Media AG, 2008** **CJEU, C-112/20, M. A. v. État belge, 2021**	**Најдобар интерес на детето**	**Lanzarote Convention, Article 30 (1)** **ECSR, International Commission of Jurists (ICJ) and European Council for Refugees and Exiles (ECRE) v. Greece, Complaint No. 173/2018, 2021**

Особено е важно што е нагласена супремацијата на ова начело над другите начела, интереси и легислативни одредби, во смисла дека доколку дојде во судир со други интереси, материјални и процесни одредби најдобриот интерес на детето секогаш има попретежно значење и примена. Во овој контекст сите специјализирани органи опфатени со овој закон се должни да вложат посебно внимание и разумно приспособување на средината во случај на постапување кон дете во согласност со ЗПД, со цел да се обезбеди детето да учествува во постапката без непотребни оптоварувања, почитувајќи го правото на приватност и заштитата на личните податоци.

При постапувањето на судот и на другите институции најважна цел треба да им биде остварување на најдобриот интерес на детето.[42]

Начело на законитост. Начелото на законитост е едно од стожерните начела во ЗПД преку нагласување на латинската максима ***nullum crimmen nulla poena sine lege stricta.*** Во оваа смисла во однос на децат во ризик, ЗПД користи термин „дејствие што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок", а во однос на дете над 14 години предвидува дека не може да му биде изречена санкција за дејствие кое пред да биде сторено не било предвидено со закон како кривично дело или прекршок и за кое не била утврдена санкција со закон или со ратификуван меѓународен договор.[43] Согласно ова начело законодавецот е обврзан на јасна определеност на законските битија и јасно определување на кривичните санкции против децата во судир со законот.

Презумпција на невиност. Согласно уставно загарантираното начелото на презумција на невиност секој се смета невин сè додека тоа не биде докажано со правосилна судска одлука. Презумпцијата на невиност е меѓународно признаен стандард во којшто се содржани две правила: за товарот на докажувањето и за распределба на ризикот на недокажаноста на фактите поврзани со кривичното дело и сторителот (Лажетиќ et al., 2015).

Ова начело во ЗПД е определено на следниот начин: не може да се смета дека детето е во судир со закон додека тоа не се утврди со правосилна судска одлука.[44]

Презумпцијата на невиност е основа во заштита на човековите права на детето во судир со законот. Тоа значи дека обвинителството треба да го понесе товарот на докажување и товарот на обвинението спрема детето (Обединети нации, 1985 година, Правило 42).

Забрана на дискриминација. Ова начело е резултат на осовремувањето на казненото законодавство за деца, вклучувајќи ги и основните човекови права коишто

[42] Член 8 ст. 3 од ЗПД.
[43] Член 6 од ЗПД.
[44] Член 8 став 2 од ЗПД.

важат за полнолетните граѓани, а коишто му се гарантирани на детето во многубројните меѓународни инструменти.

Забраната за дискриминација е содржана и во документи на ЕУ и на СЕ (FRA Handbook, 2022):

EU	Начело	CoE
Charter of Fundamental Rights, Article 21 (non-discrimination)	Забрана за дискриминација врз основ на возраст	ECHR, Article 14 (prohibition of discrimination) Protocol 12 to the ECHR, Article 1

Согласно ова начело,[45] судот и другите органи во примената на ЗПД должни се да ги почитуваат и обезбедуваат правата на детето детето без никаква дискриминација, врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на РСМ на родителите/от, односно старателот или на членовите на семејството на детето. Воедно, судот и другите институции при примената на овој закон ги преземаат сите потребни мерки за обезбедување заштита на детето од сите видови на дискриминација или санкција или други ограничувања на правата, како и обезбедување помош и заштита на сите деца на кои им е потребна, вклучително и децата мигранти, децата бегалци и баратели на азил, децата без придружба, бездомните и децата на улица.[46]

Забрана на тортура, сурово и нечовечко однесување. Ова начело претставува стожерно начело, гарантирано со Уставот на РСМ, како и со бројните меѓународни документи, меѓу кои КПД. Согласно ова начело ниту едно дете не смее да биде изложено на мачење или други свирепи нечовечки или понижувачки постапки или санкции и детето секогаш има право на засилена заштита од мачење или други свирепи нечовечки или понижувачки постапки или санкции.[47]

Специјализираност на надлежните органи. Професионалното образование, обука во рамките на службата, курсеви за обновување на знаењето и други соодветни начини за стекнување дополнителни знаења треба максимално да се користат со цел да се воспостави и одржува потребното професионално ниво на компетентност на целиот персонал што се занимава со детското престапништво. Ова како начело е едно од основните начела на бројни меѓународни инструменти со кои се укажува на неопходноста од специјализираноста на сите органи и тела кои имаат улога во постапката спрема деца. Во оваа смисла, согласно Пекингшките правила и правилото 22 персоналот во правосудниот систем за детски престапници треба да биде одраз на големит број на деца кои доаѓаат во допир со правосудниот систем.

[45] Усогласено со дискриминаторските основи содржана во чл. 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на РСМ, бр. 258/2020.
[46] Член 9 ст. 1 и 2 од ЗПД.
[47] Член 11 од ЗПД.

Треба да се направат напори за обезбедување на еднаков број на жени и припадници на малцинствата како претставници на законодавните служби, по примерот на родовите аспекти во правосудството (Бекер & Чаловска Димовска, 2022). Професионалната квалификација е важен елемент во обезбедување непристрасно и ефективно спроведување на правдата кај децата. Според тоа неопходно е да се подобри образованието, напредувањето и професионалната обука на персонал и да се обезбедат потребните средства за правилно исполнување на работните задачи.

Според Препораката на шестиот конгрес на ООН, секој облик на политичка, општествена, расна, верска, културна и друг вид дискриминација при селекцијата, назначувањето и напредувањето на персоналот треба да се одбегнува со цел да се постигне непристрасност во спроведувањето на правдата при детското престапништво.

Согласно ЗПД, судија за деца, совет за деца, кривичен совет за деца кои се надлежни во постапката спрема деца се специјализирани. Во таа смисла**,** како специјализирани органи се јавуваат и ЦСР, Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, пробациски служби, установите за извршување на санкции за деца, Државниот совет за превенција и правда за детето, општинските совети за превенција на детско престапништво и Народниот правобранител на РСМ.[48] Специјализираните судски оддели за криминалитетот на децата се формирани во основните судови со проширена надлежност, ги сочинуваат судии за деца, совети за деца и советници за деца. Судијата за деца, јавниот обвинител, адвокатот, медијаторот, стручните работници од ЦСР како и полициските службеници од МВР најмалку пет дена во текот на годината следат специјализирана обука за правда за деца во земјата или во странство.[49]

Советот за деца во основниот суд е составен од судија за деца и двајца судии - поротници. Освен горенаведените органи како специјализирани се јавуваат и судиите – поротници кои се избираат од редот на просветни работници, психолози, педагози, социјални работници и други лица кои имаат искуство во воспитанието и образованието на младите. Особено специјализираноста доаѓа до израз во надлежноста на другите органи, кои не се јавуваат како субјект на кривичната постапка против полнолети лица. Потребно е да се нагласи улогата на ЦСР како специјализиран орган во постапката кој има значителни ингеренции. Големите ингеренции на ЦСР како орган кој презема активности кои значат одвраќање од натамошно криминално однесување, оневозможува активирање на формалниот казненоправен систем, а сепак овозможува дефинирање на реакција која има интензивна содржина и повеќекратно дејство во однос на детето и неговото семејство. Во таа смисла предвидено е постапувањето на ЦСР во постапка за определување мерки на помош и заштита, посредување заради обештетување меѓу детето и оштетениот, давање мислење и извештај за правецот во кој треба да постапи јавниот обвинител при постапката за посредување и порамнување, и тоа во фазата пред започнувањето на официјалната постапка, како и односот на ЦСР со јавниот обвинител и судијата за деца по започнувањето на постапувањето (Лажетиќ, 2010).

[48] Наведени во чл.21 од ЗПД.

[49] Специјализираната обука е законска обврска согласно чл. 34, 86, 107 и 124 од ЗПД.

2.2. Начела на судската постапка спрема дете

За постапката спрема деца важат сите актуелни начела што се однесуваат на кривичната постапка спрема полнолетните сторители. Со цел да се укаже на спецификите на кривичната постапка спрема деца, предмет на елаборација ќе бидат само оние начела кои содржат определени специфики.

Начело на официјалност. Во постапката за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела овластен тужител е само јавниот обвинител.[50] Официјалноста значи дека започнувањето и водењето на постапката се врши само по барање на јавниот обвинител.

Начелото на официјалност е тесно поврзано со начелото на специјализираност на надлежните органи во постапката. За дејствија што со закон се предвидени како кривични дела за кои се гони по предлог или приватна тужба, постапката може да се поведе ако оштетениот во рок од три месеци од сознавањето за стореното дело или сторителот, доставил предлог за поведување на постапка до надлежниот јавен обвинител. Во случаите кога јавниот обвинител нема да достави барање за поведување на постапка спрема дете, должен е за тоа да го извести оштетениот. Оштетениот не може да ја преземе постапката во својство на супсидијарен тужител, односно не може да поднесе приватна тужба до судот, туку единствено може во рок од осум дена од приемот на известувањето од јавниот обвинител да бара советот за деца на надлежниот суд да одлучи за поведување на постапка.

Начело на целесообразност и опортунитет. Начелото на целесообразност во гонењето е својствено за постапката спрема деца.

Согласно ова начело, јавниот обвинител може да се откаже од кривичниот прогон спрема дете сторител на кривично дело, во точно определени услови со закон. Со ова на јавниот обвинител му се дадени определени овластувања што тој ги нема во однос на одлуката за поведување кривично гонење спрема полнолетните сторители на кривични дела. Имено, согласно ова начело јавниот обвинител нема обврска да покрене кривична постапка по пријавата за кривично дело сторено од дете со наполнети 14 години, за кое е утврдена парична казна или казна затвор до 3 години, иако постојат докази дека детето го сторило дејствието што со закон е предвидено како кривично дело, доколку смета дека не би било целесообразно да се води постапка со оглед на природата на дејствието и на околностите под кои е тоа сторено, но и со оглед на поранешниот живот на детето и на неговите лични својства. Ова право му припаѓа на обвинителот и кога извршувањето на казната или на воспитната мерка е во тек, кога може условно да го одложи поведувањето на постапката пред судот за време од 6 месеци, под услов во тој рок да не стори друго дејствие што со закон е предвидено како кривично дело и да ја надомести штетата или на друг начин да ги поправи штетните последици предизвикани со сторување на делото. Јавниот обвинител може и да не поведе постапка, доколку врз основа на извештајот од ЦСР утврди дека е постигната спогодба меѓу детето и неговото семејство и оштетениот за враќање на имотната корист, надоместувањето на штетата или поправањето на штетните последици на делото.[51]

Овластувања на јавниот обвинител може да се поделат во три групи и тоа:

[50] Член 89 од ЗПД (Сл. весник 146/2013).
[51] Член 77 од ЗПД.

- право на оценка на целесообразноста на кривичното гонење на дете над 14 години по пријавата за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело, а за кое е утврдена парична казна или казна затвор до 3 години, како и во случај ако треба да се покрене постапка спрема дете кое се наоѓа на издржување на казна или воспитна мерка, без оглед на тежината на кривичното дело;

- право е на јавниот обвинител во спогодба со ЦСР да го упати детето во прифатилиште или во установа за испитување или воспитување кое може да трае најмногу еден месец, а заради испитување на личните својства на детето, а заради донесување на одлука за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор од 5 години да одлучи да не поведе постапка во рок од 30 дена, иако постојат докази дека детето го сторило дејствието што со закон е предвидено како кривично дело, ако смета дека не би било целесообразно да се води постапка со оглед на природата на дејствието што со закон е предвидено како кривично дело и на околностите под кои е сторено, на поранешниот живот на детето и на неговата личност;

- право на утврдување на околностите кои се однесуваат на поранешниот живот на детето и неговите лични својства како и околности под кои го сторил кривичното дело.

Целесообразност за водење на постапката, односно постоење и непостоење цел на неговото водење, е фактичко прашање кое мора да се одреди за секој конкретен случај.

Начелото на итност. Согласно начелото на итност секое постапување на судот и на другите органи спрема детето во примената на одредбите од ЗПД треба да трае и да биде завршено во разумен рок, што нема да му штети на неговите интереси. Постои законска обврска на судовите и другите органи кои учествуваат во постапката спрема децата, како и за органите и установите од коишто се бараат известувања извештаи и мислења да постапуваат итно, како би можело кривичната постапка спрема децата да заврши во најкраток можен временски рок. Обврската на итно постапување на учесниците во кривичната постапка спрема децата е последица на околноста дека задачата на оваа постапка покрај останатото е остварување на воспитната улога и влијание на личноста на детето сторител на кривично дело или прекршок. Итноста на постапката е во функција на ефикасна работа на сите органи во сите стадиуми на постапката и придонесува за донесување благовремени одлуки. Оттука одолговлекувањето на кривичната постапка би го отежнало остварувањето на задачите на покренатата постапка и е санкционирано со општите одредби од процесниот закон. Итноста на постапката се обезбедува со специфичните законски решенија со кои се забрзува постапката и која не постои во редовната кривична постапка. Покрај тоа се предвидуваат и кратки рокови за извршување на процесните дејствија. Начелото на итност го обврзува и судијата за деца, секој месец да го известува Претседателот на судот кои предмети за деца не се завршени и за причините поради кои по одделни предмети постапката сè уште е во тек. Претседателот на судот има обврска да ги преземе сите соодветни мерки за забрзување на постапката.

Итноста на постапката во кривичната постапка спрема децата се согледува и во фактот што судијата за деца кој претседава со советот за деца, е должен да закаже главен претрес или седница на советот, во рок од 8 дена од денот на приемот на предлогот од јавниот обвинител, или од денот на завршувањето на подготвителната постапка или од денот кога на седница на советот е одлучено да се одржи главен претрес. За секое продолжување на овој рок, судијата за деца мора да има одобрение од Претседателот на судот.

Одлагањето или прекинувањето на главниот претрес се врши само по исклучок. За секое одлагање или прекинување на главниот претрес, судијата за деца, ќе го извести Претседателот на судот и ќе го извести за одлагањето или за прекинувањето на главниот претрес.

Кратките рокови за извршување на процесните дејствија претставуваат инструмент за реализација на обврските на итност на постапката во кривичната постапка спрема децата. Роковите за закажување на главниот претрес како и за изработка на решение или пресуда, се пократки од роковите предвидени во редовната кривична постапка.

Постапката спрема деца е итна кога се работи за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело и по правило не може да трае подолго од една година од денот на приемот на предметот во судот до донесување на првостепена одлука, освен за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела за кој е утврдена казна затвор од најмалку 4 години, кога постапката не може да трае подолго од една година и шест месеци, или кога се работи за дејствие што со закон е предвидено како прекршок не подолго од девет месеци.[52]

Кога детето не е достапно, судот донесува решение за прекин на постапката и во тој случај наведените рокови престануваат да течат за времето кога било недостапно, но не подолго од навршување 27 години возраст на сторителот. Постапката се запира по службена должност.

Во фаза на подготвителната постапка, ако судијата за деца по испитувањето на детето и добивањето на извештај за детето и околностите на делото од ЦСР, оцени дека нема потреба од спроведување на други дејствија на подготвителната постапка, ќе го изнесе предметот пред Советот за деца, заради конечно решавање во рок не подолг од 8 дена. ЦСР го доставува извештајот во рок од 1 месец.

Советот за деца може по потреба од ЦСР со образложено барање да побара дополнување на наодот и мислењето во рок од 8 дена од денот на приемот на барањето.

Во подготвителната постапка спрема детето покрај фактите што се однесуваат на дејствијата што со закон се предвидени како кривични дела, посебно ќе се утврди возраста на детето, околностите потребни за оцена на неговата душевна развиеност, ќе се испита средината и приликите под кои детето живее и другите околности што се однесуваат на неговата личност. Податоците за личноста на детето, ги прибавува Судијата за деца преку ЦСР во рок од 30 дена.

Исто така, за утврдување на здравствената состојба на детето, на неговата душевна развиеност и на неговите психички особености, способности или наклонетости, е потребно детето да го прегледа стручен тим, за овој преглед ќе се определат лекар, психолог и педагог кои прегледот може да го извршат и во специјализирани здравствени установи. Прегледот од стручен тим се врши во рок од 30 дена.

Итното постапување е задолжително и во постапката спрема помладо полнолетно лице како и во единствена постапка која се води спрема детето и полнолетно лице кои кривичното дело го извршиле како соизвршители.

Секое постапување на судот и на другите институции со дете, во примена на одредбите од ЗПД, треба да трае и да биде завршено во разумен рок, што нема да му штети на неговите интереси.

[52] Член 92 ст.2 од ЗПД.

Органите што учествуваат во постапката спрема детето, како и другите органи и установи од кои се бараат известувања, извештаи или мислења, се должни истите да ги достават во најкус можен рок, но не подолго од 20 дена.

Конечно, мора да констатираме дека согласно старата римска максима „правдата која не е брза во голем дел го губи карактерот на вистинска правда", ова начело е особено важно за постапката спрема деца. Но ваквата брзина, односно итност во никој случај не смее да се претвори во брзоплетост. Постапката треба да биде итна и кратка, но и ефикасна и со почитување на останатите начела и права на кои е заснована истата. Итноста е задолжителна и од аспект на фактот што детето со тек на време преминува во друга возрасна категорија, што битно влијае на целата постапка и на очекуваните ефекти од кривичната постапка, како и на ефикасноста од изречената санкција.

Задолжително исклучување на јавноста. Судот и другите органи што учествуваат во постапката спрема деца се должни да обезбедат заштита на приватноста на детето и на неговото семејство. Кога му се суди на дете секогаш се исклучува јавноста.[53] Со оваа начело, се придонесува за хуманизација и демократизација на кривичната постапка. Полниот публицититет на кривичната постапка спрема детето би бил контрапродуктивен по интересите на детето.

Поради тоа ЗПД, предвидува ограничување на јавноста во оваа постапка во двојна смисла: прво, во кривичната постапка спрема дете, исклучена е општата јавност и второ, предвидени се ограничувања кои се однесуваат на објавување на текот на кривичната постапка спрема дете и на одлуката донесена во оваа постапка.

Отстапувањето од основните одредби од исклучувањето на јавноста при судење на дете е возможна и судот може да дозволи на главниот претрес да присуствуваат лица кои се занимаваат со заштита и воспитување на деца, лица за заштита на правата на децата при Народниот правобранител, лица блиски на детето, претставници на организации за заштита на правата на децата, како и научни работници.[54]

Родителите, односно старателите, може да присуствуваат на сите дејствија во постапката освен ако судот оцени дека таквото присуство може да има штетни последици за неговиот развој. Оштетениот и неговиот полномошник, може да присуствуваат на сите дејствија на постапката, освен ако судот оцени дека нивното присуство може да има штетно влијание врз детето.

Исклучувањето на јавноста се заснова на изречна законска одредба и затоа во постапката спрема деца не се носи посебна одлука за исклучување на јавноста. Дозвола за присуство на главниот претрес, советот донесува во форма на решение кое се однесува на управувањето на постапката и тоа мора да биде внесено во записникот за главниот претрес. Во решението мора да бидат наведени имињата на сите лица на кои им се одобрува присуство на главниот претрес и за секое лице причината поради која е дадено одобрувањето.

Давањето одобрување е дискрециono право на Советот за деца, а при вршењето на тоа право тој мора да се раководи од интересите на постапката спрема детето. Оддалечувањето од судницата, односно од заседанието на сите лица, освен на јавниот обвинител, бранителот и претставникот на органот за старателство, претставува специфична мерка која постои само во постапката за дете. Нејзината основна цел е потполна заштита на детето од негативното влијание од кривичната постапка. Таа има за цел и отстранување на детето од заседанието, за време на изведувањето на одделни

[53] Член 95 од ЗПД.
[54] Член 96 ст. 4 од ЗПД.

докази или завршни зборови на странките, како и на бранителот, иако тој не е странка во постапката.

Судот може да не ги примени одредбите на ЗПД или да ги примени на друг начин, ако примената во конкретниот случај навистина е нецелосообразна. Ова најчесто ќе биде случај кај посредното изведување на докази, отстранувањето на детето од седницата или главниот претрес поради природата и карактерот на доказниот материјал што се изнесува, а не како мерка за одржување на редот на главниот претрес.

Родителите, односно старателот се повикуваат на главниот претрес како лица кои се грижат за детето, без да имаат определена процесна положба. Нивното присуство на судот му е потребно за да се изјаснат за предложените мерки, а исто така и самите да предложат мерки и стават забелешки и предлози, а по потреба и да дадат поблиски објаснувања за личноста на детето, односно како се однесува спрема нив, во каква средина се движи, за неговиот успех и поведение во училиштето и сл. Во ваков случај, судот ќе ги распраша како сведоци.

Доколку родителите - старателот не се јават на поканата на судот, нивното нејавување не повлекува никакви последици за нив и нивното повикување има значење на известување, а главниот претрес ќе се одржи и во нивно отсуство.

Воспитните мерки изречени по одржаниот главен претрес се изрекуваат со решение, а пресуда советот донесува кога ќе се изрече казна.

Со оглед дека при судењето на дете по правило јавноста е исклучена, сите учесници присутни на главниот претрес се должни да чуваат како тајна сè што сознале на претресот, а претседателот на советот тоа му го укажува кога ќе се јави за потреба. Исто така, обврска е и на детето да ја чува тајната, ако на главниот претрес била исклучена јавноста.

Сето горенаведено секако е во согласност со меѓународните инструменти за спроведување за правда на децата. Во оваа смисла, Пекингшките правила ова право го гарантираат преку Правилото бр. 6 според кое, поради разновидните посебни потреби на децата како и разновидноста на постоечките мерки, треба да биде дозволен соодветен опсег за дискреција во сите фази на постапката и на сите одделни нивоа на спроведување на правдата при детската делинквенција, вклучувајќи ја истражната постапка, обвинението и донесувањето на пресудата.

Заштита на приватниот живот од јавноста пак, треба да се почитува во сите етапи со цел да се одбегне потенцијалното штетно влијание кое може да го предизвика публицитетот и етикетирањето на сторителот. Во основа, ниедна информација која може да доведе до идентификација на детето во судир со законот не смее да биде објавена во јавноста. Оттука, Правилото 8 ја нагласува неопходноста од заштита на правото на детето за заштита од јавноста. Младите се особено подложни врз создавање предрасуди, стигми, фрустрации.

Истражувањето од областа на криминологијата во врска со процесот на етикетирање и апострофирање обезбедило докази за негативните заплашувачки ефекти (од различен вид) кои се последица од постојаното обележување на младите луѓе како „делинквенти" или „криминалци". Правилото 8, исто така, ја нагласува неопходноста за заштита на детето од спротивниот ефект кој може да биде предизвикан со објавување на информации кои се во врска со случајот во средствата за јавно информирање (името, адресата, прекарот на детето и сл., без оглед на тоа дали само постои сомневање дека го сториле делото или пак се правосилно прогласени за деца во судир со законот.). (Обединети нации, Правило 8 & Правило 21)

Забрана на судење на дете во отсуство. Присуството на лицата против кои се води кривичната постапка е нужен предуслов за донесување законита и правилна одлука. Но, во кривичната постапка спрема дете, се забранува судење во отсуство (чл. 99 ст. 1 од ЗПД).

Согласно ЗПД кога детето не е достапно судот донесува решение за прекин на постапката. Во тој случај роковите престануваат да течат за времето за кое детето било недостапно, но не подолго од навршување 27 годишна возраст на сторителот. Постапката се запира по службена должност. Присуството на детето на главен претрес е задолжително, но не е неопходно на седница на советот, на која се известува и на неа може да присуствуваат јавниот обвинител, бранителот и претставникот на ЦСР, а по потреба и детето со неговите родители, односно старателот. Притоа, доколку детето не присуствува на седница на советот, не постои битна повреда на одредбите на кривичната постапка. Судијата за деца има само обврска да му ја соопшти на детето санкцијата што спрема него е изречена на седница на советот. Присуството на детето е нужно и во подготвителната постапка, заради оценка на неговата душевна развиеност, додека неговото учество во спроведувањето на другите процесни дејствија се сведува на нејнеопходна мерка.

Начелото на процесна протективност. Согласно начелото на процесна протективност судот и другите органи што постапуваат спрема деца се должни да ја имаат предвид целта на постапката - заштита на децата сторители на дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци, нивна социјализација, воспитување и превоспитување, помош и грижа за децата и заштита во постапката пред судот и другите органи. Во оваа смисла задржувањето на дете и определување на притвор се применуваат само како последно средство во постапката и само под услови и во траење определени со ЗПД.[55] Освен ова, при одлучувањето за примена на мерките и санкциите утврдени со ЗПД, секогаш им се дава предност на превентивните, заштитните и воспитните мерки.[56]

Овие правила на постапување се резултат од заштитничко – протектионистички модел на казненото законодавство спрема деца, во кој целата постапка е првенствено насочена кон помош на децата сторителни на кривични дела, за да истите се ресоцијализираат и упатат на вистинскиот пат во нивниот социјален, емоционален и интелектуален развој, а не да доминира и да има приоритет ретрибутивноста и казнувањето (Stojanović–Milošević, 2006).

Како резултат на ова начело се одредбите (како на пример, одредбата од чл. 93 ставовите 2 и 3 од ЗПД) кои пропишуваат обврска за органите што учествуваат во постапката при преземањето на дејствијата на кои присуствува дете, а особено при неговото испитување, да постапуваат претпазливо, водејќи сметка за душевната развиеност, чувствителноста и личните особини на детето, за да не влијае штетно водењето на постапката врз развојот на детето. Во оваа смисла, детето треба да се испитува на начин што одговара на неговата возраст, околностите на случајот и на неговата психофизичка состојба.

Воедно, постапувањето на судот и другите институции при примената и извршувањето на санкциите и другите мерки, треба да е прилагодено на возраста, личноста, потребите и интересите на детето. При примена на мерките и санкциите во постапките утврдени со ЗПД, на дете над 14 години може да му бидат одземени или ограничени определени права само во мера што одговара на достигнатиот степен на

[55] Член 12 од ЗПД.
[56] Член 17 од ЗПД.

развој на неговата личност и на неговата потреба за отстранување на состојбите што влијаат тој да врши дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци.

Заштита на посебна категорија деца жртви. Детето жртва и детето сведок на трговија со деца, насилство или сексуална злоупотреба, како и дејства што со закон се предвидени како кривични дела против човечноста и меѓународното право, како и за други дејства што со закон се предвидени како кривични дела, кои поради нивната природа, последиците или други околности го прават детето посебно чувствително, односно се наоѓа во посебно тешка душевна состојба, соочување меѓу детето и осомничениот, односно обвинетиот не е дозволено.

ГЛАВА VI

СУБЈЕКТИ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА СПРЕМА ДЕЦА

1. Општо за субјектите

Субјекти на кривичната постапка се лицата и органите кои преземаат определени процесни дејствија според процесната положба што ја имаат и се јавуваат како носители на определени права и обврски во текот на постапката. Поаѓајќи од поделбата на процесните функции во кривичната постапка спрема деца, како главни процесни субјекти се јавуваат судот, јавниот обвинител и детето во својство на обвинет.

Јавниот обвинител и детето во својство на обвинет се странки во кривичната постапка, како потесен поим од процесни субјекти.

Странка е субјект кој бара донесување судска одлука во определен правец, односно субјект кон кого е насочена судската одлука.

Странечка способност **(legitimatio ad causam)** е апстрактна правна можност да се биде тужител или обвинет во кривичната постапка.

Адвокатот како бранител на детето во својство на обвинет не е странка, но неговото учество во постапката е задолжително.

Постапката спрема дете во својство на обвинет содржи специфика во смисла на посебната улога што во оваа постапка ја има ***ЦСР***, којшто претставува специјализиран процесен учесник без чии дејствија постапката спрема детето ниту може да отпочне, ниту да продолжи и да заврши со законита и правилна пресуда.

Оштетениот, сведоците, вештаците, толкувачите и други лица кои земаат учество во текот на кривичната постапкаа претставуваат учесници во постапката.

2. Надлежен суд во постапката спрема деца

Судската власт ја вршат судовите како самостојни и независни органи кои судат и своите одлуки ги засноваат врз основа на Уставот на РСМ, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот (Амандман XXV на член 98, УРМ, чл. 1, ЗС). Судот во кривичната постапка против полнолетни лица се јавува во својство на процесен субјект кому му е доверена функцијата на пресудување **(*ius dicere)*** и има право и должност да го спроведува кривичното правосудство и преку одредбите на казненото процесно право да овозможи примена на казненото материјално право врз конкретен случај (Матовски et al., 2011).

Судска постапка се спроведува спрема дете во судир со законот на возраст од 14 до 18 години, за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок.

Кога во текот на постапката ќе се утврди дека детето во време на извршувањето на дејствие што со закон е предвидено како кривично дело не наполнило 14 години,

постапката ќе се запре и за тоа ќе се извести ЦСР, кој понатаму постапува согласно со одредбите за постапување со дете во ризик.[57]

Вопостапката спрема деца, доколку со ЗПД поинаку не е определено, соодветно се применуваат одредбите од Законот за кривичната постапка и Законот за прекршоците.

Одредбите од ЗПД се применуваат и во постапката спрема лица кои извршиле дејствие што со закон е предвидено како кривично дело како деца, а во време на поведувањето на постапката, односно на судењето не наполниле 21 година, како и во постапката спрема дете во ризик над 14 години кое не наполнило 21 година, ако до почетокот на главниот претрес се утврди дека на тоа лице може да му се изречат санкции за деца.[58]

Главна разлика помеѓу судовите коишто судат во кривичната постапка против полнолетни лица и спрема деца е нивната специјализираност. Имено, ЗПД бара задолжителна специјализираност на судиите во постапката спрема деца, којашто специјализираност се остварува преку специјалните обуки на судиите кои треба да траат најмалку пет дена во текот на годината или во земјата или во странство.

Стварна надлежност. Во РСМ нема посебни судови за деца, а стварно надлежни за постапување за кривични дела сторени од деца имаат само во основните судови со проширена надлежност.

Во рамките на основните судови со проширена надлежност се основаат специјализирани судски оддели што ќе постапуваат за одделни видови спорови како што е тоа во случаите кога како сторител на кривичното дело ќе се јави дете.

Специјализираните судски оддели за криминалитетот на децата формирани во основните судови со проширена надлежност, ги сочинуваат судии за деца, совети за деца, кривичен совет за деца и советници за деца.

Судијата за деца, не се избира, туку се распоредува со годишниот распоред за работа, да работи во одделот за деца (Нанев, 2008). Судијата за деца ја спроведува подготвителната постапка, донесува одлуки во надлежност на судија во кривична постапка, претседава со советот за деца и врши други работи.

Советот за деца во основниот суд е составен од судија за деца и двајца судии - поротници. Судијата за деца е претседател на советот.[59]

Советот за деца во основниот суд одлучува во прв степен во постапка за дејства коишто со закон се предвидени како кривични дела. Во основниот суд се формира кривичен совет за деца кој решава по жалбите против решенијата на судијата за деца и во случаите предвидени со ЗПД, составен од тројца судии што посетувале обука за престапништво на децата. Во кривичниот совет не може да учествува судијата за деца кој донел решение против кое е изјавена жалба.

Во специјализираните судски оддели за децата, формирани во основните судови со проширена надлежност, за вршење на стручни работи Претседателот на судот определува по еден социјален работник, педагог или психолог по предлог на ЦСР кои имаат задача да им помагаат на судијата за деца и на советот за деца во водењето на подготвителната постапка и претресот, даваат стручни мислења во однос на одлуката на судот и санкцијата што би требало да се изрече во конкретниот случај, му помагаат

[57] Одредбите од чл. 24 до 32 од ЗПД.
[58] Член 86 од ЗПД.
[59] Член 108 од ЗПД.

на судот во надзорот над извршувањето на изречените санкции и даваат предлози за прекинување со извршувањето или за замена на една санкција со друга.[60]

Советот за деца на апелациониот суд, составен од судија за деца и двајца судии, одлучува за жалбите против одлуките на советот за деца на основниот суд, против одлуките на кривичниот совет за деца на основниот суд, како и во други случаи определени со ЗПД.

Во ВСРСМ се формира совет за деца, составен од пет судии. Овде не се бара специјализираност на судиите, што е и разбирливо и правилно, бидејќи се смета дека судиите во Врховниот суд се избираат од редот на најдобрите и најискусни судии. Мандатот на овој совет за деца е да решава по редовни и вонредни правни лекови предвидени во релевантното законодавство за деца. Една од задачите на Врховниот суд е и да води сметка за воедначување на судската практика, односно да обезбедува единство во примената на законите од страна на судовите. Врховниот суд ја остварува меѓу другото и со утврдување на начелни ставови и начелни правни мислења по прашања, од значење за обезбедување на единство во примена на законите од страна на судовите, по сопствена иницијатива или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите. Покрај ова Врховниот суд ја следи и работи на унапредување на судската практика во оваа област и подготвува анализи кои се релевантни за детското престапништво (Камбовски et.all.2018).

Меѓународните документи за спроведување на правдата за децата, особено внимание посветуваат на судската надлежност, специјализираност и организација во постапката спрема деца. Во оваа смисла, со Правилото бр. 5 од Пекингшките правила се уредуваат најважните поставени цели на правосудството на детското престапништво. Првата поставена цел е унапредување на благосостојбата на детето. Главен предмет е благосостојбата на децата и одбегнувањето на преземање на исклучиво казнени мерки.

Втората поставена цел е „принципот на пропорционалност". Овој принцип е многу добро познат како средство за ограничување на казнените мерки, најчесто изразено со казна која е заслужена во однос на тежината на стореното кривично дело.

Постапката покрената спрема деца треба да биде заснована на разгледувањето не само на тежината на стореното прекршок, туку и на личната состојба. Индивидуалната состојба на сторителот на прекршок (на пример, општествениот статус, семејната состојба, штетата предизвикана со стореното кривично дело или други фактори кои влијаат врз личната состојба) треба да влијае врз пропорционалноста на преземените мерки (со тоа што, на пример, ќе се земе во предвид направениот обид на сторителот да ја надомести штетата на жртвата или неговата доброволна намера да се насочи кон здраво и корисно живеење).

Во суштина, Правилото 5 се залага за правична реакција во било кој даден случај на детско престапништво. Прашањата кои се комбинирани во ова правило може да помогнат да се стимулира развојот во две насоки: нови и иновативни видови на преземени мерки се исто толку пожелни како и преземени превентивни мерки против какво и да е непотребно проширување на мрежата на формална општествена контрола над децата.

Месна надлежност. Кога станува збор за месната надлежност во постапката спрема деца, месно надлежен, по правило, е судот на неговото живеалиште, а ако детето нема постојано живеалиште или ако тоа е непознато, судот на престојувалиштето на детето (***forum domicilli sive residentiae).*** Значи, се воочува разлика во смисла на определување на месната надлежност кога полнолетно лице е сторител на кривичното

[60] Член 110 од ЗПД.

дело каде што примарен критериум е местото на извршување на кривичното дело (***forum delicti commissi***). Како исклучот од овој критериум за определување на месната надлежност е можноста постапката да се спроведе пред судот на престојувалиштето на детето или пред судот според местото на извршување на дејствието што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок, но само во случаи кога е очигледно дека пред тој суд постапката ќе се спроведе без одлагање.[61]

Ваквиот начин на определување на месната надлежност во постапката спрема децата наоѓа свое оправдување во фактот што утврдувањето на приликите под кои детето се развивало и под кои живее и, воопшто, прибирањето на податоци во врска со личноста на детето и неговиот психички развој, најсоодветно е да се врши токму во местото во кое тој живее или престојува. Исто така, ваквиот начин на определување на месната надлежност е во функција на принципите на итност и економичност на постапката спрема децата (Нанев, 2008, стр. 245-265). Се чини дека итноста и економичноста уште повеќе ќе се засилат ако во Законот за судовите се овозможи постапката за кривични дела сторени од деца да се води во сите основни судови, а не само во основните судови со проширена надлежност.

Судии–поротници. Во судската постапка спрема децата постои професионална порота.[62] Како што веќе наведовме кога зборувавме за начелата, начелото на специјализираност е уникатно начело кое важи само во постапката спрема деца. Истото особено доаѓа до израз во лаичкиот елемент на судскиот состав за кој важат посебни правила, различни од општите правила за избор и именување на поротници во кривична постапка. Во оваа смисла, за судија поротник се избираат лица од редот на просветни работници, психолози, педагози, социјални работници и други лица кои имаат искуство во воспитанието и образованието на младите. Оваа законска определба е плод на дечениските напори за креирање на таков модел на правда за децата кој во себе има интегрирано решение за правилно канализирање на сите животни ситуации кои можат да се јават пред советот за деца. Преку специјализираноста на судиите поротници се овозможува советот за деца да го сочинуваат оние кои можат да донесат најдобра одлука во постапката спрема деца, имајќи го во предвид предзнаењето и специјалната школска подготовка која ја поседуваат овие лица. Во оваа смисла, како особено важно се јавува „ажурираното" знаење кое го имаат искусните просветни работници, како на пример професори од основни или средни училишта кои имаат можност секојдневно да ги следат и да бидат во тек со новите позитивни и негативни „модели" на однесување во училиштата. Овие лица имаат информации дали одредени девијантни однесувања се изолирани случаи или пак дали таквото однесување сè почесто се јавува кај децата па оттаму дали треба да се заостри казнената политика. Во постапката спрема деца впрочем најбитно е „знаењето од искуство", а токму такво знаење поседува профилот на специјализирана судска порота регулирана со овој закон.

3. Јавен обвинител за постапување спрема деца

Јавниот обвинител е државен орган што гони сторители на кривични дела и којшто е странка во кривичната постапка која од името на државата е овластена да дава иницијатива за започнување на кривично гонење за кривични дела кои се гонат по службена должност и сите кривични дела што се сторени од деца во судир со законот.

[61] Член 105 од ЗПД.
[62] Член 102 од ЗПД.

Во кривичната постапка, јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривичните дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши други работи утврдени со закон (Матовски et al., 2011 стр.105-118; Лажетиќ et al., 2015 стр. 78-85). Согласно ЗПД, во постапката спрема деца за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела, овластен тужител може да биде само јавниот обвинител.[63]

Јавниот обвинител во постапката спрема деца е специјализиран орган со тоа што специјализацијата ја стекнува преку обврската за обуки во траење од најмалку пет дена во годината во земјата и странство.

Начелата на целесообразност и опортунитет во постапката спрема децата, му дава широки овластувања на јавниот обвинител да одлучи дали ќе поведе постапка спрема дете кое сториле дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело. Во оваа смисла, јавниот обвинител може да одлучи да не поведе постапка по пријавата за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело сторено од дете над 14 години, за кое е утврдена парична казна или казна затвор до три години. Согласно ова право, надлежниот јавен обвинител нема да поведе постапка пред судот иако постојат докази дека детето го сторило дејствието што со закон е предвидено како кривично дело, доколку Јавниот обвинител смета дека не би било целесообразно да се води постапка со оглед на природата на дејствието што со закон е предвидено како кривично дело и на околностите под кои е сторено, на поранешниот живот на детето и на неговите лични својства, како и кога извршувањето на казната или на воспитната мерка е во тек.

Јавниот обвинител може да одлучи и условно да го одложи поведувањето на постапката пред судот за време од шест месеци под услов во тој рок да не стори друго дејствие што со закон е предвидено како кривично дело и да ја надомести штетата или на друг начин да ги поправи штетните последици предизвикани со сторување на делото.

Конечно, јавниот обвинител може да одлучи и да не поведе постапка доколку врз основа на извештајот од ЦСР утврди дека е постигната спогодба меѓу детето и неговото семејство и оштетениот за враќање на имотната корист, надоместувањето на штетата или поправањето на штетните последици на делото.

Некоја од споменативе одлуки јавниот обвинител може да донесе само кога ќе оцени дека случајот е јасен, кога ги информирал детето и неговиот законски застапник за последиците од одлуката и кога за тоа постои согласност од детето и неговиот законски застапник, бранителот и оштетениот, по претходно прибавен извештај од ЦСР.

Пред донесување на одлуката јавниот обвинител може да побара посебен извештај од МВР за околностите под кои е сторено кривичното дело.[64]

За дејствија што со закон се предвидени како кривични дела за кои се гони по предлог или приватна тужба, постапката може да се поведе ако оштетениот во рок од три месеци од сознавањето за стореното дело или сторителот, доставил предлог за поведување на постапка до надлежниот јавен обвинител. Сепак, и во случај на вакво кривично дело, за конечното поведување на постапката надлежен е јавниот обвинител. Ако јавниот обвинител не достави барање за поведување на постапка спрема дете, ќе го извести за тоа оштетениот.

Оштетениот не може да ја преземе постапката, односно не може да поднесе приватна тужба до судот, туку може во рок од осум дена од приемот на известувањето

[63] Член 112 од ЗПД.
[64] Член 77 од ЗПД.

од јавниот обвинител да бара советот за деца на надлежниот суд да одлучи за поведување на постапка.

4. Бранител

Одбраната, како една од трите основни функции во кривичната постапка, претставува процесна активност на спротивставување на обвинението, наполно или делумно одрекување дека е извршено кривично дело и на одговорноста за него, истакнување на аргументи (факти и докази) со кои се побива тезата на обвинението. Таа е збир од оние дејства што во постапката се преземаат со цел да се изнесе сè што е во корист на обвинетиот (Матовски et al., 2011, стр.133-140; Лажетиќ et al., 2015, стр. 96-100).

Според Уставот на РСМ[65], секое лице има право на бранител во преткривична и во судска постапка. Адвокатурата е самостојна и независна јавна служба која обезбедува и дава правна помош, согласно Законот за адвокатурата.[66] Правната помош се состои во давање на правни совети, застапување во водење преговори давање правна помош во деловен протокол, составување на исправи за правни дела, составување на договори за основање, партнерство, соработка и слични акти во врска со основањето или работењето на деловните субјекти, составување на поднесоци во судски и други постапки, застапување на странките пред судовите, државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа и други правни и физички лица, одбрана на осомничени и обвинети лица и вршење на други работи на правна помош.

Адвокатската дејност ја вршат адвокати кои положиле заклетва и се запишале во Именикот на АКРСМ.

Според ЗКП секое лице осомничено или обвинето за кривично дело има право на бранител во текот на целата кривична постапка против него. Обвинетиот пред првото испитување или пред друго дејствие за кое таа обврска е предвидена со ЗКП мора да се поучи дека има право на бранител по свој избор со кого може насамо да се советува и дека бранителот може да присуствува на неговото испитување. Бранител на обвинетиот може да му обезбедат и неговиот законски застапник, брачниот, односно вонбрачниот другар, роднина по крв во права линија, посвоител, посвоеник, брат, сестра и хранител, освен ако обвинетиот на тоа изречно се противи.[67]

Како бранител во кривичната постапка може да се јави само адвокат.[68]

Одбраната во постапката спрема деца е уредна на начин што освен сите одредби коишто важат за одбраната на полнолетни лица во кривична постапка, во постапката спрема деца важат и некои посебни услови кои задолжително мора да бидат исполнети. Во оваа смисла, за да може адвокат да се јави како бранител во постапката спрема деца, тој мора најмалку пет дена во текот на годината да следи специјализирана обука за правда за деца во земјата или во странство.

Одбраната на детето во сите фази на судската постапка е задолжителна.[69] За разлика од постапката против полнолетни лица, каде што во случаите на факултативна одбрана, обвинетиот има право да самостојно да одлучи дали ќе ангажира бранител или

[65] Член 12 од Уставот на РСМ.
[66] Закон за адвокатурата, Службен весник на РСМ, бр. 199/2023.
[67] Член 71 од ЗКП.
[68] Член 71 ст.4 од ЗКП.
[69] Член 94 од ЗПД.

не, во постапката спрема деца, без разлика на кривичното дело кое е сторено, детето мора да има бранител во секоја фаза од постапката.

Бранителот мора да биде од редот на адвокатите. Изборот на адвокатот може да биде од страна на самото дете или неговиот законски застапник, а во случај кога тие сами не ангажираат адвокат, тогаш надлежниот орган (ЦСР, јавниот обвинител или судот) по службена должност ќе одредат адвокат од листата составена од Адвокатската комора на Република Северна Македонија.

Како и во постаката против полнолетници, и во постапката спрема деца е предвидена *одбрана на сиромашни* со тоа што е предвидено дека во случаите кога детето и неговите родители односно старатели не се во состојба да ги платат трошоците за адвокатот, трошоците на одбраната паѓаат на товар на судскиот буџет.[70] На детето може и во прекршочна постапка да му се определи бранител по службена должност од редот на адвокатите и ако судијата за деца одлучи дека тоа е неопходно, во кој случај во однос на трошоците за адвокатот се применуваат одредбите за адвокат во кривичната постапка спрема деца.

Детето може да биде испитувано само во присуство на неговиот бранител.[71] Родителите односно старателите може да присуствуваат на сите дејствија во текот на целата постапка, освен ако судот оцени дека таквото присуство може да има штетни последици за неговиот развој.

Важноста на бранителот во постапката се гледа и во многубројните овластувања коишто тој ги има во самата постапка, а кои се неопходни за правилна и сестрана заштита на интересите на детето.

5. Центар за социјални работи

Новите приоди во постапувањето подразбираат приспособување на реакцијата кон причините што довеле до стореното.

Се поттикнува и идејата за збогатување на можностите за неформален пристап во разрешувањето на состојбите во кои се инволвирани децата, што подразбира интеракција и активно вклучување на поширок круг субјекти - училиштето, семејството, социјалните органи, полицијата, јавниот обвинител, а поведувањето официјална казнена постапка спрема деца да биде случај за потешки облици на кривични дела, за повторено сторување полесни кривични дела и кога ќе се оцени дека личноста на детето, начинот на сторување на делото и мотивите од кои се раководел го оправдуваат класичниот формален приод и изрекување соодветна кривична санкција. Основните постулати на правдата за децата се состојат во акцентирање на обврската на заедницата да обезбеди услови за нормален развој и просперитет кои ќе овозможат секое дете да се развива и да се формира како творечка личност, да се обезбеди негова благосостојба, правилен раст и развој (Бужаровска, 2011, стр. 442).

Во ЗПД, покрај судовите, кои како специјализирани се јавуваат како надлежни во постапката спрема деца, законот наведува повеќе органи во рамките на терминот **други специјализирани органи**, помеѓу кои и ЦСР. ЗПД им дава особена улога на овие специјализирани органи, посебно на ЦСР во превенцијата на детското престапништво

[70] Се смета дека родителите, односно старателите не се во состојба да ги надоместат трошоците за правна помош од адвокат бидејќи остваруваат вкупни месечни приходи помали од последната објавена просечна нето плата во Република Северна Македонија, чл. 27 ст. 5 од ЗПД.
[71] Член 96 од ЗПД.

како и во постапката за остварување на мерки за помош и заштита кои играат огромна улога во ресоцијализацијата на самото дете, без притоа репресивно да го казнува. Ова, всушност е и еден од основните постулати на системот на правда за децата, а тоа е дека спрема децата треба внимателно да се постапува со примарна примена на мерките на помош и заштита, а сите репресивни санкции да бидат изрекувани во последна инстанца, кога мерките на помош и заштита не може да ја остварат својата цел.

ЗПД им посветува големо внимание и им доверува важни задачи на ЦСР. Предвидено е постапувањето на ЦСР во постапка за определување мерки на помош и заштита, посредување заради обештетување меѓу детето и оштетениот, давање мислење и извештај за правецот во кој треба да постапи јавниот обвинител при постапката за мерки на одвраќање, и тоа во фазата пред започнувањето на официјалната постапка, како и односот на ЦСР со јавниот обвинител и судијата за деца по започнувањето на постапувањето (Бужаровска, 2011, стр. 443).

ЦСР има соодветна улога и во останатиот дел од постапката спрема деца како и во однос на извршувањето на воспитните и алтернативните мерки[72].

Во однос на воспитните мерки, ЦСР има овлстување да врши засилен надзор кога затоа има потреба согласно чл. 45 од ЗПД, односно ако родителите, односно старателите не се во можност да вршат засилен надзор над детето, а не постојат услови за предавање на детето на згрижувачко семејство заради вршење ваков надзор, детето ќе се стави под надзор на ЦСР. Судот дополнително ќе одлучи мерката да престане, со тоа што нејзиното траење не може да биде пократко од една ни подолго од три години. За времетраењето на мерката детето и натаму останува да живее кај своите родители или кај други лица кои го издржуваат, а засиленият надзор врз него го врши ЦСР. Ако детето не може да остане во семејството во кое живеело, ЦСР ќе го смести во воспитна установа и ќе се грижи за неговото образование или вработување, за издвојување од средината што штетно влијае врз него, за потребното лекување и за подобрување на приликите во кои живее.

Исто така, во случај да е определени посебни обврски кај надзорот на детето, ЦСР може да му предложи на судот, да ги измени или укине посебните обврски што ги одредил. ЦСР врши постојан надзор и му помага на детето во исполнувањето на определените обврски, соработува со родителите, односно старателите и го известува судот најмалку еднаш на шест месеци за постигнатиот успех во спроведувањето на посебните обврски согласно чл. 46 од ЗПД.

ЦСР е надлежен да им укаже помош и грижа, надзор и заштита во исполнувањето на обврските од страна на детето, со практични совети треба да го поттикнува и да му помага на детето во нивното исполнување, да соработува со родителите, односно старателите и повремено, а најмалку еднаш на три месеци, да го известува судот за состојбите со исполнувањето на определените обврски.[73] Доколку пак судот на детето му изрече алтернативна мерка општокорисна работа, тогаш надзорот над исполнувањето на работните обврски на детето врши ЦСР кој е должен повремено, а најмалку еднаш месечно, да го известува судот за извршувањето на мерката.[74]

Важноста на ЦСР се гледа и во значењето на неговите извештаи. Овие извештаи се особено битни, затоа што со нив се укажува на семејни, образовни, здравствени, социјални, економски, социо-патолошки и сл. состојби во кои детето се наоѓа, односно живее, како и околностите под кои е сторено кривичното дело. Сите овие информации содржани во извештаите го олеснуваат судското одлучување, односно му помагаат на

[72] За ова види подолу во делот што ги разработува алтернативни мерки спрема деца.
[73] Член 64 од ЗПД.
[74] Член 66 од ЗПД.

јавниот обвинител да одлучи дали ќе предлага подготвителна постапка или ќе одбере некој од неформалните (диверзиони) облици на постапување кој ќе го оцени како најсоодветен за конкретното дете во ризик.

ЦСР е орган без којшто постапувањето спрема децата не би можело да се одвива и да ги даде посакуваните резултати. Ниту јавниот обвинител ниту судот не може да се впуштат во одлучување без претходно да го консултираат ЦСР. Ова е од причини што и на јавниот обвинител и на судот му се потребни наодот и мислењето од стручниот работник, којшто може да биде психолог, педагог, социјален работник во однос на постоењето определени ризик фактори, нивно препознавање, осмислување соодветна реакција со цел за нивно неутрализирање, отстранување, оневозможување тие во иднина да предизвикаат проблеми во поведението на детето.

ЦСР, во однос на делокругот на работа влегуваат во рамките на секторот за социјална заштита при Министерството за социјална политика, демографија и млади. Согласно законската регулатива, ЦСР функционира како јавна установа за социјална заштита со јавни овластувања заради вршење на работите од социјалната заштита.[75]

ЦСР може да се основа само ако ги има следниве образовни профили: социјален работник, психолог, педагог и правник, којшто поседува лиценца за работа.

Како јавни овластувања, ЦСР ги врши следните работи:

- решава за правата од социјална заштита,
- решава за правата утврдени со Законот за заштита на децата,
- решава за парична помош на лица со признаен статус на бегалец и под супсидијарна заштита, утврдени со Законот за меѓународна и привремена заштита,
- решава за работите утврдени со прописите за семејно-правните односи,
- решава за правото утврдено со Законот за социјална сигурност за старите лица,
- постапува по работите од својата дејност утврдени со прописите од кривичното право и
- врши и други работи утврдени со закон.

Меѓународните документи кои се занимаваат со дефинирање препораки во однос на заштитата на детето укажуваат на тоа дека за младите лица е особено важно постапувањето да се одвива во природната средина на детето, онаму каде што тоа се чувствува сигурно и заштитено. Оттука е настојувањето за вонинституционален третман со методите на партиципативност и интерактивност. Ова е нужно бидејќи реакцијата мора да ја следи зрелоста на детето, која не секогаш коинцидира со неговата возраст, и способноста да го сфати стореното и она што мора да се преземе како реакција со или без конкретна интервенција. Важноста на раното психосоцијално дејствување, од една страна, се поврзува со фактот што младите лица се во процес на психофизичко развивање и проблемите со социјализацијата може да придонесат за скршнување кон криминално однесување, а од друга страна, со сознанието дека оној што дошол во судир со законот на рана возраст и не бил соодветно третиран е во опасност да се впушти во сериозни облици на казнени дела уште додека е дете (Бужаровска, 2011, стр. 444).

[75] Закон за социјалната работа, Службен весник на РСМ, бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23.

Конечно, сите мерки за обезбедување на присуство може да му се изречат на детето само по претходно прибавено мислење од ЦСР,[76] што се однесува и натамошните одлуки за продолжување на траењето на овие мерки.

[76] Член 126 од ЗПД.

ГЛАВА VII
МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСУСТВО НА ДЕТЕТО

1. Меѓународни стандарди за притворање на деца

Со цел да се укаже на специфичноста на притворање на децата, се наметнува како потреба да се укаже на повеќе меѓународни документи, релевантни за воспоставување на стандардите за лишување од слобода на децата.

Примарен документ е Конвенцијата за правата на децата, особено членовите 37(б) – ниедно дете нема да биде незаконско или самоволно лишено од слобода. Апсењето, притвороти затворањето на децата треба да се применуваат во крајна нужда и да траат најкус временски период.

Меѓународните документи особено внимение посветуваат на мерките за обезбедување присуство на децата во кривична постапка, бидејќи секое ограничување на слободата на детето мора да биде преземено само како крајна мерка, кога се исцрпени сите други мерки за обезбедување на присуство, а нивното траењето треба да се сведе на најкус можен временски период.

Стандардни минимални правила за спроведување на малолетничка правда (Пекинишки правила) дополнителниот Анекс, предвидуваат дека мерката притвор треба да се примени како крајна мерка и за најкраток можен временски период. Онаму каде што е можно, притворот во очекување на судењето, треба да се замени со алтернативни мерки, како строг надзор, интензивна нега или сместување во семејство или образовна институција, односно дом.

Децата кои се наоѓаат во притвор додека го очекуваат судењето треба да ги имаат сите права и гаранции на Основните правила за постапување со затвореници, усвоени од ООН. Децата кои се наоѓаат во притвор во очекување на судењето треба да се држат одвоено од возрасните и треба да бидат сместени во посебна институција или во истата институција со возрасните, но во одвоен дел. Додека се во притвор, децата треба да добијат потребно згрижување, заштита и сета посебна помош - социјална, образовна, стручна, психолошка, медицинска и физичка, која би им била потребна во поглед на нивната возраст, пол и личност.

Пекиншките правила (Бужаровска et al., 2012) особено нагласуваат дека опасноста за децата од „зараза од криминалот" додека се во притвор во очекување на судењето не смее да се потценува. Затоа е неопходно да се нагласи потребата од алтернативни мерки. Во таа смисла, правилото 13.1 го поттикнува изнаоѓањето нови и иновативни мерки за одбегнување на притворот во интерес на благосостојбата на детето. Децата кои се наоѓаат во притвор во очекување на судењето треба да ги имаат сите права и гаранции од Основните правила за постапување со затвореници како и од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, а особено членовите 9 и 10, параграф 2 (б) и 3. Овие правила[77] не ги спречуваат државите да преземаат други мерки против негативните влијанија од возрасните затвореници кои се барем исто толку ефикасни како мерките кои се споменуваат во правилото.

Различните форми на помош кои може да бидат потребни се наброени за да се обрне внимание на широкиот опсег на конкретните потреби на младите кои се во притвор (на пример, машки или женски лица, зависници од дрога, алкохоличари,

[77] Особено правилото 13.4 од Пекиншките правила.

ментално болни, млади лица кои се трауматизирани од апсењето итн.). Разновидноста во психолошките и физичките карактеристики на младите лица во притвор може да доведат до посебни мерки за распредување според кои некои се држат одвоено додека се во притвор, со тоа придонесувајќи кон одбегнувањето на траумите и обезбедување на посоодветна помош.

Во Прописите на ООН за заштита на малолетници лишени од слобода (Хавански правила) со дополнителниот Анекс, се укажува дека децата лишени од слобода се мошне подложни на злоупотреби и опасност од кршење на нивните права, поради што сместувањето на дете во институција треба да биде крајна мерка, и тоа за најкраток можен период. Исто така, поради големата ранливост, децата лишени од слобода имаат потреба од посебна грижа и внимание, па оттука нивните права и благосостојба треба да бидат загарантирани во текот на времетраењето но и по истек на периодот во кој биле лишени од слобода. Лишувањето од слобода претставува било која форма на затворање или сместување на детето во државна или приватна установа од која на детето не му е дозволено заминување по сопствена волја.

Правилата диктираат дека лишувањето од слобода треба да се спроведе во услови и околности кои го обезбедуваат почитувањето на човековите права на детето. На децата кои се притворени во соодветни установи треба да им се гарантира правото на осмислени активности и програми кои ќе служат за унапредување и одржување на нивното здравје и самопочит, унапредување на нивното чувство за одговорност и охрабрување на ставовите и вештините кои ќе им помогнат во развојот на нивните потенцијали како членови на општеството.

Ниту едно дете не треба да биде примено во установа за извршување на мерката притвор без соодветна судска одлука. Деталите на ваквата одлука треба без одлагање да се впише во официјалниот регистар на установата и да се води комплетна и доверлива документација во однос на следниве информации: идентитетот на детето; причините за затворање, како и надлежниот орган кој ја донел одлуката; денот и часот на притворањето, трансферот и ослободувањето; податоци за известување на родителите или старатели; податоци за познати физички и ментални проблеми, вклучувајќи ја и злоупотребата на алкохол и дрога од страна на детето.

По примањето во установата, детето треба да биде запознаено со куќниот ред и правилата кои владеат во установата, како и целите и методологијата на обезбедената грижа, дисциплинските барања и постапки, други дозволени методи за достапност на информации и поднесување на жалба, како и други околности кои се потребни за да им се овозможи целосно разбирање на нивните права и обврски за време на престојот во истата. Во најкраток можен рок по прифаќањето, секое дете треба да се интервјуира, да се подготви психолошко, социјално и медицинско известување со кое ќе се препознаат релевантните фактори за определување на специјален вид и степен на грижа, како и соодветна програма за него. Затворањето на детето мора да биде само во услови во кои се обезбедуваат неговите специфични потреби, статус и посебни барања во однос на возраста, личноста, полот и видот на стореното дејствие, како и менталното и физичко здравје, и каде се гарантира заштита од штетни влијанија и ризични ситуации, да постои грижа за особените потреби на детето и заштита на неговиот физички, ментален и морален интегритет и благосостојба.

Секоја установа треба да обезбеди пристап до библиотека која е соодветно опремена со стручна и рекреативна литература, како и со месечни изданија соодветни за деца и тие треба да се охрабруваат и оспособат за користење на истата. Во однос на рекреацијата, секое дете има право на определено време за дневна слободна рекреација, и тоа на отворен простор во согласност со временските услови, и за време на кои се обезбедуваат соодветни рекреативни и физички тренинзи. За овие активности

треба да се обезбеди соодветен простор, инсталација и опрема (Обединети нации, 1990 година, Правило 47).

Секое дете треба да добие соодветна медицинска грижа (вклучувајќи дентална, офтамолошка и ментална грижа, како и фармацевтски производи и посебна исхрана, доколку е медицински потврдено како потребно). Секое дете има право да биде прегледано од доктор при приемот во установата, со цел забележување на докази кои говорат за претходен лош третман и идентификација на физичката и менталната состојба која бара медицинско лекување.

Согласно со Упатствата на ООН за спречување на малолетничка делинквенција (Ријадски упатства), во однос на контакти со поширокатa заедница, на детето треба да му се осигура соодветната комуникација со надворешниот свет, што претставува интегрален дел на правото за праведен и хуман третман и е есенцијален дел во подготовката на децата за враќање во општеството. На децата треба да им се дозволи комуникацијата со нивното семејство, пријатели и други лица или претставници на еминентни надворешни организации, напуштање на установата за притвор за посета на нивниот дом и семејство и добивање на посебна дозвола за напуштање на установата поради образовни, стручни илии други важни причини. Исто така, детето има право на редовна и честа посета, во принцип еднаш неделно и не помалку од еднаш месечно, и тоа во околности во кои се почитуваат потребите на детето за приватност, контакт и неограничена комуникација со семејството и бранителот. Секое дете има право да комуницира писмено или преку телефон, најмалку двапати неделно со лице по негов избор, освен ако тоа не е законски забрането, и ќе му се помогне, доколку е неопходно, ефикасно да го ужива ова право.

Носењето и употребата на оружје од страна на персоналот треба да се забрани во секоја установа каде се институционализирани деца.

Сите дисциплински мерки кои содржат суров, нечовечен или деградирачки третман, треба строго да се забранат, вклучувајќи ја телесната казна, сместување во темна ќелија, затворање или осамување или друг вид на казна која може да го оштети физичкото и менталното здравје на детето. Намалувањето на исхраната и ограничувањето или забраната за контакт со членовите на семејството треба да се забрани од било какви причини. Трудот секогаш ќе се смета за образовно средство и начин на промоција на самопочитувањето на детето во подготовката за враќање во заедницата и не смее да се наметне какко дисциплинска мерка. Ниту едно дете не смее да биде казнето повеќе од еднаш со истата дисциплинска мерка. Колективни казни треба да бидат забранети.

Квалификувани инспектори или соодветна надлежна власт која не припаѓа на управата на установата треба да се овласти во изведувањето на редовна инспекција и преземање на ненајавени инспекции по сопствена иницијатива, и ќе ужива целосна гаранција за независност во изведувањето на оваа должност. Инспекторите треба да имаат неограничен пристап до сите лица вработени во или кои работат за установите во кои децата се лишени од слобода, исто така пристап до сите деца и досиеја во тие установи. Квалификувани медицински службеници во состав на инспекцијата или како дел од јавната здравствена услужна дејност, треба да учествуваат во инспекцијата, проценувајќи ја согласноста со правилата во однос на физичката околина, хигиена, сместување, исхрана, вежби и медицински услуги, како и други аспекти или услови на живот во институција кои влијаат на физичкото или менталното здравје на децата. Секое дете има право на доверлив разговор со инспекцискиот службеник.

Компетентни органи треба да обезбедат помош на децата при нивното прилагодување во општеството и во намалувањето на предрасудите против овие деца.

Овие услуги треба да се однесуваат на грижата за, до определен степен, соодветно место на живеење на детето, вработување, облека и доволно средства за издржување по ослободувањето, со цел олеснување на успешната реинтеграција.

Претставници на вакви агенции за помош треба да бидат консултирани и да имаат пристап до притворените деца, за да им помогнат за истите од аспект на подготовка за враќање во заедницата.

Управата на секоја установа треба да изведе внимателна селекција и вработување на сите видови персонал, бидејќи правилното управување на установите зависат од нивниот интегритет, хуманост, можност и способност за работа со децата, како и лична подобност за работата.

Пропишаните стандарди за правосудството за детско престапништво посебно нагласува дека Правилата, меѓу другото, треба да го одразуваат основниот принцип дека притворот пред судењето треба да се применува само како крајно средство, дека ниедно дете не смее да се сместува во простории во кои може да прими негативни влијанија од возрасните затвореници и дека секогаш треба да се имаат во предвид конкретните потреби на фазата на развој во која тие се наоѓаат.

2. Повикување и задржување на дете според ЗПД

За да може да се спроведе кривичната постапка, потребно е да се обезбеди присуство на странките, на бранителот и на другите учесници во постапката. Присуството на овие лица се постигнува со востановување општа должност на граѓаните да се јавуваат на поканата на судот, а располагањето со предметите со наметнување на должност на нивните иматели да ги предадат на барање на судот.

Во основните начела на ЗПД е регулирано дека лишувањето на дете од слобода се применува само како последно средство во постапката и само под услови и во траење определени ЗПД.

Во постапката спрема децата од мерките за обезбедување присуство на обвинетиот и за непречено водење на кривичната постапка може да се применат: поканата, гаранцијата, приведувањето, задржувањето, краткотраен притвор и притвор.

Повикување на дете. Кривичната постапка спрема децата се одликува и со посебностите во поглед на повикувањето на детето како најблага мерка за обезбедување присуство на субјектите во кривичната постапка. Поканата е писмен акт упатен од страна на судот со кој на обвинетиот или друго лице му се наложува да дојде во означено време на определено место, со предупредување дека во случај на недоаѓање ќе биде присилно доведено. Земајќи ја во предвид возраста на детето, законодавецот предвидел детето да се повикува преку родителите, односно старателите, освен ако тоа не е можно поради потребата од итно постапување или од други околности. Родителите, односно старателот се известува задолжително и веднаш, но најдоцна за два часа се известуваат за повикувањето на детето.

ЗПД го регулира и **повикувањето на детето од страна на МВР** кога за него постојат основи на сомневање дека сторило дејствие што со закон е предвидено како кривично дело, а заради собирање на информации. Со поканата се доставува писмена поука за правата согласно чл. 97 од ЗПД.

Разговорот со детето задолжително се води во присуство на неговиот бранител и родителите односно законскиот застапник од страна на полициски службеник, обучен

за водење разговори со деца. Ако родителите/от односно, старателот се недостапни или нивниот идентитет не е познат, се повикува претставник од ЦСР. За разговорот се составува записник, кој го потпишуваат бранителот и родителите/от, односно старателот и претставникот од ЦСР, на кои им се дава и примерок од записникот.

Пред разговорот полициskиот службеник е должен да го запознае детето со причините за повикувањето и со сите факти кои се однесуваат на случајот којшто е предмет на разговорот. Разговорот со детето се води во посебни простории соодветни за разговор со дете од негова возраст и може да трае, ако детето го прифаќа разговорот, најдолго четири часа. По потреба детето може да се повика на разговор само уште еднаш заради остварување на најдобриот интерес на детето.

Задржување на дете. Според ЗПД постојат три основи кога е дозволено овластените службени лица од МВР да задржат дете и тоа:

- **во полициска станица** детето може да биде задржано најмногу 12 часа, а задржувањето подолго од 6 часа мора да го одобри службеникот за прифат во посебно определена и опремена полициска станица.
- овластени службени лица на МВР може го да задржат најмногу 8 часа детето кое е **затечено *in flagranti*** при извршување на дејствие што со закон е предвидено како прекршок против јавниот ред и мир, но само доколку воспоставувањето на јавниот ред и мир или отстранувањето на загрозувањето не може да се постигне на друг начин или кога детето е под дејство на алкохол, дрога или други психотропски супстанции. Оваа законска можност колку и да изгледа на штета на детето, во нејзината суштина всушност е запазен најдобриот интерес на детето. На овој начин детето се отстранува од местото на настанот на кое доколку се остави, штетните последици можат да бидат и поголеми, или пак се задржува додека помине дејството на алкохолот, дрогата или психотропните супстанци под чие дејство тој започнал со своето девијантно однесување. Конзумирањето на овие забранети супстанци само по себе е веќе асоцијално однесување на кое треба да му се укаже на детето, а чинот на задржување со оглед на тоа дека е во простории посебно од полнолетните сторители може оправдано да се очекува дека може и покрај застрашувачкото дејство да има и воспитно дејство за него. Во секој случај, надлежните службени лица треба да се водат пред сè од најдобрите интереси на детето, а потоа од реставрирање на јавниот ред и мир, па затоа внимателно треба да се носи секоја одлука за задржување на детето. За да се превенира секоја залоупотреба на оваа можност е и законското решение за преиспитување на законитоста на задржувањето.
- детето кое е **преземено од странски орган** за безбедност заради спроведување до надлежен државен орган може да се задржи најмногу 12 часа.

За задржување дете полициските службеници на МВР се должни веднаш да го **известат** надлежниот јавен обвинител, судијата за деца, односно судијата на претходната постапка, родителите/от, односно старателот, неговиот бранител и ЦСР. Известувањето во итни случаи се врши телефонски, за што се доставува писмено известување во рок од 24 часа од задржувањето. За **дете странец** лишено од слобода

и дете задржано во полициска станица, се известува дипломатско-конзуларното претставништво на државата чиј државјанин е детето.

Детето се задржува во **простории** соодветни за задржување дете од негова возраст, различни од просториите за задржување полнолетни лица.

За задржувањето дете се составува **записник**, во кој се внесуваат сите податоци, денот и часот кога детето е задржано, причините за задржувањето, времето кога е поучено за неговите права, психофизичката состојба во моментот на неговото задржување, времето кога е разговарано со детето, констатација на службените лица за постоењето видливи телесни повреди и времето на прекинување на задржувањето. Полициският службеник кој го води разговорот со детето е должен записникот и сите информации во записникот да му ги објасни на детето на начин и јазик разбирлив за него. Записникот го потпишува детето и родителите/от, односно старателот и бранителот.

Полициските службеници кои постапуваат согласно со одредбите од овој закон се должни да присуствуваат на специјализирана обука за права на детето и детско престапништво најмалку пет дена во текот на годината, во земјата или во странство. За начинот на водење на разговорот со дете во судир со закон од страна на полициски службеници, правилник донесува министерот за внатрешни работи.

Задржаното дете мора без одлагање, а најдоцна во рок од 12 часа да биде **изведено пред судија за деца**, кој ќе одлучи за одредување на притвор или за пуштање на детето на слобода. Ако судијата за деца најде дека нема основ за задржување на детето, ќе донесе решение за негово пуштање на слобода, во кое ќе ја оцени законитоста на задржувањето. Детето и неговиот бранител имаат право на жалба до кривичниот совет за деца на основниот суд во делот на решението со кое се оценува законитоста на лишувањето од слобода во рок од 24 часа од приемот на решението. Советот одлучува по жалбата во рок од 24 часа од прием на жалбата.

На детето лишено од слобода, без одлагање, му се овозможува **лекарски преглед** од лекар или друго квалификувано стручно лице кога посебните околности во врска со здравствената состојба на детето налагаат ваков преглед. Резултатите и заклучокот од лекарскиот преглед се даваат во писмена форма и се земаат предвид при утврдување на можноста детето да биде испитано и да учествува во други процесни дејствија. Лекарскиот преглед се врши по барање од надлежен орган или по барање на детето, адвокатот, родителите/от, односно старателот или друго полнолетно лице.

За време на задржувањето не може да се води разговор со детето без **присуство на бранител**. Ако детето или неговите родителите, односно старателите не земат бранител, службените лица на МВР ќе определат бранител од листата на адвокати доставена од АКРСМ. Трошоците за бранителот ги сносат родителите, односно старателите на детето. Во случаите кога родителите/от односно старателот не е во состојба да ги надомести трошоците за правна помош од адвокат бидејќи остварува вкупни месечни приходи помали од последната објавена просечна нето-плата во РСМ, за што доставува потврда од надлежен орган или организација најдоцна во рок од 15 работни дена од денот кога адвокатот бил повикан во полициска станица, полициският службеник поставува адвокат по службена должност од електронскиот систем со именик на адвокати кој го води АКРСМ, во спротивно, ќе се смета дека е во состојба да ги плати трошоците за правната помош на бранител. Трошоците за поставениот адвокат по службена должност се исплаќаат од буџетот на МВР.

3. Определување краткотраен притвор според ЗПД

Судијата за деца може да донесе решение за определување краткотраен притвор во случај кога јавниот обвинител по истек на рокот за задржување не стави каков било предлог, а во услови кога задржаното дете мора најдоцна во рок од 12 часа да биде изведено пред судија за деца.

Краткотрајниот притвор може да се определи само ако се исполнети законските услови за определување мерка притвор.

Краткотрајниот притвор може да трае најдолго 24 часа. Ако во тој рок јавниот обвинител не поднесе предлог за определување притвор, судијата за деца ќе донесе решение за пуштање на детето на слобода.

Против решението за краткотраен притвор детето, неговиот бранител и јавниот обвинител имаат право на жалба до кривичниот совет за деца на основниот суд во рок од 24 часа од предавање на решението, кој по жалбата одлучува во рок од 24 часа од прием на жалбата во судот.

4. Определување мерка притвор според ЗПД

Мерката притвор судијата за деца може да ја определи против детето само по предлог на јавниот обвинител, а по претходно прибавено мислење од ЦСР.

Мерката притвор како мерка со која детето се лишува од слобода заради обезбедување на неговото присуство на главен претрес е мерка која може да се примени само во исклучителни случаи, кога сите полесни мерки или се исцрпени или пак не може со нив да се оствари целта на постапката.

Надлежен за определување на мерката притвор е судијата за деца и тоа само по предлог на јавниот обвинител, а по претходно прибавено мислење од центарот. Во предлогот на обвинителот за одредување притвор, како и во одлуката на судијата за деца особено треба да се внимава на причините и основаноста дека притворот е неопходна мерка.

Оттука, предлогот мора да содржи релевантни материјални факти кои укажуваат на потреба за одредување на мерката притвор, а не да се заснова само на законските одредби, без релевантни и достаточни материјални факти. Решението на судот за одредување на притвор исто така мора да даде доволно релевантни причини кои ја оправдуваат мерката притвор. Меѓународните документи особено внимение посветуваат на мерките за обезбедување присуство на децата во кривична постапка, бидејќи секое ограничување на слободата на детето мора да биде преземено само како крајна мерка, кога се исцрпени сите други мерки за обезбедување на присуство, а нивното траење треба да се сведе на најкус можен временски период. Стандардните минимални правила за спроведување на малолетничка правда (Пекинишки правила) и дополнителниот Анекс предвидуваат дека мерката притвор треба да се примени како крајна мерка и за најкраток можен временски период.

Како основа за определување на мерката притвор се земени основите за притвор предвидени во Законот за кривичната постапка. Во чл. 165 ст. 1 од ЗКП е предвидено дека ако постои основано сомневање дека определено лице сторило кривично дело, доколку притворот е неопходен за непречено водење на кривичната постапка,

против тоа лице може да се определи притвор, ако: 1) се крие, ако не може да се утврди неговиот идентитет или ако постојат други околности што укажуваат на опасност од бегство; 2) постои основан страв дека ќе ги сокрие, фалсификува или уништи трагите на кривичното дело или ако особени околности укажуваат дека ќе ја попречува кривичната постапка со влијание врз сведоците, вештаците, соучесниците или прикривачите; 3) особени околности го оправдуваат стравот дека ќе го повтори кривичното дело, или ќе го доврши обиденото кривично дело или дека ќе стори кривично дело со кое се заканува или 4) уредно повиканиот обвинет очигледно избегнува да дојде на главната расправа, или ако судот направил два обиди уредно да го повика обвинетиот, а сите околности укажуваат дека обвинетиот очигледно одбегнува да ја прими поканата. Релевантни околности кои судот треба да ги земе во предвид во услови на разгледување дали ќе одреди притвор или ќе примени поблага мерка:

- вид и тежина на кривичното дело кое се става на товар на детето;
- видовите на санкции кои може да ги изрече советот за деца во случај на осудителни пресуди;
- староста, здравствената состојба, карактерот, кривичното досие, како личните и социјални околности на детето, а посебно неговите врски во средината во која живее;
- однесувањето на детето, посебно во смисла на исполнување на обврските кои евентуално му се одредени во текот на постапката.

Притворот во постапката спрема деца може да се изрече само како крајна мерка и тоа во најкратко можно траење и доколку постојат услови веднаш да се замени со друга мерка на обезбедување на присуство на детето. Услов да се определи притвор е да не се исполнети условите за примена на другите мерки за обезбедување на присуство на детето предвидени во Законот за кривичната постапка. Ваквата одредба е последица од прифаќањето и ратификувањето на меѓународните инструменти (Правило бр. 6 од Стандардните миимални правила на ОН за мерките на алтернативен институционален третман - Токиски правила).

Судијата за деца посебно ќе ја цени и е должен да ја образложи оправданоста на примената на мерката притвор, добро да ја аргументира нејзината примена и сето тоа да го направи, тргнувајќи од личноста на детето, можните последици на притворањето врз неговата личност и неговиот правилен развој.

Притворот се определува со решение на судијата за деца и може да трае најдолго 30 дена. По образложен предлог на судијата за деца, а по претходно прибавено мислење од јавниот обвинител и од ЦСР, кривичниот совет за деца на основниот суд може од оправдани причини да го продолжи притворот за уште најмногу 60 дена.

Во случај на спреченост или отсуство на судијата за деца, одлуките поврзани со притворот ги донесува судијата на претходната постапка.

Ако притворот е определен само поради утврдување на идентитетот на детето, судијата за деца, односно кривичниот совет за деца, е должен по службена должност да донесе решение за неговото укинување веднаш кога ќе се утврди идентитетот на детето.

По прием на образложениот предлог за определување или продолжување на мерката притвор, детето се испитува во присуство на неговиот бранител. Одбраната може да приложува докази во однос на основите за кои е предложено определувањето на мерката притвор. Судијата за деца е должен решението за определување мерка притвор без одлагање да го достави до бранителот и до детето, а за определената мерка

притвор да ги извести родителите/от, односно старателот на детето, односно згрижувачот на детето и ЦСР. Рокот за жалба против решението е три дена од денот на доставувањето на решението, при што жалбата нема суспензивно дејство и не го задржува извршувањето на решението. По жалбата одлучува кривичниот совет за деца на основниот суд во рок од три дена од денот на доставувањето на жалбата, а против решението на кривичниот совет жалба се поднесува до кривичниот совет за деца на апелациониот суд кој е должен да одлучи во рок од три дена од денот на доставувањето на жалбата.

Во притворот детето се сместува одвоено од полнолетните лица. На детето му се обезбедува во притвор право на работна и друга активност што е корисна за неговото воспитување и за отстранување на негативните последици на лишувањето од слобода врз неговата личност. Во текот на траењето на притворот на детето му се гарантира и обезбедува правото на контакт со семејството најмалку еднаш неделно, правото на приватно и доверливо контактирање по потреба, правото на медицинска помош и заштита и правото на следење на информации преку средствата за јавно информирање. Судијата за деца спрема притворените деца ги има истите овластувања што според ЗКП му припаѓаат на судијата на претходната постапка во поглед на притворените и е должен најмалку еднаш при краткотрајниот притвор да го посети притвореното дете, а ако притворот трае подолго, да го посетува најмалку еднаш на секои десет дена.

Определување други мерки. Наместо притвор, судијата за деца во текот на подготвителната постапка може кон детето да определи една од следниве мерки:

- ✓ установа за образование, грижа и заштита на деца (освен установа надлежна за извршување на мерки и санкции спрема деца) или
- ✓ да се стави под надзор на ЦСР или
- ✓ да се смести во згрижувачко или друго семејство, ако тоа е потребно заради давање помош, заштита или згрижување на детето.

Овие мерки судијата за деца ќе ги определи кога се исполнети законските услови за нивна примена, освен кога постои опасност детето повторно да стори дејствие што со закон е предвидено како кривично дело или кога е тоа неопходно заради заштита на животот или здравјето на детето. Против решението за привремено сместување или надзор е дозволена жалба до кривичниот совет за деца на основниот суд.

Трошоците за сместување на детето во установа се исплатуваат однапред од средствата на судскиот буџет и влегуваат во трошоците на постапката.

Дете странец. Кога е затечен при извршување дејствие што со закон е предвидено како кривично дело детето странец чиј идентитет не може да се утврди се определува мерка упатување во одделот за деца на Центарот за прифаќање странци.

ГЛАВА VIII

ТЕК НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА СПРЕМА ДЕЦА

1. Поведување на постапка

Согласно начелото на официјалност, постапка спрема дете над 14 годишна возраст за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело се поведува само по барање од јавниот обвинител.[78]

Кривичната постапка спрема дете, не може да се поведе по иницијатива на супсидијарен тужител или приватен тужител. Сепак, ваквото решение не исклучува гонење поради кривично дело кое се гони по приватна тужба, со тоа што приватниот тужител може да поднесе предлог до јавниот обвинител, тој да го преземе гонењето. Во оваа смисла, јавниот обвинител во постапката спрема деца се јавува во улога на овластен тужител и за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела за кои се гони по предлог, односно по приватна тужба.

Имено, оштетениот во рок од три месеци од сознавањето за стореното дело или сторителот доставува предлог за поведување на постапка до надлежниот јавен обвинител. Јавниот обвинител го цени поднесениот предлог и одлучува дали ќе поднесе барање за поведување на постапка спрема дете. Ако јавниот обвинител одлучи да не доставува барање за поведување на постапка спрема дете, за ваквата негова одлука должен е да го извести оштетениот. Оштетениот не може да ја преземе постапката, односно не може да поднесе приватна тужба до судот, туку може во рок од осум дена од приемот на известувањето од јавниот обвинител да бара советот за деца на надлежниот суд да одлучи за поведување на постапка.

Пред да одлучи дали ќе поднесе барање за поведување на подготвителна постапка јавниот обвинител го сослушува детето во присуство на неговите родители, односно старатели и бранителот, освен во случај кога неговата психофизичка состојба не го дозволува тоа.[79]

Доколку детето или неговите родители, односно старатели не ангажираат бранител, јавниот обвинител по службена должност од листата на адвокати доставена од АКРСМ ќе му постави бранител. Доколку постапката не продолжи пред суд, трошоците за адвокатот ги сносат родителите, односно старателите на детето, а во случаи кога родителите, односно старателите на детето не се во состојба да ги платат трошоците, тие паѓаат на товар на Буџетот на РСМ.

2. Поуки за права на детето

Во случај на сомневање дека детето извршило дејствие што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок, пред да биде преземено какво било дејствие, на детето судот му дава поука за правата, која содржи:

- ✓ дека има право на бранител,
- ✓ дека во постапката кон дете е исклучена јавноста,

[78] Член 112 од ЗПД.
[79] Член 113 од ЗПД.

- ✓ дека има право да не даде известување, информација, односно да се брани со молчење,
- ✓ право на родителите/от односно старателот или друго полнолетно лице да му биде дадена или доставена истата поука за правата, како и таа што му се дава или доставува на детето,
- ✓ право да биде придружувано од родителите/от, односно старателот или друго полнолетно лице во текот на постапувањето,
- ✓ ако детето е лишено од слобода мора веднаш да биде известено, на јазик што го разбира за причините за лишувањето од слобода и за какво и да е сомневање против него за сторено кривично дело,
- ✓ дека во текот на постапувањето ќе бидат прибавени потребните податоци за оцена на неговата психофизичка развиеност и податоци за личните и семејните прилики (индивидуална процена),
- ✓ право на лекарски преглед, влучувајќи и лекарска помош во случај на лишување од слобода,
- ✓ дека може да му бидат определени мерки за обезбедување присуство и, како крајна мерка, може да се определи мерката притвор,
- ✓ право да не му се суди во отсуство и
- ✓ право да поднесува правни лекови.

Судот, усно и на разбирлив начин, го поучува детето за значењето на правата. Органот што презема дејство е должен да се увери дека детето ги разбрало правата содржани во поуката.

Воедно, поуката за правата на детето судот ја врачува или доставува и на родителите/от односно старателот на детето. Ако родителите, односно старателот се недостапни или нивниот идентитет не е познат или постојат околности поради кои значително би се загрозила кривичната постапка или ако е тоа спротивно на најдобриот интерес на детето, поуката за правата на детето се врачува или доставува на друго соодветно полнолетно лице кое е предложено од страна на детето, а прифатено од страна на органот што ги презема дејствата. Во случај кога детето не предложило друго соодветно полнолетно лице или ако во однос на предложеното полнолетно лице постои недозволена околност, МВР или јавниот обвинител поуката за правата на детето му ја врачува или доставува на претставник на ЦСР. Ако престанат да постојат недозволените околности, органот што ги презема дејствата ја врачува или доставува поуката за правата на детето на родителите/от, односно старателот на детето.

3. Право на детето да биде придружувано во текот на постапката

Најдобриот интерес на детето се одразува и во однос на можноста што за првпат е пропишана со ЗПД, а се однесува на правото на детето да биде придружувано во текот на кривичната постапка.

Примарно, детето го придружуваат родителите, но само ако нивното присуство не е во спротивност со најдобриот интерес на детето – ако тие имаат друго процесно својство во постапката, ако се оценети како извор на ризик фактор што придонел за извршување на кривичното дело од страна на детето и сл.

Детето има право да биде придружувано од друго полнолетно лице, кое самото го предложило и кое е прифатено од страна на органот што ја води постапката или презема определено дејство во случај кога ќе се оцени дека присуството на родителите не е во најдобар интерес на детето, кога не било возможно да се стапи во контакт со едниот од родителите/от, односно старателот или ако нивниот идентитет не е познат.

Во случај кога детето не предложило друго полнолетно лице или и неговото присуство било оценето дека не е во најдобар интерес на детето, органот што ја води постапката или органот што презема определено дејствие, определува детето да биде придружувано од претставник од ЦСР.

Ако детето изјави дека не сака да биде придружувано од родителите/от, односно старателот или друго полнолетно лице, органот што ја води постапката или презема определно дејство е должен на едноставен и разбирлив начин да го запознае детето со значењето на правото на придружба и последиците од откажувањето од ова право. Ако и по даденото укажување детето не сака придружба, надлежниот орган може да продолжи со постапување, односно со преземање на дејството ако оцени дека е тоа во најдобар интерес на детето. Откажувањето на детето од правото на придружба мора да се констатира во записник, а ако дејството се снима мора да се забележи и со снимка.

4. Подготвителна постапка спрема дете

Барање и одлучување. Подготвителната постапка претставува прв и задолжителен стадиум на кривичната постапка спрема дете. Целта на оваа постапка е да се утврдат фактите што се однесуваат на кривичното дело и на личноста на детето.

Подготвителната постапка се поведува на барање на јавниот обвинител,[80] а одлуката за нејзиното започнување зависи од оцената на судот. Подготвителната постапка ја води судијата за деца во надлежниот суд.

Со одредбите од ЗПД не е решено прашањето за содржината на барањето што јавниот обвинител го поднесува до судијата за деца на надлежниот суд заради иницирање на подготвителната постапка.

Ако судијата го оцени како основано барањето на јавниот обвинител за поведување подготвителна постапка, не донесува формално решение, туку веднаш пристапува кон спроведувањето на подготвителната постапка.

Ако судијата за деца не се согласи со барањето на јавниот обвинител, ќе побара за тоа да одлучи кривичниот совет за деца на основниот суд.

Преземање процесни дејствија. Во подготвителната постапка се преземаат процесни дејствија кои имаат определени специфичности.

Судијата за деца го определува начинот на изведувањето на одделните дејствија во согласност со ЗКП, водејќи сметка за правата на детето во постапката, а особено за правото на одбрана, правата на оштетениот и собирањето на сите докази потребни за правилно одлучување. Со одобрение на судијата за деца на дејствијата во подготвителната постапка може да присуствува претставник на ЦСР, како и родителите, односно старателите на детето. Овие лица може да стават предлози и да му упатуваат прашања на лицето кое се испитува, односно сослушува

[80] Член 115 ст. 1 од ЗПД.

На дејствијата во подготвителната постапка може да присуствува и јавниот обвинител.

Подготвителната постапка опфаќа прибирање на факти поврзани за дејствијата што го чинат обележјето на кривичното дело кои ги презело детето, но едновремено се преземаат мерки за заштита, надзор и помош на детето.

Во однос на фактите поврзани за кривичното дело и начинот на неговото сторување, во текот на подготвителната постапка судијата за деца го испитува детето, кое според оцената на судијата може да се изврши со помош на педагог, психолог или на друго стручно лице.

Судијата за деца прибавува извештај за детето и за околностите на делото од ЦСР, којшто е должен извештајот да го достави во рок од 30 дена.

Кои дејствија ќе се преземат во текот на подготвителната постапка зависи од оцената на судијата за деца. Во некои случаи, судијата за деца може да одлучи дека се доволни испитувањето на детето и прибавениот извештај од ЦСР, па во рок од максимум 8 дена да го изнесе случајот пред Советот за деца.

Судијата за деца може на органите за внатрешни работи да им нареди да извршат претрес на домот или привремено одземање на предмети или други дејствија во согласност со одредбите од ЗКП.

Во текот на подготвителната постапка се преземаат дејствија за утврдување на возраста на детето, околностите потребни за оцена на неговата душевна развиеност, се испитува средината и приликите под кои детето живее и другите околности што се однесуваат на неговата личност. Заради утврдување на овие околности судот може да ги сослуша родителите на детето, односно неговите старатели и други лица кои може да ги дадат потребните податоци. За овие околности ќе се побара извештај од ЦСР, а ако спрема детето била применета санкција за порано сторено дејствие што со закон е предвидено како кривично дело, ќе се прибави извештај за примената на таа санкција.

Податоците за личноста на детето ги прибавува судијата за деца, преку ЦСР во рок од 30 дена.

Утврдување на здравствена состојба на детето. Во случај кога за утврдување на здравствената состојба на детето, на неговата душевна развиеност и на неговите психички особености, способности или наклонетости е потребно тоа да биде прегледано од стручен тим, за овој преглед ќе се определат лекар, психолог и педагог. Прегледот може да се изврши во специјализирани здравствени установи и мора да се заврши во рок од 30 дена.[81]

Определување мерки за привремено сместување или надзор. Со цел за давање помош, заштита или згрижување на детето, судијата за деца може да определи детето во текот на подготвителната постапка привремено да се смести во установа за образование, грижа и заштита на деца (но не и во установа надлежна за извршување на мерки и санкции спрема деца), да се стави под надзор на ЦСР или да се смести во згрижувачко или друго семејство. Ваквата одлука на судијата подлежи на жалба која се поднесува до Кривичниот совет за деца во рок од седум дена од прием на решението за сместување. Кривичниот совет за деца одлучува по жалбата во рок од 48 часа од прием на жалбата.[82]

[81] Член 119 ст. 3 од ЗПД.
[82] Член 121 од ЗПД.

Ваква одлука во текот на постапката може да донесе и советот за деца, односно да ја укине таквата одлука донесена порано.[83]

Спрема детето, треба да се постапува со посебна претпазливост, со цел водењето на постапката штетно да не се одрази на неговиот натамошен развој. Душевната развиеност и другите својства и состојби на детето, се утврдуваат со оглед на состојбите во времето на извршувањето на кривичното дело, но секако се утврдуваат и за време на водењето на постапката и донесувањето на одлуката. Потребно е што покомплексно да се знае за личноста на детето од причини што од тоа зависи која и каква мерка спрема него ќе се примени.

Трошоците за сместување на детето во установата се исплатуваат однапред од судскиот буџет и влегуваат во трошоците на постапката.

Запирање на постапката во фаза на подготвителна постапка. Постојат случаи кога судијата за деца во текот на подготвителната постапка ќе утврди дека постојат причини за запирање на постапката,[84] и тоа во случај кога ќе утврди дека:

- делото што му се става на товар на детето не е дејствие што со закон е предвидено како кривично дело,
- настапила застареност или делото е опфатено со акт на амнестија или помилување,
- постојат други околности што го исклучуваат гонењето,
- нема докази дека детето сторило дејствие што со закон е предвидено како кривично дело.

За воочените околности веднаш го известува јавниот обвинител, кој има рок од осум дена да го извести судијата за деца дека се откажува од гонење.

Ако јавниот обвинител не донесе ваква одлука, судијата за деца ќе побара за запирање на постапката да одлучи Кривичниот совет за деца на основниот суд.

Решението на Кривичниот совет за деца за запирање на постапката се доставува до јавниот обвинител, до оштетениот и до детето.

Притоа, ако детето е во притвор веднаш се пушта на слобода, а јавниот обвинител и оштетениот имаат право на жалба во рок од седум дена од прием на решението до Кривичниот совет за деца на апелациониот суд, кој одлучува по жалбата во рок од три дена од прием на жалбата.

Советот за деца на основниот суд може да донесе решение за запирање на постапката по службена должност во текот на целата подготвителната постапка.

Завршување на подготвителната постапка. За завршување на подготвителната постапка за дете судијата за деца не носи формална одлука. Кога судијата за деца како ***dominus litis*** на подготвителната постапка спрема деца ќе оцени дека целта на овој стадиум е постигната, ги доставува списите до јавниот обвинител.[85]

По приемот на списите од судијата за деца, јавниот обвинител може во рок од 8 дена да преземе едно од следниве дејствија:

[83] Член 140 од ЗПД.
[84] Член 130 од ЗПД.
[85] Член 131 ст. 1 од ЗПД.

- да бара подготвителната постапка да се дополни - ако смета дека околностите кои се однесуваат на кривичното дело и околностите кои се однесуваат на возраста на детето, неговите психофизички особености, неговата личност, приликите во коишто живее, како и други околности за неговата личност не се доволно разјаснети;
- да даде изјава за откажување од натамошно гонење, по што судијата за деца е должен да донесе решение за запирање на постапката. Ова решение се доставува до оштетениот кој има рок од осум дена да стави предлог до Кривичниот совет за деца за продолжување на постапката. Доколку Кривичниот совет донесе решение за продолжување на постапката, јавниот обвинител има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до советот за деца на апелациониот суд во рок од осум дена, којшто одлучува по жалбата во рок од 24 часа од прием на жалбата;
- да стави образложен предлог до Советот за деца за применување на санкција, којшто содржи: име и презиме на детето, возраст, опис на делото, докази од кои произлегува дека детето го извршило кривичното дело, образложение што треба да содржи оцена на психофизичката состојба на детето и предлог спрема детето да се примени санкција.[86]

5. Постапка пред Советот за деца

Доколку кривичната постапка спрема детето не се заврши со запирање на подготвителната постапка, понатамошната постапка се води пред Советот за деца. Овој стадиум на кривичната постапка спрема дете, може да се одвива на седница на советот или на главен претрес. По приемот на предлогот на јавниот обвинител како и кога постапката спрема дете се води без предлог на јавниот обвинител, судијата за деца кој претседава со советот за деца, закажува седница на советот ако е утврдена неспорна фактичка состојба. Доколку на седница на советот се утврди дека е потребно утврдување на фактичката состојба, може да се одлучи да се одржи главен претрес.

Казните и заводските мерки може да се изречат само по одржан главен претрес, а другите санкции може да се изречат и на седница на советот.

Без оглед дали кривичната постапка спрема детето се одвива на седница на советот или на главен претрес, составот на советот е ист и е составен од судија за дете како претседател на советот и двајца судии - поротници.

4.1. Седница на советот

Судијата за деца, е должен да закаже седница на советот за деца во рок од 8 дена од приемот на предлогот на јавниот обвинител. Со ова законско решение се манифестира итноста на постапката во постапувањето спрема децата. На седница на советот се известуваат и на неа може да присуствуваат јавниот обвинител, бранителот

[86] Член 132 од ЗПД.

и претставникот на ЦСР, а по потреба и детето со неговите родители, односно старателот.

Од формулацијата на законската одредба (чл. 135 ЗПД) произлегува дека на седницата никој не се повикува, туку се известуваат лицата наведени во одредбата на овој член. Судијата за деца, фактички одлучува дали предметот за кој закажувањето на главен претрес не е задолжително, ќе се решава на седница или на главен претрес. Ваквата одлука на судијата за деца, предметот да се изнесе на седница на совет не го задолжува советот, туку тој може да одлучи да се одржи главен претрес, доколку сметаат дека доказниот материјал не е доволен или кога ќе се оцени дека фактичката положба што детето ја оспорува, потребно е контрадикторно да се расправи на главен претрес. Во судската пракса, се застапува ставот дека кога одбраната ја оспорува фактичката положба поблиску изложена во предлогот на јавниот обвинител, а во списите има докази и факти што ја поткрепуваат одбраната на детето и ја доведуваат во сомневање фактичката положба, судот не може својата одлука да ја донесе на седница на советот, туку е должен да закаже главен претрес и на тој начин да ја утврди фактичката положба и да одлучи дали ќе изрече казна или воспитна мерка.

Доколку судот не ги извести лицата коишто се наведени во чл. 135 од ЗПД, тоа претставува релативна повреда на одредбите на кривичната постапка. Со оглед дека на седницата на советот нема контрадикторно расправање, улогата на јавниот обвинител, бранителот и на претставникот на ЦСР, се состои на тоа да укажуваат на непотполност или неточност на доказниот материјал кој треба да послужи како основа за одлуката. Тие може да бараат да се дополни доказната постапка, да се провери одбраната на детето, а може да бараат да се одржи и главен претрес.

Присуството на детето на седницата не е задолжително што произлегува и од самата формулација на законската одредба, а судијата за деца ќе му ја соопшти на детето санкцијата што спрема него е изречена на седница на советот. На седница на советот може да се изречат само воспитни мерки и мерки на засилен надзор.

Седницата на советот започнува со изнесување на содржината на предлогот за примена санкција и прибавените докази од претседателот на советот. Советот донесува одлука по произнесување за предлогот од преставникот на ЦСР, ако е присутен, јавниот обвинител и од бранителот. По советувањето и гласањето, претседателот на советот ја соопштува изречената санкција.

По исклучок, седницата може да се одржи и преку електронски технички средства во согласност со членот 137 од ЗПД.

4.2. Главен претрес

Одлука да се одржи главен претрес. Одлуката дали ќе се одржи главен претрес или доволно за донесување одлука на советот е одржувањето на седница, ја донесува судијата за деца, како претседател на советот за деца, по завршување на подготвителната постапка. Ваквата одлука судијата за деца има обврска да ја донесе во рок од 8 дена (а најдоцна во рок од 15 дена) од:

- приемот на предлогот од јавниот обвинител или
- денот на завршувањето на подготвителната постапка или
- денот кога на седница на советот е одлучено да се одржи главен претрес.

Рокот од 8 дена судијата за деца може да се продолжи, но само со одобрување од претседателот на советот, а имајќи ја предвид итноста на постапката и роковите за нејзиното завршување.

Причината за одржување на главен претрес може да е поврзано со утврдување на определени релевантни факти и околности поврзани за околности за извршеното кривично дело или околности поврзани со детето во судир со законот. Но, обврска на советот за деца е да закаже главен претрес, ако одлучи дека врз основа на сите факти и докази прибавени во текот на подготвителната постапка произлегува дека кон детето во судир со законот треба да се изрече казна или заводска мерка. Овие два облика на санкции не смее да се изречат на седница на советот за деца.

Повикување на лица. На главниот претрес се повикуваат јавниот обвинител, детето жртва и неговиот законски застапник, оштетениот, детето и неговиот бранител, неговите родители, односно старател и претставник на ЦСР, (чл. 136 ст. 3 од ЗПД). Со поканата за главен претрес до детето се доставува предлогот за примена на санкција, која соодветно ги содржи елементите на обвинение согласно со ЗКП, но содржи и образложение. Поканата содржи поука на детето односно одбраната, правото на предлагање докази и другите права. Поканата до детето, заедно со предлогот за примена на санкцијата, мора да се достави така што меѓу нивното доставување и денот на главниот претрес да остане доволно време за подготвување на одбраната, а најмалку осум дена. Овој рок на барање од детето или на барање од јавниот обвинител, а по согласност на одбраната може да се скрати.

Недоаѓањето на родителите, односно старателот или претставникот на ЦСР, не го спречува судот да го одржи главниот претрес. Во случај на отсуство на родителите односно старателот, судот ќе го задолжи бранителот да ги застапува и нивните интереси.

Нагласувајќи ја итноста во постапувањето и кратките рокови во кои постапката спрема дете треба да заврши, но и потребата постапувањето како приоритет да ги има правата, интересите и заштитата на детето, исклучок претставува одлуката на советот за деца за одлагање односно прекинување на главниот претрес. Од овие причини, судијата за деца е должен за секое одлагање или прекинување на главниот претрес да го извести претседателот на судот, образложувајќи ги причините кои ја оправдуваат ваквата одлука.

Одржување седница или главен претрес преку електронски технички средства. Само по исклучок и во случај на постоење опасност од одлагање или кога постојат правни или стварни пречки, по службена должност или на предлог на јавниот обвинител или адвокатот, а со согласност на другата страна, седница на советот за деца, главен претрес, односно нејавна седница може да се одржат и со помош на електронски технички средства.

Овие средства треба да обезбедат едновремена двонасочна комуникација, без заедничко присуство на сите или само на дел од учесниците во судницата. Судот ги известува учесниците во постапката за денот, часот и начинот на пристап до електронската програма за да учествуваат на седницата, односно на главниот претрес. За седницата, односно главниот претрес одржан на овој начин не се води записник, туку текот на постапката се снима преку електронската програма што овозможува двонасочна комуникација и се зачувува во дигитална форма, а странките, бранителот и учесниците добиваат информација за дигиталната адреса на снимката до којашто може

да пристапат со претходно пријавено електронско сандаче кај судијата за деца, односно претседателот на советот.

Прибирање докази надвор од главен претрес. Ако на главниот претрес се добие сознание дека сведокот или вештакот не може да дојде пред суд или доаѓањето му е значително отежнато, а претседателот на советот смета дека неговиот исказ е важен, тој може да го сослуша сведокот или вештакот надвор од главниот претрес или сослушувањето да се изврши преку судијата за деца на надлежниот суд на подрачјето каде што се наоѓа сведокот, односно вештакот.

Ако е потребно да се изврши увид или реконструкција надвор од главниот претрес, преземањето на овие дејства е во надлежност на советот.

Притоа, странките и оштетениот се известуваат секогаш кога и на кое место ќе се сослуша сведокот, односно ќе се изврши увидот или реконструкцијата, со поука дека може да присуствуваат на тие дејства. Ако детето е во притвор, за потребата од неговото присуство на тие дејства одлучува советот.

Тек на главниот претрес. Главниот претрес почнува со читање на предлогот за изрекување санкција од страна на јавниот обвинител. Потоа, судијата за деца го испитува детето ако оцени дека е тоа во најдобар интерес на детето. Претходно, судијата за деца го прашува детето дали го разбрал предлогот и, ако оцени дека е тоа потребно, повторно му ја изложува неговата содржина на начин да може детето најлесно да ја разбере.

Детето се испитува усно, по потреба преку толкувач во случаите предвидени со ЗКП, и треба да се врши на начин што е во најдобар интерес на детето, со почитување на неговата возраст, зрелост и личност.

Пред да започне испитувањето на детето, судијата е должен да го поучи детето за следниве права:

- дека има право да молчи и ништо да не се произнесува,
- дека може да не одговара на некои прашања,
- дека има правото да се изјасни за сите околности содржани во предлогот од јавниот обвинител и
- дека може да ги изнесе сите факти што му служат за одбрана.

По судијата за деца и членовите на советот можат да му поставуваат прашања на детето непосредно.

Јавниот обвиниел, бранителот, оштетениот, законскиот застапник, полномошникот, сообвинетиот и вештаците можат да му поставуваат прашања на детето само преку претседателот на советот, при што претседателот на советот забранува прашања или одговор на веќе поставено прашање, ако е тоа недозволено или не се однесува на предметот.

Кон детето не смеат да се употребат сила, закана, измама или слично за да се дојде до негова изјава или признание спротивно на неговата волја. Ако е постапено спротивно на оваа одредба, исказот на детето не може да се користи во постапката. Воедно, според ЗПД, на детето треба да му се поставуваат прашања јасно, разбирливо и прецизно, за да може потполно да ги разбере. Во испитувањето не смее да се поаѓа од претпоставката дека детето признало, нешто што не признало, ниту смеат да се поставуваат прашања во кои е веќе содржано како треба на нив да се одговори.

По завршеното испитување, претседателот на советот е должен да го праша детето дали има уште нешто да наведе во својата одбрана.

Предметите што се во врска со кривичното дело или што служат како доказ му се покажуваат на детето заради препознавање, откако претходно ќе ги опише. Ако овие предмети не можат да се донесат, детето може да се одведе на местото каде што се наоѓаат предметите.

Исказот на детето се внесува во записникот во форма на раскажување, а поставените прашања и одговорите на нив се внесуваат во записник само кога тоа е потребно.

Доказна постапка. Во текот на доказната постапка се врши докажувањето на сите факти за кои судот смета дека се важни за утврдување на фактичката состоба и околностите поврзани со психофизичкиот статус на детето и неговиот најдобар интерес. Докази може да предлагаат странките, бранителот, оштетениот и полномошникот на оштетениот. Странките и оштетениот можат да предлагаат да се изведат нови факти и да се прибават нови докази, а можат да ги повторат и оние предлози што порано ги одбил претседателот на советот до завршувањето на главниот претрес, а најдоцна до завршни зборови. Постои можност советот да изведува докази и по службена должност кои не се предложени или од кои предлагачот се откажал.

Доказите се изведуваат по ред што го утврдува претседателот на советот, а ако оштетениот кој е присутен треба да се сослуша како сведок, неговото сослушување се врши веднаш по испитувањето на детето.

Сослушувањето на сведоците и вештаците на главниот претрес го врши претседателот на советот. Сведоците и вештаците се поучуваат за нивните права и должности со соодветна примена на ЗКП, при што вештакот е должен да го изложи наодот и мислењето усно на главниот претрес, доколку е повикан. Детето жртва како сведок се испитува согласно со одредбите од ЗПД кои се однесуваат на детето жртва.

На сведоците и вештаците членовите на советот може да им поставуваат прашања непосредно, а сите други само преку претседателот на советот, при што претседателот на советот ќе забрани прашање или ќе одбере давање одговор на веќе поставено прашање, ако е тоа недозволено или не се однесува на предметот. Сведок или вештак може да биде сослушан по пат на видеоконференција без оглед дали се наоѓа во државата или во странство.

Откако ќе бидат сослушани, сведоци и вештаци остануваат во судницата, освен ако претседателот на советот по сослушувањето на странките не им дозволи да ја напуштат судницата. Сепак, по предлог од странките или по службена должност, претседателот на советот може да нареди сослушаните сведоци да се отстранат од судницата и подоцна повторно да се повикаат и уште еднаш да се сослушаат во присуство или во отсуство на други сведоци.

Дел од доказите во текот на главниот претрес се читаат. Имено, записниците за увидот надвор од главниот претрес, за претресување на дом или на лице и за одземање на предмети, како и исправите, книгите, списите и други писмена што служат како доказ, се читаат заради утврдување на нивната содржина, а по оцена на претседателот на советот нивната содржина може накратко усно да се изнесе.

Предметите што можат да служат за разјаснување на работите, можат во текот на главниот претрес да им се покажат на сведоците и на вештаците.

По изведување на сите докази, пред завршување на доказната постапка, претседателот на советот може да побара претставникот од ЦСР да се произнесе во однос на психофизичкиот статус на детето, степенот на кривичната одговорност и

предлагање санкција, која смета дека е најсоодветна за остварување на целите на казнувањето и советникот за деца во однос на неговото стручно мислење за санкцијата.

По завршената доказна постапка претседателот на советот, ги прашува јавниот обвинител, детето и неговиот бранител и оштетениот дали имаат и некакви предлози за дополнување на доказната постапка. Ако никој не стави предлог за дополнување на доказната постапка или ако предлогот биде одбиен, претседателот на советот објавува дека доказната постапка е завршена.

4.3. Измена на предлогот за изрекување санкција

Ако јавниот обвинител во текот на главниот претрес најде дека изведените докази укажуваат дека се изменила фактичката состојба изнесена во предлогот, е должен на главниот претрес усно да го измени предлогот.

Во ваков случај, а по оцена на одбраната, бранителот може да бара одлагање на рочиштето, со цел подготвување на одбраната.

Во постапката за деца односот на предлогот од јавниот обвинител за санкција и одлуката на советот не се заснова на принципот на објективен идентитет помеѓу обвинението и пресудата, што постои согласно ЗКП. Имено, во согласност со одредбите на ЗПД, советот за деца е овластен во постапката во која учествува јавниот обвинител, но и без негов предлог да донесе одлука врз основа на фактичката состојба која е изменета на главниот претрес. Кривичниот совет за деца не е врзан за предлогот на јавниот обвинител при одлучувањето дали кон детето ќе изрече казна или ќе примени друга санкција.

6. Одлуки на Советот за деца

5.1. Видови одлуки

Решение за определување мерки за привремено сместување или надзор. Во текот на постапувањето, а пред донесување одлука во однос на вината и санкцијата што ќе се определи кон детето, советот за деца може да донесе одлука за привремено сместување или надзор врз детето. Од оцената на Советот за деца зависи времетраењето на овие мерки. Ако советот оцени може да ги укине определените мерки, а може да определи и притвор спрема детето.

Решение за запирање на постапката. Советот со решение ќе ја запре постапката според одредбите од ЗКП, во случај кога:

- постојат основи за донесување пресуда со која се одбива обвинението (чл. 402 од ЗКП);

- треба да се донесе ослободителна пресуда (чл. 403 од ЗКП);

- Советот за деца ќе најде дека не е целесообразно на детето да му се изрече санкција.

Осудителна пресуда. Од анализата на основите кога Советот за деца може да ја запре постапката (во рамките на коишто влегуваат причините што во постапката кон

полнолетни би довеле до изрекување ослободителна, односно одбивателна пресуда), произлегува дека Советот за деца може да донесе само еден вид пресуда – осудителна, односно кондемнаторна пресуда, согласно одредбата на чл. 404 од ЗКП.

Со пресудата се изрекува казна затвор за деца или алтернативна мерка (условна осуда со заштитен надзор или општокорисна работа).

При донесување на одлуката за санкцијата, Советот за деца не е врзан за предлогот на јавниот обвинител. Овластувањата на Советот за деца самостојно да го определи видот и висината (времетрањето) на санкција која ја оценил како најсоодветна за да влијае врз причините што довеле до извршувањето на кривичното дело во конкретниот случај, а во границите определени со одредбите на КЗ, имаат за цел да се овозможи санкциите спрема децата да се сообразат со нивната цел, да им се пружи заштита и помош на децата во судир со законот, вршење надзор над нив, нивното стручно оспособување и развивање на нивната лична одговорност, да се обезбеди нивно воспитување, превоспитување и правилен развиток, а кога е во прашање затворот за деца, да се изврши и зајакне специјалната превенција, односно влијанието врз детето во судир со законот во иднина да не врши кривични дела.

Во пресудата судот може да го осуди детето на плаќање на трошоците на постапката и на исполнување на имотноправните барања на оштетениот во согласност со одредбите од ЗКП.

Решение за изрекување санкција. Советот за деца може да донесе три облици на решение и тоа:

- решение за определување на алтернативната мерка условно прекинување на водење на постапка спрема детето - овој облик на одлука не е изречно предвиден во ЗПД поради превид на законодавецот дека оваа алтернативна мерка, согласно одредбата од КЗ, се определува првин со решение за прекин на постапката, а откако ќе измине рокот за проверка и обвинетиот нема да стори ново кривично дело или не се открие некое порано сторено кривично дело, судот донесува решение за запирање на постапувањето;

- решение за изрекување воспитна мерка – во чијшто диспозитив, без да се огласува детето за виновно, се наведува мерката што му се изрекува, при што кај заводските мерки се наведува и нивното времетраење;

- решение за определување мерка на безбедност - во чијшто диспозитив, без да се огласува детето за виновно, се наведува мерката што му се изрекува.

5.2. Образложение и рок за донесување на одлуките

Решенијата во образложението содржат опис на делото и околностите што ја оправдуваат одлуката за запирање на постапувањето, односно примената на изречената мерка од страна на советот за деца.

Пресудата, односно решението со кое се изрекува санкција, судијата за деца е должен писмено да ги изготви во најкраток можен рок, кој не е подолг од 15 дена, а во посложени случаи 30 дена од денот на објавување на одлуката.

7. Правни лекови

6.1. Жалба како редовен правен лек

Основи. Против одлуката со која на детето му е изречена санкција може да се поднесе жалба поради:

1) суштествена повреда на одредбите на ЗПД или на ЗКП;

2) повреда на Кривичниот законик;

3) погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба и

4) одлука за кривична санкција, за одземање имотна корист, за трошоците за кривичната постапка, за имотноправните барања.

Во однос на основите од точки 1), 2) и 4) на овој член соодветно се применуваат одредбите од ЗКП.

Субјекти. Начелото на двостепеност во одлучувањето е прифатено и во ЗПД.

Жалбата е единствениот редовен правен лек со која се побива одлуката на Советот за деца. Во кривичната постапка спрема деца, жалбата може да се изјави поради сите основи предвидени за побивање на судските одлуки во ЗКП.

Во оваа смисла осудителната пресуда и решенијата што ги донесува Советот за деца може да бидат обжалени.

ЗПД упатува на одредбата од чл. 411 од ЗКП во однос на субјектите кои може да изјават жалба. Во оваа смисла во субјекти кои може да поднесат жалба против одлуката на Советот за деца спаѓаат:

- странките, бранителот, законскиот застапник на детето и оштетениот;
- бранителот, јавниот обвинител, брачниот, односно вонбрачниот другар, роднина по крв во права линија, старателот, братот и сестрата може да изјават жалба во корист на детето, но и против неговата волја;
- оштетениот може да изјави жалба само во однос на имотноправното барање.

Рок и суспензивност. Рокот за изјавување жалба изнесува 8 дена од денот на приемот на решението, односно пресудата. Во случај кога други лица изјавиле жалба во корист на детето, рокот за жалба и во тој случај тече од денот кога на обвинетиот, односно на неговиот бранител му е доставен преписот од пресудата. Оштетениот може да изјави жалба само во однос на имотноправното побарување.

По правило, жалбата има суспензивно и деволутивно дејство.

Исклучок е суспензивното дејство на поднесената жалба против решението со кое се изрекува воспитна мерка која се издржува во установа, при што жалбата го задржува извршувањето на решението освен ако судот, во согласност со родителите, односно старателите на детето и по сослушувањето на детето, поинаку не одлучи.

Постапување на Советот на апелациониот суд. Седница на Советот за деца на апелациониот суд се закажува во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата. За седницата се известува детето и неговиот бранител, при што се поучуваат дека нивното недоаѓање не е пречка за одржување на седницата. Советот на апелациониот суд е должен да донесе одлука најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата.

Одлуки на Советот на апелациониот суд. Советот за деца на апелациониот суд може да донесе одлуки соодветно на одредбите од ЗКП, но со следниве специфики што ги пропишува ЗПД:

- може да ја преиначи првостепената одлука со изрекување потешка санкција спрема детето, само ако била поднесена жалба од страна на јавниот обвинител (согласно забраната за преиначување на полошо (забрана за ***reformation in pejus***);
- ако со првостепената одлука не е изречена казна или заводска мерка, Советот за деца на апелациониот суд може таа казна, односно мерка да ја изрече само ако одржи претрес;
- затвор за деца во подолго траење или потешка заводска мерка од онаа што е изречена со првостепената одлука може да се изрече и на седница на советот.

Против одлуката на Апелациониот суд за преиначување на првостепената одлука по одржан претрес, со која се изрекува казна или заводска наместо воспитна мерка, може да се поднесе жалба до Врховниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

6.2. Вонредни правни лекови

Во однос на вонредните правни лекови и во постапкат спрема деца се применуваат одредбите од ЗКП, при што може да се изјават следниве видови вонредни правни лекови:

- Барање за заштита на законитоста;
- Барање за повторување на кривична постапка завршена со правосилна пресуда;
- Барање за повторување на кривична постапка завршена со решение за изречена воспитна мерка.

Барање за заштита на законитоста - Освен недостатоците во фактичката состојба, правосилната судска одлука може да содржи и правни недостатоци (*questio iuris*). Во неа може да се најдат и повреди на законот, затоа што редовниот правен лек - жалбата, со кој тие повреди редовно се отстрануваат, не мора да биде употребен. Барањето за заштита на законитоста е вонреден, деволутивен и несуспензивен правен лек против правосилни судски одлуки со кој јавниот обвинител на Република Македонија може да поднесе барање за заштита на законитоста ако е повреден Уставот на Република Македонија, законот или меѓународен договор, ратификуван согласно со Уставот на Република Македонија. Овој вонреден правен лек може да го користи само јавниот обвинител, а не и одбраната, при што јавниот обвинител не е само странка во постапката, туку истиот е и иницијатор за заштита на законитоста. Со оглед на тоа што јавниот обвинител е единствен субјект и тоа не како процесна странка, туку како државен орган кој врши одредена функција за заштита на законитоста, странките и другите заинтересирани лица треба нему да му се обраќаат за да иницираат постапка за поднесување на барање за заштита на законитоста. ЗКП не пропишува никаков рок за вложување на овој правен лек, од што произлегува дека поднесувањето на барањето

не е временски ограничено. Целта на барањето за заштита на законитоста е да се обезбеди спроведување на начелото на законитост во судската работа и истовремено да се постигне еднообразна примена на правото.

Со барањето за заштита на законитоста може да се побиваат сите правосилни судски одлуки, без оглед на тоа во која инстанца се донесени, дали против нив бил дозволен и дали е користен редовен правен лек и сл. Споредена со правната основа на жалбата, основата на барањето за заштита на законитост е многу поширока. Како основа за побивање служат не само повредите на законот врз кој е заснована одлуката, туку и сите повреди на законот направени во текот на постапката врз основа на која е донесена одлуката. Со оглед на тоа дека ЗКП не ги набројува повредите што може да послужат како основа за овој правен лек, од посебно значење е прашањето за квалитетот на повредите на законот кои може да послужат како основа. Иако ЗКП не бара испитување на причинската врска меѓу повредата и одлуката, сепак *ratio* на овој вонреден правен лек е да се поднесува само во случаите кога повредата имала или можела да има влијание врз одлуката или пак ако повредата има принципиелно значење за еднообразна и правилна примена на законот. Поради тоа, оценката дали во еден конкретен случај ќе се поднесе барање за заштита на законитоста е оставена на јавниот обвинител. За барањето за заштита на законитоста одлучува Врховниот суд на РМ. И кај овој правен лек се применува принципот *beneficium cohaesionis*, така што ако судот оцени дека причините поради кои ја донел одлуката во корист на осудениот постојат и за некој од соосудените за кого не е поднесено барањето за заштита на законитоста, ќе постапи по службена должност како да постои вакво барање (Камбовски et.all.2018).

Кога одлучува по барањето, Врховниот суд на РМ може да донесе една од следниве одлуки: а) да го отфрли барањето со решение ако јавниот обвинител го повлекол барањето за заштита на законитоста, б) да го одбие барањето како неосновано со пресуда, ако утврди дека не постои повреда на законот на која се повикува јавниот обвинител во своето барање, в) да го усвои барањето како основано, во зависност од природата на повредите, при што може да донесе една од следниве одлуки: 1) да ја преиначи правосилната одлука - поради повредите на материјалниот закон и тоа само во корист на осудениот, а не и на негова штета.

Така на пример, судот не може да преиначи ослободителна пресуда во осудителна, затоа што осудениот немал можност да изнесе свои аргументи во врска со сето она што е изложено во барањето, поради што во вакви случаи се оди на укинување на нападнатата пресуда, а не и на нејзино преиначување, 2) да ги укине во целост или делумно одлуките на првостепениот и на повисокиот суд или само одлуката на повисокиот суд, и да го врати предметот на повторна одлука или судење до првостепениот или до повисокиот суд, во зависност од тоа дали со двете или само со едната од нив е повреден законот. Ако законот е повреден со првостепената одлука, а второстепениот суд не ја отстранил повредата, значи дека и неговата одлука е незаконита. Како што е наведено, до укинување доаѓа во случаите кога барањето е поднесено на штета на осудениот, па затоа и се определува повторно судење на кое осудениот може да ги изнесува своите аргументи и 3) судот ќе се ограничи само на тоа да ја утврди повредата на законот, не менувајќи ништо во правосилната одлука, односно ќе донесе т.н. декларативна пресуда со која само се констатира повредата на законот. Донесувањето на ваквата одлука е облигаторно, ако барањето е поднесено на штета на осудениот, а ако судот оцени дека е тоа основано. Судот е должен да ги изведе сите процесни дејствија и да ги расправи сите прашања на кои му укажал Врховниот суд на РМ во својата одлука.

Пред првостепениот, односно пред второстепениот суд странките може да истакнуваат нови факти и да поднесуваат нови докази.

Барање за повторување на кривичната постапка завршена со правосилна пресуда и во случај кога е донесено решение за примена на воспитна мерка или решение за запирање на постапката. За овој вонреден правен лек, ЗПД се повикува на одредбите од ЗКП кои се однесуваат на вонредниот правен лек повторување на кривичната постапка завршена со правосилна пресуда и тоа во случаите кога во постапката спрема дете е донесено решение за примена на воспитна мерка или решение за запирање на постапката. Оправданоста на овој правен лек се состои во тоа што и покрај најголемата совесност, внимание и грижа на судот и на органите на кривичната постапка, не е исклучена можноста од неправилни одлуки. И покрај тоа што секој пресуден предмет се смета за вистинит, доколку има укажувања дека неговата фактичка основа не е вистинита, тогаш се отстапува од правилото за непроменливост на правосилно пресуденият предмет, кој му го отстапува местото на должноста на утврдување на вистината како основна задача во кривичната постапка. Основата на овој правен лек лежи во неточноста на фактичката положба (*error facti*), врз која се заснова пресудата, а повторувањето се бара поради нови факти и докази кои се изнесуваат пред судот, со кои порано не се располагало, а кои укажуваат на недостатоците на утврдената фактичка состојба. Овој правен лек како последица има ревидирање на кривичната постапка, односно повторно судење и донесување нова одлука која ќе биде во согласност со новоутврдената фактичка состојба.

ГЛАВА IX

САНКЦИИ СПРЕМА ДЕЦА

1. Меѓународни и европски документи релевантни за приодот при санкционирање на децата

Особено е големо влијанието на меѓународните и европските документи во однос на креирање на системот на санкции спрема децата, нивниот вид, природа, траење, преиспитување, интерресорска соработка помеѓу органите, партиципативност на детето и неговото семејство во процесот на самопоправање на детето и сл. Оттука, мора да се признае дека системот на санкции спрема децата што ги предвидуаат одделни држави се резултат од влијанието на меѓународните инструменти на ООН и европските документи на СЕ и на ЕУ.

Сите овие документи имаат за цел да ги постават основните, минималните и неизбежните стандарди и начела во однос на санкциите спрема децата и да придонесат кон компатибилност на санкциите во националните системи за правда за децата. Притоа, поаѓајќи од возраста и недоволната зрелост на децата, спречување на криминална зараза и пружање на втора шанса на детето, акцент се става на санкции коишто не подразбираат институционален третман, односно спаѓаат во т.н. вонзатворски санкции и мерки.

Во однос на вонзатворските мерки внимание заслужуваат Токиските правила на ООН, кои помагаат да се добие целосна претстава за природата и целите на вонзатворските мерки. Токиските правила претставуваат клучен документ во рамките на меѓународните инструменти за правда за децата. Нивното усовојување се надоврзува на упатствата на ОН за превенција на малолетничката делинквенција (Ријадски упатства) и правилата на ОН за заштита на децата лишени од слобода – Хавански правила. Со оглед на трендовите во правдата за деца кои заговараат развој на диверзионите шеми и примена на мерки без примена на затворска казна, сите современи законодавства треба да се ангажираат за промоција на нивните принципи. Токиските правила даваат сеопфатна слика на сето она што би требало да се земе во предвид со цел за унапредување, развој и примена на вонзатворски мерки, вклучувајќи ги преткривичните диверзиони програми. Токиските правила треба да се применуваат спрема децата во судир со законот „во сите фази на кривична постапка" и да ги поттикнуваат државите членки да развиваат „широк спектар на оперативни мерки на институционален третман, почнувајќи од оние пред поведување на кривичната постапка до оние по изрекувањето на пресуда".

Правилата ја нагласуваат потребата државите потписнички да прифатат вонзатворски мерки со кои се воспоставува „рамнотежа помеѓу правата на секој поединечен сторителот, правата на жртвите и грижа на општеството за јавната безбедност и превенција од криминалот".

Секогаш треба да се штити достоинството на сторителите на кои им се изречени вонзатворските мерки. При примената на вонзатворските мерки правата на сторителите не се ограничуваат во поголема мерка, отколку што е тоа потребно. При примената на вонзатворските мерки се почитува правото на приватност на сторителот како и правото на приватност на членовите на неговото семејството.

Токиските правила ги дефинираат средствата на минимална правна заштита и права кои на детето му припаѓаат секогаш кога кон детето се определуваат вонзатворски мерки.

Правилата, исто така, поттикнуваат користење мерки кои се спроведуваат пред судењето (диверзиони шеми) со давање овластување на обвинителството, а во соработка со полицијата и другите служби, да го ослободат сторителот или да му определат примена „на соодветна алтернативна мерка". Правилата сугерираат определени облици вонзатворски мерки кои може да се применат и предвидуваат минимални стандарди за нивна имплементација.

Помеѓу предложените вонзаводски мерки опфатени со Токиските правила се: укор, условна осуда, парична казна, конфискација, реституција на жртвите, пробација, општокорисна работа, куќен затвор и сл.

Токиските правила имаат и пенитенцијарен импакт, односно поттикнуваат преземање мерки, откако детото ја издржало затворската казна за да му помогне за поуспешна негова реинтеграција и социјална адаптација со негово сместување во установи каде ќе му се пружи помош за полесна социјализација (*half-way houses*), отпуст заради работа или образование, условен отпуст, скратени казни и помилување.

Правилата поттикнуваат и учество на општествената заедница и користење на ресурсите на заедницата во примена на диверзиони шеми и алтернативни мерки. За да се обезбеди поголема флексибилност во согласност со природата и тежината на сторениот престап, со личноста и потеклото на престапниците со заштитата на заедницата, за да се одбегне непотребно користење на затворски казни, системот на кривичното законодавство треба да обезбеди широк спектар на вонзатворски мерки, од мерки кои се донесуваат пред судењето до оние кои се донесуваат после изрекувањето на пресудата.

Бројот и видот на вонзатворски мерки треба да се определи така што доследното казнување и понатаму ќе биде можно. Развојот на новите вонзатворски мерки треба да се охрабрува, треба внимателно да се следи и систематски да се оценува. Треба да се разгледа можноста проблемот со престапниците да се решава на ниво на локална

заедница во мерка во која е тоа можно без користење на званична судска постапка или судење, со користење правна заштита во согласност со законот. Вонзатворски мерки треба да се применуваат во согласност со принципот на минимална интевенција.

Според Токиските правила, воведувањето, дефинирањето и спроведувањето на вонзатворските мерки се уредува со закон. Изборот на вонзатворските мерки се заснова на утврдени критериуми за природата и тежината на кривичното дело и за личноста и околностите под кои е сторено делото од страна на сторителот, за целта на казнувањето и правата на жртвата. Судските или други овластени органи треба да имаат дискрециono право да ги следат сите фази на судската постапка и да обезбедат полна одговорност на сите учесници во процесот во согласност со законот.

Вонзатворските мерки со кои се наметнува обврска на сторителот, а кои се применуваат пред официјалната судска постапка или судење, односно наместо нив, може да се применат само со согласност на сторителот. Одлуките за примена на вонзатворските мерки подлежат на ревизија од страна на судскиот или некој друг надлежен орган, а на барање на сторителот. Сторителите имаат право да поднесат барање и жалба до судскиот или некој друг независен орган по повод работите кои влијаат на остварување на нивните права, а во врска со примената на вонзатворските мерки. Треба да се обезбеди соодветен механизам за поднесување барање или жалба и ако е можно за постапување по жалбите кои се однесуваат на кршење на меѓународно признаени човекови права. Вонзатворските мерки не подразбираат медицински или психолошки експерименти над сторителите или нивно излагање на непотребен ризик да бидат физички или психички повредени.

Во контекст на санкциите спрема децата внимание заслужуваат и некои европски документи и регулатива.

Советот на Европа има создадено различни стандарди и насоки во областа на правда по мерка на детето (child-friendly justice). Овие стандарди имаат за цел да ги подобрат правосудните системи на државите, со цел тие да бидат приспособени на специфичните потреби на децата.

Европскиот суд за човековите права во Стразбур (ЕСЧП) има заземено јасен став дека во однос на правдата за децата националните судови што постапуваат мора да ги земат предвид возраста на детето, нивото на зрелоста на детето, како и неговите интелектуални и емоционалните капацитети.



Со цел да одговорат на овие барања, според ЕСЧП националните судови мора да ги преземат сите мерки со цел учество на детето во текот на постапката (на пример, случајот Adamkieuwicz v. Poland, Апликација бр.. 54729/00, Пресуда од 22.07.2015)

Ова подразбира создавање на правосуден систем кој гарантира почитување и ефективно спроведување на сите права на децата. Најобемниот сет на стандарди за правда по мерка на децата се содржани во Насоките на Комитетот на министри на Советот на Европа (Guidelines of the Committee of Ministers of the Council of Europe on child-friendly justice).

Во овој контекст, правдата по мерка на децата подразбира децата да бидат достапни; да имаат соодветна возраст; постапувањето да биде брзо, приспособено и фокусирано на потребите на детето; почитување на правото на фер постапка; почитување на правото на учество на детето и разбирање на постапката; почитување на правото на приватен и семеен живот; како и почитувајќи го правото на интегритет и достоинство.

Советот на Европа особено важен импакт врз националните законодавства има и со препораките што се однесуваат на санкциите спрема деца: Препораката Р(97)12 за кадрите задолжени за спроведување на санкции и мерки; Препораката ЦМ/РЕЦ(2008)11 за Европските правила за малолетни престапници субјекти на казнени санкции или мерки; Препораката ЦМ/РЕЦ(2017)3 за Европските правила за санкции и мерки што се извршуваат во заедницата; Препораката Рец(2003)22 за условниот отпуст; Препораката ЦМ/РЕЦ(2010)1 за пробациските правила.

Регулативата на Европската Унија во однос на санкциите спрема децата опфаќа неколку релевантни документи, меѓу кои се Повелбата за основните права на Европската Унија (Charter of Fundamental Rights of the European Union) од 2000 година, Договорот од Лисабон (Treaty of Lisbon) од 2009 година и Стратегијата на ЕУ за правата на детето 2021–2024 година (EU Strategy on the Rights of the Child 2021–2024). Овие документи го даваат својот придонес во унапредување на правата на децата во рамките на ЕУ.

2. Општи правила во ЗПД во однос на санкциите спрема децата

Различната природа и сериозност на санкциите му овозможува на судот да одбере, одмери и изрече најсоодветна санкција во согласност со степенот на развој, возраста и зрелоста на детето, а со којашто според оцената на судот ќе се оствари целта за превоспитување, правилен раст и развој.

Индивидуализацијата на санкционирањето е круцијална за постигнување на посакуваните ефекти, иако судот го има предвид фактот дека санкциите не во сите случаи успеваат директно да повлијаат на отстранување на криминогените фактори што го условиле инкриминирачкото поведение. Од тие причини во ЗПД е наведено дека мерките на помош и заштита, се од најдобар интерес за детето и за неговото воспитување и развој.

Мерките, односно санкциите имаат различна природа и ЦСР, ОЈО, односно судот мора да пристапуваат согласно околностите на секој посебен случај. Притоа, првично мора да се земе предвид возраста на детето, потоа се зема предвид тежината на дејствието што ги содржи елементите на кривичното дело, последиците од него и санкцијата пропишана за него, а особено релевантна е и психо-физичката состојба во

која се наоѓа детето, неговата зрелост и способност да ги сфати последиците од сопствените дејствија.

Возраст ≠ зрелост

Аксиома во системот на правда за децата е дека не постои равенство помеѓу возраста и зрелоста и дека тие се разликуваат кај секое дете во зависност од индивидуалните карактеристики, но и од влијанието на околината и заедницата во целина. Во оваа смисла, во системот на правда за децата се предвидени различни видови санкции во зависност од различните категории на возраст и тежината на стореното кривично дело.

Од особена важност е градацијата на децата според возраста во различни групи (како дете, дете во ризик, дете во ризик до 14 години, дете во ризик од 14 до 18 години, дете во судир со закон од 14 до 16 години, дете во судир со закон од 16 до 18 години, дете жртва на возраст до 18 години и помладо полнолетно лице од 18 до 21 година) која му дава смисла и значење на системот на санкции кои може да се изречат на децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела.

Согласно ЗПД спрема дете кое во време на извршување на дејствието, кое со закон е предвидено како кривично дело или прекршок, не наполнило 14 години, не може да се примени санкција,[87] а спрема дете во ризик до 14 години и дете во ризик над 14 години се применуваат предвидените мерки на помош и заштита според ЗПД, кои се од најдобар интерес за детето и неговото воспитување и развој.[88]

Табела бр. 11 Приказ на возраста на детето и можноста за санкционирање

Возраст	**Кривично дело или прекршок**	
	Мерки на помош и заштита	**Санкции**
Под 14 години	√	**X**
Дете во ризик до 14 и над 14 години	√	**X**

Во однос на категориите деца спрема кои може да се определат санкции ЗПД ги содржи следниве специфичности:

[87] Член 22 од ЗПД.
[88] Член 23 од ЗПД.

- на дете од 14 до 16 годишна возраст за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело може да му се изречат само воспитни мерки;
- на дете од 16 до 18 годишна возраст за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело може да му се изречат воспитни мерки, а по исклучок може да му се изрече казна или алтернативна мерка;
- дете од 16 до 18 годишна возраст може да биде ослободено од казна под општите услови определени со КЗ;
- на дете за дејствие кое со закон е предвидено како прекршок може да му се изречат прекршочни санкции определени со ЗПД;
- на дете му се изрекуваат мерки на безбедност под условите определени со КЗ и со ЗПД;
- конфискација на имот и имотна корист и предмети прибавени со дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци на деца се врши согласно со општите услови утврдени во КЗ.[89]

Табела бр. 12 Приказ на возраста на детето и санкциите кои можат да му се изречат

Возраст	**Кривично дело**			
	Воспитни мерки	**Санкции**	**Мерки на безбедност**	**Алетрнативни мерки**
Од 14 до 16 години	√	x	√	x
Од 16 до 18 години	√			

При одлучувањето за примена на мерките и санкциите, секогаш треба да им се дава предност на превентивните, заштитните и воспитните мерки. Мерката или санкцијата што му се изрекува на дете над 14 години треба да одговара на неговата личност, тежината на дејствието што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок и неговите последици, потребата од негово воспитување, превоспитување, образование и развој, заради обезбедување и заштита на интересот што е најповолен за детето.[90]

Судот секогаш во прв план треба да ги има мерките, односно снакциите кои директно влијаат врз отстранувањето на причините што влијаеле врз детето преку криминалната активност да ги задоволува своите потреби или да ги „разрешува" своите проблеми.

Казнената одговорност на детето не е цел сама по себе. Нејзиното утврдување треба да ја изрази одговорноста за стореното казнено дело, одговор на способноста лицето да ја поднесе казнената санкција и второ да се определи видот на санкцијата што ќе одговара на тежината на злото што е нанесено со казненото дело, но и личноста на делинквентот. Основната цел е да се утврдат причините кои придонеле до кривична одговорност и со општествената реакција (мерка или санкција) да се влијае врз причините што придонеле за инкриминираното однесување на детето.

[89] Член 36 од ЗПД.
[90] Член 15 и 16 од ЗПД.

Во системот на кривични санкции коишто може да им се изречат на деца се предвидени повеќе санкции по вид и тежина, што овозможува нагласена индивидуализација и специјална превенција.

Во македонското казнено законодавство за деца постои силна тенденција да се сведи на минимум изрекувањето на санкции спрема децата, односно изрекувањето на казни спрема децата има третман како крајно решение на кое му претходи оцена на целите што би се остварile со поблагите мерки и санкции кои во својата основа ја имаат ресторативната правда, односно по својата природа се превентивни наместо репресивни.

Основната цел на воспитните мерки, казните, алтернативните мерки и на прекршочните санкции е преку давање заштита и помош на децата со вршење надзор над нив, со нивно стручно оспособување и со развивање на нивната лична одговорност да се обезбеди нивно воспитување, превоспитување и правилен развој.

Оттука самиот систем на санкции се одликува со особена превентивност, за разлика од системот на санкции за полнолетни сторители кој во својата основа е репресивен. Токму од овие причини кога се исполнети законските услови, надлежниот суд изрекува казна само ако не е оправдано изрекување на воспитна или алтернативна мерка.[91] Казна што се состои во лишување од слобода, надлежниот суд може да изрече само кога целта на воспитните мерки, казнувањето или алтернативните мерки не може да се постигне со мерки на помош и заштита. Доколку е изречена потешка санкција или санкција што се состои во лишување од слобода, надлежниот суд посебно ги образложува причините за нејзиното изрекување.

Исто така, системот на санкции за деца се одликува и со особена индивидуализација при определувањето на санкцијата којашто ќе биде изречена, тргнувајќи првично од правилото санкцијата што му се изрекува на детето да одговара на неговата личност, тежината на стореното кривично дело и неговите последици, потребата од неговото воспитување, превоспитување, образование и развој, а сето тоа е се разбира заради обезбедување и заштита на најнеопходниот интерес за детето.

Сите мерки, кои се преземаат спрема децата, кои сториле некакво дело треба да придонесуваат кон зајакнување на почитта што детето ја има во однос на општествените вредности. Понатаму да го поттикнуваат надоместувањето на штетата предизвикана на жртвите и заедницата. Исто така, санкциите треба да бидат од важност за конкретното дете, земјаќи ги предвид неговите потреби и ниво на развој. Кога тоа е можно, во процесот на рехабилитација и реинтеграција на детето, треба да се вклучат и родителите, поширокото семејство, заедницата и институциите од социјален и друг карактер.

Од особена важност е пропорционалноста на изречената санкција со тежината на стореното кривично дело и својствата на детето. Меѓународните стандарди пропишуваат дека во секој поединечен случај, изречената казна мора да биде пропорционална на условите и сериозноста на стореното дело и на личната состојба на детето, како и на потребите што ги има општеството. Со оглед на нивната природа, пред одмерување на казните потребно е да се изврши детална анализа на околносите на случајот и личната ситуација во која се наоѓа детето. Ваквата проценка треба да се направи што е можно поскоро, по лишувањето од слобода на детето. Во определени случаи, оценката која е веќе направена од страна на социјалниот работник, не обезбедува доволно информации за детето, па и судијата треба да има можност да побара дополнителна оценка во ситуација кога:

[91] Член 38 ст. 2 од ЗПД.

- судот има разумна причина да верува дека детето страда од физичка или ментална болест или нарушување, психолошко нарушување, емоционална вознемиреност или потешкотии во учењето и ментална нестабилност;
- детето е повторник;
- детето е обвинето за извршено сериозно и насилно кривично дело (УНИЦЕФ, 2014).

Едно од фундаменталните начела е дека кривичната санкција мора да биде пропорционална на сериозноста на стореното дело и степенот на кривичната одговорност на детето при што, судот мора да ги земе предвид следниве факторите поврзани со предизвиканата штета за жртвите, тежината на стореното кривично дело, претходна осудуваност и сите олеснителни и отежителни околности поврзани со детето, односно со стореното дело, кои се релевантни за конкретниот случај. Сепак, при оценувањето на овие фактори, судот не смее да заборави дека: само еден мал број деца сторители се навистина „сторители на тешки кривични дела"; висок степен на безбедност е потребен само за сторителите од највисок ризик; стореното дело не е веродостоен индикатор за евентуалниот ризик од сторување други дела; приоритетот на санкционирањето треба да биде ресоцијализацијата, а не казнувањето; контактите со остатокот од заедницата ја зајакнуваат одговорноста на самата заедница (УНИЦЕФ, 2014, стр. 86).

Во оваа смисла, откако ќе ја утврди сериозноста на стореното дело и степенот на одговорност на детето, судот мора да утврди која од можните санкции или нивна комбинација е онаа вистинската и најсоодветна за стореното дело. Сосема е можно да постои повеќе од една можна санкција, која ќе го задоволи барањето за пропорционалност во конкретниот случај. Постојат и други елементи на можните санкции, како на пример, потенцијалниот ефект на ресоцијализација, кои ќе влијаат врз изборот на најсоодветната казна.

На пример, краткотрајната општокорисна работа, би била пропорционална за определени помалу сериозни дела. Ваква санкција со подолго времетраење и порестриктивни услови би била пропорционална и соодветна за потешките дела. Санкцијата, која се определува за едно дете, не смее никогаш да биде посериозна и подолга од онаа, која би се изрекла на возрасно лице за истото дело. Клучен елемент за ефективно изрекување на казната, е да се обезбеди дека санкцијата ќе ја унапреди ресоцијализацијата на детето.

Сепак, мерките и санкциите насочени кон ресоцијализација, не смее да значат и кршење на начелото на пропорционалност. Оттука, грижата за рехабилитација не смее да резултира во казна која ќе ја надмине санкцијата која би била пропорционална на тежината на стореното дело и степенот на одговорност на детето. Доколку детето има определени потреби, кои го надминуваат соодветниот опфат на кривично-правната интервенција, тогаш мора да се бараат соодветни средства за постапување со сторителот. Со цел судот да биде сигурен дека одмерил пропорционална санкција, треба да води сметка одмерената санкција:

- да биде онаа најмалку рестриктивната, која сепак може да ја исполни целта на ресоцијализацијата;
- да биде санкцијата која има најголеми шанси да придонесе кон ресоцијализација и реинтеграцијата на детето;
- да го поттикне чувството на одговорност кај детето и сфаќањето и признавањето на предизвиканата штета за жртвата и заедницата.

3. Видови санкции спрема деца

3.1. Воспитни мерки

Воспитните мерки се казнено правни санкции што се состојат во заштита, помош, надзор, стручно оспособување и развивање на личната одговорност на детето и имаат за цел негово воспитување, превоспитување и правилен развој. Се работи за санкции раководени исклучително од идејата за превенција (Камбовски, 2006, стр. 815).

Постоењето на овие мерки е во согласност со основните начела содржани во Европските правила за децата сторители на кривични дела подложени на санкции и мерки, според кои санкциите и мерките што се изрекуваат и нивната имплементација треба да се засноваат на принципите на социјална интеграција и образование, а со цел за спречување идно повторништво (Council of Europe, 2008).

Воспитните мерки може да му се изречат на дете над 14 годишна возраст кое сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело.

При изборот на воспитната мерка судот ќе ја земе предвид возраста на детето, степенот на неговата душевна развиеност, неговите психички својства, наклонетостите, побудите од кои го сторил дејствието, дотогашното воспитување, средината и приликите во кои живеел, тежината на стореното дејствие, дали спрема него порано била изречена воспитна мерка или казна затвор за деца и сите други околности што влијаат врз определувањето на видот на мерката за постигнување на нејзината цел определена со закон.[92]

Воспитните мерки претставуваат кривични санкции со кои примерно се реагира на кривичните дела извршени од деца. При определување на воспитни мерки детето не се огласува за виновно, со оглед на фактот што примарна цел е утврдувањето на степенот на душевната развиеност и зрелост на детето, приликите во кои живее и околностите во кои се развива.

Како воспитни мерки кои може да се изречат се:

- Укор или упатување во Центар за деца;
- Засилен надзор од страна на родителот, односно старателот, специјализирано згрижувачко семејство или од страна на ЦСР;
- Заводски мерки упатување во воспитна установа или во воспитно-поправен дом.[93]

3.1.1. Укор и Упатување во Центар за деца

Укор се изрекува ако судот оцени дкеа е доволно и само прекорување на детето за стореното дејствие. Притоа, при изрекувањето на укорот на детето ќе му се укаже на штетноста од неговата постапка и ќе се предупреди дека во случај на нејзино повторување спрема него може да биде изречена друга санкција.

[92] Член 40 од ЗПД.
[93] Член 36 од ЗПД.

Кога судот ќе оцени дека е недоволно на детето само да му се укаже на штетноста на неговата постапка, туку ќе оцени дека се потребни соодветни краткотрајни мерки да се изврши влијание врз личноста и поведението на детето, ќе изрече ***Упатување во Центар за деца,*** воспитна мерка којашто може да има два алтернативни модалитети на спроведување и престојот во Центарот за деца може да изнесува:

- определен број часови во текот на денот во празнични денови и тоа најмногу во четири празнични денови едно по друго или
- определен број часови во текот на денот, но најмногу еден месец.

Во ЗПД 2013 постоешеи трет модалитет на оваа воспитна мерка што се состоеше во непрекинат престој на определен број денови, но не повеќе од 20 дена во Центарот за деца, што се оцени како неоправдано институционално задржување на детето за дејствија што не се во таа мера општествено опасни да бараат постојан престој во установа (Лажетиќ et al., 2015).

Со оглед на заложбата на ЗПД при одмерување на санкциите да се одбегнуваат непотребни ограничувања на правата на детето и да се обезбеди заштита, воспитување, превоспитување и правилен развој на детето, при изрекувањето на оваа мерка судот треба да води сметка при упатување на детето во Центар за деца, детето да не изостане од редовната настава или од работа, доколку е вработено. Во центарот за деца, детето ќе врши работи што одговараат на неговата психофизичка состојба, а работата се извршува преку Програма за работа на Центарот за деца изготвена од страна на Јавната установа Заводот за социјални дејности. Кога ќе изрече упатување во центар за деца, судот може да определи за време и по извршувањето на оваа мерка детето да се стави под засилен надзор на ЦСР, за период кој не може да биде подолг од шест месеци.

3.1.2. Мерки на засилен надзор

Мерките на засилен надзор се изрекуваат спрема дете кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување со соодветен надзор, а не е потребно негово целосно одвојување од средината во која живее, се образува и работи. Како мерки на засилен надзор на детето може да му се изречат следниве мерки:

- засилен надзор од страна на родителите, односно старателите,
- засилен надзор од страна на специјализирано згрижувачко семејство или
- засилен надзор од страна на ЦСР.

При изрекувањето на некоја од воспитните мерки на засилен надзор, судот може на детето да му определи една или повеќе посебни обврски, ако тоа е потребно за поуспешно извршување на изречената мерка, а особено да:

- ✓ му се извини лично на оштетеното лице,
- ✓ ја поправи или надомести штетата предизвикана со стореното дејствие,
- ✓ се вклучи во образовниот процес и редовно да го посетува училиштето,
- ✓ не изостанува од работното место за деца над 15 години,
- ✓ се оспособи за работа што одговара на неговите способности, наклонетости и физичка сила за деца над 15 години, под услов да има завршено основно образование,
- ✓ прифати работа за деца над 15 години,

- ✓ му забрани употреба или користење алкохол, дрога и други психотропни супстанции или прекурзори,
- ✓ се подложи на лекување или социјална рехабилитација во соодветни специјализирани установи,
- ✓ го користи слободното време полезно,
- ✓ не контактира со лица кои штетно влијаат врз неговата личност,
- ✓ се остручи и преквалификува заради задржување на работното место што го зазема или за создавање претпоставки за вработување за деца над 15 години, под услов да има завршено основно образование,
- ✓ овозможи увид и да прифати совети во врска со распоредувањето и трошењето на платата и другите приходи што ги остварува,
- ✓ се вклучи во работа на хуманитарна организација, комунална, еколошка или невладина организација,
- ✓ се вклучи во одредена спортска, културно-забавна организација или здружение, со обврска да ги посетува редовните проби или тренинзи и
- ✓ му се забрани движење без придружба на родителите/от, односно старателот/те или згрижувач во периодот од 22:00 часот до 5:00 часот.[94]

Обврските се однесуваат на детето, но истовремено создаваат обврска за надзор над нивното извршување на родителите, старателот, згрижувачкото семејство или центарот или воспитната установа кои се должни да вршат надзор. Во комбинација со засилениот надзор, нивното одредување значи примена на помалку или повеќе интензивен третман, кој подразбира интеракција помеѓу инволвираните страни: детето и семејството, односно центарот (Камбовски et al., 2018).

Судот може, по предлог од ЦСР, да ги измени или укине посебните обврски што ги определил. При определувањето судот посебно ќе им укаже на детето и на неговиот родители, односно старатели во случај тоа да не ги исполни обврските, мерката може да му биде заменета со упатување во центар за деца или со заводска мерка. Во меѓувреме, ЦСР врши постојан надзор и му помага на детето во исполнувањето на определените обврски, соработува со родителите, односно старателите и го известува судот најмалку еднаш на шест месеци за постигнатиот успех во спроведувањето на посебните обврски.

Засилен надзор од страна на родителите односно старателите. Во случај кога судот ќе оцени дека родителите, односно старателите пропуштиле, а биле во можност да вршат надзор над детето, изрекува мерка на засилен надзор од страна на родителите, односно старателите. Кога судот ќе ја изрече оваа мерка им наложува на родителите, односно на старателите определени должности во поглед на мерките што треба да се преземат за воспитување на детето, за негово лекување и за отстранување на штетните влијанија врз него, а може да им даде и потребни упатства.

Оттука, мерката е насочена не само спрема детето, кое мора да го прифати засилениот надзор, туку и кон неговите родители или старател, на кои судот им наложува одредени должности во поглед на мерките што треба да се преземат за воспитување, лекување и за отстранување на штетните влијанија врз детето, давајќи им и конкретни упатства во однос на начините и формите на надзорот. Родителот или старателот ја извршува мерката така што води постојана и целосна грижа за воспитувањето на детето, презема мерки кои ќе го спречат штетното влијание врз

[94] Член 46 од ЗПД.

детето, ги извршува налозите и упатствата на центарот за социјална работа и надлежниот суд во текот на извршувањето на мерката и должен е да му овозможи на центарот да го проверува нејзиното извршување (Камбовски et al., 2018).

Судот дополнително ќе одлучи за престанок на оваа мерка со тоа што тоа не може да трае помалку од една година ниту подолго од три години.[95]

Засилен надзор од страна на специјализирано згрижувачко семејство. Ако родителите, односно старателите на детето не се во можност да вршат надзор над него или ако тоа основано не може да се очекува од нив, детето ќе му се предаде на специјализирано згрижувачко семејство кое сака да го прими и кое има можност да врши засилен надзор над него.

Оваа мерка се изрекува во случаите кога детето ќе остане без родители или старател (поради смрт, негово подолготрајно напуштање итн.), или од различни причини родителите или старателот не може да ја остварува својата заштитна и воспитна функција (поради болест, развод, занимавање на родителите со криминална активност итн.). Согласно со одредбите на Законот за социјална заштита избор на згрижувачко семејство врши центарот за социјална работа, кој при таквиот избор се раководи од индивидуалните потреби на детето и неговата возраст, здравствените и моралните капацитети на семејството, степенот на образованието, неговите материјални и станбени услови на семејството, како и од неговите можности да се грижи за воспитување и развој на детето. Законот за социјална заштита предвидува право на надоместок на трошоците за сместување на детето и надоместок за згрижување (Камбовски et al., 2018).

Извршувањето на оваа мерка ќе се запре кога родителите, односно старателите на детето ќе се здобија со можност да вршат засилен надзор над него или кога според резултатите на воспитувањето и превоспитувањето ќе престане потребата од засилен надзор.[96]

Засилен надзор од страна на ЦСР. Ако родителите, односно старателите не се во можност да вршат засилен надзор над детето, а не постојат услови за предавање на детето на специјализирано згрижувачко семејство заради вршење ваков надзор, детето ќе се стави под надзор на ЦСР.

Судот дополнително ќе одлучи мерката да престане, со тоа што нејзиното траење не може да биде пократко од една ни подолго од три години. За времетраењето на мерката, детето и натаму останува да живее кај своите родители или кај други лица кои го издржуваат, а засилениот надзор врз него го врши ЦСР. Ако детето не може да остане во семејството во кое живеело, ЦСР ќе го смести во воспитна установа и ќе се грижи за неговото школување или вработување, за издвојување од средината што штетно влијае врз него, за потребното лекување и за подобрување на приликите во кои живее.[97]

3.1.3. Заводски мерки

[95] Член 43 од ЗПД.
[96] Член 44 од ЗПД.
[97] Член 45 од ЗПД.

Заводските мерки се изрекуваат спрема дете кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување и негово целосно одвојување од дотогашната средина.

Траењето на овие мерки не може да биде подолго од пет години, но најмногу до наполнети 23 години.

Како заводски мерки кои може да му се изречат на дете се:

- Упатување во воспитна установа и
- Упатување во воспитно-поправен дом.

Упатување во воспитна установа. Судот може да упати во воспитна установа дете врз кое треба да се обезбеди постојан надзор од страна на стручни лица (со стручна и школска подготовка за воспитувачи) заради воспитување, превоспитување и правилен развој.

Во воспитната установа детето останува најмалку шест месеци, а најмногу три години. За разлика од претходно, според новото решение при изрекувањето на оваа мерка судот е должен да го определи нејзиното времетраење. Воспитната установа поднесува извештај на секои шест месеци, односно 60 дена пред истек на времетраењето на мерката определена од страна на судот.

Судот ја преиспитува потребата од престој во воспитна установа по службена должност, односно по предлог на јавниот обвинител или бранителот, кој не може да се поднесе пред истекот на шест месеци од правосилноста на последната одлука на судот.

Врз основа на извештајот од воспитната установа односно предлозите од јавниот обвинител или бранителот, судот на нејавна седница одлучува за продолжување, запирање, или замени на оваа заводска мерка со друга мерка. За нејавната седница се известуваат јавниот обвинител, детето, родителите/от, односно старателот, бранителот, претставник од ЦСР и од воспитната установа.[98]

Упатување во воспитно-поправен дом. Дете спрема кое треба да се применат потрајни и засилени мерки за воспитување и превоспитување и негово целосно одвојување од дотогашната средина, судот може да го упати во воспитно-поправен дом. При одлучувањето дали ќе ја изрече оваа мерка судот посебно ќе ја земе предвид тежината и природата на стореното дејствие и околноста дали спрема детето порано биле изрекувани воспитни мерки или казна затвор за деца. Во воспитно-поправен дом детето останува најмалку шест месеци,[99] а најмногу пет години, односно до наполнети 23 години (Лажетиќ, 2015).

Воспитно-поправниот дом е специјализирана воспитна установа, со посебна образовно-стручна програма и со посебен режим на обезбедување. Се работи за мерка од типот на „училиште-затвор", чиешто извршување се состои во лишување од слобода на детето и негово вклучување во општа образовна програма или програма за стручно оспособување (Камбовски et al., 2018).

Слично како и во однос на упатувањето во воспитна установа, и во однос на оваа заводска мерка, при нејзиното изрекување постои обврска на судот да го определи нејзиното траење, при што го засметува и времето поминато во притвор, доколку детето било во притвор. Со оваа новина се овозможи засметување на времето поминато во притвор и кога се изрекуваат заводски мерки, што претходно не беше случај (Лажетиќ, 2015).

[98] Член 47 од ЗПД.

[99] Во претходниот систем со ЗПД 2013, минималниот престој во ВПД изнесуваше една година.

Воспитно-поправниот дом поднесува извештај на секои шест месеци, односно 60 дена пред истек на времетраењето на мерката определена од страна на судот. Судот ја преиспитува потребата од престој во воспитно-поправниот дом по службена должност, односно по предлог на јавниот обвинител или на бранителот, кој не може да се поднесе пред истекот на шест месеци од правосилноста на последната одлука на судот. Врз основа на извештајот од ВПД, односно предлозите од јавниот обвинител и бранителот, судот на нејавна седница одлучува за продолжување, запирање или замени на мерката со друга мерка или санкција. За нејавната седница се известуваат јавниот обвинител, детето, родителите/от, односно старателот, бранителот, претставник од ЦСР и од ВПД.

3.1.4. Специфики во однос на одделни воспитни мерки

Со решението за изрекување на воспитни мерки што се состојат во засилен надзор не се определува веднаш и нивното времетраење, бидејќи траењето на мерката зависи од резултатот на постигнатиот третман, унапредување на капацитетите на семејството, подготвеноста на детето да учествува во сопствениот процес на превоспитување и сл.

Ако детето стори кривични дела во стек, воспитните мерки не се изрекуваат за секое одделно кривично дело, туку за сите кривични дела се изрекува една воспитна мерка, и тоа врз основа на направената проценка на душевната состојба на детето, степенот на неговиот развој, при што се земаат во предвид и тежината на кривичното дело, како и околностите под кои се извршени кривичните дела.

Кумулација на воспитните мерки не е можна ни во случај кога спрема детето во текот на извршувањето на воспитните мерки е поведена кривична постапка за кривично дело за кое може да се изрече некоја од воспитните мерки.

Доколку детето кривичното дело го извршило во состојба на непресметливост, спрема него не може да се изрече воспитна мерка без оглед на тоа што при изрекувањето на воспитната мерка не се утврдува кривичната одговорност на детето. Во овој случај судот мора да изрече соодветна мерка за безбедност.

Во случај кога на детето му е изречена воспитна мерка којашто не ја издржал, па потоа повторно му се изрече воспитна мерка за ново дело, претходно изречената воспитна мерка не се запира, туку се зема како утврдена и во новата постапка се изрекува една воспитна мерка.

Времето што детето го поминало во притвор се засметува во времето на траењето на заводските воспитни мерки, како единствени институционални воспитни мерки.

Изречените воспитни мерки, може да се изменат, а исто така можно е и да се запре нивното натамошно извршување. Тоа е возможно кога по донесувањето на одлуката со која е изречена мерка на засилен надзор или заводска мерка, ќе се појават околности што не постоеле во времето на донесувањето на одлуката или за нив не се знаело, а се од влијание врз донесувањето на одлуката, извршувањето на изречената мерка, може да се запре или да се замени со друга мерка на засилен надзор или со заводска мерка.

Судот којшто во прв степен донел воспитна мерка, може самоиницијативно или на предлог на детето, неговите родители, односно старателот, бранителот и управителот на установата, или органот за старателство на кој му е доверен надзорот на детето, да донесе одлука за повторно одлучување за изречената воспитна мерка.

Пред донесувањето на одлуката судот ќе ги сослуша јавниот обвинител, детето, родителот, односно старателот или други лица а ќе прибави и потребни извештаи од

воспитната установа во која детето ја издржува заводската мерка, од органот за старателство или од други органи или установи (чл. 51 ст. 2 од ЗПД).

Процесот на исполнување на условите за запирање на извршувањето и измена на одлуката на воспитните мерки, претставува фактичко прашање кое се решава во секој конкретен случај врз основа на сите околности, а посебно мора да се има во предвид успехот на воспитните мерки чие извршување е во тек.

Измената на одлуката за воспитните мерки може да се состои во изрекување на поблага или построга мерка, но судот при изрекување на оваа мерка, мора да ги почитува критериумите определени со законот за изрекување на определени воспитни мерки.

Ако од правосилноста на одлуката со која е изречена мерка на засилен надзор или заводска мерка поминале шест месеци, а извршувањето не започнало, судот повторно ќе одлучи за потребата од нејзиното извршување. Притоа, судот може да одлучи порано изречената мерка да се изврши, да не се изврши или да се замени со некоја друга мерка.

3.5. Алтернативни мерки

Нагласената потреба за постоење на мерки коишто нема да значат институционализирање на третманот, туку ќе се спроведуваат во заедницата придонесе за пропишување услови во однос на категоријата деца спрема кои може да се изречат алтернативни мерки.

Влијанието на Токиските правила на ООН е несомнено, а во голема мера надоградено со најновата препорака на СЕ од 2017 година која ги следи современите трендови во примената на алтернативните мерки и со која се заменија Препораката РЕЦ(2000)22 за подобрување на спроведувањето на европските правила за санкции и мерки на заедницата и Препорака бр. П(92)16 за Европските правила за санкции и мерки на заедницата.

Алтернативните мерки имаат карактер на превентивни санкции кај коишто ретрибутивниот елемент е потиснат и ставен во функција на нивното нагласено специјално – превентивно дејство (Камбовски, 2015, стр. 520).

Оттука, несоменено е влијанието на меѓународните документи кои промовираат мерки кои немаат за цел институционален третман, туку значат наметнување обврски или забрани без лишување од слобода врз определеноста на македонскиот законодавец за прифаќање на алтернативите мерки. Алтернативните мерки се дел од КЗ од 2004 година, односно две децении и оправдано е што дел од алтернативните мерки може да се применуваат и спремал деца.

Цел на алтернативните мерки е спрема кривично одговорното дете над 16 годишна возраст да не се примени казна кога тоа не е нужно заради спречување на вршење на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и кога може да се очекува дека предупредувањето со закана за казна и примената на мерки на помош, заштита и надзор на слобода доволно ќе влијае врз неговото воспитување, превоспитување и правилен развој.

На кривично одговорно дете над 16 годишна возраст за стореното дејствије што со закон е предвидено како кривично дело може да му се изречат следниве алтернативни мерки:

- условна осуда со заштитен надзор,

- условно прекинување на водење на постапка спрема детето и
- општокорисна работа.[100]

Одредбите од КЗ за алтернативните мерки се однесуваат и на нивното изрекување на деца над 16 годишна возраст, доколку со ЗПД поинаку не е определено. Алтернативна мерка судот може да изрече само кога постои изречна и слободно изразена волја на детето во постапка во која се почитувани неговите права.

Условна осуда со заштитен надзор. Оваа алтернативна мерка, судот може да ја изрече кога на детето му е утврдена казна затвор во траење до три години или парична казна. Ако на детето му е утврдена и казна затвор за деца и парична казна, судот може да изрече условна осуда за двете казни или само за казната затвор за деца.

Времето за проверување судот го определува во траење кое не може да биде пократко од една ниту подолго од три години.

Заштитниот надзор се состои во една или повеќе обврски кои се идентични со обврските што може да се изречат кај воспитните мерки на засилен надзор (поднаслов 3.1.2. од оваа Глава), за кои детето е должно да се придржува во времето за проверување.

Помош и грижа, надзор и заштита во исполнувањето на обврските од страна на детето врши ЦСР кој е должен со практични совети да го поттикнува и да му помага во нивното исполнување, да соработува со родителите, односно старателите и повремено, а најмалку еднаш на три месеци, да го известува судот за состојбите со исполнувањето на определените обврски.

Судот ќе ја отповика условната осуда со заштитен надзор ако детето во времето за проверување не ги исполнува обврските определени од судот[101] или стори едно или повеќе дејствија што со закон се предвидени како кривични дела за кои е утврдена казна затвор за деца во траење подолго од три години, или ако по изрекувањето на условната осуда со заштитен надзор утврди дека детето извршило дејствие што со закон е предвидено како кривично дело пред да биде изречена условна осуда со заштитен надзор и дека е неопходна казна за претходно сторените дејствија што со закон се предвидени како кривични дела.

При отповикувањето на условната осуда со заштитен надзор се засметува и времето поминато во притвор.

Условно прекинување на постапката. Оваа алтернативна мерка судот може да ја определи спрема дете над 16 годишна возраст за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или казна затвор до пет години, ако детето изразило каење за извршеното дело, ако ги отстранило последиците на делото, ако ја надоместило штетата или се помирило со оштетениот, кој е согласен со прекинувањето на постапката, под услов во рок од две години детето да не стори друго дејствие што со закон е предвидено како кривично дело.

Оваа алтернативна мерка има нагласена ресторативна и репараторна природа како со оглед на околностите што ги цени судот (каење; отстранување на последиците; надоместување на штетата; помирување со оштетениот), така и со оглед на улогата на оштетениот. Нејзиното прифаќање е во контекст на **Препораката CM/REC (2008) 11 на СЕ за Европските правила за малолетни престапници субјекти на казнени санкции или мерки, со којашто** се охрабруваат државите да ја поттикнат примената

[100] Член 62 од ЗПД.
[101] Пропишани во членот 49 од ЗПД.

на мерките на ресторативна правда во сите фази на постапката со деца (Камбовски et al., 2018).

Општокорисна работа. Судот може на кривично одговорно дете над 16 годишна возраст кој сторило дејствие што со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или казна затвор до три години да му изрече мерка на општокорисна работа во траење од пет до 100 часа кога е потребно со оваа мерка да се изврши воспитно влијание врз личноста и поведението на детето.

Смислата на општокорисната работа е да се преземаат работни активности во определен број часови во текот на слободното време на детето. Работниот ангажман има терапевтско и репараторно дејство бидејќи значи наметнување обврски кои се извршуваат на слобода, без непотребна изолација на детето во установа (Камбовски et al., 2018).

Надзор над исполнувањето на работните обврски на детето врши ЦСР кој е должен повремено, а најмалку еднаш месечно, да го известува судот за извршувањето на мерката.

Ако детето не ги исполнува или неуредно ги исполнува наложените работни обврски, судот ќе ја замени оваа мерка со мерката упатување во Центар за деца или со мерка на засилен надзор, под условите предвидени за нивното изрекување, земајќи го предвид делот од обврските што е веќе исполнет.

Табела бр. 13 Приказ на возраста на детето, алтернативните мерки и условите при изрекување на истите.

	Условна осуда со заштитен надзор	**Условно прекинување**	**Општокорисна работа**
Возраст на детето	**над 16 год**		
Траење на мерката			**5-100 часа**
Утврдена казна	**Парична казна или затвор до три години**		
Пропишана казна		**Парична казна или затвор до пет години**	**Парична казна или затвор до три години**
Посебни обврски	**Заштитен надзор (чл. 49 од ЗПД)**	**Да не стори ново кривично дело**	
Надзор	**ЦСР**		**ЦСР**
Време на проверка	**Од 1-3 години**	**2 години**	
Отповикување	**Не ги исполнува обврските**		

	Стори ново кривично дело казниво со затвор над 3 години **Откриено претходно сторено кривично дело за кое може да се изрече казна**		
Замена			**со Центар за деца или мерка на засилен надзор**
Извештај за напредок			**секој месец ЦСР до судот**

3.6. Мерки на безбедност

Во определени случаи во зависност од својствата на детето се наметнува како неопходно тоа да се подложи на соодветен медицински третман, односно лекување.

Според одредбите на КЗ, целта на мерките на безбедност е да се отстранат опасните состојби или условите што може да влијаат сторителот во иднина да врши кривични дела. Мерките на безбедност имаат нагласена специјално-превентивна природа и се насочени кон причините што довеле до инкриминирачко однесување на детето.

Мерките на безбедност се уредени во КЗ, а ЗПД содржи само определени специфики во однос на децата. Целта на мерките на безбедност е да се отстранат состојбите или условите што може да влијаат детето во иднина да врши кривични дела.

Од мерките на безбедност предвидени во КЗ, спрема децата може да се определат следниве три вида:

- задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа,
- задолжително психијатриско лекување на слобода,
- задолжително лекување на алкохоличари и наркомани.

Спрема *непресметливо дете* под условите утврдени со КЗ може да се изрече мерка на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа и задолжително психијатриско лекување на слобода.

Причината за изрекување мерки на безбедност е здравствената состојба на детето во моментот на сторување на дејствието што ги содржи елементите на кривично дело. Ако детето било непресметливо во моментот на сторување на дејствието што ги содржи елементите на кривично дело, може да му се изречат две мерки на безбедност - задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа или задолжително психијатриско лекување на слобода. За да може овие мерки на

безбедност да бидат изречени неопходно е да постојат два предуслова: прво, спроведено психијатриско вештачење во рамите на кое ќе се утврди дијагнозата и степенот на опасност кај детето и второ, утврдена непресметливост кај детето во моментот на сторување на дејствието што ги содржи елементите на кривично дело. *(непресметливост tempore criminis)*

Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа може да се изрече ако судот утврди дека поради здравствената состојба во која се наоѓа детето, тоа повторно може да стори кривично дело и дека за отстранување на таквата опасност е потребно негово лекување и чување во посебна специјализирана установа.

Задолжително психијатриско лекување на слобода судот ќе изрече ако утврди дека поради здравствената состојба во која се наоѓа детето, тоа повторно може да стори кривично дело, а за отстранување на таквата опасност е доволно негово лекување на слобода.

Овие две мерки на безбедност имаат карактер на несамостојни, дополнителни санкции (види подетално Камбовски, Коментар, 2015, стр. 552). Воедно, кај овие мерки на безбедност не се наведува какво ќе биде новостореното кривично дело, туку одлучувачко е тоа што опасноста предизвикана од здравствената состојба на детето може да доведе до ризик од повторно впуштање во инкриминирачки дејствија во состојба на непресметливост. Во зависност од сериозноста на здравствената состојба и третманот што е неопходен за нејзино отстранување, односно контролирање детето може да се лекува и чува во установа, а може да биде подложено и само на амбулантско лекување, без потреба од подолготрајна хоспитализација.

За разлика од задолжителното психијатриско лекување и чување во здравствена установа и задолжителното психијатриско лекување на слобода, коишто може да се изречат само со воспитна мерка или затвор за деца, третиот облик на мерка на безбедност, задолжително лекување на алкохоличари и наркомани, спрема деца со болести на зависност може да се изрече и без изрекување на воспитна мерка или казна.

Овој трет облик на мерка на безбедност има самостоен карактер при што лекувањето на болеста на зависност има приоритет.

Задолжителното лекување на алкохоличари и наркомани се изрекува во случај кога судот ќе оцени дека состојбата на конзумирање недозволени супстанции или алкохол довела до преземање на дејствието што ги содржи елементите на кривичното дело и дека таквата состојба многу веројатно и во иднина ќе предизвикува запаѓање во повтор. Оваа мерка на безбедност може да се извршува амбулантно или во специјализирана установа определена со закон.

Во секој случај кога оваа мерка на безбедност ќе се изрече со воспитна мерка или казна, таа се извршува во специјализирано одделение на установата.

Времето поминато во установа за извршување на мерката на безбедност се засметува во изречената казна затвор за деца или заводска мерка. За прашањето дали по извршувањето на мерката на безбедност, детето ќе продолжи со издржување на казната затвор за деца и заводската мерка, одлучува судот во секој конкретен случај.

Мерка на безбедност, по правило, може да се изрече спрема дете, под условите утврдени со КЗ но кон воспитната мерка или казната затвор за деца.

Но, ако се работи за *дете зависник или пробатор на дроги*, спрема него судот може да изрече мерка на безбедност задолжително лекување од злоупотреба на алкохол или дрога и без изрекување на воспитна мерка или казна.

Во случај кога мерката задолжително лекување на деца од зависности на алкохол или дрога се изрекува со воспитна мерка или казна, таа се извршува во специјализирано одделение на установата, при што детето е одвоено од возрасните. Времето поминато во установа за извршување на мерката на безбедност се засметува во изречената казна затвор за деца или заводска мерка.

По извршувањето на мерката на безбедност, судот ќе одлучи дали ќе продолжи извршувањето на казната затвор за деца и заводската мерка.[102]

3.7. Казни

Казната претставува исклучителна санкција за децата во судир со законот, ограничена на дејствија предвидени како потешки казнени дела на дете од 16 до 18 години. Смислата, функциите и целите на системот на правда за деца е и според меѓународните норми и стандарди исцело заснован врз идејата на превенција, ресоцијализација и реторативна правда и за избегнување не само на казната, посебно казната лишување од слобода, туку воопшто на институционален третман на детето и негово издвојување од неговата најприродна средина-семејството. Поради тоа, казните за деца над 14 годишна возраст се предвидени како исклучителни санкции, чијашто примена е врзана за два основни услови.

Прво, согласно начелото на вина (nulla poena sine culpa), според кое нема казна без вина како социјално-етички прекор што му се упатува на сторителот на делото, може да се казни само дете за кое ќе се утврди дека е виновно за стореното дело, што натаму значи дека треба да бидат утврдени сите конститутивни елементи на винатапресметливост, умисла или небрежност (ако се казнува небрежното извршување на делото), и свест или должност и можност за свест за противправноста на делото. Строгите барања во однос на елементите на вината упатуваат на испитување на душевната развиеност на детето и неговата способност да го сфати значењето на делото и неговата забранетост.

Второ, мора да се работи за дело со тешки последици, за коешто во одредбите за казната затвор за деца, парична казна и условна осуда со заштитен надзор треба да биде пропишана казна затвор од пет години или потешка казна. Исклучок се казните забрана на управување со моторно возило и протерување странец од земјата коишто се изрекуваат под условите за нивното изрекување предвидени во Кривичниот законик: законот не ја прецизира висината на пропишаната казна за стореното дело кога овие казни се изрекуваат како главни, но и во тој случај судот треба посебно да цени дали се работи за дело коешто имало тешки последици и да не ги применува за полесни дела.

Трето, поради супсидијарниот карактер на казнувањето, судот изрекува казна само кога поради тежината на делото и високиот степен на кривичната одговорност не би било оправдано да се изрече воспитна мерка. Тоа значи дека и кога се работи за тешко дело и утврдена вина на детето, треба да се испита издржаноста на можната одлука да се изрече воспитна мерка, а ако не постои увереност дека со неа би се постигнала целта на санкциите за деца - да се изрече казна (Камбовски et.all.2018).

Репертоарот на казните предвидени со овој закон е редуциран на казната затвор за деца како главна, и паричната казна, забраната за управување со моторно возило и протерувањето странец од земјата како главни или споредни казни.

[102] Член 67 од ЗПД.

За разлика од воспитните мерки и мерките на безбедност што судот ги изрекува со решение, казна или алтернативна мерка советот за деца изрекува со пресуда, којашто се донесува во форма на осудителна пресуда предвидена со ЗКП (чл. 129).

3.7.1. Видови казни за деца и услови за нивно изрекување

Поаѓајќи од определбата на ЗПД дека секогаш треба да им се дава предност на превентивните, заштитните и воспитните мерки, казните се сметаат за најстрога казнена реакција која се надоврзува на најтешки облици на кривични дела. Казна може да се изрече спрема кривично одговорно дете над 16 годишна возраст само ако поради тешките последици од стореното дело и високиот степен на кривичната одговорност не би било оправдано да се изрече воспитна мерка.

Согласно начелото на вина (nulla poena sine culpa), според кое нема казна без вина како социјално етички прекор што му се упатува на сторителот на делото, може да се казни само дете за кое ќе се утврди дека е виновно за стореното дело (Камбовски et al., 2018).

Под условите определени со ЗПД, на дете во судир со законот на возраст над 16 години може да му се изрече една од следниве казни:

- Затвор за деца,
- Парична казна,
- Забрана на управување со моторно возило од определен вид и категорија или
- Протерување на дете странец од земјата.

Затвор за деца. Затворот за деца може да се изрече само како главна казна и тоа на дете кое е кривично одговорно над 16 годишна возраст, кое сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело, за кое е утврдена казна затвор од 5 години или потешка казна, ако делото е сторено под особено отежнувачки околности и при висок степен на кривична одговорност на сторителот. Ваквите околности не оправдуваат да се изрече воспитна мерка. Затворот за деца, не може да биде пократок од една или подолг од 10 години, а се изрекува на полни години или на половина година.

При одмерување на казната, судот не може да изрече затвор за деца во траење подолго од казната пропишана за тоа дело, но судот не е врзан за најмалата пропишана мера на таа казна.[103] Воедно, при одмерување на казната затвор за деца, судот ќе ги земе во предвид сите релевантни околности што влијаат врз должината на казната, водејќи посебна сметка за душевната развиеност на детето, за неговата психофизичка состојба и за времето потребно за негово воспитување, превоспитување и стручно оспособување.

Детето кое издржува затвор за деца може да се пушти на условен отпуст ако издржало најмалку 1/3, но не пред да издржи една година од изречената казна, доколку превоспитувањето е успешно. Ако на детето му е изречена казна затвор за деца до две години и шест месеци може да се пушти на условен отпуст на 1/3 од изречената казна.

За време на условниот отпуст судот му определува мерка на засилен надзор од страна на ЦСР во определено траење, кое може да биде и пократко од делот на

[103] чл. 53 ст. 4 од ЗПД.

неиздржаната казна. Обврските при засилениот надзор се определуваат врз основа на истата одредба како кај воспитните мерки на засилен надзор (чл. 49 од ЗПД). Судот може да го продолжува траењето на засилениот надзор до една година по времетраењето на казната, но најмногу до наполнувањето на 21 година на осудениот.[104]

Судот ќе го отповика условниот отпуст ако осуденото дете не ги исполни обврските предвидени со засилениот надзор или ако додека е на условен отпуст стори едно или повеќе дејствија предвидени со закон како кривични дела за кои е изречена казна затвор за деца над две години. Ако детето сторило дејствие со закон предвидено како кривично дело за кое му е изречена казна до две години затвор за деца или парична казна, судот може да го отповика условниот отпуст, земајќи ја предвид сродноста на сторените дела, нивното значење, побудите од кои се сторени и другите околности што укажуваат на оправданоста за отповикување на условниот отпуст. Кога судот ќе го отповика условниот отпуст ќе изрече една казна,[105] земајќи ја порано изречената казна како веќе утврдена. Кога судот нема да го отповика условниот отпуст тој се продолжува за времето кое осуденото дете го поминало на издржување на казната затвор за деца изречена за новото дело.

Парична казна. Паричната казна по правило е главна казна, освен за дела сторени од користољубие, кога паричната казна може да се изрече како споредна казна заедно со казната затвор за деца или со условна осуда со заштитен надзор.

Паричната казна се изрекува во дневни глоби. Бројот на дневните глоби не може да биде помал од една ниту поголем од 120 дневни глоби. Во однос на одмерувањето и извршувањето на паричната казна соодветно се применуваат одредбите од КЗ.*[106]*

Неплатената парична казна судот може да ја замени со мерката општокорисна работа, при што една дневна глоба се заменува со три часа општокорисна работа, при што вкупниот број часови општокорисна работа не може да биде поголем од 100 часа. Неплатената парична казна или неизвршената или делумно извршената општокорисна работа како нејзина замена, судот може да ја замени и со мерка упатување во Центар за деца, или со мерка на засилен надзор.

Забрана на управување со моторно возило од определен вид или категорија. Оваа казна може да се изрече како главна казна, но и како споредна казна заедно со паричната казна, според условите предвидени во КЗ. [107]

Протерување дете странец од земјата. Оваа казна се состои во обврска детето да ја напушти државата со забрана за влез на дете странец, и таа се изрекува под идентични услови како и претходната, а имено, може да се изрече како главна казна, но и како споредна казна заедно со паричната казна, според условите предвидени во КЗ.[108]

4. **Изрекување санкции на помлади полнолетни лица**

Санкции спрема помлади полнолетни лица за кривични дела кои ги сториле како деца. На полнолетно лице кое наполнило 21 година не може да му се

[104] Член 53 од ЗПД.
[105] Член 55 од ЗПД.
[106] Член 56 од ЗПД.
[107] Член 58 од ЗПД.
[108] Член 58 од ЗПД.

суди за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело кое го извршило како дете од 14 до 16 годишна возраст.

На полнолетно лице кое во време на судењето не наполнило 21 година може да му се суди само за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела кои ги сторил како дете од 14 до 16 годишна возраст за кои е утврдена казна поголема од пет години. На ова лице судот може да му изрече само соодветна мерка на засилен надзор или заводска воспитна мерка, при што судот ги зема предвид сите околности на случајот, а особено тежината на стореното дело, времето што поминало од неговото извршување, поведението на сторителот и целта на воспитната мерка.

На полнолетно лице за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело кое го извршило како дете над 16 годишна возраст може да му се изрече соодветна мерка на засилен надзор или заводска воспитна мерка, казна или алтернативна мерка. При оценатa дали и која од овие санкции ќе изрече, судот ќе ги земе предвид сите околности на случајот, а особено тежината на стореното дело, времето што поминало од неговото извршување, поведението на сторителот, како и целта што треба да се постигне со овие санкции.

По исклучок од горенаведеното, на полнолетно лице кое во време на судењето наполнило 21 година, судот може наместо затвор за деца да му изрече затвор или условна осуда. Казната затвор изречена во овој случај во однос на рехабилитацијата, бришењето на осудата и правните последици од осудата, има исто правно дејство како и казната затвор за деца.[109]

Воспитни мерки спрема помлади полнолетни лица. На сторител кој како помладо полнолетно лице извршило дејствие што со закон е предвидено како кривично дело, а во времето на пресудувањето не наполнило 21 година, судот може да му изрече соодветна мерка на засилен надзор или заводска мерка, ако со оглед на неговата личност и околностите под кои е сторено делото, може да се очекува дека и со воспитната мерка ќе се постигне целта што би се остварила со изрекувањето на казната.

На помладо полнолетно лице на кое му е изречена воспитна мерка, судот под условите предвидени со овој закон, може да му изрече и мерка на безбедност.

Изречената воспитна мерка може да трае најмногу до наполнетите 23 години возраст на сторителот.

5. **Општи одредби кај казнувањето**

Ослободување од казна. Кога судот според општите одредби во КЗ ќе го прогласи детето за виновно и ќе го ослободи од казна, може да му изрече и воспитна мерка.[110]

Изрекување на казни и воспитни мерки за дела во стек. За дејствија предвидени со закон како кривични дела во стек судот му изрекува на детето само една воспитна мерка или само казна затвор за деца или парична казна, кога постојат законски услови за изрекување на таа казна и кога судот ќе најде дека треба да се изрече. Судот ќе постапи на овој начин и кога по изречената воспитна мерка, односно затвор за деца или парична казна ќе утврди дека детето пред или по нивното изрекување сторило некое дејствие што со закон е предвидено како кривично дело. Ако дете над 16 годишна

[109] Член 70 од ЗПД.
[110] Член 59 од ЗПД.

возраст сторило повеќе дејствија што со закон се предвидени како кривични дела во стек, а судот најде дека за секое одделно дејствие треба да му се изрече казна затвор за деца или парична казна, казната ќе му ја одмери според слободна оцена во рамките на нејзината најголема законска мерка.

Судот ќе постапи на овој начин и во случај ако по изречената казна утврди дека детето пред или по нејзиното изрекување сторило дејствие што со закон е предвидено како кривично дело.

Дејство на казната затвор за деца врз воспитните мерки. Ако за времетраењето на воспитната мерка судот изрече казна затвор за деца, воспитната мерка престанува со моментот кога детето ќе започне да ја издржува казната затвор за деца. Ако за времетраењето на воспитната мерка судот му изрече на помладо полнолетно лице казна затвор за деца или затвор од најмалку една година, воспитната мерка престанува со започнувањето на издржувањето на казната.

Во новиот ЗПД, со цел да се оневозможи криминална зараза и по оцената дека по издржување казна затвор нема третмански основ за извршување било која воспитна мерка, се напушти можноста по издржувањето на казната најдоцна во рок од 30 дена судот дополнително да одлучи дали ќе продолжи извршувањето на воспитната мерка. Оттука, нема законска можност за продолжување на извршувањето на воспитна мерка по изржана казна затвор.

6. **Дејство на санкциите, евиденција на изречените санкции, рехабилитација**

Правни последици. Изречените санкции на полнолетни лица за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела кои ги сториле како деца и на изречените воспитни мерки на помлади полнолетни лица не повлекуваат правни последици што се состојат во забрана на стекнување на определени права.

Евиденција на изречени санкции. Евиденцијата на изречените санкции спрема дете и помладо полнолетно лице води судот надлежен според местото на раѓање, а ако местото на раѓање не е познато или детето и помладото полнолетно лице е родено во странство, евиденцијата ја води судот кој ја водел постапката во прв степен.

Надлежниот суд е должен најдоцна до петтиот ден во месецот да доставува евиденција на изречените санкции за претходниот месец, на дете и помладо полнолетно лице за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршочни санкции до Основниот кривичен суд Скопје кој води Единствен регистар за санкции кон деца во Република Северна Македонија. Во Единствениот регистар се внесуваат и податоците добиени од надлежниот суд за изречените санкции за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и за прекршочни санкции за дете и помладо полнолетно лице родено во странство или со непознато место на раѓање. Електронски пристап до Регистарот имаат судот и јавниот обвинител, а податоци за изречените санкции, по поднесено барање, може да се дадат и на институциите што се занимаваат со заштита на децата во врска со нова постапка што се води кон детето или помладото полнолетно лице за сторено дејство што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок.[111]

[111] Член 74 ст. 4 од ЗПД.

Бришење на санкциите. ЗПД предвидува соодветни рокови за бришење од евиденција на различните видови санкции што може да се изречат спрема детето и тоа:

- укор или упатување во Центар за деца, мерките на засилен надзор и прекршочни санкции по поднесено барање од лицето кое е запишано во Регистарот - по *една година од нивното извршување или застарување*, ако детето или помладото полнолетно лице во тој рок не стори ново дејствие што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок;

- условна осуда со заштитен надзор - по *една година од истекот на времето за проверување,* ако детето или помладото полнолетно лице во тој рок не стори ново дејствие што со закон е предвидено како кривично дело;

- заводски мерки, парична казна и алтернативни мерки - по *една година од нивното извршување или застарување*, ако детето или помладото полнолетно лице во тој рок не стори ново дејствие што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок;

- затвор за деца - по *пет години од денот на издржаната, застарената или простената казна*, ако во тоа време детето или помладото полнолетно лице не стори ново дејствие што со закон е предвидено како кривично дело.

Кога се исполнети наведените услови, податоците за изречените санкции ги брише надлежниот суд (според местото на раѓање, односно оној што ја водел постапката согласно чл. 74 став (1) од ЗПД), а сите документи се поништуваат по сила на закон.[112]

ЗПД од 2024 година за првпат воведе апсолутен рок за бришење на податоците за санкциите. Имено, во согласност со чл. 75 ст. 6 од ЗПД, податоците кои не се избришани согласно со претходно наведените одредби од ЗПД задолжително се бришат по истек на 10 години од навршување на полнолетството, а за помлади полнолетни лица по истек на 10 години од навршување на 21 година возраст.

Застареност на извршувањето на санкциите. ЗПД предвидува и рокови за застареност на извршување на санкциите кои се разликуваат според видот и тежината, односно времетраењето на санкциите.

Казната **затвор за деца** не може да се изврши кога ќе поминат:

- 10 години од правосилноста на пресудата со која е изречена казна затвор за деца над пет години;
- пет години од правосилноста на пресудата со која е изречена казна затвор за деца над три години и
- три години од правосилноста на пресудата со која е изречена казна затвор за деца до три години.

Останатите санкции не може да се извршат по истек на:

- две години од денот на правосилноста на одлуката со која е изречена парична казна;
- времето за кое е изречена казната за забрана на управување со моторно возило;
- времето за кое е изречено протерувањето на дете странец од земјата, односно пет години ако протерувањето е изречено засекогаш;

[112] Член 75 ст. 5 од ЗПД.

- една година од денот на правосилноста на одлуката со која е изречена алтернативната мерка општокорисна работа, мерки на безбедност и прекршочни санкции;
- пет години од денот на правосилноста на одлуката со која е изречена заводската воспитна мерка упатување во воспитно-поправен дом;
- три години од денот на правосилноста на одлуката со која е изречена заводска воспитна мерка упатување во воспитна установа и на мерките на засилен надзор;
- шест месеци од денот на правосилноста на одлуката со која е изречена дисциплинската воспитна мерка упатување во Центар за деца.

ГЛАВА X

ПОСЕБНИ ОБЛИЦИ НА ПОСТАПУВАЊЕ СПОРЕД ЗПД

Поаѓајќи од пристапот дека судската постапка спрема деца треба да се применува во крајни случаи, ЗПД ги задржа претходно воспоставените облици на индивидуализирано постапување спрема деца кои овозможуваат прилагодување на постапувањето спрема потребите на детето и околностите на настанот. Во оваа смисла, ЗПД пропишува неколку видови постапувања кои зависат од возраста на детето, тежината на кривичното дело, подготвеноста за обештетување, доказите со кои располага јавниот обвинител, согласноста од оштетениот, како и од согласноста на детето, неговиот бранител и неговите родители.

Некои од пропишаните постапувања овозможуваат поедноставено постапување, па овозможуваат изрекување санкција без одржување подготвителна постапка, санкција врз основа на признавање на одговорност и спогодување за висината на казната.

Со цел да се добие јасна претстава за специфичностите и ингеренциите на одделните органи вклучени во сиситемот на правдата за децата, постапувањата се поделени според органот што ги спроведува, односно органот што дава иницијатива за нивно отпочнување.

1. Постапки што ги спроведува ЦСР

1.1. *Применување мерки на помош и заштита*

Основни карактеристики. Голем напредок во третманот на децата во ризик е воведување на постапката на мерки на помош и заштита, уредени прку ЗПД, со што практично за првпат беа оживотворени Ријадските правила на ООН. Мерките на помош и заштита се израз на грижата на заедницата и на институциите за обезбедување благосостојба на децата, што е во согласност и со Препораката Р(87)20 на Советот на Европа за социјалната реакција на детското престапништво која бара постапувањето да се одвива во природната средина на детето, ги протежира вонинституционалните методи на работа со активно вклучување на сите засегнати субјекти.

Воедно, се почитува препораката реакцијата секогаш да ја следи зрелоста на детето и неговата способност да го сфати стореното, наместо да се поаѓа само од неговата возраст која не секогаш ги задоволува и критериумите на зрелост (Бужаровска & Пајовиќ – Мишевска, 2010; Лажетиќ – Бужаровска, 2011).

Воведувањето на оваа постапка има за цел навремено откривање на состојбата и изворот на ризик во кој се наоѓа детето, детектирање на потребите и потенцијалите на детето, семејството и поширокаата социјална средина, а се во негов најдобар интерес и заради негова заштита, помош, грижа, надзор и контрола без елементи на присила и репресивнот. Со мерките на помош и заштита не се задира во слободата на движење на детето, а сепак се влијае воспитно за да се сузбијат причините поради кои детето е во ризик односно причините кои негативно влијаат врз правилниот развој на неговата личност. Овие мерки се разултат од идејната матрица на општествениот детерминизам,

при што приоритет им се дава на општествено условените социјално-педагошки и психолошки аспекти на детското престапништво, а казнено-правниот аспект е во втор план (Кнежевиќ, 2010, стр. 105).

Основната улога на мерките на помош и заштита е превентивна кога се применуваат кај децата во ризик, прку интервентно и навремено делување на сите субјекти во системот на правдата за децата.

Пропишувајќи ја оваа постапка, законодавецот го нагласи неформалниот пристап во одмерување на општествената реакција спрема децата и овозможи постапување кое од аспект на крајниот ефект реално овозможува пружање т.н. втора шанса за законито однесување во иднина.

Постапката за примена на мерки на помош и заштита што ја спроведува ЦСР е израз на специфичниот диверзионен пристап во третманот на децата кој едновремено овозможува рана психо-социјална реакција со вклучување на сите битни фактори.

Оваа постапка се темели врз следниве два законски определени основни принципи:

- во секоја постапка при неформалното постапување, соодветно како и во судската постапка, на децата им се гарантираат сите основни и посебни права, согласно КПД и другите меѓународни акти или договори, во сите фази на постапување и
- постапувањето, определувањето и примената на мерките мора да одговара на најдобриот интерес на детето земајќи ги предвид карактеристиките на неговата личност, степенот на зрелост и способност да се сфати значењето на стореното, семејните и економските прилики во кои детето живее, тежината на инкриминирачкото дејствие, како и последиците што од него настанале.

Оваа постапка предвидува големи ингеренции за ЦСР како орган кој презема активности кои значат одвраќање од натамошно криминално однесување, оневозможува активирање на формалниот казнено - правен систем, а сепак овозможува дефинирање на реакција која има интензивна содржина и повеќекратно дејство во однос на детето и неговото семејство.

Мерките на помош и заштита може да се применат само кога ЦСР ќе оцени дека состојбата на ризик се одразува врз развојот на личноста на детето и неговото правилно воспитување и може да влијае тоа во иднина да врши кривични дела или прекршоци.

Постапката за примена на мерки на помош и заштита ја оправдуваат сознанијата дека детето е субјект врз кој може да се делува заради развивање позитивни особини, навики, сфаќања и изградба на правилен систем на вредности и покрај лошите примери и негативната идентификација на кои може да биде изложен од своите врсници, семејството во поширока смисла или лица од неговото опкружување.

Мерките може да се применуваат и спрема членовите на семејството, доколку го занемариле или злоупотребиле вршењето на своите права или должности во поглед на заштитата на личноста, правата и интересите на детето (Бужаровска & Пајовиќ – Мишевска, 2010). Поаѓајќи од согледувањата дека раслојувањето, сиромаштијата и невработеноста се фактори кои се одразуваат на однесувањето на децата, раѓаат револт кон системот кој не функционира, ја зголемуваат агресивноста и насилството, а тоа честопати ескалира со криминално поведение, ЗПД го вклучи семејството во системот на постапување со децата. Примарна е улогата на семејството како природна средина

на детето, а обврската за неговото нормално воспитување е пред сè на родителите (Council of Europe, 2005).

Меѓународните документи определуваат дека заедницата има обврска да му помогне на семејството во обезбедување грижа и благосостојба на детето, при што посебно внимание заслужуваат семејствата каде што е присутен некој ризик фактор (зависност, насилство, криминално однесување и сл.). Уставот на Република Северна Македонија укажува на приоритетот на правата и должностите што родителите ги имаат во однос на издржувањето и воспитувањето на децата, а Законот за семејството[113] поблиску ги уредува обврските на родителите во однос на чувањето, подигањето, воспитанието, образованието, развивањето работни способности и навики, издржување, згрижување, како и заштита на животот и здравјето на децата. Во позитивното законодавство на Република Северна Македонија регулирани се правата и обврските на родителите, надзорот врз родителското право, можностите за ограничување и одземање на родителското право, па и нивна кривична одговорност за грубо запоставување на должноста за грижа и воспитување и запуштање на детето.

Видови мерки на помош и заштита. Со цел да се нагласи различната природа и ефектот кој се надоврзува на мерките на помош и заштита, во ЗПД е определено дека мерките на помош и заштита се утврдени со материјалните закон од областа на образованието, здравствената, социјалната, семејната и други облици на заштита. Министерството за труд и социјална политика ги определи видовите мерки на помош и заштита.[114]

Во мерки на помош и заштита спаѓаат:

- од Законот за социјална заштита - социјална превенција, вонинституционална заштита, теренска работа, обезбедување лична документација, дневно и привремено згрижување како помош на поединец и семејство и упатување во соодветен (дневен) центар, институционална заштита, сместување во установа за социјална заштита, право на социјална помош;
- од Законот за семејство - склучување брак, засновање односи меѓу родители и деца, надзор над родителско право, нарушени односи и насилство во бракот и семејството, посвојување, старателство, издржување, постапка во брачни спорови;
- од Законот за малолетничка правда – постапување со дете и малолетник во ризик, давање согласност за малолетно лице, постапување по конвенции за заштита на децата. [115]

Со цел постапувањето пред ЦСР да не се поистоветува со судската постапка спрема децата, пропишано е дека мерките на помош и заштита не се состојат во одземање и ограничување на слободите и правата на детето поради сторено кривично дело или прекршок, што суд и други органи може да ги применат спрема детето, неговото семејството и старателот, полнолетните роднини по крв во права линија, брат или сестра, брачниот другар, како и други полнолетни лица со кои детето живее во заедничко домаќинство.

[113] „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.80/1992; 9/1996; 38/2004; 33/2006; 84/2008; 67/2010; 156/2010; 39/2012 и 44/2012).

[114] Шифрарникот на мерки на помош и заштита како Прилог кон Правилникот за формата и содржината и начинот на водење на Регистарот за примена на мерки на помош и заштита на деца и малолетници во ризик, Службен весник на РМ, бр. 136/2008, стр. 24 – 31.

[115] Правилникот не е терминолошки усогласен со ЗПД.

Категории деца спрема кои се применуваат мерките. Мерките на помош и заштита се применуваат во постапка спрема дете во ризик:

- за дејствие на дете во ризик до 14 години, кое со закон е предвидено како кривично дело, за кое е утврдена казна затвор над три години;
- кога во извршувањето на делото учествувале и други лица за кои може да се води постапка пред суд и за дејствие на дете во ризик над 14 години, кое со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор до три години или парична казна;
- за други состојби на ризик предвидени во ЗПД (кога детето е со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите, односно старателите, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол).

Иницирање на постапката. Иницијално дејствие на постапката за применување на мерки на помош и заштита е известувањето што до ЦСР се поднесува, пред сè од страна на МВР во случај кога детето во ризик презело дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело, за кое е утврдена казна. Доколку учествувало и дете над 14 години, МВР е должно за ваквиот настан, едновремено, да го извести и јавниот обвинител.

По правило, МВР го известува ЦСР со писмено известување, но во итни случаи известувањето може да биде и по телефон, а дополнително се доставува писмено известување. Писменото известување треба да содржи:

- лични податоци за детето,
- лични податоци за родителите, односно старателите на детето,
- податоци за стореното дејствие и
- околностите под кои е сторено.

За другите состојби на ризик, известување до ЦСР може да достават МВР, јавниот обвинител, училиштето, или од институција во која детето е згрижено, или се воспитува, како и родителите односно старателите на детето. самото дете, оштетениот и од друг субјект (НВО, СОС-линија, Народен правобранител, здравствена институција и сл.).

ЦСР, МВР и училиштето или друга институција во којашто детето е згрижено, се должни заемно да се известуваат за однесувањето на детето, како и за сите други околности што според ЗПД се сметаат за состојба во ризик.

Особено е важно што ЗПД овозможува и ***ex officio*** постапување на ЦСР во случај кога ќе констатира постоење состојба на ризик врз основа на сопствени сознанија.

Регистар на примени известувања. Примените известувања се регистрираат во посебен регистар што се води во ЦСР и се чуваат како тајна, согласно со прописите за заштита на личните податоци. Министерот за труд и социјална политика (Службен весник на РСМ, бр. 136/2008) ги регулира формата и содржината на Регистарот, како и начинот за негово водење со цел за воедначена практика и правилна имплементација на законските одредби. Потребата од регистрирање на известувањата во посебен регистар има за цел одбегнување на какво било тактизирање во ЦСР дали известувањето да се прикаже или не.

Секое заведено известување води кон задолжително оформување, посебно досие на случајот во кое се констатира основаноста на добиеното известување и одлуката на стручниот работник за поведување постапка за мерки на помош и заштита или оценка дека известувањето не дава доволна основа за поведување доверлива постапка со наведување на причините од кои се раководел стручниот работник во ЦСР (Бужаровска, Пајовиќ – Мишевска, 2010).

Започнување на постапката. Постапката за применување мерки на помош и заштита ја започнува ЦСР.

Заради примена на мерките на помош и заштита спрема дете во ризик и вршењето на други надлежности определени со ЗПД, во ЦСР се одговорни водители на случај (согласно системот воспоставен со Законот за социјалната заштита) коишто се педагози, психолози, социјални работници, социолози, правници сл., и тие се должни да следат специјализирана обука за детско престапништво од најмалку пет дена во текот на годината во земјата или во странство.[116]

По прием на известувањето во ЦСР и по неговото заведување во Регистарот, а согласно востановените стандарди за раководење со предмет (УНИЦЕФ, 2014), дејствијата ги презема одговорниот стручен работник. Тој формира досие, закажува средба со стручниот работник и определува степен на ризик.

Постојат неколку ***степени на ризик*** кои се во корелација со степенот на загрозеност на животот, опстанокот и безбедноста на детето (УНИЦЕФ, 2014, стр. 32):

- ✓ ***висок ризик*** – детето се наоѓа во потреба од заштита поради сериозно загрозувачка животна околност и се постапува веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа;
- ✓ ***среден ризик*** – детето има потреба од заштита поради неисполнување на неговите потреби и се постапува најдоцна во рок од 3 дена;
- ✓ ***низок ризик*** - правата на детето не се почитуваат ниту се целосно исполнети и постапува најдоцна во рок од 5 дена по пријавувањето.

Одговорниот стручен работник во ЦСР е обучен за вршење детална, односно комплексна проценка на здравјето на детето, потребите за образование психосоцијалните и потребите за грижа од родителите, а по спроведени консултации со стручниот работник во постапувањето може да вклучи другите релевантни лица и професионалци како што се членовите на поширокото семејство, наставникот на детето, вработените во институциите за деца и сл.

Постапката за применување мерки на помош и заштита има доверлив карактер и има за цел утврдување на фактичките околности на конкретниот настан, односно состојбата на ризик која ја загрозува личноста, правата и интересите на детето.

Тек на постапката. Првото дејствие што го презема одговорниот стручен работник од ЦСР е повикување заради разговор на детето во ризик и неговите родители односно старатели. Овој разговор се остварува во многу краток рок кој може максимално да изнесува 15 дена од прием на известувањето. Во случај кога по основ на известувањето ЦСР ќе процени дека во конкретниот случај постои загрозеност на личноста, правата и интересите на детето, разговорот го спроведува во рок не подолг од 36 часа од прием на известувањето.

Разговорот го води стручен работник од ЦСР. Разговорот се води во посебни простории уредени според стандарди за уредување пропишани од министерот за труд и

[116] Член 34 од ЗПД.

социјана политика, што има за цел атмосферата во просториите да биде неформална и прилагодена спрема возраста на детето во ризик, тоа да се чувствува пријатно и слободно за да може разговорот да биде успешен и да не остави негативни сеќавања кај детето.

Разговорот е исклучително важна алатка како извор на сознанија за постоечките ризик фактори, за профилот на детето, семејните односи, проблеми и ризици, поттикнување на детето да се вклучи во разговорот и да го раскаже стореното од свој аспект, како тој го разбрал, што го навело на такво однесување, дали нешто претходело на случувањата или целиот настан е резултат на импулсивно реагирање на моментална надразба, дали причината лежи во потребата од наметнување во групата на своите соученици или од потребата да биде прифатен како рамен на нив, да се утврди изворот на лоша идентификација и сл. Низ разговорот стручниот работник мора да воспостави флуид со детето, да развие однос на доверба за слободен разговор, без стеги и предрасуди, детето да сфати, во мерка што зрелоста му дозволува, дека присутните на разговорот имаат задача да пронајдат решение кое нема да има негативни последици за него, дека имаат цел да му помогнат, а не за да го осудуваат за стореното. Проблем во практиката може да предизвика ситуација кога родителите се извор на ризикот, кога кај нив е детектирано криминално однесување, кога е присутна зависност од алкохол, дроги или други супстанции односно други ризик фактори или социопатолошки појави. Иако тоа не е изречно наведено во ЗПД, за текот на разговорот е потребно да се води записник.

Во случај кога и покрај уредната покана не може да се изврши разговорот поради отсуство на детето и неговите родители, односно старатели, ЦСР е должен да го извести надлежниот јавен обвинител и МВР заради натамошно постапување.

Во определени случаи на разговорот присуствува ***адвокат***.

Адвокатот има една и единствена задача, а тоа е заштита на интересите на детето во текот на постапката. За разлика од решението во ЗМП кога беше задолжително присуството на адвокатот без оглед на тежината на делото што го чинат преземените дејствија од страна на детето во ризик, односно ризик факторите што довеле до отпочнување на оваа постапка (Бужаровска, Пајовиќ – Мишевска, 2010), во ЗПД од 2013 се ограничи учеството на адвокатот на разговорот, односно тој можеше задолжително присуствува во три случаи, и тоа во случај кога: разговорот се води за дејствието на дете во ризик до 14 години кое со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор од најмалку пет години; разговорот се води во услови на постоење загрозеност на личноста, правата и интересите на детето; и кога јавниот обвинител предлага мерки за дете во ризик над 14 години за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор до три години, ако според процена на ЦСР постои загрозеност на личноста, правата и интересите на детето.

Согласно новиот ЗПД,[117] присуството на адвокатот е задолжително во случаите кога дејствието на детето во ризик до 14 години со закон е предвидено како кривично дело за кое е пропишана казна затвор над пет години, кога станува збор за кривично дело од областа на семејно насилство, кога настапила телесна повреда и кога по процена на стручниот работник од ЦСР постои загрозеност на личноста, правата и интересите на детето.

Адвокатот го бираат родителите, односно старателите на детето, а ако тие тоа не го сторат, ЦСР е должен да определи адвокат по службена должност од листата составена од АКРСМ. По правило, трошоците за адвокатот ги сносат родителите,

[117] Чл. 27 ст.3 од ЗПД.

односно старателите, а ако тие не се во можност, трошоците паѓаат на товар на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Адвокатот има обврска *да присуствува на разговорот* и да даде *правно мислење* во рок од 7 дена од спроведениот разговор. Правното мислење се дава во писмена форма и во него се содржани: описот на дејствието, предвидено како кривично дело, фактичките и правните елементи на случајот. По потреба, адвокатот може да присуствува и на некоја од средбите во текот на спроведување на индивидуалниот план.

Ако адвокатот не го даде правното мислење во пропишаниот рок, ЦСР за тоа ја известува АКРСМ и заради остварување на најдобриот интерес на детето, поставува адвокат по службена должност од електронскиот систем со именик на адвокати, кој го води АКРСМ.

Во рок од 30 дена од денот на спроведениот разговор со родителите/от, односно старателот и детето во ризик, и врз основа на прибраните известувања и други податоци со кои располага ЦСР, стручниот работник, изготвува **Индивидуален план** и го спроведува. Во случај на итност, ЦСР презема мерки на помош и заштита на детето во ризик, согласно со Законот за социјалната заштита и Законот за семејството, пред да започне со изготвувањето на индивидулниот план.

Во Индивидуалниот план се идентификувани областите во кои постои ризик или конкретна ранливост, активностите кои треба да се преземат за да се одговори на ризикот или ранливоста, лицата кои се именувани да преземат одговорност и конкретни активности и временската рамка во која треба да се завршат таквите активности.

Целта на Планот е да се даде поддршка на семејството за да се заштити детето, а не да се одземе одговорноста на семејството, освен доколку тоа е во најдобар интерес на детето.

ЦСР е должен и да се грижи за неговото спроведување на начин и со динамика на преземање на мерките, утврдени во Планот. Во изготвувањето и во спроведувањето на Планот учествуваат и други специјализирани органи или лица, во зависност од околностите на случајот и потребите на детето во ризик. Надзор над спроведувањето на Планот врши Заводот за социјални дејности.

Во случај на итност, односно констатирана состојба на висок ризик, ЦСР презема мерки на помош и заштита на детето во ризик согласно со Законот за социјалната заштита и Законот за семејството, и пред да започне со изготвувањето на Планот.

Определбата на ЗПД за активно вклучување на родителите во применувањето на мерките на помош и заштита се огледа во обврската на ЦСР во рок од 10 дена од изготвување на Планот да спроведе втор разговор со родителите, односно старателите со кои детето живее заради остварување неколку цели, помеѓу кои:

- непосредно да се увери дали тие може да водат грижа за детето,
- да се увери дали може да бидат отстранети причините за однесување и состојбата на ризик кај детето,
- заради нивно активно учество во спроведувањето на мерките на помош и заштита и
- заради нивно предупредување за натамошните последици од несоработувањето со ЦСР.

Стручниот работник ги запознава родителите/от, односно старателот со индивидуалниот план заради негово активно учество во спроведувањето на мерките за помош и заштита и истовремено ги предупредува за натамошните последици од несоработувањето со ЦСР.

Стручниот работник се состанува со родителите/от, односно старателот најмалку еднаш месечно, и за секоја средба се составува записник.

Планот може да се дополни или измени со цел за негово прилагодување кон успехот на преземените мерки или според нови околности кои наметнуваат потреба за негова измена.

Мерките на помош и заштита може да *траат* до наполнувањето на 18 години на детето.

Во случај кога се работи за дете во ризик над 14 години, ако родителите/от, односно старателот не го спроведуваат Индивидуалниот план, а Центарот и по сите обиди не успее да го спроведе, во рок од седум дена од денот на утврдувањето на ваквата околност го известува надлежниот судија за деца.

Судијата за деца во рок од три дена од денот на приемот на известувањето од ЦСР донесува одлука за примена на мерките на помош и заштита содржани во Индивидуалниот план, со определени упатства за ЦСР. Ваква одлука судијата за деца може да донесе и по предлог на адвокатот на детето во ризик, на родителите/от, односно на старателот.

Ако родителите/от, односно старателот не постапи според одлуката на судијата за деца, судот го известува јавниот обвинител за натамошно постапување.

Во случај кога не е можна примена на мерките на помош и заштита содржани во Индивидуалниот план поради недостапност до детето и до родителите/от, односно старателот, ЦСР го известува јавниот обвинител.

Оттука произлегува дека ЦСР е должен во два случаи да го извести јавниот обвинител:

- ако, родителите, односно старателите не постапат според одлуката на судот; или

- ако, не е можна примена на мерките содржани во планот на ЦСР поради недостапност до детето и до неговите родители, односно старатели, па постапката пред јавниот обвинител продолжува откако детето и неговите родители, односно старатели ќе станат достапни.

Практиката покажува дека оваа постапка се применува во голем број случаи и дека кон едно дете се определуваат и повеќе од една мерка на помош и заштита, во зависност од потребите и ризиците.

Податоци за примена на мерки на помош и заштита во 2023 година

- **мерки на помош и заштита биле применети кон 2441 дете, односно кон 66% од децата во ризик**
- Споредбено со претходните години, процентот на децата во ризик кон кои биле применети мерки за помош **во 2023 е за 18 процентни поени повисок во однос на 2022 година**
- Постои тренд на **зголемување** со **бројот на применети мерки на помош и заштита по дете**
  - Во 2023 година – по 1.5 мерки по дете
  - Во 2022 година – 0.85 мерки по дете

Извор: Годишни извештаи на Државниот совет за превенција и правда за децата

Интерна евиденција и Регистар за применети мерки. Секој ЦСР е должен да води интерна евиденција за примената на мерките на помош и заштита. Овие податоци секој ЦСР е должен да ги достави до Регистарот за примена на мерките на помош и заштита, кој го води Министерството за труд и социјална политика. По наполнувањето на 18 годишна возраст на детето податоците од евиденциите на центрите и од Регистарот на Министерството за труд и социјална политика се уништуваат.

Шематски приказ на текот на Постапката за мерки на помош и заштита



1.2. Обештетување во ЦСР

Ресторативните карактеристики на постапката за применување мерки на помош и заштита се огледа и во грижата за оштетениот во постапувањето на ЦСР. Имено, постапката на мерки на помош и заштита пружа можност и за обештетување на оштетениот во случај кога со дејствие што со закон е определено како кривично дело или прекршок детето во ризик прибавило имотна корист или предизвикало штета. ЦСР има задача да посредува меѓу детето во ризик и неговите родители, односно старатели од една страна и оштетениот од друга страна. Доколку и оштетениот е дете, во постапката ќе бидат вклучени и родителите, односно старателите на оштетеното дете.

Постапката на посредување може да трае најдолго 30 дена од денот кога ЦСР донел одлука за поведување на постапка за посредување.

Главната цел на оваа постапка е заемно помирување и ветување дека нема да се повтори делото и враќање на имотната корист, односно надоместување на предизвиканата штета.

Смислата оваа постапка е да се направи обид за изнаоѓање заемно прифатливо решение помеѓу детето и неговите родители и оштетениот во што посредува ЦСР. ЗПД не предвидува обврска оштетениот да биде обештетен во оваа фаза, туку само нуди можност.

Дали ќе се постигне некаков договор помеѓу страните и дали тој ќе гласи на помирување и ветување или на определен износ или на поправањето на штетните последици, зависи единствено од волјата и подготвеноста на страните меѓу кои посредува ЦСР.

За постигнатиот договор се составува спогодба што има значење на вонсудско порамнување, по што оштетениот не може да бара надомест на штета во постапка утврдена со закон.

Ако посредувањето остане без успех, оштетениот може во рок од 30 дена, откако е констатиран неуспехот на посредувањето, да поднесе предлог за поведување на постапка за конфискација на имотот и имотната корист од лицето врз кое е пренесен имотот или имотната корист или да поднесе имотно-правното барање за надомест на штетата.

Ваквото решение укажува на грижата на законодавецот за оштетениот и во случаи кога не се води судска постапка. Оштетениот е загрижен за можноста и начинот на сопственото обештетување и од негова гледна точка сосема е неважен процесниот модел за постапување и обликот на третман (казнување или определување мерки) спрема детето во ризик.

Фактот што оштетениот може да поднесе барање за обештетување во случај на неуспешно посредување на ЦСР е мотив за семејството на детето во ризик да направат компромис во изнаоѓање заемно прифатлив износ на надоместот, односно да се договорат за начинот за поправање на штетните последици. Сепак, мора да се има предвид дека причина за неуспех на посредувањето може да бидат и нереално високите очекувања на оштетениот во однос на висината на обештетувањето кое треба да го добие (Бужаровска, Пајовиќ – Мишевска, 2010).

Шематски приказ на Постапката за обештетување пред ЦСР

2. Постапување по иницијатива на јавниот обвинител

2.1. Постапка за примена на мерки на одвраќање

Постапката за мерки на одвраќање е во рамките на надлежностите на јавниот обвинител и може да се вброи во т.н. диверзиони постапувања, бидејќи е резултат од заложбата при одлучување за сторени дејствија што ги чинат битијата на полесни кривични дела, да се одбегнува класичната формална казнена постапка спрема децата.

Диверзионото постапување е насочено кон откривање на причините кои довеле до недозволеното однесување, а не потрага по мотивите за стореното дело. Основно настојување е во текот на постапувањето детето да сфати што сторило и какви

последици тоа негово дејствие предизвикало, а не утврдување вина заради одмерување на казна.

Со други зборови, специјална превенција и нагласена индивидуализација се карактеристични за целиот тек на постапувањето а не само за нејзиниот краен исход. Реакцијата е насочена кон воспитување, превоспитување и подобра социјализација, а не санкционирање заради прекршување на определена законска норма.

Последно и најважно, реакцијата создава обврски и за семејството, а не само за детето.

Оваа постапка може да се примени по пријава за за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело сторено од дете над 14 години, за кое е утврдена парична казна или казна затвор до три години, освен ако делото резултирало со смрт на некое лице.

Постапката ја спроведува надлежниот јавен обвинител, а одлука за нејзино спроведување може да донесе и судот во текот на судската постапка, а по предлог на јавниот обвинител.

Јавниот обвинител може да донесе една од следниве одлуки:

- да не поведе постапка пред судот, иако постојат докази дека го сторил дејството што со закон е предвидено како кривично дело, доколку смета дека не би било целесообразно да се води постапка, со оглед на природата на дејството што со закон е предвидено како кривично дело и на околностите под кои е сторено, на поранешниот живот на детето и на неговите лични својства, како и кога извршувањето на казната или на воспитната мерка е во тек;
- условно да го одложи поведувањето на постапката пред судот за време од шест месеци под услов во тој рок да не стори друго дејство што со закон е предвидено како кривично дело и да ја надомести штетата или на друг начин да ги поправи штетните последици предизвикани со сторување на делото и
- да не поведе постапка, доколку врз основа на известувањето од Центарот утврди дека е постигната спогодба меѓу детето и неговото семејство и оштетениот за враќање на имотната корист, надоместувањето на штетата или поправањето на штетните последици на делото.

За да се примени оваа постапка потребно е да бидат исполнети следниве услови:

- ✓ јавниот обвинител да прибави извештај со предлог од ЦСР (ЦСР е должен да го достави извештајот најдоцна во рок од еден месец и во извештајот да бидат наведени околности што се однесуваат на личноста на детето и неговото однесување, а треба да биде содржано мислење и предлог во однос на донесувањето на некоја од одлуките што јавниот обвинител е надлежен да ги донесе во оваа постапка),
- ✓ јавниот обвинител да оцени дека случајот е доволно јасен,
- ✓ јавниот обвинител може да ги повика детето и неговиот законски застапник, бранителот и оштетениот.

Пред да донесе одлука, јавниот обвинител може да прибави посебен извештај од МВР за околностите под кои е сторено кривичното дело.

Оваа постапка е во согласност со тенденцијата за проширување на овластувањата на обвинителството во правец на неповедување или прекинување на постапката, откажување од гонење, добивање согласност од детето како и активна соработка со семејството на детето.

Шематски приказ на Постапката за мерки на одвраќање



2.2. Неповедување судска постапка за дела казниви со затвор до 5 години

Проширените овластувања на јавниот обвинител во ЗПД се огледаат и преку неговото овластување да не поведе судска постапка спрема дете, иако постојат докази дека тоа презело дејствија што со закон се предвидени како кривични дела за кои е утврдена казна затвор до пет години. Ваквата одлука јавниот обвинител може да ја донесе во рок од 30 дена од прием на известувањето, односно пријавата.

Со оваа одредба од ЗПД (чл. 78), всушност **се проширува опфатот на примената на начелото на целесообразност**, со оглед на фактот што пред донесување на ваквата одлука обвинителот е должен да ги процени природата на кривичното дело, околностите под кои е сторено кривичното дело, поранешниот живот на детето и неговата личност.

Со цел да ги процени наведените околности на јавниот обвинител е должен да побара наод и мислење од ЦСР, а воедно може:

- да побара известување од родителите, други лица и установи кои имаат сознанија за некои од наведениве околности;

- да ги повика во јавното обвинителство заради лично запознавање детето, родителите, лицата и претставниците на установите од кои прибавил сознанија;
- да побара мислење од ЦСР заради примена на начелото на целесообразност;
- со цел за подобро испитување на личните својства на детето, по предлог/мислење од ЦСР, да го упати детето во соодветна стручна установа.

Одлука за неповедување судска постапка за дела казниви со затвор до 5 години може да се донесе и кога е во тек извршување на казна или друга санкција, но само ако дејствието што со закон е предвидено како кривично дело сторено од детето пред изрекување на санкцијата односно за дејствие извршено во период од шест месеци откако почнала да се извршува казната односно санкцијата.

Доколку одлучи да не поведе судска постапка спрема детето, јавниот обвинител има обврска да го извести оштетениот за донесената одлука со наведување на причините за одлуката. Во рок од 8 дена од прием на известувањето од јавниот обвинител, оштетениот има право да бара конечна одлука дали ќе се поведе постапка или не што ќе ја донесе советот за деца на надлежниот суд. Ваквата можност е предвидена со цел советот да ја преиспита одлуката на јавниот обвинител, особено со оглед на фактот што оштетениот не може да се јави во улога на супсидијарен тужител.

2.3. Постапката за признавање на одговорност и спогодување за висината на казната

Договорната правда најде свој израз и во ЗПД[118] преку **постапката за признавање на одговорност и спогодување за висината на казната.** Прифаќањето на оваа постапка е резултат од продорот на прилагодените англосаксонски институти кои стануваат реалност во законодавството и правосудната практика во многу држави во кои мешовитата казнена постапка се судира со обвинувања за спорост, нагласен формализам и нефлексибилност.

Една од причините за воведување на овој модел за забрзување на кривичната постапка е Препораката на СЕ за поедноставување на казнената правда (Council of Europe, 1987) како и позитивните искуства на повеќе европски држави кои го имаат прифатено институтот на спогодување за висина на казната (Бужаровска & Мисоски, 2009).

Постапката за признавање на одговорност и спогодување за висината на казната може да се примени кога се исполнети условите за казнување на дете во ризик над 14 години. Во однос на возраста, ЗПД предвидува дека може да се казни кривично одговорно дете над 16 годишна возраст само ако поради тешките последици од стореното дело и високиот степен на кривичната одговорност не би било оправдано да се изрече воспитна мерка. Во однос на казнувањето, ЗПД предвидува дека на детето над 16 годишна возраст може да му се изрече: затвор за деца, парична казна, забрана на управување со моторно возило од определен вид или категорија и протерување на странец од земјата.

[118] Член 114 од ЗПД.

Неопходен законски предуслов за спроведување на оваа постапка е постоењето **согласност од оштетениот.**

Кога се исполнети овие услови, а пред да поднесе барање за поведување на подготвителна постапка, јавниот обвинител може да им предложи на детето, неговиот бранител и родителите, односно старателите да се спроведе посебна постапка за признавање на одговорноста и спогодување за висината на казната.

За да го упати ваквиот предлог до наведениве лица, јавниот обвинител може да поднесе во случаите кога се кумулативно исполнети слевниве услови:

- располагање со докази кои недвосмислено укажуваат дека детето е сторител на кривичното дело,
- кога ќе утврди дека детето е одговорно за стореното кривично дело
- кога ќе утврди дека се исполнети условите за изрекување казна.

Во постапката за спогодување јавниот обвинител задолжително прибавува наод и мислење од ЦСР како и сите потребни извештаи и други документи за личноста на детето.

Ако со предлогот е согласен оштетениот, јавниот обвинител ги повикува на **јавно спогодување** детето, неговиот законски застапник, бранителот, ЦСР и оштетениот. Ако на спогодувањето **се постигне согласност**, се составува спогодба која ја потпишуваат сите присутни учесници.

Јавниот обвинител ја доставува спогодбата до советот на деца кој може да ја прифати спогодбата и да донесе пресуда со која ќе ја изрече предложената санкција, против која не е дозволена жалба. Ако судот не ја прифати спогодбата го враќа предметот на јавниот обвинител кој е должен да поднесе барање за поведување на подготвителна постапка.

Ако на јавното спогодување **не се постигне согласност**, јавниот обвинител е должен да поднесе барање за спроведување подготвителна постапка. Во текот на судската постапка спрема дете, сите списи и изјави на детето и неговиот бранител дадени во постапката за признавање на одговорност и спогодување не смее да се користат како доказ, а јавниот обвинител не смее да се повикува на податоците и изјавите дадени во постапката за спогодување.

Шематски приказ на Постапката за признавање на одговорност и спогодување



2.4. Предлагање санкција без подготвителна постапка

ЗПД предвидува и облик на постапување што ги има карактеристиките на казнен налог, но спрема дете, при што му дал овластување на јавниот обвинител да предложи **санкција без подготвителна постапка**.[119]

По исклучок од случаите предвидени во постапката за примена на мерки на одвраќање, во случај на дејствие што со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор до три години, а по сослушувањето на детето од страна на судијата за деца, да достави предлог до советот за деца за изрекување санкција без спроведување подготвителна постапка.

[119] Член 117 од ЗПД.

Ваквиот предлог јавниот обвинител може да го даде, ако оцени дека случајот е доволно разјаснет и собраните податоци за личноста на детето даваат доволно основа за донесување судска одлука со која ќе се изрече соодветна санкција. Во оваа постапката ниту може да се предложи ниту да се изрече казна затвор за деца и заводски мерки.

Советот за деца пред да пристапи кон одлучување по предлогот од јавниот обвинител задолжително се обраќа до ЦСР заради добивање наод и мислење за околностите на делото и личноста на детето, со предлог за санкцијата што треба да му се изрече на детето. ЦСР го доставува извештајот до судот во рок од 15 дена од приемот на барањето.

Советот за деца, по потреба, може од ЦСР со образложено барање да побара дополнување на наодот и мислењето, кое треба да се изготви во рок од осум дена од приемот на барањето.

Советот за деца решава на седница, откако претходно ќе ги прибави списите од јавниот обвинител, којшто се повикува на седницата.

Ако детето или неговиот бранител се противат на предлогот на јавниот обвинител, судијата за деца ќе донесе решение за спроведување подготвителна постапка. ЗПД не ја регулира процесната форма на „противењето", па произлегува дека на оваа можност треба да ги поучи судијата за деца при сослушување на детето.

Доколку детето и неговиот бранител се согласни со предлогот од јавниот обвинител, советот за деца донесува одлука за изрекување санкција. Против вака донесената одлука, не е дозволена жалба.

Со одлуката за изрекување санкција, советот за деца мора да го реши имотноправното барање на оштетениот, којшто само во тој дел има право на жалба до повисокиот суд.

Шематски приказ на Постапката за предлагање санкција без подготвителна постапка



ГЛАВА XI

РЕСТОРАТИВНА ПРАВДА И МЕДИЈАЦИЈА

1. Ресторативна правда спрема децата

Ресторативниот приод во постапувањето спрема децата се профилираше по разочарувањето во ретрибутивноста како модел кој доведе до големи критики на казнениот систем спрема децата бидејќи наместо да делува одвраќачки постои тенденција на зголемување на веројатноста за впуштање во криминални активности.

Ресторативниот модел прерасна во значајна алтернатива како одговор на криминално однесување со оглед на фактот што се фокусира врз односите помеѓу детето и жртвата, а доколку обете страни се деца тогаш се вклучуваат и нивните родители. Овој приод претпоставува поголем интерес за положбата на оштетениот во казнената сфера и надминување на состојбата во која оштетениот беше на маргините од казнениот систем. Ресторативноста претпоставува флексибилно реагирање во рамките на цврсто определени принципи за инволвираност на засегнатите субјекти и нивно активно учество во процесот за изнаоѓање краен прифатлив исход.

Ресторативната правда во фокусот на вниманието ги има интересите на жртвата и на поширокаата заедница, а несомнени се и бенефитите за детето. Ја карактеризираат три основни начела:

Прво, кривичното дело не треба првенствено да се сфаќа како повреда на правна норма и дело што ја погаѓа државата, туку како конфликтна ситуација што пореметила односи помеѓу непосредно засегнатите страни во конфликтот – сторителот, жртвата и заедницата.

Повредата на правна норма има секундарно значење за односите помеѓу засегнатите страни;

Второ, генералната цел на кривично правниот систем треба да биде воспоставување мир, односно помирување на засегнатите страни, поправање односно надомест на штетните последици што произлегле од кривичното дело, а не да биде првенствено насочена кон казнување на сторителот преку кое ќе се влијае врз негово поправање и оттргнување од вршење кривични дела во иднина;

Трето, и најважно, кривично правниот систем не треба да биде ексклузивитет на правосудните органи кои ги маргинализираат улогата и интересите на жртвите, заедницата и на самите сторители и се фокусирани кон минатото, наместо кон иднината. Ресторативната правда содржи филозофија која води од казнување кон помирување, од одмазда против сторителот кон грижа за жртвите, од отуѓување и изолација од заедницата до простување и милост заради возобновување на односите со жртвата што е во полза и на заедницата во целина (Consedine, 1995).

Постојат неколку важни меѓународни документи кои ја регулираат ресторативната правда во постапката спрема децата:

КПД на ООН од 1989 година - одредбата во член 40 ст. 3 од оваа Конвенција пропишува дека: „државите потписнички се поттикнуваат да донесат закони, односно пропишат постапки, односно создадат органи кои се однесуваат на децата за кои постои сомневање дека сториле кривично дело, или се обвинети или за кои е утврдено дека го прекршиле законот" а посебно „донесување на прописи за одбегнување на судските

постапки во случаи кога тоа е можно при што во потполност ќе бидат запазени и почитувани човековите права."

Стандардни минимални правила на ООН за малолетничкото правосудство од 1985 година (т.н. „Пекиншки правила") - според член 11 од овие Правила: „треба да се земат во предвид, доколку се применливи, можностите децата престапници да бидат процесирани во алтернативна постапка пред компетентен авторитет, наместо во формална кривична постапка;"

Стандардни минимални правила на ОН за вонзатворски мерки од 1990 година (т.н. „Токиски правила") - Токиските правила ги советуваат државите да развијат: „широк спектар на алтернативни мерки и тоа од пред судењето, па сè до изрекувањето на пресудата (2.3.), со обврска државите да осигурат правилна рамнотежа: помеѓу правата на секоја поединечен обвинет, правата на жртвата и обврските за јавна безбедност и превенција на криминалот. (1.4.);

Спроведување на малолетничкото правосудство, Резолуција на Економскиот и Социјалниот совет на ООН 1997/30 – Оваа Резолуција како една од своите цели ја нагласува потребата од развивање алтернативни постапки на кривичната постапка за да се одбегне оптоварувањето на кривичниот систем во случаите со малолетни обвинети лица. Оваа можност малолетните обвинети треба да ја имаат пред започнување на судењето, по започнувањето на судењето како и во тек на самото судење. Целта на оваа можност е спречување на рецидивизмот и промовирање на полесна ресоцијализација за децата престапници. Резолуцијата препорачува користење на неформалното решавање на спорот во сите можни и адекватни прилики. На овие неформални постапки се препорачува да бидат присутни детето, неговото семејство фамилија и жртвата;

Препорака за социјалната реакција на детското престапништво бр. Р (87) 20 на Советот на Европа усвоена во 1987 година од страна на Комитетот на министри - државите членки треба да креираат политика којашто ќе ја овозможува социјалната реинтеграција на децата престапници во општеството. Со таа цел треба да се осмислуваат решенија со кои ќе се заобиколи кривичната постапка за децата и ќе се креираат постапувања како што е медијацијата;

Препорака за новите начини на сузбивање на детското престапништво и улогата на правда за децата (2003) 20 од Советот на Европа усвоена 2003 година од страна на Комитетот на министри - оваа препорака се однесува на детското престапништво и правда за децата. Истата ги повикува државите да го прошират спектарот на иновативни и ефективни социјални мерки и санкции а посебно на мерки кои предвидуваат надомест на штета на жртвата, да се штитат најдобрите интереси на детето и се препорачува употребата на медијацијата (Сотироски & Кошевалиска, 2010);

Всушност, новите приоди во постапувањето спрема деца подразбираат еден еклектичен приод кој бара прилагодување на реакцијата кон причините што довеле до стореното. Оттука и разноликоста на методите и формите за постапување: медијација сторител - жртва, поддршка на жртвата, ***problem-oriented*** политики на постапување, ресоцијализациски програми со вклученост на заедницата, но и на правосудните институции како и облици на советување, консултации и обуки (***conferencing***).

Особено е важно слободно и доброволно учество на странките во различните постапувања без било какви притисоци врз нив, но и можност тие во секое време да се откажат од натамошното учество.

Ресторативната правда промовира диверзионен модел за одбегнување на казнената постапка; активност која се презема паралелно со одлуката од казнената

постапка; се состои во средба на сторителот и жртвата во која било фаза од постапувањето, пред неговото започнување и по завршување на постапката.

Карактеристично за ресторативното постапување е што сите напори се насочени кон разрешување на последиците и изнаоѓање заедничко решение како реакција за стореното, а воопшто не се впушта во утврдување на фактите кои го чинат битието на делото.

Ресторативната правда претпоставува користење ресторативен процес (Council of Europe, 2000) или ресторативни цели со цел за остварување ресторативен краен ефект. Ресторативен процес е оној во кој жртвата, сторителот и други поединци или членови на заедницата погодени од казненото дело активно учествуваат во разрешување на проблемите што произлегле од него. Ресторативниот краен ефект **(*restorative outcome*)** го подразбира договорот кој е постигнат врз основа на ресторативниот процес, а кој може да се состои во реституција, општокорисна работа или друга мерка која има за цел остварување обештетување на жртвата и заедницата и реинтеграција на сторителот, но и на жртвата.

Ресторативниот процес и исход може да се примени само кога фактите сврзани за настанот се неспорни и за сторителот и за жртвата.

Програмите кои може да се подведат под поимот ресторативна правда, генерално, може да се поделат во две групи (O'Mahony & Doak, 2008):

- оние кои се состојат во ресторативен процес - медијацијата, панел дискусиите заради надминување на проблемите во семејството и програми за превенција на криминалитетот,
- оние кои овозможуваат ресторативен краен исход - реституцијата, општокорисната работа, програми за поддршка на жртвите и програмите за третман на сторителите.

Се прават обиди (Van Ness, 1998) да се прифати систем на сослушување на младите лица до 18 години во неформални услови - лицето не излегува пред кривичен суд, туку се сослушува во присуство на панел група составена од обучени лица кои се лаици во правото. Тие подоцна, по остварени разговори во кои учествуваат семејството на детето, социјални работници, учителите на детето и самото дете донесуваат одлука, водејќи сметка што е најполезно за самото дете.

Целта на ресторативноста е во тоа да се одбегне криминално досие за помало непридржување кон правните и општествените норми, ако се оцени дека детето може да се поправи, дека ги цени напорите на сите околу него.

Од аспект на правичност, но и со цел да се укаже на кредибилитетот на постигнатиот договор, посебно е регулиран принципот ***non bis in idem*** - постигнатиот договор има статус на судска одлука и за истото дело не смее да се води постапка, ниту да се покренува обвинение. Декларацијата содржи посебни одредби во кои се наведени процесните гаранции кои мора да се задоволени во текот на ресторативната правда: правото на правна помош пред и по ресторативниот процес и по потреба превод и/или толкување; на согласноста на странките за учество во процесот да претходи целосно запознавање со нивните права и забраната сторителот или жртвата да бидат наведувани на учество во процесот со неправични средства и постапки (Бужаровска, Пајовиќ – Мишевска, 2010).

2. **Концептуални карактеристиките на медијацијата спрема децата**

Медијацијата како алтернативен метод за решавање спорови има значајна улога во модерниот правен систем, особено во кривичната постапка и постапките кои ги вклучуваат децата. Медијацијата како механизам овозможува постигнување правда и ресоцијализација, наместо репресивен пристап. Овој процес се заснова на дијалог, заемно разбирање и постигнување на согласност меѓу страните. (Лежетиќ et all, 2022).

Медијацијата, како метод за посредување и помирување на жртвата и сторителот на кривичното дело, претставува модел кој се вбројува во алтернативните разрешувања на конфликти настанати со кривично дело. Нејзиното место во казненото право произлегува од напорите за примена на методите на ресторативната правда која има за цел надминување на ретрибутивниот приод во казнувањето кој е ориентиран само кон делото и сторителот. Медијацијата има за цел да ги акцентира интересите што странките ги имаат за разрешување на конфликтот, наспроти интересите на државата (Бужаровска, 2011).

Во контекст на кривичното право, медијацијата нуди алтернатива на традиционалните судски постапки, со фокус на постигнување помирување меѓу сторителот и жртвата. Оваа практика има посебно значење за решавање на конфликти каде што жртвата добива можност за емоционално задоволување и надомест на штета, додека сторителот ја прифаќа својата одговорност и покажува подготвеност за поправка на последиците од своето дело.

Медијацијата има значајна примена во постапките каде што децата се вклучени како сторители, жртви или сведоци. Еден од основните принципи што го води процесот е најдобриот интерес на детето. ЗПД ја истакнува важноста на медијацијата како алатка за ресоцијализација и рехабилитација на децата, при што се избегнуваат репресивните мерки кои можат да имаат трајни негативни ефекти врз нивниот развој.

Во пракса, медијацијата се користи за:

- Овозможување на децата сторители да ги разберат последиците од своите дела.
- Поттикнување кај нив на одговорност за своите постапки.
- Пружање можност за жртвите да изразат како делото влијаело врз нив, што помага во нивната емоционална рехабилитација.

Всушност, еден од најголемите предизвици на казнената реформа е да ги признае своите ограничувања и слабости, и да ја прифати потребата од проширување на погледот кон алтернативните постапки и адаптирање на теоретскиот дел кон новите предизвици за надминување на проблемите кои се јавуваат во секојдневниот живот.

Имајќи го во предвид фактот дека употребата на медијацијата во современите општества е флексибилна, помага во решавањето на проблемите и се користи како алтернатива на кривичната постапка, на мислење сме дека овој труд ќе послужи за полесно разбирање на основните концепти на медијацијата во кривичната постапка спрема деца (Кошевалиска, 2013).

Со оглед на нејзиното простирање надвор од границите на традиционалното казнено право, медијацијата, која овозможува градење нова рамнотежа во односите помеѓу странките во спорот и заедницата, во својата основа содржи методи на постапување кои традиционално се невообичаени за казнената област, а меѓу кои се: доброволност, достапност, партиципативност и интерактивност, тие мора исцрпно да се

проучат, да се утврдат изворите на опасност, при што опасностите од злоупотреби мора да се сфатат како реалност и аргумент повеќе медијацијата да остане во рамките на казнената заштита.

Медијацијата има за цел да ги возобнови односите помеѓу засегнатите страни преку изречен заемен договор и преку постапка која ќе им помогне на страните да имаат покомпатибилен начин на разбирање (Бужаровска – Лажетиќ et al., 2012, стр.14). Кривичното законодавство се наоѓа во криза, токму поради ексклузивната употреба на пенализацијата (Roiati, 2003).

Клучни придобивки од медијацијата во кривичните постапки:

1. Ресоцијализација на сторителот: Медијацијата го охрабрува сторителот да ги прифати последиците од своите постапки и да работи на подобрување на своето однесување.
2. Емоционално закрепнување на жртвата: Жртвата има можност да учествува во процесот и да добие надомест за штетата.
3. Намалување на рецидивизмот: Преку процесот на медијација, сторителите покажуваат поголема тенденција за промена и помалку повторуваат кривични дела.
4. Намалување на оптовареноста на судскиот систем: Медијацијата може да помогне во решавање на случаи побрзо и поефикасно, ослободувајќи ресурси за посложени постапки. (Лежетиќ et all, 2022).

Клучна улога во прифаќањето на различни облиците на спогодување, во еден дел, се должи на прифаќањето на Препораката бр. P (87) 18 на Комитетот на министри на Советот на Европа за поедноставување на казнената правда (Council of Europe, 2018) која изречно ја препорачува постапката за спогодување со цел за забрзување на постапувањето - кога обвинетиот ја признава вината не треба да биде во неизвесност за санкцијата што следува. Со медијацијата се поставува правдата во рацете на инволвираните странки.[120]

Во Европа примената на медијацијата е значително подобрена по примената на Препораката за медијација во кривичните предмети со нејзиниот појаснувачки меморандум (Council of Europe, 1999). Поаѓајќи од потребата да се активира личното учество во кривичната постапка, како на жртвата така и на извршителот, повеќето современи законодавства ја прифаќаат медијацијата како современ начин за задоволување на правдата.

Прифаќањето на медијацијата од современите општества ја зголемува свеста за важната и одговорна улога на индивидуите во општеството во однос на превенирањето на криминалот. Преку медијацијата се доаѓа до повеќе конструктивни, а помалку репресивни решенија, па оттука активното вклучување на странките ја прави оваа постапка различна од традиционалната каде што главни субјекти се судот и обвинетиот.

Со цел да се одбегне детализирање на „праисториските" корени на медијацијата, накратко ќе го елаборираме нејзиниот „модерен" развој кој датира од минатиот век, поточно некаде од 1974 година. Имено, во оваа година е спроведена првата медијација „жртва – обвинет" во градот Онтарио – Канада и истиот случај е именуван како „нулта" („0").

[120] Оттаму и терминот „приватизирана правда".

Идејата била на службеник во канцеларијата за извршување на казни на кого му била доверена задача да изнајде најадекватно решение за две лица обвинети за нанесување штета на 22 лица. Службеникот одлучил да организира состанок на кој ќе присуствуваат сите жртви и двајцата обвинети. Целта на состанокот била да се изнајде најсоодветно решение за настанатиот конфликт, при што самите инволвирани страни ќе бидат активни учесници и креатори на тоа решение. Оваа идеја била прифатена од надлежниот судија и завршила со голем успех и практично вистински мотив идејата да ја „зарази" цела Северна Америка и постепено да премине на европско копно.

Првиот обид за медијација со деца е познат како „Кичеровиот експеримент" (***Kitchener Experiment***) или поформално како Проект за медијација помеѓу жртвата – обвинетиот (VORP). (Wright & Galaway, 1989; Zehr, 1982) Запрепастувачка била бројката на деца сторители на кривични дела во САД и наместо ресоцијализацијата, нагласен бил рецидивизмот. Бројот на сторени кривични дела од деца во САД, пред воведувањето на медијацијата бил толку алармантен што барањето на новите начини на решавање, односно сузбивање на оваа појава резултирале со итно воведување на медијацијата.

Медијацијата во кривичната материја е концепт кој е познат во странските законодавства (Сотироски & Кошевалиска, 2010, стр. 115). Иако станува збор за различни правни системи секој од нив на свој начин го „контаминирал" соседниот. Така, Англија и САД се под меѓусебно влијание, Франција со Квебек, Шпанија ја подржува медијацијата на Аргентина и остатокот од Латинска Америка, Италија извршила влијание врз Америка и Франција итн. Во Германија во 30% од случаите се изрекуваат алтернативни мерки, а во 70% од случаите се оди на вонсудска спогодба (Perić, 2005; Viehmann, 2005). Денес постои тенденција за примена на моделот на ресторативната правда не само кон децата, туку и на полнолетните сторители на кривични дела, за што сведочат различните познати модели на медијацијата (Damjanović, 2003):

- **victim offender mediation** - спогодба меѓу оштетениот и обвинетиот која за резулатат има финансиско надоместување на штетата;
- **community reparative boards -** одбрани и специјално едуцирани членови на заедницата одлучуваат за мерките и обврските коишто обвинетите треба да ги преземаат врз основа на договор;
- **family group conferencing session** - обвинетиот и оштетениот разговараат во присуство на нивното потесно семејство, обидувајќи се да го најдат најадекватниот начин за надомест на штета.

3. Европски документи за поголема ефективност на ресторативната правда и медијацијата

Влијанието на Препораката на СЕ од 1999 година е несомнено, но сепак се констатира дека таа како начин за разрешување на кривичните предмети не се применува во доволна мера и во различни држави наоѓа различна примена. Поради ова во 2017 година беа изготвени ***Упатствата на Европскиот комитет за ефикасност на правдата за подобра имплементација на Препораката Р(99)19 за медијација во кривичната материја***. (CEPEJ, 2007) Имено, било согледано дека постојат значителни разлики меѓу земјите-членки во начинот на кој се остварува посредувањето помеѓу жртвата и сторителот, особено поради следниве пречки:

- Недостиг од свест за ресторативна правда и медијација,

- Недостиг на достапност на посредување жртва-сторител пред и по осудата,
- овластување за упатување на странките на медијација е ограничено само на една правосудна институција,
- релативно висока цена на медијација и
- недостиг од специјализирана обука и разлики во квалификациите на медијаторите.

Со цел нагласување на значењето на ресторативната правда, СЕ во 2018 година донесе нова ***Препорака за ресторативната правда во кривичната материја*** (Council of Europe, 2018). Оваа препорака има за цел да ги охрабри земјите-членки да развијат и користат ресторативна правда во однос на нивните казнено-правни системи. Ги промовира стандардите за употреба на ресторативната правда во контекст на кривичната постапка и се стреми да ги заштити правата на учесниците и да ја максимизира ефективноста на процесот во задоволување на потребите на учесниците. Таа, исто така има за цел да го поттикне развојот на иновативни ресторативни пристапи кои може да спаѓаат надвор од кривичната постапка од страна на судските власти и од органите за кривичната правда и ресторативната правда.

Оваа препорака е упатена до сите кои работат во доменот на кривичната правда, и кои доставуваат или упатуваат случаи за ресторативна правда или кои на друг начин можат да ја искористат ресторативната правда или да ги применат нејзините принципи во својата работа.

Според оваа Препорака, „ресторативна правда" се однесува на секој процес кој им овозможува на оние кои се оштетени од криминал и на оние кои се одговорни за таа штета, доколку слободно се согласат, активно да учествуваат во решавањето на прашањата кои произлегуваат од прекршокот, преку помош на обучена и непристрасна трета страна. Ресторативната правда често има форма на дијалог (без разлика дали е директен или индиректен) помеѓу жртвата и сторителот, а исто така може да вклучи, каде што е соодветно, други лица директно или индиректно погодени од кривично дело. Ова може да вклучува поддржувачи на жртви и престапници, релевантни професионалци и членови или претставници на засегнатите заедници. Во натамошниот текст, учесниците во ресторативната правда, за целите на оваа Препорака, се нарекуваат „странки".

4. Карактеристики на медијацијата спрема деца

Медијацијата во рамките на правдата за децата, во основата, се применува за полесни кривични дела сторени од страна на децата (Umbreit & Greenwood, 1998).

Главни цели на медијацијата кај децата не е санкционирање, туку дијалог којшто ќе му овозможи на детето да сфати што сторило, како се чувствувала жртвата во текот на делото и по него, дека со своето дејствие повредило туѓи чувства, тело или имот, да ги слушне страдањата на жртвата и последиците што ги претрпела. Оттука, крајниот ефект е чувство на сочувство со жртвата, погледнување на настанот од друг аспект, преиспитување на сопственото однесување и пронаоѓање на причините што довеле до настанот.

Потребно е детето да сфати дека згрешило, да почувствува одговорност и каење поради стореното и да биде свесно дека низ постапката за медијација му се пружа шанса за поправање без да му се оформи криминално досие. Сепак, мора да се води сметка настојувањето да се почувствува одговорност за стореното да не доведе до загрозување

на чувството на самопочит или губење на самодовербата кај детето (Бужаровска - Лажетиќ, 2013, стр. 1-31).

Причините може да бидат мултифакторски и затоа мора внимателно да се постапува и медијаторот треба да биде доволно умешен да поттикне дијалог помеѓу страните, а притоа да води сметка и за состојбата на детето, од една страна но и за потребите и чувствата на жртвата од друга страна. Особено е важно да се оствари дијалот помеѓу страните кој ќе овозможи тие да ги искажат своите чувства, да добијат одговор на прашањата што ги мачат, на дилемите што им се јавиле, жртвата да го надмине чувството на несигурност и да добие одговор на прашањето зошто токму таа била предмет на кривично дело, а детето да може да се искаже во смисла на причините што го навеле да го преземе дејствието, состојбата во која се наоѓал, факторите што придонеле, фрустрациите што го следење и сл. Медијацијата во рамките на правдата за децата треба да има форма на групна семејна конференција бидејќи неопходно е родителите да бидат вклучени во постапката за медијација. Не е редок случај родителите да не се доволно запознаени со состојбата во која западнало нивното дете, односно да ги следи т.н. родителско слепило, па иако може не сакаат да видат што всушност се случува.

Основната определба на медијациското постапување е како детето да се врати на законит начин на живот преку непосредно учество во процесот на сопственото превоспитување и промена на сфаќањата и начинот на однесување. Освен партиципативноста важно е преку медијацијата да се оствари и интерактивност која ќе помогне да се надминат последиците од настанот. Кое решение ќе биде прифатливо за страните одлучуваат самите тие. Но, треба да се укаже на потребата да се води дијалог, да се отстапи од првичната замисла, да се има разбирање за спротивната страна, да се пружи можност медијацијата да доведе до заедничко прифатливо решение.

Најголем акцент ресторативната правда става врз специјалната превенција. Секој случај е специфичен сам по себе, секое дете потекнува од различна семејна, економска, социјална, религиозна средина и оттука во интеракција со социјалните фактори се формира како личност. Токму поради ова потребно е пристапот да се прилагоди кон конкретниот случај. Начелата на медијацијата и текот на постапката се засноваат врз определени легислативни рамки, но медијацијата сепак остава можност за флексибилност, односно прилагодување на постапувањето кон потребите на детето и жртвата.

Особено е важно што медијацијата во фокусот на својот интерес ја има иднината, а не минатото. Тоа што е сторено е неспорно, но треба да се работи на подобрување на однесувањето на детето во иднина да не се впушта во криминално однесување, а жртвата да го надмине чувството на страв и несигурност од идни кривични дела каде што таа повторно би била оштетена, загрозена или понижена.

Медијацијата има за цел да ги акцентира интересите што странките ги имаат за разрешување на конфликтот со пронаоѓање заемно прифатливо решение, за учество и дијалог во текот на постапката за медијација. Ваквиот приод внесува нов начин на поимање на конфликтот и последиците што од него произлегле. Со воведувањето на медијацијата се подига свеста дека нема само државата интерес да го разреши конфликтот како резултат од сторено кривично дело со изрекување кривична санкција, туку за определен тип сторители, како што се децата, како и за полесни кривични дела, потребно е да се остави можност засегнатите страни самите да се потрудат, да вложат напор, да бидат подготвени да го изнесат своето мислење, но и да бидат трпеливи слушатели на сето она што има да го каже другата страна (Henry, 1989; Bonafé – Schmitt, 1998).

Во текот на медијацијата се охрабрува жртвата да учествува и да ги искаже своите страдања, загуби, стравови и очекувања, се нагласува одговорноста на сторителот, иако прашањето на вината воопшто не е во фокусот на вниманието (Choi & Severson, 2009). Медијацијата треба да поттикне заемно разбирање, а не спротивставување на ставови и мислења. Важно е жртвата да добие одговор на прашањата што и се наметнуваат, но важно е и сторителот да добие можност да се произнесе за причините за сторување на делото, неговото однесување во текот на вршење на кривичното дело и однесувањето по неговото сторување (Bazemore & Umbreit, 2001; Umbreit, 1994; Umbreit et al., 2001). Токму поради ваквата улога на странките во медијацијата, на неа се гледа како на модел за постапување кој води кон градење нова рамнотежа во односите помеѓу страните во спорот и заедницата и е еден од методите кои водат кон одбегнување на класичната кривична постапка **(*diversion models*).**

Медијацијата се стреми кон разрешување на криминалната ситуација преку создавање услови за заедничка средба на жртвата и сторителот, што странките индивидуално различно ја доживуваат, чувствуваат психичка оптовареност и тоа како сторителот (честопати постои страв „да и се погледне на вистината во очи" и да се сослуша какви чувства, стравови, несигурности, повреди и штети предизвикало дејствието што го преземал), така и жртвата (која настојува да најде одговор на прашањето зошто токму таа е избрана за жртва, сака да ги слушне мотивите, објаснувањата и причините поради кои е преземено дејствието). Учеството на странките во решавањето на случајот се оценува како облик на поопштествување на една класична државна функција - решавање на криминален случај наместо со судски епилог преку учество на трети незаинтересирани лица (медијатори) како претставници на заедницата (Grubač, 1973).

Медијацијата постепено се развива како можност првопрестапниците како и сторителите на полесни кривични дела да поминат низ процес на соочување со жртвата со обиди за помирување што може да има облик на извинување од страна на сторителот, подготвеност за обештетување на жртвата, поправање на штетните последици што настанале, враќање на одземени предмети и сл. (Лажетиќ – Бужаровска, 2006).

Медијацијата е постапка која ги признава легитимните интереси на жртвата и ја зголемува свеста за значајната улога што поединецот и заедницата може да го имаат во разрешување на криминалниот настан.

Медијацијата ги има сите карактеристики на т.н. договорна правда која значително се разликува од класичната казнена ретрибутивна правда. Кривичната правда ја одликува нагласен формализам, спорост, нефлексибилност, неможност за рационализација на процесните дејствија што честопати ја прави недоволно ефикасна.

Прилагодување на природата и обемот на процесните дејствија кон околностите на случајот и волјата на засегнатите страни е својствено за договорната правда којашто овозможува заштеда на време и трошоци и одбегнување на правните лекови кои речиси се правило во секоја кривична постапка. Во рамките на договорната правда приоритет имаат подготвеноста и ставот на сторителот и оштетениот да преговараат за решение што ќе ги задоволи очекувањата на страните, ќе им овозможи да се растоварат од бремето што со себе го носи сторителот на делото заради стореното и последиците што од неговото однесување настанале, како и надминување на чувството на несигурност и страв што вообичаено се јавуваат кај оштетениот.

Договорната правда овозможува баланс на правата, интересите и можностите на детето како сторител и на жртвата. Моделот на т.н. балансирана правда се смета дека ќе доведе до ревитализирање на казнена правда спрема децата со оглед на фактот што ваквиот тродимензионален приод отвора нови перспективи во постапување со децата

сторители на кривични дела, дава приоритет на различни програми и практики, мерки и постапки и задолжителна вклученост на жртвата, заедницата и детето (Bazemore, 1997). Приодот кој инсистира на балансирана правда за децата укажува на потребата од постоење казнувања кои ќе бидат засновани врз мерки кои развиваат чувство на одговорност кај сторителот и негова успешна социјализација со што се подобрува сигурноста и безбедноста на заедницата во целина. Основната цел е детето кое минало низ определен систем на правда за деца да излезе поспособно за продуктивен и одговорен живот во заедницата. Оваа цел најдобро се остварува кога заедницата, детето и жртвата се рамноправни „клиенти" во системот на казнена правда спрема децата во којшто кривичното дело се сфаќа како настан кој предизвикал штета за жртвата и за заедницата (Бужаровска - Лажетиќ, 2013, стр.1-31).

Со оглед на нејзиното простирање надвор од границите на традиционалното казнено право, медијацијата што овозможува градење нова рамнотежа во односите помеѓу странките во спорот и заедницата, во својата основа содржи сосема невообичаени методи на постапување, меѓу кои доброволност, достапност, партиципативност[121] (Bonafé – Schmitt, 1998, стр. 14) и интерактивност (Snare, 1993), што мора исцрпно да се проучат, да се утврдат изворите на опасност[122] (Mrvic, 1994; Council of Europe, 1985), при што опасностите од злоупотреби мора да се сфатат како реалност и аргумент повеќе медијацијата да остане во рамките на казнената заштита, да се користат искуствата од државите каде што медијацијата има практична примена, па дури потоа да се определи начинот на нејзиното регулирање, што мора да се прилагоди кон позитивниот законодавен концепт. Овие методи на постапување понекогаш се нарекуваат и начела на медијацијата во однос на страните што учествуваат во постапката за медијација. Оттука, со право како радикално неинтервенционистички (von Voß, 1989) се квалификуваат сфаќањата според кои медијацијата треба да се сфати како можност за враќање кон корените на конфликтот[123] (Christie 1977) и кон овластување за самостојно негово решавање од страна на странките. На овој начин во извесна смисла се поопштествува конфликтот и наместо чувство на онеправданост, жртвата се чувствува рамноправен субјект во казнената заштита[124] (Bonafé - Schmitt, 1998, стр. 53).

Правилното постапување на медијаторот е условено од почитувањето на етичките норми и стандарди поврзани за активностите и однесувањето на медијаторот во текот на постапката за медијација.

Етичките начела на медијацијата се дополнуваат, надоградуваат, односно еволуираат во зависност од различните полиња каде што медијацијата наоѓа своја примена (American Arbitration Association et al., 2005). Начелата на кои почива медијацијата се предвидени во Препораката на Советот на Европа Р (99) 19 за медијацијата во казнената област.

Вообичаено медијацијата минува низ четири фази:

- Монолог - подготвеност да го изнесе своето видување;
- Дијалог - подготвеност да се сослуша другиот и да се даде одговор на поставените прашања, изнесени ставови и мислења;

[121] Медијацијата придонесува казнената постапка да добие карактеристики на партиципативност.

[122] Имајќи го предвид карактерот на активностите што ја чинат медијацијата. Интересите на жртвата мора да се заштитат и не смее да се дозволи таа да прифати спогодба што очигледно и е наметната од сторителот.

[123] Идеја што потекнува од Nils Christie, според кој овластувањето за решавање на конфликтите мора да се одземе од државата и да се врати во рацете на странките.

[124] Кое жртвата го чувствуваше во рамките на традиционалниот одговор на криминалот.

- Компромис - желба за постигнување заедничко прифатливо решение, отстапување од првично зацртаните ставови, флексибилност и
- Спогодба - потпишување документ кој има значење на извршна судска одлука, со што, во ресторативна смисла, се воспоставуваат, односно возобновуваат односите помеѓу странките, а во правна смисла, предметот станува ***res judicata*.**

Медијацијата во системот на правдата за децата за првпат доби легислативна основа во ЗМП. Основните начела на медијацијата, поимот за медијатор, постапката за медијација и организацијата на медијаторите се уредени со Законот за медијација[125], којшто служи како ***lex generalis*** и се применува за сите прашања што не се уредени со ЗПД.

Казнената медијација е најпроширениот метод на ресторативната правда во Европа, па со пропишување на медијацијата во законодавство спрема децата и Македонија се придружи кон големото европско семејство (Lhuillier, 2007).

Поимно медијацијата се определува како посебен облик на постапка која по својот карактер е доброволна, ефикасна, брза и евтина и претставува начин за решавање спорови во кој страните спорниот однос настојуваат да го решат на мирен начин со помош на еден или повеќе медијатори, кои на страните им помагаат да постигнат заедничко прифатливо решение. Вака дефинираната медијација е во согласност со прифатените дефиниции на Советот на Европа – процес каде што, доколку постои согласност, жртвата и сторителот може активно да учествуваат во решавање на последиците што произлегле од кривичното дело со помош на медијатор како неутрално лице, и на Европската Унија – да се најде решение како резултат на преговарање помеѓу жртвата и сторителот помогнати со учество на стручно, но неутрално лице, пред или во текот на кривичната постапка (Council of Europe, 1999; Council of the European Union, 2001). Оттука, за медијацијата важно е да се нагласат неколку неизбежни карактеристики: преговарање, заемна согласност и подготвеност на страните, активна улога на страните, заедничко прифатливо решение.

Се разбира покрај сите позитивни страни, постојат и соодветни критики изразени во лошата страна на медијацијата кои постојано ги мултиплицираат очекувањата и ги замаглуваат резултатите. Се поставува прашањето, кога медијацијата ја остварува целта за која е воведена, а кога истата е контрапродуктивна? Исто така, премногу амбициозно се сфаќа и нејзиниот напредок. Овие критики сè повеќе се насочени кон околностите во кои истата се развива отколку на нејзините постулати. Критиката којашто може да се упати директно на медијацијата е што иако целта на истата е да *го „излечи*" рецидивизмот, таа често може да се јави и како негов стимулатор. Во таа смисла, повеќето сторители на кривични дела наместо да се ресоцијализираат и да се покаат за штетата што ја имаат направено, тие преку медијацијата ја „заобиколуваат" казнената репресија и создаваат погрешна претстава дека одговорноста може да се избегне (Von Hirsch et al., 2003).

5. Постапка на медијација согласно ЗПД

Законот за правда за децата го препознава значењето на медијацијата како дел од интегрираниот пристап во кривичната постапка. Особено е важно дека медијацијата не се применува автоматски за секој случај, туку се врши проценка на соодветноста на

[125] Закон за медијација, „ Службен весник на РСМ. бр: 294/2021 од 27.12.2021.

оваа метода, имајќи го предвид најдобриот интерес на децата и конкретните околности на случајот. (Лежетиќ et all, 2022).

ЗПД прави разлика меѓу постапка за посредување којашто се применува од страна на ЦСР, постапка за мерки на одвраќање што ја презема јавниот обвинител и постапка за медијација (чл. 82-89 од ЗПД). И покрај определени суштински разлики меѓу нив, во секоја од постапките повеќе или помалку се инкорпорирани ресторативни елементи.

Во ЗПД за првпат е содржана сумарна дефиниција за тоа што претставува медијацијата. Медијација е посредување и начин на решавање на споровите наведени во овој закон настанати меѓу две или повеќе страни во спорот, при што им се овозможува истиот да го решат по пат на мирење, со посредство на трета неутрална страна медијатор/медијатори, со можност да постигнат заемно прифатлива писмена спогодба.

Страни во постапката за медијација се дете во ризик, дете во судир со законот или дете жртва со неговиот законскиот застапник и оштетениот. Доколку тоа го бараат интересите на детето, во постапката за медијација може да учествуваат бранителите, стручни лица и водителот на случај од ЦСР.

Медијацијата може да се спроведе по пријава за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело и за кое е предвидена казна затвор до пет години, при што надлежниот јавен обвинител е должен да даде предлог до страните за упатување на постапка за медијација. На овој начин странките ќе бидат навреме и целосно информирани за постапката за медијација со цел да може да одлучат дали има расположение предметот да се разреши на тој начин. Имајќи ги предвид активностите што ја чинат медијацијата, таа во случаите кога е вклучен јавниот обвинител има карактер на откажување од гонење со интервенција.

Во случај кога е поведена судска постапка, надлежниот суд за деца може од причини на целесообразност да даде предлог до страните за упатување на постапка за медијација.

Упатување на медијацијата е исклучено за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела против половиот морал и половата слобода и родово засновани облици на насилство врз женски лица, а согласно со ратификуваните меѓународни договори.

Исто така, за да може да започне постапката потребна е писмена согласност од инволвираните страни - детето и неговиот законски застапник, бранителот и оштетениот. Согласноста за медијација се дава во писмена форма до јавниот обвинител или до судот за деца во рок од три дена од денот кога е даден предлогот за постапка на медијација. Доколку во определениот рок страните не достават писмена согласност, се смета дека предлогот за медијација не е прифатен.

Доколку се постигне потребната согласност тогаш страните преминуваат на спогодбено определување на медијатор од листата на медијатори во надлежниот суд за деца. Рокот за постигнување на ова решение е три дена од доставената писмена согласност. За постигнатиот избор тие го известуваат јавниот обвинител, односно судот за деца. Во случај страните да не може да се спогодат, јавниот обвинител, односно судот е должен да определи медијатор од листата на медијатори во надлежниот суд за деца во рок од три дена и да ги извести страните.

По изборот на медијаторот започнува постапката на медијација. Медијатор е деловно способно физичко лице кое им помага на страните да постигнат спогодба, без право да наметне решение на спорот, во согласност со начелата на доброволност, неутралност и непристрасност, доверливост, јавност во медијацијата, еднаквост на

страните, достапност на информациите за медијација, ефикасност и правичност. Медијатор за деца може да биде лице кое кумулативно ги исполнува следниве услови: да биде деловно способно физичко лице; да поседува лиценца за вршење медијаторски работи и да биде дипломиран правник, социјален работник, педагог, психолог или други сродни општествено-хуманистички науки со завршена обука за медијатор за деца.

Пред почетокот на постапката за медијација, медијаторот е должен да ги запознае страните со принципите, правилата и трошоците на постапката. Во спроведувањето на постапката за медијација, медијаторот задолжително ги почитува принципите на медијацијата, земајќи ги предвид сите околности на предметот, интересите на страните и потребата за брзо и трајно решавање на предметот.

Во договор со странките медијаторот ќе ги определи термините за водење на медијацијата, при што присуството во текот на постапката за медијација е задолжително. Тој комуницира со страните заедно или одвоено. Информациите што медијаторот ги прима од било која страна во постапката, може да ѝ ги открие на другата странка, освен оние за кои страната ќе определи дека се доверливи. Страните и медијаторот може во било кое време во текот на постапката да изнесуваат свои предлози за успешно решавање на предметот. На секоја странка ѝ се дава можност да се произнесе по предлозите. Страните може во кое било време да се повлечат од постапката за медијација без притоа да ги наведат причините за тоа. Повлекувањето ќе се смета од денот на поднесувањето на изјавата за повлекување. Медијаторот ќе ја запре постапката за медијација, доколку смета дека е постигната спогодба што е незаконска или неподобна за извршување.

Постои само еден основ за запирање на постапката за медијација, а тоа е кога медијаторот ќе оцени дека постигнатата спогодба е незаконска или неподобна за извршување.[126]

Постапката за медијација може да трае најдолго 30 дена од денот на нејзиното започнување

Постапката за медијација завршува на некој од следниве начини[127]:

- склучување писмена спогодба меѓу страните за постигнатата согласност за надоместок на материјалната штета, враќање на предмети, извинување, облик на морална сатисфакција или друг исход којшто го договориле страните меѓусебе, со посредство на медијаторот;
- писмената изјава на медијаторот по извршените консултации со страните дека не се оправдани натамошни обиди за медијација на денот на поднесувањето на изјавата;
- истекот на рокот од 30 дена за завршување на постапката за медијација;
- со изјава на страните со која се откажуваат од постапката за медијација, при што не е потребно да ги наведуваат причините за откажувањето, а откажувањето ќе се смета од денот на поднесувањето на изјавата.

Единствено првиот основ за завршување на постапката има позитивен исход. Писмената спогодба меѓу страните мора да ги содржи најмалку следниве елементи:

- податоци за детето во судир со законот, неговиот законски застапник и бранителот,

[126] Член 88 ст. 3 од ЗПД.
[127] Член 88 од ЗПД.

- податоци за детето жртва, неговиот законски застапник и бранителот,
- податоци за дете во ризик, неговиот законски застапник и бранителот,
- податоци за оштетениот, односно неговиот полномошник,
- опис на настанот и правната квалификација на делото,
- денот кога започнала постапката за медијација,
- податоци за вкупниот број средби одржани со странките, заедно или одвоено,
- предмет на спогодбата,
- рок за исполнување на обврските кој не може да биде подолг од три месеци од денот на потпишување на спогодбата,
- датум на составување на писмената спогодба,
- потпис од страните во медијацијата и
- заверка на спогодбата од страна на медијаторот со потпис и штембил издаден од Комората на медијаторите.

Потпишаната писмената спогодба се дава на надлежниот орган кој ги упатил страните на медијација во рок од три дена од денот на нејзиното склучување. Јавниот обвинител, односно судот донесува решение за запирање на постапката во рок од три дена од денот кога ќе констатира дека е исполнета договорената обврска во рокот наведен во спогодбата. Против ова решение не е дозволена жалба.

Во случаите кога јавниот обвинител, односно судот нема да ја прифатат спогодбата, односно ако не се исполнат обврските во рокот, постапувањето продолжува таму каде што било прекинато пред почеток на постапката за медијација.

Во постапката за медијација која се води според одредбите од ЗПД соодветно се применуваат одредбите од Законот за медијација.

Трошоците на постапката за медијација и наградата за медијаторот паѓаат на товар на Буџетот на Република Северна Македонија, согласно со Тарифникот за награда и надоместок на трошоци на медијаторите, по утврдување на трошоците од јавниот обвинител, односно судот, кој ги упатил страните на постапка на медијација.

За почеста примена на медијацијата потребни се информативни кампањи за промоција на медијацијата со цел граѓаните да имаат предзнаења и да ги имаат на увид опциите коишто им се нудат во случај на кривичен конфликт. За да биде медијацијата афирмирана помеѓу широката јавност, потребно е јавноста да биде запознаена со предностите. Од овие причини е потребна силна кампања која ќе ги промовира алтернативните механизми во кривичното законодавство. Исто така, со цел зајакнување и развивање на вештините на медијаторите потребно е да се организираат посебни едукативни програми за обука и едукација.

Шема на Постапката за медијација



6. Примена на медијација во постапката за деца во Северна Македонија

Медијацијата во кривичните предмети за деца претставува механизам кој има потенцијал да донесе позитивни резултати, но нејзината примена сè уште се соочува со одредени предизвици. Анализирајќи ја нејзината реална примена, можеме да кажеме дека медијацијата во кривичните предмети кај судиите кои судат во постапката спрема деца, има висок процент од 45% кои сметаат дека медијацијата во постапката спрема деца би дала позитивни резултати, но не е мал и процентот кои не сметаат дека медијацијата би дала позитивни резултати (35%). Овие резултати се дел од квантитативната анализа за примена на медијацијата во граѓанските, кривичните и предметите спрема деца која Институтот за европски политики ја објави во 2022 година. Истражувањето користи примарни податоци собрани преку прашалници спроведени во основните судови со проширена надлежност и ОЈО со реална надлежност во постапки за деца. Во истражувањето учествуваа судии и јавни обвинители кои се занимаваат со кривични предмети поврзани со деца, но и медијатори кои постапувале во медијација со деца.

Во последните 5 години (2018-2022/23) во постапката спрема деца, 75% од испитаните судии никогаш не ги упатиле страните на постапка за медијација во последните пет години, 20% од испитаните имале случаи од 1 до 10 кога ги упатиле страните на постапка за медијација, а пак од обвинителите дури 67% ниеднаш не ги упатиле странките на постапка за медијација. Радува фактот што не е мал процентот на обвинители кои сепак ги имаат упатено странките на медијација и збирно изнесува 35%. Според судиите за деца, најчесто оштетениот или јавниот обвинител не се согласни за постапка за медијација, а според ОЈО кои одговориле, тоа е оштетениот. Во прашалиците за причини за неуспешност на медијацијата во кривичните предмети спрема деца, повеќе од половина од испитаните судии не дадоа одговор, а судиите кои одговорија на ова прашање како причини го наведуваат или истекот на рокот од 45 дена или откажувањето на страните. Истите причини ги имаат наведено и ОЈО. Оттука произлегува дека една од клучните пречки за нејзина примена е неподготвеноста на одредени актери во правосудниот систем да ја прифатат како алтернатива на судската постапка.

Но декларативно, значителен процент на судиите, дури во 60% се за задолжителен обид за медијација за кривичните дела за кои е предвидена казна затвор до 5 години, во постапката спрема деца.

На прашањето зошто медијацијата е слабо застапена во судската практика кај нас, судиите за деца ги истакнуваат три главни причини: недостаток на интерес од страна на странките, недоволна запознаеност на странките со медијацијата, како и недоволна промоција на предностите на медијацијата во јавноста. Истите причини беа идентификувани и од страна на јавните обвинители (ОЈО). Кога се разгледува ставот на судиите за кривични дела и ОЈО за недостатоците на медијацијата, најчесто истакнати се: недовербата на страните во медијацијата, недоволната законска уреденост на процесот, слабата перцепција за авторитетот на медијаторите кај граѓаните и фактот што медијацијата е затворена за јавноста.

Дополнително, процентот на успешно завршени медијации со писмена спогодба е релативно низок. Според 45% од судиите, постапката никогаш не завршила со спогодба, 30% пријавиле дека во периодот на нивната практика имале до 10 случаи кога 30% пријавиле дека во периодот на нивната практика имале до 10 случаи кога медијацијата не резултирала со спогодба, а 25% не дале конкретен одговор. Најчести причини за неуспехот на медијацијата се истекот на законскиот рок од 45 дена (30%) и откажувањето на страните во текот на постапката (20%).



Графички приказ бр. 12 Причини за неуспешност на медијацијата. Извор: Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија, (2021) Автори: Лажетиќ, Г., Кошевалиска, О. Нанев, Л. Институт за европски политики (ЕПИ).

Во однос на проценката на постигнатите спогодби, 60% од судиите никогаш не ја оцениле спогодбата како неприфатлива, додека 20% имале до 10 случаи во кои ја сметале за неприкладна. Овој податок укажува дека, кога медијацијата успешно се завршува, генерално се прифаќа како соодветен механизам за решавање на случаите.

Еден од значајните проблеми во примената на медијацијата е ниската информираност на судиите за поддржувачките програми на Судскиот совет и Врховниот суд. Истражувањата покажуваат дека 35% од судиите не се информирани за овие програми, 30% имаат ограничени информации, а само 25% се добро запознаени со нив. Недоволното информирање се должи на недоследната имплементација на стратешките цели и неуспешното дистрибуирање на програмите до сите судови.

Графички приказ бр. 13 Информираност на судиите за посебни програми за поддршка на медијацијата. Извор: Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија, (2021) Автори: Лажетиќ, Г., Кошевалиска, О. Нанев, Л. Институт за европски политики (ЕПИ).

Дополнителен проблем е и ниската информираност за можноста за субвенционирање на дел од трошоците за медијација од страна на Министерството за правда, согласно член 28 од Законот за медијација. Според резултатите, 40% од судиите имаат минимални информации за оваа можност, 35% воопшто не се информирани, додека само 10% се добро запознаени.

Понатаму, истражувањето открива системски недостаток во обуката на судиите за медијација. Дури 75% од судиите изјавиле дека во последните пет години не посетувале никаква обука на оваа тема.

Графички приказ бр. 14 Обуки за медијација на судиите. Извор: Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија, (2021) Автори: Лажетиќ, Г., Кошевалиска, О. Нанев, Л. Институт за европски политики (ЕПИ).

Сепак, 90% од испитаниците би сакале да следат обука за медијација, доколку имаат можност, што укажува на потребата од организирање на дополнителни едукативни програми.

Графички приказ бр. 15 Став на судиите за потребата од следење на обука за медијација. Извор: Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија, (2021) Автори: Лажетиќ, Г., Кошевалиска, О. Нанев, Л. Институт за европски политики (ЕПИ).

Што се однесува до јавните обвинители, анализата покажува дека 67% никогаш не ги упатиле страните кон медијација во кривични предмети за деца, 28% имале од 1 до 10 случаи, а само 7% имале од 10 до 20 случаи во последните пет години. Овие податоци укажуваат на ниска практика на медијација во кривичните предмети за деца, и покрај нејзиниот потенцијал како алтернативен механизам за решавање на случаи.

Како препораки за подобрување на медијацијата, судиите истакнуваат неколку клучни точки:

- Поголема промоција на предностите на медијацијата.
- Поедноставување и подобрување на пристапот до медијациската постапка.
- Поголема отвореност и професионалност на медијаторите, како и подобро познавање на законите.
- Законски измени кои ќе бидат предмет на јавна дебата и ќе вклучуваат мислења на практичари.
- Поголема транспарентност и медиумска поддршка за афирмација на медијацијата.
- Едукација на адвокатите за да ги советуваат странките за можностите што ги нуди медијацијата.

Овие наоди покажуваат дека, иако медијацијата има потенцијал како механизам за решавање на кривични предмети во кои се инволвирани деца, сè уште постојат

институционални и практични предизвици кои ја ограничуваат нејзината примена. Системски промени, подобра едукација и поголема институционална поддршка би можеле да придонесат за нејзина поефикасна употреба во иднина.

ГЛАВА XII

ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА И НА ДЕЦАТА СВЕДОЦИ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

1. Воведни напомени

Ресторативната правда во фокусот на вниманието ги става правата на жртвата, со особен нагласок на правата на детето жртва, како најранлив учесник во кривичната постапка. Приближно истите права како детето жртва има и детето сведок, со што ЗПД овозможува екстензивен импакт на заложбата за одбегнување на секундарна виктимизација, не само кон жртвата, туку и кон детето сведок на кривично-правен настан.

Несомнено е дека учеството на децата жртви и сведоци на кривичните дела во постапките на кривичното правосудство е од суштинска важност за ефикасно процесуирање на различни облици кривичните дела, вклучувајќи ги и случаите на сексуална експлоатација на децата, трговија со деца и другуи облици на трансанационален организиран криминал каде децата се често единствени сведоци. Факт е дека на децата жртви и сведоци на кривични дела им е потребна посебна заштита, асистенција и поддршка која одговара на нивната возраст, зрелост и индивидуалните посебни потреби, за да би се спречиле додатните тешкотии настанати како резултат на учеството во процесот на кривичното правосудство.

Императива е обврската во постапката што се води за кривични дела во кои децата се жртви или сведоци на кривични дела, надлежните органи да може да постапуваат само доколку поседуваат соодветно образование, посебни знаења и искуства од областа на правата на детето и за кривично-правната заштита на децата.

Една од приоритетните цели на националното законодавство е остварување на приоритетен интерес и заштита на децата од криминал, насилство и било кој облик на загрозување на нивните слободи и права и нивниот правилен развој. За остварувањето на ваквата цел, неопходно е и деталното уредување на проблематиката во случаите кога детето ќе се јави како жртва на кривично дело или како сведок. Првиот ваков обид на законско регулирање на оваа проблематика беше направен со ЗМП, но реалноста наметна и други околности коишто задолжително мораа да се предвидат и уредат стриктно, од причина што станува збор за најчувствителната категорија на лица, а тоа се децата.

Несомнено е дека учеството на децата жртви на кривичните дела во постапките на кривичното правосудство е од суштинска важност за ефикасно процесуирање на обвиненијата за кривичните дела, вклучувајќи ги и случаите на сексуална експлоатација на децата, трговија со деца и други облици на транснационален организиран криминал каде децата се често единствени сведоци. Факт е дека на децата жртви на кривични дела им е потребна посебна заштита, асистенција и поддршка која одговара на нивната возраст, зрелост и индивидуалните посебни потреби, за да би се спречила дополнителна виктимизација како резултат на учеството во процесот на кривичното правосудство. Токму од овие причини е императивната обврска за специјализираност во постапката што се води за кривични дела во кои децата се жртви на кривични дела, односно надлежните органи може да постапуваат само доколку поседуваат соодветно

образование, посебни знаења и искуства од областа на правата на детето и за кривично-правната заштита на децата (УНИЦЕФ, 2014).

Ваквата обврска се наметнува за експлицитно наведени субјекти (судовите, јавните обвинители и службените лица на МВР), кон кои се приклучуваат адвокатите и центрите за социјална работа (преку специјализираните одделенија или стручните тимови).

2. Поимно определување

ЗПД поимно го определува терминот „дете жртва" и тој е во целост усогласен со европските и меѓународните стандарди. Согласно ЗПД **дете жртва е секое дете на возраст до 18 години** кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите како последица на сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело.[128] За **дете жртва** се смета и лице чија возраст не може со сигурност да се утврди, ако постојат причини да се верува дека е дете жртва.

За жртва се сметаат и **членовите на семејството на детето жртва**, чијашто смрт настапила како резултат на кривичното дело и кои претрпеле штета како последица на смрт на детето жртва. Воедно, ЗПД за првпат предвидува и права на **посредна жртва**, а во овој термин влегуваат членовите на семејството на дете жртва кај кое како резултат на кривичното дело настапила смрт. Ваквата определба е во контекст на европските директиви за поимот жртва.

За првпат како дете жртва е дефинирано и дете кое се наоѓа во услови на **радикализација, насилен екстремизам и тероризам**, тешки облици на насилство, масовни миграциски движења, ксенофобија и други тешки форми на екстремизам (Лажетиќ et al., 2019).

3. Европска регулатива за заштита на жртвата

Во 2012 година, ЕУ ја усвои Директивата за воспоставување на минимум стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на кривични дела (Директива 2012/29/ЕУ, 2012, стр. 57–73). Целта на оваа Директива е да обезбеди жртвите на кривичното дело да добиваат соодветни информации, поддршка и заштита и право да учествуваат во кривичната постапка. Особено се нагласува потребата жртвите да бидат признати и третирани со почит, тактичност, разбирање, професионалност и на недискриминаторски начин при сите контакти со службите за поддршка на жртвите или за реторативна правда и со сите надлежни органи кои дејствуваат во рамките на кривичната постапка.

Согласно оваа Директива, во случај кога жртвата е дете, најдобриот интерес на детето е од примарно значење и се проценува на индивидуална основа. Притоа, предност треба да има пристапот којшто е приспособен на детето и којшто е соодветен на неговата возраст, зрелост, неговите ставови, потреби и проблеми. Детето и

[128] Член 21 од ЗПД.

носителот на родителска одговорност или друг негов законски застапник, се информираат за сите мерки или права кои се посебно насочени кон детето.

Во Директивата правата и заштитата е групирана во неколку основни сегменти:

- давање информации и поддршка на жртвата,
- учество во кривичната постапка,
- заштита на жртвите и признавање на жртвите со посебни потреби од заштита и
- потреба од специјализација на судиите, обвинителите, адвокатите и сите други професионалци во системот на правдата за децата.

Директивата воведува и новини, а имено се наведува дека:

- сите сослушувања треба да ги спроведува едно лице,
- се забрануваат прашања кои се однесуваат на приватниот живот на детето,
- аудиовизуелни снимки може да се користат за било кое сослушување и
- во случаите кога не може да се утврди дали странката е дете, а постојат основи за верување дека е, таа да биде сметана како дете.

Евалуацијата за Директивата бр. 29 од 2012 година изготвена во 2022 година (Европска комисија, 2022), имала за цел да овозможи процена на релевантноста, ефективноста, ефикасноста, кохерентноста и додадената вредност што во рамките на европските држави произлегле од Директивата за правата на жртвите. Евалуацијата имала цел да ги сумира научените лекции од транспонирањето и имплементацијата на Директивата во квалитативна и квантитативна смисла (Фетаи, 2023). Евалуацијата довела до основ за изведување повеќе заклучоци во однос на индикаторите според кои може да се оценува имплементацијата, и тоа:

- во однос на ефективноста,
- во однос на релевантноста,
- разлика помеѓу деца и возрасни,
- ИТ- развиток,
- во однос на ефикасноста, како и
- во однос на внатрешната кохерентност.

Директивата за правата на жртвите нашироко ги има остварено очекуваните придобивки и има остварено позитивно влијание врз правата на жртвите, но определени конкретно согледани проблеми поврзани со правата на жртвите упатуваат на заклучок дека е навистина потребна ревизија на Директивата (Европска Комисија, 2023).

Во основа идентификувани се пет главни проблеми кон кои треба да се насочи измената на Директивата (Европска комисија, 2023, стр. 2):

1. Жртвите не секогаш добиваат информации за нивните права или добиваат несоодветни информации што им го отежнува или оневозможува остварувањето на тие права;

2. Ранливите жртви (како што се деца, постари лица, лица со попреченост, жртви на криминал од омраза и жртви во притвор) не секогаш имаат корист од навремена проценка на нивните потреби за заштита и се лишени од ефективни заштитни мерки, како што се наредбите за заштита;

3. Ранливите жртви често не можат да се потпрат на специјалистичка поддршка, како што е продолжен психолошки третман, а децата жртви често не можат да се потпрат на насочен пристап заснован на соработка меѓу повеќе агенции;

4. Учеството на жртвите во кривичната постапка често е тешко поради недостаток на правни совети и насоки и разлики во правилата за статусот на жртвите во овие постапки;

5. Пристапот на жртвите до компензација во домашни и прекугранични случаи е отежнат поради недостатокот на државна поддршка при извршувањето на нарачаната компензација од сторителот, што доведува до ризик од секундарна виктимизација (Фетаи, 2023).

4. Упатства на ООН за заштита на деца жртви и деца сведоци

Компаративно, поради значајноста на проблематиката се издвојува Заштита на сведоците и жртвите - ЕКО SOS упатства – Резолуција 2004/27 - Упатства за правосудните прашања кои вклучуваат деца жртви и сведоци на кривични дела, иако постојат и други релевантни документи (Препораката на Советот на Европа, Рец(2006)8 за помош на жртвите на криминал; Рамковна Одлука на Европскиот совет од 15 март 2001 година во врска со положбата на жртвите во кривичната постапка; Факултативен протокол кон КПД кој се однесува на вклучување на децата во вооружени конфликти; Факултативен протокол кон КПД кој се однесува на продажба на деца, детска проституција и детска порнографија; Протокол за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца, со кој се дополнува Конвенцијата на ООН против транснационалиот организиран криминал и многу други.

Потребно е да се нагласи дека до денес не е усвоен ниту еден меѓународен инструмент со правно-обврзувачка сила кој би се однесувал единствено на правата на децата жртви и сведоци (Груевска – Дракулевски & Стојановски, 2013). Сепак, обврските кои произлегуваат од меѓународното право може да се најдат во меѓународните инструменти со поширок опфат.

Меѓународниот пакт за граѓански и политички права од 1966 година (Обединети нации, 1966), предвидува универзална заштита која се однесува и на полнолетните лица и на децата. Стандардните минимални правила на Обединетите нации за спроведување на правда за децата (Пекинишки правила) (Бужаровска et al., 2012), во правилото 11.4 предвидуваат олеснување на дискретното решавање на предметите во кои како жртви ќе се јават деца. Согласно ова правило треба да се направат напори да се обезбедат програми од заедницата, како што се привремено надгледување и советување и повторно враќање во општеството и компензација за жртвата.

Во 1989 година, беше усвоена КПД (Обединети нации, 1989), членот 3 утврдува дека при преземањето на какви било дејствија кои се однесуваат на децата, мора да се води примарна грижа за интересите на детето. Неопходно е обезбедување на услуги и капацитети во сферите на безбедноста, здравјето, доволен број на подобен персонал, како и компетентен надзор. Членот 39 налага преземање на мерки за унапредување на физичкото и психичкото закрепнување и социјална реинтеграција на децата жртви на занемарување, злоупотреба, мачење и друг суров, нечовечки или понижувачки третман (Груевска – Дракулевски & Стојановски, 2013, стр. 140). Европска конвенција за човекови права од 1950 година, во членот 6 упатува на незадолжителност за јавно објавување на пресудите кога во судскиот процес учествувале деца. Европската

конвенција за остварување на правата на децата од 1996 година, ги обезбедува правата на: советување, можност на изразување на искажување на сопствените видувања и запознавање со можните последици од таквите искази, како и можните последици на било која одлука (член 3). Во членот 5 е предвидено правото на асистенција од страна на соодветно лице по избор на детето кое би му помогнало да ги изрази своите ставови и видувања.

Дел од принципите на кои се заснова Ревидираната Европска социјална повелба од 1996 година се однесуваат на задолжителноста од заштита на физичките и моралните опасности на кои се изложени децата, како и на правата на соодветна социјална, правна и економска заштита.

Овие упатства за правосудните прашања се однесуваат на децата жртви и сведоци на кривични дела кои поставуваат добра пракса заснована на усогласеноста на современите знаења и релевантните меѓународни и регионални норми, стандарди и принципи.

Упатствата даваат практична рамка за постигнување на следните цели:

- Обезбедување упатства на стручната и научна јавност, кога е потребно и на волонтерите кои работат со децата жртви и сведоци на кривични дела, а за развој на нивната дневна пракса во судските процеси за возрасни и деца на национално, регионално и меѓународно ниво, а во согласност со декларацијата за основните принципи на правда за жртвите на кривични дела и злоупотреба на моќта;
- Давање поддршка во преиспитувањето на националните и домашните закони, процедури и практики како би се обезбедило потполно почитување на правото на детето жртва и сведок на кривично дело и целосна примена на КПД;
- Поддршка на владите, меѓународните организации, јавните агенции, невладините и локални организации и други заинтересирани страни во креирањето и примената на законодавството, политиката, програмата и праксата кои одговараат на клучни прашања во врска со децата жртви и сведоци на кривични дела;
- Поддршка и помагање на оние кои се грижат за децата за да најчуствителен начин пристапат во работата со децата жртви и сведоци на кривичните дела.

Секој правосуден систем ќе ги примени овие упатства во согласност со своите правни, социјални, економски, културни и географски услови. Меѓутоа, секој правосуден систем треба постојано да настојува да ги надмине практичните тешкотии во неговата примена со оглед на тоа да упатствата во потполност претставуваат сет од минимални начела и стандарди кои треба да се прифатат.

Во примената на упатствата секој правосуден систем мора да обезбеди соодветна обука, избор и процедура која би одговарала на посебните потреби на децата жртви и сведоци на кривични дела, тогаш кога виктимизацијата негативно влијае на определени групи на деца во различни ситуации како што е на пример, сексуален напад врз дете.

Упатствата покриваат определено поле во кое знаењата и праксата се развиваат и растат. Тие немаат намера да бидат комплетна листа, ниту да го оневозможат натамошниот развој под услов развојот да е во согласност со основните цели и начелата на упатствата.

Упатствата, исто така треба да служат и во процесот на неофицијални и обичајни правосудни системи, како што се ресторативната правда и во некои некривични области на правото вклучувајќи, но не ограничувајќи се на старателство, развод, усвојување, заштита на детето, менталното здравје, државјанство, закони кои се однесуваат на емигрантите и избеглиците.

За да се обезбеди правда за децата жртви и сведоци на кривични дела, стручњаците и другите одговорни за доброто на овие деца мора да ги почитуваат следните начела: достоинство, недискриминација, најдобар интерес на детето, заштита, усогласен развој и право на партиципација.

Во Упатствата се користат следните дефеници:

„Дете жртва и сведок" се однесува на деца и адолесценти помлади од 18 години кои се жртви или сведоци на кривични дела без оглед на нивната улога во кривичното дело или во просесуирањето на наводните обвинети или група обвинети;

„Стручњаци" се однесува на лицата кои се во контекст на својата работа во контакт со децата жртви и сведоци на кривични дека а на кои овие насоки се однесуваат. Тоа ги вклучува следните лица, иако не е ограничено само на нив: застапници на децата и жртвите и лицата кои даваат поддршка, практичари од областа на службите за заштита на децата, лицата во Агенциите за доброто на децата, тужители и адвокати на одбраната, дипломатски и конзуларни лица, лица на програмите кои се занимаваат со насилства во семејствата, судии, извршители на законските одредби, стручњаци во областа на медицината и менталното здравјо и социјални работници;

„Судски процес" вклучува откривање на кривичното дело, поднесување на тужба, истрага, процес на обвинение и судски процес и подсудски процедури без оглед дали случајот се води во рамките на национален, меѓународен или регионален систем на кривично правосудство за возрасни или деца или во рамките на обичаен или неофицијален правосуден систем;

„Ориентираност на дете" се однесува на пристапот кој ги зема во предвид детските и и индивидуални потреби и желби.

Децата жртви и сведоци во судскиот процес треба да бидат третирани на грижлив и сочувствителен начин, водејќи сметка за нивната лична ситуација и непосредни потреби, возраста, родот, инвалидитетот и зрелоста и со потполно почитување на нивниот физички, ментален и морален интегритет.

Секое дете треба да биде третирано како личност со своите индивидуални потреби, желби и чувства. Стручњаците не треба да го третираат детето како типично дете од било која возраст или како типична жртва или сведок на специфично кривично дело.

Интерферирањето во детскиот приватен живот треба да биде ограничено на неопходен минимум, но во исто време треба да бидат задржани високи стандарди во собирањето на докази како би се обебедиле првични и непристрасни исходи на судскиот процес. За да се одбегнат натамошни негативни последици по детето, интервјуи, испитувања и други форми на истрага треба да ги водат обучени стручњаци кои пристапуваат кон тоа со почитување и на чувствителен и основен начин. Сите интеракции опишани во овие упатства треба да бидат спроведени на емпатичен начин и да бидат ориентирани кон детето во соодветно опкружување кое одговара на специфичните потреби на детето. Исто така, мора да бидат на јазикот кој детето го користи и разбира.

Децата жртви и сведоци треба да имаат пристап до правда која ќе ги штити од дискриминација на основа на раса, боја на кожата, полот, јазикот, вероисповеста,

политичкото или друго мислење, национално, етничко или општествено потекло, имот, инвалидитет и раѓање или други лични својства на детето или родителот, односно старателот.

Судските процеси и служби за поддршка на децата жртви и сведоци и нивните семејства треба да бидат чувствителни на возраста на детето, желбите, разбирањето, родот, сексуалната ориентација, етничкото, културно, верско, јазично или општествено потекло, социоекономските услови и имигрантски или бегалски статус, како и на посебните потреби на детето, вклучувајќи ја и здравствената состојба, способност и капацитет. Стручњаците треба да бидат обучени за овие различности. Во многу случаи, посебните служби и заштити со текот на времето ќе бидат установени како би ги земале во предвид различните природи и специфичности на делата над децата како што се сексуалното злоставување на девојчињата. Возраста на треба да биде пречка за потполното учество на детето во судскиот процес. Секое дете има право да биде третирано како способен сведок и неговото/нејзиното сведочење треба да се претпостави како валидно и веродостојно на судењето, освен доколку не се докаже спротивното и сè додека неговиот или нејзината возраст и зрелост дозволуваат давање на прифатливо сведочење со или без комуникациски помагала или други видови на поддршка.

Детето жртва или сведок, неговото семејство и правни застапници од првиот контакт со правосудниот процес и низ тој процес имаат право да бидат благовремено известени за:

- Расположивите здравствени, психолошки, социјални или други услуги, како и за начините на пристап кон тие услуги вклучувајќи и правно или друго советување или застапување, компензација и ургентни финансиски поддршки, доколку постојат;

- За процедурите во кривичните процеси за возрасни и деца, вклучувајќи ја улогата на детето жртва и сведок, важност, момент и начин на сведочење, начините на кои „испитувањето ќе биде спроведено во текот на истрагата или судењето";

- Напредокот и текот на поединечен случај, вклучувајќи го приведувањето, апсењето или статусот на притвореник на обвинетиот како и сите потенцијални промени на статусот кои се во процес на одлучување, одлуките за истрага и сите релевантни информации за развојот и исходот на случајот после судењето;

- За постоечките механизми на поддршка на детето кога поднесува тужба или учествува во истрага и судски постапки и др. (Резолуција 2004/27).

Заштита на приватноста на детето жртва и сведок е од примарна важност. Секоја информација која се однесува на учеството на детето во правосудниот процес треба да биде заштитена. Тоа може да биде постигнато низ одржување на доверба и ограничување во откривањето на информации кои може да доведат до идентификација на детето жртва или сведок во судскиот процес. Кога е тоа можно треба да се преземат мерки за исклучување на јавноста и медиумите од судниците во текот на сведочењето на детето.

Стручњаците треба да ги преземаат сите мерки за да ги спречат дополнителните тешкотии за детето во текот на откривањето, истрагата или процесот на гонење за да би се обезбедило почиување на најдобриот интерес на детето и почитување на неговото достоинство.

Стручњаците треба да пристапат кон детето жртва и сведок со чувствителност, и да обезбедат:

- поддршка на детето жртва и сведок, вклучувајќи следење на детето низ неговото учество во судскиот процес кога е тоа во негов најдобар интерес;
- точност на информацијата за процесот, вклучувајќи го давањето на јасни очекувања на детето жртва и сведок во смисла што тоа да очекува од процесот, со што е можна поголема сигурност. Учеството на детето во сослушувањето и судењето треба да биде испланирано однапред и треба да се сторат сите напори за да се обезбеди континуитет во односот помеѓу децата и стручњакот кој е со него во контакт во текот на процесот;
- забрзано судење, освен кога одлагањето е во најдобар интерес на детето. Истрагата на кривичните дела која ги вклучува и децата жртви и сведоци, исто така треба да биде забрзана и треба да постојат процедури, закони и судски правила кои обезбедуваат ваквите случаи да бидат забрзани;
- да се користат процедури кои се ориентирани спрема детето што подразбира просторија за интервју која е дизајнирана за деца, меѓусекторски услуги за децата жртви кои се интигрирани под еден кров, опкружување во судницата која е прилагодена на детето сведок, паузи во текот на сведочењето на детето, сослушувања закажани во време кое е во согласност со возраста на детето и неговата зрелост, систем на дежурства и покани кои обезбедуваат детето да оди во судница само кога е тоа неопходно, како и други соодветни мерки кои би се организирале при сведочењето на детето.

Стручњаците исто така треба да ги применуваат следните мерки:

Ограничување на бројот на интервјуата. Треба да се применат специјални процедури на собирање докази од детето жртва и сведок за да би се намалил бројот на интервјуи, давање изјави, сослушувања и посебно неопходните контакти на детето со правосудниот процес, а таква процедура може на пример, да биде користење на претходно снимени видео снимки.

Одбегнување на непотребни контакти со наводниот сторител, неговиот тим на одбрана и други личности кои не се директно поврзани со судскиот процес. Стручњаците треба да обезбедат детето жртва и сведок да биде заштитено од соочувања со наводниот сторител кога тоа е во согласност со правниот систем и со почитување на правото на одбрана. Кога е тоа можно и неопходно, детето жртва и сведок треба да биде интервјуирано и испитувано во судница, кога наводниот сторител не е присутен, а треба да се обезбедат одвоени чекални и приватни соби за интервјуа.

Да се употребуваат помагала кои би го организирале сведочењето на детето. Судијата треба посебно да ги разгледа и одобри употребата на помагала за сведочењето на детето и да го намали потенцијалното заплашување на детето како и да спроведе супервизија и да ги преземи сите неопходни мерки за да обезбеди детето жртва и сведок да биде испитувано на начин кој е ориентиран на детето.

Кога безбедноста на детето жртва и сведок е во ризик, треба да се преземат неопходните мерки за соодветните надлежни установи да бидат известени за ризикот по безбедност и детето да биде заштитено од таков ризик, пред, во текот или после судскиот процес. Од лицата кои се во директен контакт со детето, стручните и другите лица кои доаѓаат во контакт со децата треба да се бара да ги известат надлежните установи, ако се сомневаат дека на детето жртва и сведок им е причинета штета, дека е повредено или дека ќе биде повредено.

Стручњаците треба да бидат обучени да ги препознаат и спречат заплашувањата, заканите и штетите врз детето жртва и сведок.

Во ситуации кога децата и сведоците може да станат предмет на заплашувања, закани или штета, треба да се обезбедат сооветни услови за да се осигура безбедноста на детето. Мерките за заштита на безбедноста може да вклучат:

- Одбегнување на директен контакт помеѓу детето жртва и сведокот и наводниот сторител во било кој момент од судскиот процес;
- Користење на судските одлуки за забрана на приближување кои се заведени и регистрирани;
- Наредување на притвор пред судење за обвинетиот и определување на специјални услови за кауција кои подразбираат принцип „без контакт";
- Поставување на обвинетиот во куќен притвор;
- Кога е тоа можно, обезбедување на детето жртва и сведок полициска заштита или заштита на некоја друга релевантна агенција, чување во тајност на движењето на детето, за да не биде откриено.

Детето жртва и сведок треба кога е тоа можно да добие надомест на штета за да се постигне целосно задоволување, реинтеграција и заздравување. Процедурата за добивање и спроведување на надомест на штета треба да биде приступачна и ориентирана кон детето. Доколку постапката е ориентирана кон детето и се почитуваат овие упатства, треба да се јакнат комбинираните кривични постапки и постапките за надомест на штета, заедно со неформалните и локалните правни постапки како што е ресторативната правда. Надомест на штетата може да вклучува реституција од престапникот наредена од кривичниот суд, помош од Програмата за компензација на жртвите која ја води државата и надомест на штета чиешто извршување е одлучено во граѓанска постапка. Кога е тоа можно треба да се разгледаат и трошоците за социјална и образовна реинтаграција, медицински третман, грижа за менталното здравје и правните услуги. Процедурите мора да бидат установени како би обезбедиле автоматско извршување на одлуките за надомест на штета и наплата на надоместот на штетата пред паричните казни.

Покрај превентивните мерки кои треба да постојат за сите деца потребни се и посебни стратегии за децата жртви и сведоци кои се посебно чувствителни на ситуации при повторна виктимизација или повторно сторување на кривични дела. Стручњаците треба да развиваат и применуваат сеопфатни и посебно креирани стратегии и интервенции во случаите кога постои опасност детето жртва да биде повторно виктимизирано. Овие стратегии и интервенции треба да ги земат предвид природата на виктимизација, вклучувајќи и виктимизација која се однесува на злоупотреба во домот, сексуална експлоатација, злоупотреба во институционално опкружување и трговија со деца.

Стратегиите може да бидат базирани на владини, локални и граѓански иницијативи.

5. Заштита на детето жртва во македонското законодавство

Начелата за правда на децата го вклучуваат правото на детето да може да учествува во судските постапки на начин соодветен за возраста во согласност со нивните најдобри интереси. Сите случаи што вклучуваат мерки и заштита за децата

жртви или сведоци се спроведуваат со цел истите да се заштитат од заплашување, или секундарна виктимизација што може да се случи во текот на постапката.

Искуството на детето како жртва на кривично дело може да има негативни ефекти во неговото школување, односите со врсниците и семејството, нивната способност да комуницираат и општото однесување. Од друга страна, може да се појават нови проблеми поради стресот од учеството во правниот процес. Студија од Обединетото Кралство од 144 деца сведоци откри дека 85 проценти од нив искусиле стрес пред судската постапка во форма на напади на паника, самоповредување, повратно сеќавање, мокрење во кревет, пореметувања со јадењето и спиењето, депресија и губење на довербата (УНИЦЕФ, 2014, стр. 62).

Еден од водечките начела на КПД и Насоките на ООН во правдата по мерка на децата жртви и сведоци на кривични дела е дека нивните 'најдобри интереси се од примарен интерес' во секоја одлука што го засега детето. Во пракса, ова начело мора да биде балансирано со другите интереси, како што е правото на детето да учествува во постапките што ги засегаат и правата на другите лица, како што е правото на обвинетиот во кривичните предмети.

Нашето кривично процесно законодавство детално ги определува и правата коишто и припаѓаат на жртвата кога ќе се јави како учесник во кривична постапка. Во оваа смисла, жртвата има право да учествува во кривичната постапка како оштетен со приклучување кон кривичниот прогон или за остварување на имотноправното барање за штета; има право на посебна грижа и внимание од страна на органите и субјектите кои учествуваат во кривичната постапка и има право на делотворна психолошка и друга стручна помош и поддршка од страна на органи, установи и организации за помош на жртви за кривични дела.[129]

Полицијата, јавниот обвинител и судот постапуваат со посебна грижа спрема жртвите на кривични дела, давајќи им поуки за горенаведените права и се грижат за нивните интереси при донесувањето на одлуки за кривично гонење против обвинетиот, односно при преземањето на дејствија во кривичната постапка во која жртвата мора лично да присуствува, за што се составува службена белешка или записник. Во согласност со посебните прописи, жртвата на кривично дело за кое е пропишана казна затвор од најмалку четири години има право на:

- советник на товар на буџетските средства пред давањето на исказ, односно изјава или поднесување на имотноправно барање, ако има тешки психофизички оштетувања или потешки последици од кривичното дело и
- надоместок на материјална и нематеријална штета од државен фонд под услови и на начин пропишан со посебен закон, доколку надоместокот на штета не може да се обезбеди од осудениот.

Жртвите имаат право на посебни мерки на процесна заштита при давањето исказ и испитувањето во сите фази на постапката, ако:

- во времето на давањето на исказот се на возраст **под 18 години;**
- со давањето исказ или одговор на определено прашање би се изложиле себе си или блиско лице на сериозна опасност по животот, здравјето или физичкиот интегритет (загрозени жртви) и
- заради возраста, природата и последиците на кривичното дело, физичкиот или психичкиот инвалидитет или друга од значење здравствена состојба,

[129] Член 53 од ЗКП.

општественото и културното минато, семејните околности, религиозните уверувања и етничката припадност на жртвата, однесувањето на обвинетиот, членовите на семејството или пријателите на обвинетиот кон жртвата би имало штетни последици по нивното психичко или физичко здравје или негативно ќе влијае врз квалитетот на дадениот исказ (посебно чувствителни жртви).

Посебните мерки на процесна заштита ги определува судот по предлог на јавниот обвинител или на жртвата или по сопствена оцена кога е потребно да се заштитат загрозените и посебно чувствителните жртви.

При одлучувањето за определување на посебните мерки за процесна заштита судот мора да ја земе предвид волјата на жртвата.

Во овие случаи судот мора да определи поединечно или заедно со друга посебна мерка на заштита, видео и тонски запис на исказот и испитувањето на детето за да се користи како доказ во постапката. Во исклучителни случаи, заради нови околности на случајот, судот може да нареди повторно испитување на детето жртва најмногу уште еднаш, преку користење на технички средства за комуникација.

Спроведувањето на посебните мерки на процесната заштита на децата жртви е уредено со посебен закон.

Посебни права уживаат и лицата кои се жртви на кривични дела против половата слобода и половиот морал, човечноста и меѓународното право. Ваквите жртви покрај правата на процесна заштита ги имаат и следниве права:

- пред испитувањето да разговара со бесплатен советник или со полномошник, доколку во постапката учествува како оштетен;
- да биде испитувана од лице од ист пол во полицијата и во јавното обвинителството;
- да не одговори на прашања што се однесуваат на личниот живот на жртвата, а не се поврзани со кривичното дело;
- да бара испитување со помош на визуелно-тонски средства на начин определен со овој закон и
- да бара исклучување на јавноста на главниот претрес.[130]

Судот, јавното обвинителство и полицијата се должни да ја поучат жртвата за нејзините права, најдоцна пред нејзиното прво испитување за што составуваат службена белешка или записник.

Жртва која не е известена за своето право во постапката да учествува како оштетена има право да се пријави пред полицијата или јавното обвинителство како оштетена до поднесување на обвинението, а пред судот до завршување на главниот претрес. Пријавата на жртвата како оштетена ќе се отфрли, ако е очигледно дека е неоправдана или е дадена со задоцнување.

Од особена важност е и дефиницијата за значењето на поимот „секундарна виктимизација", при што целосно прифатлива е дефиницијата на ОН: Секундарната виктимизација се однесува на понатамошната виктимизација што не се појавила како директен резултат на кривичното дело, туку преку постапување со жртвата од страна

[130] Член 55 од ЗКП.

на институциите и/или поединците. На пример, може да се појави кога жртвата се присеќава на настаните, при сведочење во судот или во присуство на сторителот.

Заштитата на децата како жртви и како сведоци во кривичната постапка се обезбедува согласно со одредбите од ЗПД, ЗКП и Законот за заштита на сведоците.

5.1. ***Права на детето жртва***

Право на почитување на достоинството на детето. Ова право на детето диктира постапување на начини кои го почитуваат чувството на достоинство и вредност на детето и се заснова на основното човечко право наведено во член 1 од Основната декларација за човекови права, кој кажува дека секое човечко суштество е родено слободно и еднакво во достоинството и правата. Ова право на достоинство и вредност, стекнато со раѓање, мора да биде почитувано и заштитено во текот на целиот процес на постапување со децата жртви на кривични дела, од првиот контакт со органите за примена на законот, па сè до окончување на целиот процес. Децата жртви и сведоци во судската постапка треба да бидат третирани на грижлив и сочувствителен начин, водејќи сметка за нивната лична ситуација и непосредни потреби, возраста, родот, инвалидитетот и зрелоста и со потполно почитување на нивниот физички, ментален и морален интегритет. Секое дете треба да биде третирано како личност со своите индивидуални потреби, желби и чувства.

Право на почитување на забраната за дискриминација. Судијата е должен да ги преземе сите потребни мерки за да ги обезбеди правата на детето жртва на кривично дело за спречување на сите облици на дискриминација и злоупотреба без оглед на местото каде се извршени овие дејствија, тежината, интензитетот и нивното времетраење. Судот и другите институции при примената на овој закон ги преземаат сите потребни мерки за обезбедување заштита на детето од сите видови на дискриминација или санкција или други ограничувања на правата. Судските процеси и служби за поддршка на децата жртви и сведоци и нивните семејства треба да бидат чувствителни на возраста на детето, желбите, разбирањето, родот, сексуалната ориентација, етничкото, културно, верско, јазично или општествено потекло, социоекономските услови и имигрантски или бегалски статус, како и на посебните потреби на детето, вклучувајќи ја и здравствената состојба, способност и капацитет.

Забрана на дискриминација кај детето жртва на кривично дело значи дека во ниту еден случај не треба дискриминаторски да се „прилагодува" и оценува исказот на жртвата и да им се дава безрезервна предност на исказите на децата жртви со позитивна или негативна дискриминација.

Ваквата забрана се однесува и во однос на помошта на децата жртви, која во никој случај не треба да биде одмерена врз дискриминаторска основа!

Право на користење на својот мајчин јазик. Во чл. 3 од ЗПД е предвидено дека во постапка со дете службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Одредбите од Законот за употреба на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија и во единиците на локалната самоуправа соодветно се применуваат во постапка со дете. Дете - странски државјанин лишено од слобода или притворено, поднесоците во постапката може да ги поднесе на свој јазик, а во други случаи под услови на реципроцитет.

Детето треба да биде известено на јазик кој го разбира. Притоа не е доволно да се достави на детето само званичен документ ,туку е неопходно и усно објаснување. Во

никој случај не треба да се препушти само на родителите или законските старатели или пак на правните или другите застапници на детето да го разберат она на кое судијата упатува, туку треба да се пронајде соодветен „жаргон" кој детето во потполност ќе го сфати. Родителите или старателите не треба да биде алтернатива на известувањето на детето.[131]

Право на приватност. Согласно член 91 од ЗКП судот и другите органи што учествуваат во постапката се должни да обезбедат заштита на приватноста на детето и на неговото семејство. Кога му се суди на дете секогаш се исклучува јавноста. Заштита на приватноста на детето жртва и сведок е од примарна важност. Секоја информација која се однесува на учеството на детето во правосудниот процес треба да биде заштитена. Тоа може да биде постигнато низ одржување на доверба и ограничување во откривањето на информации кои може да доведат до идентификација на детето жртва или сведок во судскиот процес. Задолжително треба да биде запазено начелото на тајност, односно исклучување на јавноста и медиумите од судниците во текот на сведочењето на детето.

Мешањето во детскиот приватен живот треба да биде ограничени на неопходен минимум, но во исто време треба да бидат задржани високи стандарди во собирањето на докази како би се обезбедиле првични и непристрасни исходи на судскиот процес. За да се избегнат натамошни негативни последици по детето, испитувања и други форми на истрага треба да ги водат обучени стручњаци кои пристапуваат кон тоа со почитување и на чувствителен и основен начин. Сите интеракции да бидат спроведени на емпатичен начин и да бидат ориентирани кон детето во соодветно опкружување кое одговара на специфичните потреби на детето. Исто така, мора да бидат на јазикот кој детето го користи и разбира.

Право на информираност. Детето жртва и родителите имаат право да бидат за сите прашања во врска со кривичното дело, кривичната постапка, и во врска со осомниченият, обвинетиот и осуденият. Воедно, тие треба да бидат благовремено известени за напредокот и текот на поединечен случај вклучувајќи го приведувањето, апсењето или статусот на притвореник на обвинетиот како и сите потенцијални промени на статусот кои се во процес на одлучување, одлуките за истрага и сите релевантни информации за развојот и исходот на случајот после судењето. Родителот/те, односно старателот имаат право да бидат информирани за укинување на притворот или друга мерка за обезбедување присуство на детето во судир со законот или на обвинетиот и за отпуштање на осуденият од издржување на казната затвор, како и за секоја одлука со која правосилно се запира, односно завршува кривичната постапка

Право на учество. Детето има право заедно со родителите, односно старателите да учествуваат во кривичната постапка како оштетен со приклучување кон кривичниот прогон или за остварување на имотноправното барање за штета. Детето жртва треба да се поучи на правото на надомест на штета за да се постигне целосно задоволување, реинтеграција и заздравување. Процедурата за добивање и спроведување на надомест на штета треба да биде достапна и ориентирана кон детето. Доколку постапката е ориентирана кон детето и се почитуваат овие упатства, треба да се јакнат комбинираните кривични постапки и постапките за надомест на штета, заедно со неформалните постапки, како што е ресторативната правда.

Посебна заштита за безбедноста на детето. Детето има право на посебна заштита на неговата безбедност и на безбедноста на неговото семејство, грижа и внимание од страна на органите и субјектите кои учествуваат во кривичната постапка, при што посебно е важно детето да биде заштитено од какви било облици на

[131] чл.145 ст.1 т.3 од ЗПД.

застрашување и одмазда. Кога безбедноста на детето жртва е во ризик, треба да се преземат неопходните мерки за да соодветните надлежни установи бидат известени за ризикот по безбедност и детето да биде заштитено од таков ризик, пред, во текот или после судскиот процес. Од лицата кои се во директен контакт со детето, стручните и другите лица кои доаѓаат во контакт со децата треба да се бара да ги известат надлежните установи, ако се сомневаат дека на детето жртва и сведок им е причинета штета, дека е повредено или дека ќе биде повредено. Сите надлежни органи во постапката треба да бидат обучени да знаат да го препознаат и да го спречат заплашувањата и заканите врз детето жртва и сведок. Во ситуации кога децата може да станат предмет на заплашувања, закани или штета, треба да се обезбедат соодветни услови за да се осигури безбедноста на детето.

Мерките за заштита на безбедноста може да вклучат одбегнување на директен контакт помеѓу детето жртва и наводниот сторител во било кој момент од судскиот процес; користење на судските одлуки за забрана на приближување кои се заведени и регистрирани. Кога е тоа можно, обезбедување на детето жртва на полициска заштита, чување во тајност на движењето на детето за да не биде откриено.

Право на обесштетување. Децата-жртви треба, секогаш кога е можно, да добијат обесштетување за да може да остварат целосен надоместок, реинтеграција и рехабилитација. Постапките за остварување и извршување на обесштетувањето треба да бидат брзо достапни и чувствителни кон децата. Обесштетувањето може да вклучува надоместок од сторителот изречен од кривичниот суд, помош од програми за компензација на жртвите спроведени од државата и отштета која треба да се надомести и која е изречена во граѓанска постапка.

Исплата на паричен надомест согласно закон. Паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство е регулирано со Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство,[132] со којшто се изврши усогласување со Директивата 2004/80/ЕЗ на Советот од 29 април 2004 година за надоместок на жртвите на кривично дело CELEX број 32004L0080. Овој закон воведува зголемени права на децата жртви, поголемите гаранции за нивна заштита, за проширување на опфатот на жртви согласно ЗПД и врз членовите на семејството, а важни се и можностите за паричен надомест на деца кога се жртви на кривични на насилство. Овој надомест не е пречка детето жртва да оствари имотноправно побарување во текот на постапувањето.

Посебна заштита од виктимизација. Детето има право на посебна заштита од секундарна виктимизација или ревиктимизација и право на психолошка и друга стручна помош и поддршка од страна на органи, установи и организации за помош на деца жртви за кривични дела. Децата жртви и сведоци кои се посебно чувствителни на ситуации при повторна виктимизација или повторно сторување на кривични дела.

Повторна виктимизација означува ситуација кога истата личност претрпува повеќе од еден кривичен настан во определен период на време (Council of Europe, 2006; Бужаровска et al., 2012).

Секундарна виктимизација означува виктимизација, која се јавува не како директна последица на кривичното дело, туку како одговор на институции или индивидуи на жртвата.[133]

Право да биде придружувано. Ова право подразбира детето да биде придружувано од родителот/те, односно старателот или од друго полнолетно лице во

[132] Службен весник на РСМ, бр. 247/22.
[133] Ибид.

текот на постапувањето пред органот што ја води постапката. Лицето по правило е родителот, односно старателот, но ако се оцени дека од нив произлегува некој ризик фактор, дека се инволвирани во сторување на кривично дело, дека постојат определени социопатолошки појави и сл., детето може да го придружува полнолетно лице што самото дете ќе го предложи.

Давање исказ на соодветен начин. Детето жртва има право на давање исказ во услови кои се приспособени на неговите потреби и развој во безбедна околина, Особено е важно давањето исказ да биде без неоправдано одолговлекување по поднесување на кривичната пријава, кој ќе се снима во согласност со одредбите од ЗПД и ќе користи како доказ во текот на постапката,

Медицинска, психолошка и друга стручна помош. Детето мора да биде навремено и целосно информирано во врска со пристапот до медицинска, психолошка и друга стручна помош и поддршка од страна на органи, установи и организации за помош на деца жртви за кривични дела, пред започнување, во текот и по завршување на кривичната постапка. Медицински прегледи се остваруваат само ако е тоа неопхдоно за потребите на кривичната постапка.

Пристап до служби за поддршка на жртвите. На детето жртва мора да му се овозможи право на пристап до служби за поддршка на жртвите обезбедени преку органи, установи и организации и други права пропишани со закон. Ваков пристап им се обезбедува и на родителите/от, односно старателот, а во зависност од потребите и степенот на штетата претрпена како резултат на кривичното дело сторено против жртвата.

Поука за правата и меѓусекторски пристап на едуцирани професионалци. Полицијата, јавниот обвинител и судот постапуваат со посебна грижа кон детето жртва на кривично дело, давајќи му ги поуките за правата и се грижат за неговите интереси при донесувањето одлука за кривично гонење против обвинетиот, за што се составува службена белешка или записник.

Со дете жртва постапува меѓусекторски тим за заштита на деца жртви, во зависност од проценатa на ризикот, врз основа на протокол за меѓусебна соработка и координација во постапка кон деца жртви.

Во постапката што се води за дејства што со закон се предвидени како кривични дела во кои детето се јавува како жртва судовите, јавните обвинители и полициските службеници на МВР можат да постапуваат само доколку поседуваат знаења и искуство од областа на правата за детето и кривично-правната заштита на децата од најмалку 10 години.

Итност на постапката. Постапката за кривичните дела што со закон се предвидени како кривични дела во кои според законските обележја на делото детето се јавува како жртва на делото, судот и другите органи што учествуваат во постапката се должни да преземаат мерки за помош и заштита и да постапуваат на начин на кој ќе се избегнат можните штетни последици за неговата личност и развој е итна.

Исклучена јавност. Судот ја исклучува јавноста од делот на постапката во кој се репродуцира записот од исказот и од распитот на детето жртва или се применува друга посебна мерка на процесна заштита при земање исказ или распит или се изведуваат процесни дејства со кои може да се нанесе штета на неговата личност и неговиот развој. Детето жртва се сослушува како сведок на начин кој не влијае штетно врз неговиот психофизички развој и со примена на посебни мерки на процесна заштита.

Индивидуална процена на жртвата. Пред испитување на детето жртва надлежниот орган во соработка со органите, установите и организациите за помош и

поддршка на жртвите на кривични дела спроведува индивидуална процена на детето жртва, со цел да се утврди дали постои потреба за примена на една или повеќе посебни мерки за процесна заштита.

При индивидуалната процена на жртвата особено се земаат предвид личните карактеристики на детето жртва, неговата психофизичка развиеност, видот и природата на кривичното дело и околностите на неговото извршување. Посебно внимание им се посветува на децата кои претрпеле тешки психофизички оштетувања или потешки последици од кривичното дело поради тежината на кривичното дело, жртвите на кривично дело сторено поради некои лични карактеристики на жртвата и на жртвите чијшто однос со сторителот е особено ранлив, при што при индивидуалната процена на соодветен начин се вклучени жртвите на тероризмот, организираниот криминал, трговијата со луѓе, родово засновано насилство, насилство во блиски односи, сексуално насилство, сексуално искористување, дела на омраза и жртви со инвалидитет.

Ограничен број на искази на детето жртва. Со цел спречување секундарна виктимизација, ЗПД пропишува на кој начин се зема исказот од детето жртва, се пропишува можноста исказот да се снима и снимката потоа да се користи во текот на постапката, без повторно повикување на детето. Воедно, ЗПД пропишува дека органот што ја спроведува постапката го сведува на нужно потребен бројот на испитувањето на детето жртва за кое е утврдена потреба за посебна заштита. Во практиката, најчесто детето жртва може да се повика повторно во судот, ако е тоа потребно за остварување на правата на одбраната.

Како **посебни права на процесна заштита** при давањето исказ во сите фази од постапката. Ако детето жртва наполни 18 години во текот на постапувањето, сè уште има право на посебна процесна заштита.

Судот задолжително мора да определи посебна мерка на процесна заштита во следниве случаи:

- ✓ кога детето жртва има потреба од посебна грижа и заштита или
- ✓ кога детето е жртва на трговија со деца или сексуална злоупотреба, како и на кривични дела против човечноста и меѓународното право.

Судот може ex officio да одлучи да определи процесна заштита на детето жртва за дела на насилство и други кривични дела сторени кон деца.

Во рамките на посебните права на процесна заштита спаѓаат:

- користење екрани за заштита на жртвата и сведокот од погледот на обвинетиот,
- прикривање на идентитетот или на изгледот,
- давање исказ преку видеоконференција,
- отстранување на тогите и капите,
- исклучување на јавноста,
- видео и аудио запис на исказот кој ќе се користи како доказ,
- видео и аудио запис од распитот кој ќе се користи како доказ,
- земање исказ преку посредство на стручно лице, - употреба посебни технички средства за комуникација и
- заштита на приватноста на детето и на неговото семејство.

5.2. Правата на детето сведок

Детето сведок ги има следниве права, коишто се дел од правата што му следуваат на детето жртва:

- со него да се постапува со почитување на неговото достоинство,
- да се почитува правото на приватност,
- да биде заштитено од застрашување и одмазда,
- да биде заштитено од секаков вид дискриминација,
- право на посебна заштита од секундарна виктимизација или ревиктимизација,
- да биде придружувано од родителот/те, односно старателот или од друго полнолетно лице во текот на постапувањето пред органот што ја води постапката,
- со родителите/от, односно старателот да учествува во кривичната постапка како оштетен со приклучување кон кривичниот прогон или за остварување на имотноправното барање за штета,
- посебна заштита на неговата безбедност и на безбедноста на неговото семејство, грижа и внимание од страна на органите и субјектите кои учествуваат во кривичната постапка,
- родителот/те, односно старателот да бидат информирани за укинување на притворот или друга мерка за обезбедување присуство на детето во судир со законот или на обвинетиот и за отпуштање на осуденият од издржување на казната затвор,
- родителите/от, односно старателот да бидат информирани за секоја одлука со која правосилно се запира, односно завршува кривичната постапка,
- информирации во врска со пристапот до медицинска, психолошка и друга стручна помош и поддршка од страна на органи, установи и организации за помош на деца жртви за кривични дела, пред започнување, во текот и по завршување на кривичната постапка,
- право на пристап до служби за поддршка на жртвите обезбедени преку органи, установи и организации и други права пропишани со закон,
- родителите/от, односно старателот имаат право на пристап до служби за поддршка на жртвите обезбедени преку органи, установи и организации и други права пропишани со закон во зависност од потребите и степенот на штетата претрпена како резултат на кривичното дело сторено против жртвата и
- медицински прегледи, само доколку тоа е неопходно за потребите на кривичната постапка.

При земањето исказ и распит на дете како сведок полицијата, обвинителството и судот се должни да водат сметка за личните својства и карактеристики на детето за заштита на неговите интереси и за неговиот правилен развој.

ГЛАВА XIII

ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКОТО ПРЕСТАПНИШТВО

1. Основни карактеристики и видови превенција

Превенцијата претставува основна алатка за адресирање на проблемите од опкружувањето, како што се општествено - економските, социјалните и културните фактори, прашањата кои директно се однесуваат на индивидуите, семејствата и заедницата, и тоа, пред сè, психосоцијалните кои водат до тоа некои деца да дојдат во допир или во конфликт со законот, да бидат жртви, да ги дестабилизираат семејните односи, како и мирот, безбедноста и сигурноста и односите во заедницата.

Превенцијата не подразбира само нешто што треба да се спречи и да се намали, туку превенцијата денес добива позитивно значење и се именува со позитивни термини како што се поттикнување, поддржување, развивање, рано идентификување, навремено реагирање (Петровска, 2016; Лажетиќ et al., 2021).

Превенцијата е утврдена како систем на различни мерки и дејствија преземени од страна на државата и другите социјални актери за да се спречи појавата и повторување на нарушувања во однесувањето и ризичното однесување (Петровска, 2021).

Кога зборуваме за превенција, зборуваме за мултисекторски интердисциплинарен пристап во градењето стратегии за превенција на детското престапништво, кое има за цел да ги идентификува факторите на ризик кои влијаат врз неговата појава, но и врз факторите кои е неопходно да се зајакнат со цел заштитната околина да доминира и тоа да го превенира (ДСПДП & УНИЦЕФ, 2022).

Институтот за медицина во САД предложил нова класификација на превенцијата, врз основа на сознанијата на Mrazek and Haggerty и од 1994 година во службена употреба се термините универзална, селективна и индицирана превенција, кои кореспондираат со претходната поделба на примарна, секундарна и терцијарна превенција. Разлика помеѓу нив е нивото на „филтер" на присуство на ризичниот фактор. Во универзална превенција нема филтер, низок ризик и програмите се за сите. Во селективната има „сиров" филтер, а тоа се социјални и демографски показатели и ризик фактори, а индицираната се однесува само на оние кои имаат ризично однесување (US Institute of Medicine, 2002).

Сепак во национални рамки се останува на поделбата на примарна, секундарна и терцијална превенција (ДСПДП & УНИЦЕФ, 2022).

2. Примарна превенција

Примарната превенција има за цел да се справи со општите услови во кои живеат децата и семејствата.

Пристапите за примарна превенција имаат за цел да ја спречат злоупотребата или занемарувањето на децата пред да се случат активности коишто се во допир или во

судир со законот. Примарната превенција подразбира креирање програми, политики или други стратегии, но и кампањи за подигање на јавната свест за последиците од малтретирање на деца, програми за зајакнување на семејството, зголемување на економската поддршка за семејствата и сл.

Примарната превенција настојува да ги адресира основните причини или фактори уште пред децата/децата да станат дел од системот на детско престапништво. Целта на примарната превенција е да се создаде заштитна средина за сите деца, што подразбира системски пристап преку обезбедување владина поддршка, градење капацитети, реформа на законите, следење и известување за кршења на правата на децата, промена на ставовите на општата популација и професионалците кои работат со децата, градење на личните вештини кај децата и семејствата и сл. Ова значи дека примарната превенција е од витално значење и вклучува политики и актери од многу области.

Примарната превенција, поточно програмите кои ќе се развијат ќе влијаат врз разни сфери од животот на децата и семејствата како образование, вработување, употреба, алкохол и слично, со што ќе обезбедат услови кои ќе ги намалат факторите на ризик за целото население.

Социјализација во рамките на семејството. Семејството претставува основен фактор на социјализација на детето, тоа ги утврдува моделите и начините на живеење, однесување и развивање. Со цел да се унапредат родителските и семејните врски, треба да се работи на неутрализирање или намалување на факторите на ризик кои може да влијаат семејната заедница да стане нестабилна, што би имало натамошни консеквенции како за децата и членовите на семејствата, така и за локалната заедница и општеството воопшто.

Мерки во образовниот систем. Со оглед дека голем дел од денот децата го минуваат на училиште, влијанието на она што таму се случува има огромна улога во развојот на личноста. За таа цел, мерките што треба да се преземат во образовниот систем треба да бидат дизајнирани со цел да третираат различни фази од развитокот на децата и да бидат адекватни на возраста, етничката и родовата припадност. Од особено значење е афирмирањето на воспитната улога на училиштата.

На ова ниво на превенција, резултатите, пред сè, се насочени кон развивање на индивидуалните способности на децата, започнувајќи од најрана возраст и не секогаш се однесуваат единствено на превенција на детско престапништво.

Здравство. На ова ниво на превенција, улогата на здравството е да преземе определени мерки пред појавата на какви било негативни состојби кај целото население. Директни носители во оваа фаза на превенција се матичните лекари и педијатрите, како и теренски активниот медицински персонал - патронажните сестри и превентивните тимови кои најчесто имаат директен контакт со децата и семејствата пред и по раѓање на детето. Улогата на педијатарот и матичниот лекар е огромна со оглед на помошта што ќе им се укаже на родителите во врска со секоја фаза од развојот на детето, очекувањата, тешкотиите со кои може да се соочат, како и начините на кои нив може да ги намалат. Следењето на физичкиот и менталниот развој и однесувањето на децата е нужно да започне уште од раното детство, особено при превенцијата или соодветно и навремено постапување при идентификување на знаци на запоставеност, насилство (физичко или психолошко), или други ризични состојби. Улогата на овие здравствени работници од аспект на превенција (вклучително и на превентивните тимови) е значајна за децата од предучилишна возраст, особено за децата кои доаѓаат од економско сиромашни средини.

Градење јавна свест. Градењето на јавната свест е настојување јавноста да се подучи за аспектите на криминалот, особено дејствијата извршени од децата, на

неговите социолошки аспекти, на жртвите, на проблемите со кои се соочува системот, на стигмата и дискриминацијата кои произлегуваат од нивното неразбирање.

Истовремено, ова значи и апел до населението дека она што се случува во заедниците и општеството во целина е резултат на секоја индивидуа посебно, па затоа и постои потреба од вклучување на јавноста и населението во превенција на криминалот воопшто.

Надлежни во оваа насока се: Државниот совет, Министерството за труд и социјална политика, локалните совети за превенција на детско престапништво.

3. Секундарна превенција

Пристапите за секундарна превенција се насочени кон состојби кои водат кон висок ризик од преземање дејствија или однесувања на деца во допир со законот.

Секундарната превенција ги има за цел децата и децата кои се во ризик да сторат кривично дело или деца кои сториле кривично дело, но не се кривично одговорни. Имено, станува збор за рано идентификување на децата во ризик или предвидување на потенцијалните деца и семејства во ризик. Секундарната превенција настојува да го дијагностицира, но и третира „неприфатливото однесување" пред тоа да ескалира, или да се развие во потешки или сериозни облици на престап. Целта е да се спречат овие деца да продолжат по таков пат. Многу често овие деца им се познати на полицијата и на центрите за социјална работа и често овие деца доаѓаат од маргинализираните заедници или други општествено исклучени групи или пак припадници на етнички заедници.

Образование. Главната улога на училиштата на ова ниво на превенција е идентификација на децата и децата во ризик и нивно упатување во соодветни установи или институции, или, пак, обезбедување на соодветно советување на децата и децата во ризик.

Разликата од претходното ниво на превенција е што на ова ниво на превенција фокусот е на деца кои покажуваат знаци на антисоцијално однесување, насилство, или пак врз нив влијаат фактори на ризик кои би можеле да доведат до такво однесување како користење нелегални супстанции, носење оружје и сл.

Здравство. Ризиците со кои се соочуваат децата и семејствата несомнено може да доведат до ментални нарушувања. Користењето на алкохолот, дрогите и другите супстанции, насилството, ризичното сексуално однесување и сл. се аспекти кои несомнено се испреплетуваат, а влијаат врз психофизичкото здравје на децата и децата, на нивните семејства и заедницата. Основна улога на здравството на ова ниво е во укажување соодветна, навремена и лесно достапна помош и заштита преку третман на семејствата и децата во ризик. Од тој аспект, здравството треба да воспостави систем за унапредување на здравјето на децата, адолесцентите и семејствата, при што ќе обрне посебно внимание на помалку привилегираните групи.

Социјална заштита. Главна улога на центрите за социјална работа (ЦСР) на ова ниво на превенција е идентификација и работа со деца и семејства во ризик.

Полиција. Системот на превенција нужно ја вклучува и полицијата, независно дали станува збор за сторување кривични дела или прекршоци. Со оглед дека полицијата е првото лице при соочување на децата во ризик и децата како сторители на кривични дела со системот (системот на социјална заштита или пак посебниот систем

на правда спрема децата), неопходно е јакнење на нивната улога. Ова особено важи во однос на нивниот првичен пристап и постапување со децата и децата во ризик и сторителите на кривични дела. Исто така, од особено значење е и јакнењето на капацитетите на комисиите за посредување[134] и на одделенијата за превенција (Стратегија на МВР, стр. 18).

Локална заедница. Земајќи предвид дека индивидуалната одговорност е едната страна на медалот, улогата на заедницата генерално е нишката која треба, преку цел спектар на можности, да канализира услуги кои им се достапни на децата и децата. На ова ниво на превенција, локалната заедница треба да разработи дел од својот локален план за превенција кој ќе биде фокусиран на децата и децата во ризик и нивните семејства.

4. Терцијална превенција

Терцијарна превенција се однесува на превентивни програми кои ќе овозможат детето да преземе одговорност за стореното дело и последиците од делото, но и ќе му помогне повторно да не стори кривично дело (ДСПДП, 2010).

Ова најдобро се постигнува преку програми кои ќе ги подготват, односно ќе обезбедат соодветен третман за време на престојот и пред излегување од установите и ќе обезбедат долгорочна постпенална поддршка, со цел да се реинтегрираат во заедницата/општеството.

Исто така, институти на терцијарната превенција се одвраќањето и алтернативните мерки, особено заштитниот надзор кај условната осуда со заштитен надзор, општокорисната работа и медијацијата.

5. Државен совет за превенција и правда за деца

5.1. Состав на Државниот совет

Државниот совет е самостоен и независен во вршењето на работите определени со ЗПД и е составен од 15 члена кои ги избира Собранието на Република Северна Македонија.

Составот на членовите е, во основата, поделен во две групи: прва група се претставници номинирани од соодветни државни органи и втора група, надворешни членови коишто се јавуваат на јавно објавен оглас.

Првата група ја сочинуваат осум члена кои до Собранието ги предлага министерот за правда, а се номинирани од Министерството за правда, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија и од Адвокатската комора на Република Северна Македонија.

[134] ЗП, чл.51, 52, 2006.

Втората група ја сочинуваат седум члена кои се избираат по пат на јавен оглас, од редот на истакнати научни и стручни работници кои имаат искуство во областа на заштитата на правата и интересите на децата, од кои еден претставник е од редот на граѓанските организации за заштита на децата.

Особено е важно што во рамките на претставниците од институциите Државниот совет се зајакнува со претставник од Министерството за здравство, со што се надополни празнината што се чувствуваше во работата на Државниот совет и недоволната респонзивност на Министерството за здравство во претходниот период во ситуации поврзани со потребата од добивање информации и следење на состојбата со менталното здравје на децата, проблемите со зачестена појавана анксиозност и проблеми со социјализацијата, но и со зголемениот број на деца кај коишто се забележуваат ризици или присуство на болести на зависност од алкохол или дроги и други психотропни супстанции, за што е неопходно да постои координирана и ефективна институционална реакција со цел да се пресретне и превенира евентуално однесување кое содржи законски обележја на некое кривично дело.

При изборот на членовите на Државниот совет се применува соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

Во работата на Државниот совет учествува и претставник од Народниот правобранител, претставник од Канцеларијата на УНИЦЕФ и претставник од Заедницата на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС).

Учеството на претставник од Народниот правобранител е особено важно со оглед на надлежностите што ги има Канцеларијата на Народниот правобранител и надлежностите согласно Законот за народен правобранител да прима поплаки и претставки, да бара одговори и објаснувања и да објавува годишни извештаи со согледувања во многу области релевантни за детското престапништво и правдата за децата.

Претставникот од ЗЕЛС овозможува полесно поврзување на Државниот совет со општинските совети, полесна координација и овозможување на заеднички активности, проекти и кампањи. Претставникот од ЗЕЛС овозможува двонасочна врска и можност општинските совети да ги споделат согледаните потешкотии со кои се соочуваат, како и мотивирање на градоначалниците за формирање и обезбедување услови за оптимална функционалност на општинските совети.

5.2. Траење и престанок на мандатот

Членовите на Државниот совет имаат мандат од пет години, со право на повторен избор.

Од редот на избраните членови, Државниот совет избира претседател, којшто има мандат од две години, со право на повторен избор.

Мандатот на член на Државниот совет му престанува пред истекот на времето за кое е избран:

- по лично барање,
- ако му престанал работниот однос или членството во институцијата која го номинирала,
- поради смрт,

- ако Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија утврди предлог за разрешување на член на Државниот совет поради неоправдано отсуство на три седници едноподруго или повеќе од пет седници во текот на годината, врз основа на предлогот што го донел Државниот совет со мнозинство гласови,
- ако трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата и
- во други случаи по сила на закон.

Исполнувањето на условите за престанок на мандатот ги утврдува Државниот совет со мнозинство гласови од вкупниот број членови и поднесува иницијатива за престанок на мандатот до Собранието на Република Северна Македонија.

Ако на член на Државниот совет му престане функцијата пред истекот на мандатот, согласно ЗПД,[135] во рок од три месеци се избира член на Државниот совет.

5.3. Седиште, надлежности и надоместок

Државниот совет има седиште во Министерството за правда и во односите со другите органи и лица настапува со свое лого, кое самиот го утврдува. Министерство за правда обезбедува простории за работа со соодветна информатичко-технолошка опрема и други технички средства за потребите на Државниот совет.

Државниот совет ги има следниве надлежности:

- донесува Национална стратегија за превенција и правда за деца,
- донесува годишни програми и планови за остварување на програмата,
- донесува Деловник за својата работа,
- предлага средства во предлогот на буџетската пресметка на Министерството за правда потребни за неговата работа и донесува одлуки за нивно користење,
- дава иницијативи за подобрување на законските решенија и мислења за предлози на закони од значење за заштитата на правата на децата и спречувањето на детското престапништво,
- покренува иницијативи за пошироко запознавање на граѓаните со правата на децата и расправи за здраво семејство, за заштита на децата од алкохолизам и други болести на зависност, за проблемите на образованието и воспитувањето, за односот на средствата за јавно информирање и за другите фактори што влијаат врз спречувањето на детското престапништво,
- иницира и спроведува истражувања и анализи за проблемите на детското престапништво,
- на веб-страницата објавува превентивни програми и едукативни материјали и програми, пристапи и алатки изработени од државните институции или од граѓански организации кои се доставени и се проценети како соодветни за објавување од страна на Државниот совет,

[135] Член 177 ст. 9 од ЗПД.

- соработува со меѓународни организации и тела ангажирани во заштитата на правата на детето и спречувањето на детското престапништво,
- учествува на конференции во државата и во странство заради заштита на правата на детето и спречување на детското престапништво и
- подготвува годишни извештаи за својата работа и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво, кои ги доставува до Собранието на Република Северна Македонија и до Владата на Република Северна Македонија, Судскиот совет, Врховниот суд на Република Северна Македонија, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и до Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, кои се должни да ги разгледаат и, доколку оценат дека е потребно, да предложат соодветни мерки и активности, согласно со своите надлежности.

Органите на државната управа, судовите, јавните обвинителства, како и правни лица што вршат јавни овластувања во областа на образованието, воспитувањето и заштитата на децата се должни да соработуваат со Државниот совет во остварувањето на неговите функции.

Административно-техничките и финансиските работи на Државниот совет ги врши Министерството за правда. Средства за остварување на програмата, како и за работата на Државниот совет се обезбедуваат во рамките на финансиските средства од буџетот на Министерството за правда, но за реализирање на своите програмски цели Државниот совет може да има и други извори на финансирање преку донации од физички или од правни лица.

Членовите на Државниот совет имаат право на месечен надоместок за работењето во определен процент од просечната бруто-плата исплатена во претходниот месец на ниво на Република Северна Македонија и тоа во висина од:

- 30% за претседателот на Државниот совет
- 20% за член на Државниот совет и
- 5% за техничкиот секретар.

Членовите на Државниот совет кои имаат место на живеење надвор од градот Скопје, имаат право на соодветен надоместок на патните трошоци во висина на цена на повратен автобуски билет.

6. **Општински совети за превенција на детско престапништво**

Градоначалниците на општините, градоначалниците на општините во градот Скопје и градоначалникот на Градот Скопје им предлагаат на Советите на Општината, Советите на Општините во Градот Скопје и Советот на Град Скопје да именуваат Совет за превенција на детско претстапништво.

Советите на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје именуваат општински совети и Совет на Градот Скопје за превенција на детско престапништво (во натамошниот текст: општинскиот совет).

Членови на општинскист совет се претставници на подрачните единици на Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, центрите за социјална работа, претставници на советот на родители во основните и во средните училишта, Унијата на средношколци, Адвокатската комора на Република

Северна Македонија, здруженија и фондации, јавниот обвинител кој работи во областа на детското престапништво и судијата за деца од судовите од проширена надлежност или судија кој ќе го определи претседателот на судот.

Советите на општините, општините во Градот Скопје и на Градот Скопје го утврдуваат бројот на членови на општинските совети, во зависност од големината, развиеноста и потребите на општината, како и обемот на детското престапништво. Членовите се именуваат за време од пет години, со право на повторен избор. Од редот на членовите на општинскиот совет се избира претседател со мандат од две години, со право на повторно именување.

Општинските совети донесуваат годишни програми за својата работа што ја усвојуваат Советите на Општините и Советот на Градот Скопје, деловник за својата работа на подрачјето на општината и Градот Скопје вршат работи за следење на состојбите, покренуваат иницијативи за нивното подобрување и развиваат програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детското престапништво и третманот на деца сторители на дејства што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци. За својата работа општинските совети најмалку еднаш годишно го известуваат Советот на општината, односно Градот Скопје и Државниот совет. Програмата на општинските совети се финансира врз основа на финансиски план од буџетот на Општината, односно Градот Скопје и од други средства.

Користена литература

Abadinsky, H. (2013): Drug Use and Abuse: A Comprehensive Introduction, Cengage Learning, стр. 141.

Aber, J. L., Bennett, N., Conley, D. and Li, J. (1997) 'The Effects of Poverty on Child Health and Development', Annual Review of Public Health, Vol.18, pp. 463–483.

Akers, R. L. (1994). Criminological theories: Introduction and evaluation. Los Angeles, CA: Roxbury.

Alport, G.(1969): Sklop I razvoj licnosti, Izdavacka Kultura Beograd.

Anderson, C. A., Gentile, D. A., & Buckley, K. E. (2006). Violent video game effects on children and adolescents. *Theory, research, and public policy*.

Appendix to Recommendation R(99)19 concerning mediation in penal matters, I, Council of Europe; Framework Decision of 15 March 2001 on the standing of victims in criminal proceedings, 2001/220/JAI, Official Journal L 082, 22.03.2001, p.1, Article 1, Council of the European Union.

Balanced and restorative justice for juveniles, A framework for juvenile justice in the 21st century, University of Minnesota, Office of juvenile justice and delinquency prevention, 1997. -> Bazemore, 1997 (делото е од Bazemore, од 1997 година).

Bandura, A. (1977). *Social learning theory.* Prentice-Hall.

Barmaki, R. (2019). On the origin of "labeling" theory in criminology: Frank Tannenbaum and the Chicago School of Sociology. *Deviant Behavior*, *40*(2), 256-271.

Barrick, K. (2017). A review of prior tests of labeling theory. *Labeling Theory*, 89-112.

Bazemore G., (1997), Balanced and restorative justice for juveniles, A framework for juvenile justice in the 21st century, University of Minnesota, Office of juvenile justice and delinquency prevention, 1997.

Bazemore, G., & Umbreit, M. (2001). *A comparison of four restorative conferencing models*. Washington, DC: U.S. Department of Justice, Office of Justice Programs, Office of Juvenile Justice and Delinquency Prevention.

Beaver, Kevin M.; Schwartz, Joesph A.; Connolly, Eric J.; Al-Ghamdi, Mohammed Said; and Kobeisy, Ahmed Nezar, "The Role ofParenting in the Prediction of Criminal Involvement: Findings From a Nationally Representative Sample of Youth and a Sample ofAdopted Youth" (2015).Criminology and Criminal Justice Faculty Publications.Paper 19, http://digitalcommons.unomaha.edu/criminaljusticefacpub/19

Becker, H. S. (1963). Outsiders: Studies in the sociology of deviance. New York, NY: The Free Press.

Becker, H. S. (1963). Outsiders: Studies in the sociology of deviance. New York, NY: The Free Press.

Becker, K., & Chalovska-Dimovska, N. (2022). *Родот и различностите во правосудството – Северна Македонија*. Мисија на ОБСЕ во Скопје.

Bellair, P. (2017). Social disorganization theory. In *Oxford research encyclopedia of criminology.* Oxford University Press. https://doi.org/10.1093/acrefore/9780190264079.013.253

Berger, K. S. (2007). Update on bullying at school: Science forgotten?. *Developmental review*, *27*(1), 90-126.

Berger, K. S. (2011). Developing Person Through Childhood and Adolescence.

Binder, A., Geis, G., & Bruce, D. D., Jr. (2001). *Juvenile delinquency: Historical, cultural & legal perspectives*. Elsevier.

Blackman, S. (2014). Subculture theory: An historical and contemporary assessment of the concept for understanding deviance. *Deviant behavior*, *35*(6), 496-512.

Boston Dispute Resolution Services. (n.d.). *Mediation principles*. Retrieved from http://www.bostonresolution.com/bdrs_services_mediation_principles.html

Bowlby, J. (1946). *Maternal care and mental health*. Geneva: World Health Organization.

Bowlby, J. (1946). Maternal Care and Mental Health. Geneva: World Health Organization.

Burfeind, J., & Bartusch, D. (2011). *Juvenile delinquency: An integrated approach*. Jones & Bartlett Learning.

Burt, C.L. (1925). *The Young Delinquent*. London: University of London Press. Republished and revised (3rd ed.) London: University of London Press, (1938); (4th ed.) Bickley: University of London Press, (1944).

Burt, S.A., Barnes, A.R., McGue, M.& Lacono, W.G. (2008). Parental divorce and adolescent delinquency: Ruling out the impact of common genes. Developmental Psychology, 44, 1668-1677.

Buzarovska-Lazetik, G., Kosevaliska, O., & Nanev, L. (2018). Phenomenology of child delinquency in Macedonia in the period from 2006 to 2016. *Iustinianus Primus Law Review, 18*(1), 1–22.

Buzarovska-Lazetik, G., Nanev, L., Kosevaliska, O., & Petrovska, N. (2019). Меморандумот од Нушател: Добри практики за правда за децата во антитерористички контекст. *Македонска ревија за кривично право и криминологија, 26*(1–2), 1–27.

Buzarovska-Lazetik, G., Nanev, L., Kosevaliska, O., & Petrovska, N. (2019). Меморандумот од Нушател: Добри практики за правда за децата во антитерористички контекст. *Македонска ревија за кривично право и криминологија, 1–2*.

Caric, A. (1971). *Problemi maloletnickog sudstva*. Savez društava defektologa Jugoslavije.

Chess, S. & Thomas, A. (1984) Origins and Evolution of Behavior Disorders: From Infancy to Early Adult Life. New York: Brunner Mazel.

Child Rights International Network (CRIN). (n.d.). *Minimum ages of criminal responsibility in South America*. Retrieved November 30, 2024, from https://archive.crin.org/en/home/ages/Americas.html

Child Rights International Network (CRIN). (n.d.). *Minimum ages of criminal responsibility in Asia*. Retrieved November 30, 2024, from https://archive.crin.org/en/home/ages/asia.html

Child Rights International Network (CRIN). (n.d.). *Minimum ages of criminal responsibility in Africa*. Retrieved November 30, 2024, from https://archive.crin.org/en/home/ages/Africa.html

Childs, G. (1995). *Understand your temperament!* Rudolf Steiner Press.

Choi, J. J., & Severson, M., ""What! What kind of apology is this?": The nature of apology in victim offender mediation." Children & Youth Services Review, 2009, 31(7), 813-820.

Christian Pfeiffer, Trends in Juvenile Violence in European Countries, National Institute for Justice, Research Preview, may 1998: Manuel Eisner, Towards more effective yuoth violence prevention - An overview, Conference on Local Partnership for preventing and combating violence at school, Strasbourg, 2-4.12.2002.

Christie, N. (1977). Conflicts as property. *The British Journal of Criminology, 17*(1), 1–15.

Cipriani, D. J. (2007). *Children's rights and the minimum age of criminal responsibility: A global perspective*. Vrije Universiteit.

Cohen, *Albert* K. and Short, J. (1968). Research in Delinquent *Subcultures*. In: Journal of Social Issues, S.20–37.

Consedine, J. (1995): Restorative justice: healing the effects of crime, Ploughshares Publications; 2nd revised edition.

Convention on the Rights of the Child, 20 November 1989, United Nations, Treaty Series, vol. 1577, стр. 3.

Costello, B. J., & Laub, J. H. (2020). Social control theory: The legacy of Travis Hirschi's causes of delinquency. *Annual Review of Criminology*, *3*(1), 21-41.

Council Directive 2004/80/EC of 29 April 2004 relating to compensation to crime victims, OJ L 261, 6.8.2004, p. 15 – 18.

Council of Europe – R(97)12 on staff concerned with the implementation of sanctions or measures.

Council Of Europe Committee Of Ministers Recommendation Rec(2003)20 of the Committee of Ministers to member states concerning new ways of dealing with juvenile delinquency and the role of juvenile justice.

Council Of Europe Committee Of Ministers Recommendation Rec(2003)22 of the Committee of Ministers to member states on conditional release (parole).

Council Of Europe Committee Of Ministers Recommendation Rec.(2006)8 of the Committee of Ministers to member states on assistance to crime victims.

Council of Europe Guidelines for prison and probation services regarding radicalisation and violent extremism, CM/Del/Dec(2016)1249/10.2, 2 March 2016.

Council of Europe Recommendation No R (91) 11 concerning sexual exploitation, pornography and prostitution of, and trafficking in, children and young adults.

Council of Europe. (2016). *Guidelines for prison and probation services regarding radicalisation and violent extremism* (CM/Del/Dec(2016)1249/10.2).

Council of Europe: CM/Rec(2008)11 European Rules for juvenile offenders subject to sanctions or measures, 2008 (20 p.).

Council of Europe: Guidelines of the Committee of Ministers of the Council of Europe on child-friendly justice, 2010 (40 p.).

Council of Europe: MJU-26(2005) Resol.2 on the social mission of the criminal justice system, 2005 (3 p.).

Council of Europe: MJU-28 (2007) Resol.2 on child-friendly justice, adopted by the 28th Conference of the European Ministers of Justice, 2007 (3 p.).

Council of Europe: MJU-31 (2012) Resol. F on responses of Justice to urban violence, adopted by the 31st Council of Europe Conference of the European Ministers of Justice, 2012 (3 p.).

Council of Europe: R(87)20 concerning social reaction to juvenile delinquency, 1987 (4 p.)

Council of Europe: R(88)6 on social reactions to juvenile delinquency among young people coming from migrant families, 1988 (3 p.).

Council of Europe: Rec(2000)20 on the role of early psychosocial intervention in the prevention of criminality, 2000 (7 p.).

Council of Europe: Rec(2003)20 concerning new ways of dealing with juvenile delinquency, 2003 (5 p.).

Council of Europe: Rec(2005)5 on the rights of children living in residential institutions, 2005 (4 p.).

Council of Europe: Rec(2006)2 Extract of the European Prison Rules, 2006 (6 p.).

Daniel W. Van Ness, An Overview of restorative justice around the world, Enchancing criminal justice reform including restorative justice, Synergies and Responses: Strategic Alliances in Crime Prevention and Criminal Jusrtice, Workshop no. 2, Bangkok, Thailand, April 18-25, 2005.

De Bondt, W., & Lauwereys, H. (2020). Childrens rights and child participation in criminal proceedings. *The Governance of Criminal Justice in the European Union*, 232-268.

de Ruyter, D., Hissel, S., & Bijleveld, C. (2013). Children, mothers and the criminal justice system. *Review of European Studies, 5*(1), 43. https://doi.org/10.5539/res.v5n1p43

Declaration on rights of children, Zeneve Declaration from 1924.

DeLisi, M., Vaughn, M. G., Gentile, D. A., Anderson, C. A., & Shook, J. J. (2013). Violent Video Games, Delinquency, and Youth Violence: New Evidence. *Youth Violence and Juvenile Justice*, *11*(2), 132-142. https://doi.org/10.1177/1541204012460874

Dimitrijoska; Buzarovska G. (2017). Risk Factors for Recidivism in Juvenile Criminal Offenders. **European Journal of Social Science Education and Research,** [S.l.], v. 4, n. 4, p. 167-173,. ISSN 2312-8429. Available at: <http://journals.euser.org/index.php/ejser/article/view/2424>. Date accessed: 14 may 2019.

Directive (EU) 2016/343 of the European Parliament and of the Council on the strengthening of certain aspects of the presumption of innocence and of the right to be present at the trial in criminal proceedings.

Directive (EU) 2016/800 of the European Parliament and of the Council on procedural safeguards for children who are suspects or accused persons in criminal proceedings.

Directive (EU) 2017/541 of the European Parliament and of the Council of 15 March 2017 on combating terrorism and replacing Council Framework Decision 2002/475/JHA and amending Council Decision 2005/671/JHA. OJ.

Directive 2011/36/EU of the European Parliament and of the Council of 5 April 2011 on preventing and combating trafficking in human beings and protecting its victims, and replacing Council Framework Decision 2002/629/JHA (OJ L101, 15.4.2011, p. 1).

Directive 2011/93/EU of the European Parliament and of the Council of 13 December 2011 on combating the sexual abuse and sexual exploitation of children and child pornography, and replacing Council Framework Decision 2004/68/JHA (OJ L335, 17.12.2011, p. 1).

Directive 2011/99/EU of the European Parliament and of the Council of 13 December 2011 on the European protection order (OJ L338, 21.12.2011, p. 2.

Directive 2012/29/EU of the European Parliament and of the Council of 25 October 2012 establishing minimum standards on the rights, support and protection of victims of crime, and replacing Council Framework Decision 2001/220/JHA.

Directive 2012/29/EU of the European Parliament and of the Council of 25 October 2012 establishing minimum standards on the rights, support and protection of victims of crime, and replacing Council Framework Decision 2001/220/JHA, L 315, 14.11.2012, p. 57–73.

Directive 2012/29/EU of the European Parliament and of the Council of 25 October 2012 establishing minimum standards on the rights, support and protection of victims of crime, and replacing Council Framework Decision 2001/220/JHA, L 315, 14.11.2012, p. 57–73.

Directive 2013/48/EU of the European Parliament and of the Council on the right of access to a lawyer in criminal proceedings and in european arrest warrant proceedings, and on the right to have a third party informed upon deprivation of liberty and to communicate with third persons and with consular authorities while deprived of liberty.

Domino, G., & Domino, M. (2006). *Psychological testing: An introduction*. Cambridge University Press.

d-r Nataša Mrvic,"Diverzioni koncept krivicnopravnog sistema - realnost ili utopija", Sociološki Pregled, Vol. XXVIII, 1/1994, стр. 102.

Dünkel, F. (2008). Diversion: A meaningful and successful alternative to punishment in European juvenile justice systems. In J. Junger-Tas & F. Dünkel (Eds.), *Reforming juvenile justice* (pp. 149). Springer.

Dünkel, F., & Pruin, I. (2008). Community sanctions and the sanctioning practice in juvenile justice systems in Europe. In J. Junger-Tas & F. Dünkel (Eds.), *Reforming juvenile justice* (pp. 183–204). Springer.

Dünkel, F./Grzywa, J./Pruin, I./Šelih, A., Juvenile justice in Europe – legal aspects, policy trends and perspectives in the light of human rights standards, in Juvenile justice systems in Europe, Current situation and reform development, (F.Dünkel/J.Grzywa/P.Horsfield/I.Pruin, eds.), Forum Verlag Godesberg, Vol. 4, стр. 1819.

Durkheim, E. (2006). *On suicide*. Penguin Books Limited.

Elliott, D.S. 1994. Serious violent offenders: Onset, developmental course, and termination—The American Society of Criminology 1993 presidential address. Criminology 32(1):1–21.

Emile Durkheim (2006): On Suicide, Penguin Books Limited (one hundred years letar).

Ermisch, J., Francesconi, M. and Pevalin, D. (2001) Outcomes for children of poverty. Department for Work and Pensions (DWP). Available at http://www.dwp. gov.uk/ asd/asd5/rrep158.pdf.

European Commission. (2011). *Agenda for the Rights of the Child.* COM(2011).

European Court of Human Rights. (1976). *Engel v. The Netherlands,* App No. 1978/223, paras. 82–83.

European Court of Human Rights. (1984). *Öztürk v. Germany,* App No. 8544/79, para. 50.

European Court of Human Rights. (1994). *Stanford v. United Kingdom,* App No. 16757/90, para. 26.

European Court of Human Rights. (1999). *V v. United Kingdom,* App No. 24888/94, paras. 85–86.

European Court of Human Rights. (2016). *Blokhin v. Russia,* App No. 47152/06, para. 195.

European Court of Human Rights. (2018). *Murtazaliyeva v. Russia,* App No. 36658/05, para. 91.

European Parliament and Council. (2016). *Directive (EU) 2016/800 on procedural safeguards for children who are suspects or accused persons in criminal proceedings.* Official Journal of the European Union, L132, 1–20.

European Union. (2012). *Directive 2012/29/EU establishing minimum standards on the rights, support, and protection of victims of crime.* Official Journal of the European Union, L315, 57–73.

European Union: 2006/C 110/13, Opinion of the European economic and social committee on the prevention of juvenile delinquency, 2006 (8 p.).

European Union: 2009/C 295/01, Roadmap for strengthening procedural rights of suspected or accused persons in criminal proceedings, 2009 (3 p.).

European Union: 2010/C 115/01 Stockholm Programme - An open and secure Europe serving and protecting citizens, 2010 (38 p.).

European Union: COM(2006)367 final, Communication from the commission - Towards an EU Strategy on the Rights of the Child, 2006 (10 p.).

European Union: COM(2011)60 final, An EU agenda for the Rights of the Child, 2011 (18 p.).

Evaluation of Directive 2012/29/EU of the European Parliament and of the Council of 25 October 2012 establishing minimum standards on the rights, support and protection of victims of crime, and replacing Council Framework Decision 2001/220/JHA, Commission Staff Working Document, SWD(2022) 180 final, Brussels, 28.6.2022.

Eysenck, H. J. (1986). *Книга интелигенције*. Prosveta.

Farrington, D. P., & Welsh, B. C. (2007). *Saving children from a life of crime*. Oxford University Press.

Farrington, D. P., & Welsh, B. C. (2008). Saving children from a life of crime: Early risk factors and effective interventions.

Ferguson, C. J., & Olson, C. K. (2014). Video game violence use among "vulnerable" populations: The impact of violent games on delinquency and bullying among children with clinically elevated depression or attention deficit symptoms. *Journal of youth and adolescence*, *43*(1), 127-136.

Fetai, F. (2023). Положбата на жртвата во кривичната постапка во светлина на предложените измени на директивата на ЕУ за правата на жртвите од 2012 година. *Македонска ревија за кривично право и криминологија, 30*(1–2).

Fishbein, D. H. (2017). Biological perspectives in criminology. In *Biosocial Theories of Crime* (pp. 3-48). Routledge.

Foundation Open Society Institute Macedonia (FOSIM). (n.d.). *Commentary on the realization of the right to education in the Republic of Macedonia with special emphasis on the education of Roma children*.

Fourth Geneva Convention Relative to the Protection of Civilian Persons in Time of War.

Foussard, C. (2010). Juvenile justice systems in Europe: Current situation, trends in applicable models, and good practices. In *4th IJJO International Conference: Building integrative juvenile justice systems: Approaches and methodologies regarding mental disorders and drug misuse* (pp. 9–10).

FRA (2022). *Children as suspects or accused persons in criminal proceedings – Procedural safeguards*. Luxembourg: Publications Office of the European Union. ISBN: 978-92-9461-830-6. DOI: 10.2811/970469.

Free, M. D. (1991). Clarifying the relationship between the broken home and juvenile delinquency: A critique of the current literature. Deviant Behavior, 12, 109–167.

Freud, A. (1974). *The writings of Anna Freud, Vol. 1: Introduction to psychoanalysis, lectures for child analysts & teachers*.

Freud, S. (1989). The ego and the id (1923). *Tacd Journal*, *17*(1), 5-22.

Frick, P. J., Lahey, B. B., Loeber, R., Stouthamer-Loeber, M., Christ, M. A. G., & Hanson, K. (1992). Familial risk factors to oppositional defiant disorder and conduct disorder: Parental psychopathology and maternal parenting. *Journal of Consulting and Clinical Psychology, 60*(1), 49-55. http://dx.doi.org/10.1037/0022-006X.60.1.49

Frieder Dünkel, Juvenile Justice in Germany

G.A. res. 40/33, The Question of the Death Penalty; Safeguards Guaranteeing Protection of the Rights of Those Facing the Death Penalty.

General Assembly resolution 41/85 of 3 December 1986.

Gertrud Pfister, (2013): Gymnastics, a Transatlantic Movement: From Europe to America, Routledge, стр.65.

Grubač, M. (1973). Mogućnosti i garancije prenošenja krivične sudske funkcije sa države na društvo. *JRKK, 4*, 560.

Guidelines for a better implementation of Recommendation No. R(99)19 concerning mediation in penal matters, European Commission for the Efficiency of Justice CEPEJ(2007)13

Guilford, J. P. (1988). Some changes in the structure of intellect model. *Educational and Psychological Measurement*.

Guofang, W. (2024). Psychological Theories of Crime. In *The ECPH Encyclopedia of Psychology* (pp. 1-4). Singapore: Springer Nature Singapore.

Handbook on European law relating to the rights of the child, 2022 edition, European Union Agency for Fundamental Rights and Council of Europe, 2022 (во натамошниот текст: FRA Handbook, 2022).

Hans Jürgen Eysenck (1986): Knjiga inteligencije, Prosveta, Beograd.

Hansen, K., Joshi, H. & Dex, S.(2010) Children of the 21st century, Bristol: The Policy Press; Feinstein, L. (2000) The relative economic importance of academic,psychological, and behavioural attributes developed in childhood., London: London School of Economics.

Hirschi, T. (1969). *The causes of delinquency*. University of California Press.

Hirschi, T. (1969): the causes of delinquency, Berkeley, CA: University of California Press, исто така види Braithwaite, J. Law, H. (1978): The Structure of Self-Reported Delinquency, University of Queensland, Applied Psychological Measurement Vol. 2, No. 2 Spring 1978 стр. 221-238.

Hirschi, T. (2015). Social control theory: A control theory of delinquency. In *Criminology theory* (pp. 289-305). Routledge.

Hissel, S., Bijleveld, C., & Kruttschnitt, C. (2011). The well-being of children of incarcerated mothers: An exploratory study for the Netherlands. *European Journal of Criminology, 8*(4), 346–360. https://doi.org/10.1177/1477370811415751

Hollin, C. R. (2013). *Psychology and crime: An introduction to criminological psychology*. Routledge.

Howard Abadinsky, (2013): Drug Use and Abuse: A Comprehensive Introduction, Cengage Learning, стр.141.

https://phys.org/news/2017-11-children-criminal-parents-greater-chance.html последен пристап на 10.05.2019.

Ineke Priun, The scope of juvenile justice systems in Europe, in Juvenile justice systems in Europe, Current situation and reform development, (F.Dünkel/J.Grzywa/P.Horsfield/I.Pruin, eds.), Forum Verlag Godesberg, Vol. 4, стр. 1515.

International Covenant on Civil and Political Rights (ICCPR).

J.Oates&J.Stivensen, Temperament and Development.

Jašović, Ž. (1983). *Kriminologija maloletničke delikvencije* (2nd ed.). Naučna knjiga.

Jean -Pierre Bonafé - Schmitt,"La Médiation Pénale en France et aux États-Unis", Maison des Sciences de l'Homme, Réseau Européen Droit et Société, 1998, стр. 106. The benefits of Victim - Offender Mediation: Benefits for the Community, материјал достапен на http://www.vorp.com/articles/benefits.html.

Josine Junger - Tas, Improving Juvenile Justice - Working towards a more effective and more humane system, www.esc-eurocrim.org/files/improving_juvenile_ justice_chapter_1.doc

Julia Griggs/Robert Walker, October 2008, www.jrf.org.uk; Danziger, S. K. and Danziger, S. (1995) 'Child Poverty, Public Policy and Welfare Reform', Children and Youth Services Review, Vol. 17, No. 112, pp. 1–10; Duncan, G. and Brooks-Gunn, J. (2000) 'Family Poverty, Welfare Reform, and Child Development',Child Development, Vol. 71, No. 1, pp. 188–196.

Junger-Tas, J., & Decker, S. H. (2006). *International handbook of juvenile justice*. Springer.

Juvenile Justice, Innocenti digest 3, UNICEF.

Kadir, Z. K. (2024). Psychoanalytic and Crime: Is Freud's Theory Still Applicable in Criminological Research?. *Media Keadilan: Jurnal Ilmu Hukum*, *15*(2), 95-110.

Kambovski, V., Buzarovska-Lazetik, G., Nanev, L., Kosevaliska, O., Arifi, B., & Saiti, D. (2018). *Коментар на Законот за правда за децата со практикум*. Совет за превентива против малолетничка деликвенција, Скопје.

Kosevaliska, O., Buzarovska-Lazetik, G., & Nanev, L. (2016). Ресторативна правда спрема деца. *Македонска ревија за кривично право и криминологија, 1*(1), 1–24.

Koshevaliska, O., & Nanev, L. (2014). Adequacy of the terminology in the Law for Justice for Children. *BSSR, 3*.

Krneta, Lj. (1965): Pedagogija, Izd. Zavod za ucebnici SRS, Belgrad, стр.87.

Kubrin, C. E. & Tublitz, R. (2023). Social disorganization theory and community-based interventions. In E. Verona & B. Fox (Eds.), *Routledge handbook of evidence-based criminal justice practices*. Taylor & Francis Group.

Kubrin, Charis & Weitzer, Ronald. (2003). New Directions in Social Disorganization Theory. Journal of Research in Crime and Delinquency. 40. 10.1177/0022427803256238.

Lazetik, G., Kosevaliska, O., & Nanev, L. (2022) *Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија.*

Lazetik, G., Mujoska-Trpevska, E., Nanev, L., & others. (2021). *Идентификување, елаборација и анализа на ризик факторите за појава на детско престапништво: Деск анализа на достапни податоци од релевантни институции*. Македонско пенолошко друштво.

Lerer, T. (2013). Sentencing the family: Recognizing the needs of dependent children in the administration of the criminal justice system. *Northwestern Journal of Law and Social Policy, 9*, 24.

Lhuillier, J. (2007). The quality of penal mediation in Europe. *European Commission for the Efficiency of Justice (CEPEJ), Working Group on Mediation*.

Lipsey, M.W., and Derzon, J.H. 1998. Predictors of violent or serious delinquency in adolescence and early adulthood: A synthesis of longitudinal research. In Serious and Violent Juvenile Offenders: Risk Factors and Successful Interventions, edited by R. Loeber and D.P. Farrington. Thousand Oaks, CA: Sage Publications, pp. 86–105.

Lombroso, C. (1876). *L'uomo delinquent*, достапно на https://web.uniroma1.it/archiviostoriapsicologia/sites/default/files/download/Lombroso%2C%20C.%20%281896%29.%20L%27uomo%20delinquente.%20Torino.%20Bocca.%20Vol.I-II.pdf .

Lombroso, C. (1876). *L'uomo delinquent*, достапно на https://web.uniroma1.it/archiviostoriapsicologia/sites/default/files/download/Lombroso%2C%20C.%20%281896%29.%20L%27uomo%20delinquente.%20Torino.%20Bocca.%20Vol.I-II.pdf .

Lopez, M. (1959). Le prevention et le traitement de la delinquance juvenile. *Revue internationale de criminologie et de police technique, 1*, 14.

Loureiro, T. (2009). *Child and family impact assessments in court: Implications for policy and practice.* Families Outside. Retrieved from https://www.familiesoutside.org.uk/content/uploads/2019/03/child-impact-statements-stage1.pdf

Lyons-Ruth, Karlen & Jacobvitz, Deborah. (2008). Attachment Disorganization: Genetic factors, parenting contexts and developmental transformations from infancy to adulthood. In book: Handbook of Attachment: Theory, Research and Clinical Applications, Volume II, Guilford Press, editors: J. Cassidy & P. Shaver.

Maksimova, Elena (2018) *„Криминалитетот на жената во периодот од 2005-2015, со посебен осврт врз виктимолошките аспекти".* PhD thesis, Правен факултет „Јустинијан Први" УКИМ, и Maksimova, Elena and Marolov, Dejan (2019) *Етиологија на женското престапништво.* Годишен зборник на Правен факултет. ISSN 1857-8713.

Maloku, A. (2020). Theory of differential association. *Academic Journal of Interdisciplinary Studies*, *9*(1), 170-178.

Manjaric, N. (prevod) (1947): Teofrastofe karakteri, Matica Hrvatska, Zagreb.

Mason-White, H., & Kearny, H. F. (2012). *Children of (alleged) offenders: Revised draft framework for decision-making.* Quaker United Nations Office. Retrieved from https://quno.org/resource/2012/3/children-alleged-offenders-revised-draft-framework-decision-making

Matsueda, R. L. (1997). Cultural deviance theory': The remarkable persistence of a flawed term. *Theoretical Criminology*, *1*(4), 429-452.

McAdams, C. R. III & Foster, A. V. (2007). Dysfunctional Family Structures and Aggression in Children: A Case for School-Based, Systemic Approaches With Violent Students. East Carolina University, The College of William & Mary.

McCord, J., Widom, C.S., and Crowell, N.A., eds. 2001. Juvenile Crime, Juvenile Justice. Panel on Juvenile Crime: Prevention, Treatment, and Control. Washington, DC: National Academy Press.

Merton R.(1965): Social Theory and Social Structure, New York, стр.132.

Merton, R. K. (1938). Social structure and anomie. *American Sociological Review, 3*(5), 672–682.

Merton, R. K. (1965). *Social theory and social structure*.

Merton, R. K., Mongardini, C., & Tabboni, S. (1998). *Robert K. Merton & Contemporary Sociology*.

Millar, H., & Dandurand, Y. (2017). *The impact of sentencing and other judicial decisions on the children of parents in conflict with the law: Implications for sentencing reform.* University of the Fraser Valley and International Centre for Criminal Law Reform and Criminal Justice Policy. Retrieved from https://cjr.ufv.ca/wp-content/uploads/2017/02/Millar-and-Dandurand-_2017_Impact-of-Sentencing-on-Children-on-Parents_07_02_2017.pdf

Miller, P. (2011). *Theories of developmental psychology* (5th ed.). Worth Publishers.

Mladi u sukobu sa zakonom: Osvrt na praksu i zakonodavstvo u Bosni i Hercegovini u odnosu na međunarodne standarde, Save the children UK i UNICEF , Sarajevo, 2002.god. -> Damjanović, 2003 (делото е од Damjanović, од 2003 година).

Model standards of conduct for mediators. (2005). American Arbitration Association, American Bar Association, Association for Conflict Resolution.

Mommsen, T. (1959). *Römisches Strafrecht*. Graz.

Moore, M. (2011). Psychological Theories of Crime and Delinquency. *Journal of Human Behavior in the Social Environment*, *21*(3), 226–239. https://doi.org/10.1080/10911359.2011.564552

Mrvić, N. (1994). Diverzioni koncept krivičnopravnog sistema - realnost ili utopija. *Sociološki Pregled, 28*(1), 102.

Murdjeva-Škarić, O. (2009). *Психологија на детството и на адолесценцијата*. Филозофски факултет.

Nancy J. Melucci, (2004): Psychology the Easy Way, Barron's Educational Series, стр.159.

Nanev, L. (2008). Улогата на судијата за малолетници во системот на малолетничка правда. *Малолетничка правда - од идеја до практика, 1*(1), 245–265.

Nanev, L., Kosevaliska, O., & Maksimova, E. (2017). Притвор во постапката спрема деца. *Зборник на трудови од Четврта научна меѓународна конференција Општествените промени во глобалниот свет, 4*(4).

Nanev, L., Kosevaliska, O., Maksimova, E., & Rogleva, A. (2021). Детското престапништво во Република Северна Македонија низ призмата на половата застапеност. In *Eight International Scientific Conference - Social Changes in the Global World - Faculty of Law UGD* (6–7 September 2021, Штип).

Nyquist, O. (1960). *Juvenile Justice*. London.

Oates, J., Wood, C., & Grayson, A. (2005). *Psychological development and early childhood*. Blackwell Publishing.

O'Mahony, D., & Doak, J. (2008). Restorative justice and youth justice: Bringing theory and practice closer together in Europe. In J. Junger-Tas & F. Dünkel (Eds.), *Reforming juvenile justice* (pp. 165–182). Springer.

Paquette, Daniel. (2015). An evolutionary perspective on antisocial behavior: Evolution as a foundation for criminological theories. 315-330. 10.1007/978-3-319-08720-7_20.

Parks, Alisha B., "The Effects of Family Structure on Juvenile Delinquency" (2013). Dissertation Paper 2279. http://dc.etsu.edu/etd/2279.

Patterson, J.M. (1996). Family research methods. In C.A. Heflinger & C.T. J.Nixon (Eds.),Families and the mental health system for children and adolescents (pp. 117-144). Thousand Oaks, California: Sage Publications.

Peachey, D. (1989). The Kitchener experiment. In M. Wright & B. Galaway (Eds.), *Mediation and criminal justice: Victims, offenders, and community* (pp. 16). Sage.

Pearson, F. S., & Weiner, N. A. (1985). Toward an intergration of criminological theories. *J. Crim. L. & Criminology*, *76*, 116.

Perceptual and Motor Skills (1957), Volume 7, Perceptual and Motor Skills.

Perić, O. (2005). Alternativne mjere i sankcije u novom Krivičnom zakonu o maloljetnicima. *Okružni sud u Beogradu, Bilten, 69*, 28.

Petrosino, Derzon, Lavenberg—The Role of Family in Crime and Delinquency: Evidence from Prior Quantitative Reviews. (2009)Southwest Journal of Criminal Justice, Vol. 6(2). pp. 108–132.

Petrovic, M. (1955). Zastita Dece u odnosu na porodicu: Poremecaji ponasanja kod dece i porodica, Beograd.

Petrovska, N. (2016). *Детско престапништво: Превенција и превентивни програми*. Графостил.

Petrovska, N. (2021). *Компаративна анализа на програми за превенција на детско престапништво*. Македонско пенолошко друштво.

Piaget, J., & Inhelder, B. (1969). *The psychology of the child*. Routledge and Kegan Paul.

Piaget, J., The origins of intelligence in children, International University Press, New York,1936, стр. 7-8.

Pieron, H. (1951): Les problèmes fondamentaux de la Psychophysique dans la science actuelle, Paris.

Price, C.,& Kunz, J. (2003). Rethinking the paradigm of juvenile delinquency as related to divorce. Journal of Divorce and Remarriage, 3,109-133.

Proposal for a Directive of the European Parliament and of the Council amending Directive 2012/29/EU establishing minimum standards on the rights, support and protection of

victims of crime, and replacing Council Framework Decision 2001/220/JHA, Brussels, 12.7.2023, COM(2023) 424 final 2023/0250 (COD).

Protocol No. 6 to the Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms Concerning the Abolition of the Death Penalty.

Radic, I. (2018). Right of the child to information according to the directive 2016/800/EU on procedural safeguards for children who are suspects or accused persons in criminal proceedings. In D. Duic & T. Petrasevic (Eds.), *EU and comparative law issues and challenges series (2)* (pp. 468–481). Faculty of Law, Josip Juraj Strossmayer University of Osijek.

Rafter, N. (2008). *The criminal brain: Understanding biological theories of crime*. NYU Press.

Recommendation CM/Rec (2017) 3 on the European Rules on community sanctions and measures.

Recommendation CM/Rec(2018)8 of the Committee of Ministers to member States concerning restorative justice in criminal matters.

Recommendation No. R (87) 18 concerning the simplification of criminal justice, adopted by the Committee of Ministers on 17 September 1987 at the 410th meeting of Ministers Deputies.

Recommendation No. R (99) 19 of the Committee of Ministers to member States concerning mediation in penal matters (Adopted by the Committee of Ministers on 15 September 1999 at the 679th meeting of the Ministers' Deputies) достапна на сајтот https://wcd.coe.int/ViewDoc.jsp?id=420059&Site=CM

Regulation (EU) No 606/2013 of the European Parliament and of the Council of 12 June 2013 on mutual recognition of protection measures in civil matters (OJ L181, 29.6.2013, p. 4).

Resolution No.2 on the Social Mission of the Criminal Justice System - Restorative Justice, MJU-26 2005.

Robert King Merton, Carlo Mongardini, Simonetta Tabboni, (1998): Robert K Merton & Contemporary Sociology, стр.141.

Roiati, A.(2003): Diritto penale minimo e mediazione penale, in Riv. Pen, стр. 1049.

Sampson, R. J., and Groves, W. B. Community structure and crime: Testing social disorganization theory . American Journal of Sociology 94 774–802. (1989).

Sanders, M.R., Markie-Dadds C., Turner K.M.T. Theoretical, scientific and clinical foundations of the Triple P-Positive Parenting Program: a population approach to the promotion of parenting competence. Parent Res Pract Monogr vol. 1/2003, http://www.triplep.net/files/pdf/ Parenting_Research_ and_ Practice_ Monograph_No.1. pdf;

Save the Children UK & UNICEF. (2002). *Mladi u sukobu sa zakonom: Osvrt na praksu i zakonodavstvo u Bosni i Hercegovini u odnosu na međunarodne standarde*.

Shaw, C. R., & McKay, H. D. (1942). Juvenile delinquency and urban areas . Chicago: University of Chicago Press.

Shoemaker, D., & Wolfe, T. (2005). *Juvenile justice: A reference handbook*. ABC-CLIO.

Siegel, L., & Welsh, B. (2013). *Juvenile delinquency: The core*. Cengage Learning.

Škulić, Milan, "Starosna granica sposobnosti za snošenje krivice u krivičnopravnom smislu", Pravni fakultet, Univerzitet u Beogradu, Beograd, 2010.

Snare, A. (1993) "Psychosocial Interventions Aimed at Resolving the Conflict Between the Perpetrator and the Victim, for Example within the Framework of Mediation and Compensation Programmes", 20th Criminological Research Conference: "Psychosocial Interventions in the Criminal Justice System", стр. 60.

Social Problems and Juvenile Delinquency in Ecological Perspective, Department of Criminology, Max Planck Institute of Foreign and International Criminal Law Freiburg, Germany, 2004, www.iuscrim. mpg. de/ forsch/krim/oberwittler1_e.html

Stephen Demuth, Susan L. Brown (2004): Family Structure, Family Processes, and Adolescent Delinquency: The Significance of Parental Absence Versus Parental Gender, Volume: 41 issue: 1, page(s): 58-81, https://doi.org/10.1177/0022427803256236

Stojanović–Milošević, G. (2006) „Krivično-pravni status maloletnika u zakonodavstvima bivših Jugoslovenskih republika", Makedonska revija za kazneno pravo i kriminologija, godina 13, broj 2, str. 336.

Stojanovski, S., Apasiev, D., Kosevaliska, O., Maksimova, E., Sutova, M., & Todorova, B. (2020). Семејно насилство. Documentation. Goce Delcev University, Stip.

Stoop, D. & Masteller, J. (1997). Forgiving Our Parents, Forgiving Ourselves: Healing Adult Children of Dysfunctional Families.

Sutherland, A., Merrington, S., Jones, B., & Baker, T. (2005). *Role of risk and protective factors*. University of Oxford.

Sutherland, E. H. (1947). *Principles of criminology* (4th ed.). J. B. Lippincott.

Sutherland, E. H. (1972). The theory of differential association. In *Readings in criminology and penology* (pp. 365-371). Columbia University Press.

Sytske Besemer et al. A systematic review and meta-analysis of the intergenerational transmission of criminal behavior, *Aggression and Violent Behavior* (2017). DOI: 10.1016/j.avb.2017.10.004

Terman, L.(1919): The intelegence of school children, Houghton Miflin Company, University press Cambridge.

Terre des Hommes – Child Relief. (2003). *World Youth Report: Juvenile delinquency*.

The Institutes Of Justinian - Translated With Notes By J. Tr Abdy, Ll.D. Judge Of County Courts, Late Regius Professor Of Laws In The University Of Cambridge, And Formerly Fellow Of Trinity Hall, Cambridge University Press.

The origins of mediation. (n.d.). Retrieved from http://www.toolsinnetwork.com/index.asp

The Position of the Victim in the Framework of Criminal Law and Procedure, European Committee on Crime Problems, Strasbourg, 1985, стр. 23.

The UN Convention on the Rights of the Child (CRC).

Thurston, L.L.: (1924): *The Nature of Intelligence*, London, Routledge.

Tomas Naplava & Dietrich Oberwittler, Family factors and adolescents' delinquency - findings from sociological research in Germany, Project: Social Problems and Juvenile delinquency in Ecological Perspective, working paper no. 4, Max-Planck Institute for Foreign and International Criminal Law, Freiburg, December 2001.

Umbreit, M. S./Coates, R. B./Vos, B. "The Impact of Victim-Offender Mediation: Two Decades of Research." Federal Probation, 2001, 65(3), 29-35.

Umbreit, M. S./Greenwood, J., Victim Sensitive Guidelines for Victim-Offender Mediation. Washington, DC., 1998.

Umbreit, M., Coates, R.: Victim Offender Mediation: An Analysis of Programs of Four States of the U.S. (Minneapolis: Minnesota Citizens' Council on Crime and Justice, 1992), стр. 10-11.

UN – Guidelines for Action on Children in the Criminal Justice System Recommended by Economic and Social Council Resolution 1997/30 of 21 July 1997.

UN – Guidelines for Action on Children in the Criminal Justice System Recommended by Economic and Social Council Resolution 1997/30 of 21 July 1997.

UN Committee on the Rights of the Child. (2009). *General Comment No. 12: The right of the child to be heard* (CRC/C/GC/12, paras 16, 22-25). Retrieved from https://www.ohchr.org/EN/HRBodies/CRC/Pages/GCIndex.aspx

UN Convention on the Rights of the Child, G.A. res. 44/25, annex, 44 U.N. GAOR Supp. (No. 49) at 167, U.N. Doc. A/44/49 (1989), entered into force Sept. 2, 1990.

UN GA Resolution 2002: The Rights of the Child Declaration of Basic Principles on the Use of Restorative Justice Programs in Criminal Matters, 2002.

UN General Assembly, International Covenant on Civil and Political Rights, 16 December 1966, United Nations, Treaty Series, vol. 999, стр. 171.

United Nations Interregional Crime and Justice Research Institute (UNICRI). (n.d.). *Report on children and counter-terrorism*. Retrieved from http://www.unicri.it/in_focus/files/Children_counter_terrorism.pdf

United Nations Standard Minimum Rules for the Administration of Juvenile Justice ("The Beijing Rules").

United Nations: A/CONF/213/18, Extracts of the Report of the 12th United Nations Congress on Crime prevention and Criminal justice, "Children, youth and crime, and making the United Nations guidelines on crime prevention work, paragraph 83-128, 2010 (7 p.).

United Nations: A/RES/40/33, United Nations Standard Minimum Rules for the administration of Juvenile Justice – The Beijing Rules, 1985 (8 p.).

United Nations: A/RES/45/112, United Nations Guidelines for the Prevention of Juvenile delinquency – The Riyadh Guidelines, 1990 (5 p.).

United Nations: A/RES/45/113, United Nations Rules for the Protection of juveniles deprived of their liberty – La Havana Guidelines, 1990 (6 p.).

United Nations: A/RES/63/241 – Rights of the child, paragraph 43 to 47 Children alleged to have infringed or recognized as having infringed penal law, 2008 (4 p.).

United Nations: CRC/C/GC/10, General Comment No. 10, Children's rights in juvenile justice, 2007 (26 p.).

United Nations: ECOSOC/RES/1997/30, Administration de la justice pour mineurs, 1997 (13 p.).

United Nations: ECOSOC/RES/2002/12, Basic principles on the use of restorative justice programmes in criminal matters, 2002 (5 p.).

United Nations: ECOSOC/RES/2009/26, Supporting national and international efforts for child justice reform, in particular through improved coordination in technical assistance, 2009 (3 p.).

United Nations: Guidance Note of the Secretary-General - UN approach to justice for children, 2008 (7 p.).

Urbas, G. (1998): The Age of Criminal Responsibility, Australian Institute of Criminology.

US Institute of Medicine, Prevention initiatives for child and adolescent mental health, 2002, www.iom.edu

Van Der Aa, S. (2016). Variable vulnerabilities? Comparing the rights of adult vulnerable suspects and vulnerable victims under EU law. *New journal of European criminal Law*, *7*(1), 39-58.

Van Ness, D. (1998): Restorative justice: International Trends, October, 1998, www.restorativejustice.org.

Vidanovič,I.(1991), Metodika socijalnog rada s pojedincem I porodicom opšti deo, Beograd: Naučna Knjiga, во која е обработен поимот на малолетничка делинквенција.

Viehmann, H.: (2005) „Moderni koncepti u reduciranju maloljetničkog kriminala i alternativne mjere za maloljetne počinioce krivičnih djela", Сараево;

Von Hirsch, A., Roberts, J., Bottoms, A., (2003) Restorative Justice and Criminal Justice, Competing or Reconcilable Paradigms? Oxford And Portland, Oregon: Hart Publishing, 2003, стр.21.

Von Voß, M. (1989). Anzeigemotive, Verfahrenserwartungen und die Bereitschaft von Geschädigten zur informellen Konfliktregelung. *Monatsschrift für Kriminologie und Strafrechtsreform, 1*, 35.

Welfare States in Transition, 20 Years after the Yugoslav Welfare Model, M.Stambolieva & S. Dehnert (eds.), Friedrich Ebert Stiftung, Sofia, Bulgaria, 2011.).

William Damon, Richard M. Lerner, Nancy Eisenberg, (2006): Handbook of Child Psychology, Social, Emotional, and Personality Development, John Wiley & Sons, стр.173;

World Youth Report, UN, 2003.

Wortley, R. (2011). *Psychological criminology: An integrative approach*. Willan.

Zehr, H. (ed): The VORP Book: A Resource of the National Victim Offender Reconciliation Resource Center (Valparaiso, Indiana: 1982), стр.22.

Zimring, F. E., Langer, M., & Tanenhaus, D. S. (Eds.). (2017). *Juvenile justice in global perspective* (Vol. 1). NYU Press. стр.22-24.

Алексоски, С. (2010). *Криминологија.* Штип: УГД.

Алексоски, С.(2010): Криминологија, УГД, Штип.

Арнаудовски, Љ. (1979) Вонзаводските воспитни мерки во Југословенското кривично право. Култура, Скопје.

Арнаудовски, Љ. (1984). *Малолетничко престапништво.* Скопје.

Атанасова, М., Арнаудова, С., & Шапкова, К. (2021). Кон транспонирање на Директивата 2012/29/EU („Директива за жртви") во домашното законодавство: Преглед на потребните реформи во законската и институционалната рамка неопходни за целосно транспонирање на Директивата 2012/29/EU: Документ за јавни политики. Македонско здружение на млади правници.

Бачановиќ, О. (n.d.). Виктимолошки аспекти на македонскиот Кривичен законик. *Македонска ревија за казнено право и криминологија, 2*, 97–112.

Бекер, К. Чаловска Димовска, Н. (2022): Родот и различностите во правосудството – Северна Македонија, Мисија на ОБСЕ во Скопје.

Бужаровска Г., Мисоски, Б., (2009) Спогодување и медијација, Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр. 2/2009, стр. 215-261.

Бужаровска, Г. (2006). Малолетничка правда - од ретрибутивност кон ресторативност. *МРКК, 3*, 113–137.

Бужаровска, Г. (2006). Медијацијата и обештетувањето во законодавствата на европските држави. *Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први", 42*, 540–565.

Бужаровска, Г. (2011); Улогата на ЦСР во .. стр.461

Бужаровска, Г., & Мисоски, Б. (2009). Реформа на казненото право и почитување на човековите права: Подготовки за доследна примена на новиот ЗКП. *Здружение за Кривично Право и Криминологија на Македонија.*

Бужаровска, Г., & Мисоски, Б. (2011). Restorative aspects of juvenile justice in Macedonia. *Časopis za društvene nauke „TEME", Ниш.*

Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2012): Меѓународни документи за спроведување на малолетничката правда – современи текови за постапување со малолетници, СППМД, Кавадарци, стр. 17.

Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2012): Меѓународни документи за спроведување на малолетничката правда – современи текови за постапување со малолетници, СППМД, Кавадарци, стр. 241-520.

Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015): Кривично постапување спрема деца во ризик и деца во судир со законот, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, стр.93.

Бужаровска, Г., Пајовиќ – Мишевска, С. (2010): Мерките на помош и заштита според Законот за малолетничката правда, Зборник за малолетичка правда, Факултет за безбедност Скопје.

Бужаровска-Лажетиќ, Г. (2013). *Авторизирани предавања по малолетничко казнено право.* УКИМ.

Велкова, Т. (2015). Општествена дезорганизација, социјална патологија, политика, криминалитет. *Macedonian Journal for Criminal Law & Criminology*, *22*(1).

Врућинић, Ж. (2013). Личност и криминално понашање. Vol. 9 No. 3-4 (2013): безбједност полиција грађани.

Гавриловски, З. (2021), Извештај за изработена ГАП-анализа на усогласеноста на законодавството и практиката за правата на жртвите во Република Северна Македонија.

Груевска - Дракулевски, А., Стојановски, В. (2013): Положбата на децата сведоци и жртви на кривични дела во македонското законодавство наспроти стандардите на Европската Унија, Вградување на знаењето за ЕУ, Збирка на документи за јавна политика, Институт за европска политика (ЕПИ) Скопје, стр.139.

Ѓуркова, О. (2010): Казнената постапка за коруптивните кривични дела во Римското право, Алфа 94, Скопје, стр.59.

Декларација за заштита на правата на детето (ратификувана од Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 20 октомври 2003 година).

Димитриевска, С. (2010). *Социјална работа со малолетни сторители на кривични дела.*

Ефикасност на мерките, УНИЦЕФ, 2004, стр.79.

Живановић. Т. Основи на кривичното право на Кралството Југославија, општ дел, 2 книга, Белград, 1937 година, стр.102.

Заклучоци утврдени од европските министри за правда на Министерската конференција во Хелсинки во 2005 година, 26th Conference of European Ministers of Justice, Helsinki (7-8.04.2005), www.coe.int.

Закон за адвокатура (Сл.Весник на РСМ бр. 09/02, 60/06, 29/07 и 106/08).

Закон за внатрешни работи (Сл.Весник на РСМ, бр. 92/09 и 35/10).

Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2000; 17/2003; 65/2004, 113/2005, 98/2008; 107/2008; 83/2009; 156/2009; 51/2011 и 157/2011).

Закон за заштита на сведоците (Сл. весник на РСМ, бр. 38/05 и 58.05).

Закон за Јавно обвинителство (Сл. весник на РСМ, бр. 150/07 и 111/08).

Закон за кривичната постапка Сл. весник на Р.Македонија бр.15 од 07.03.2005 година (Пречистен текст), закон вон сила.

Закон за Малолетничка правда, Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 87 од 12 јули 2007, закон вон сила.

Закон за медијација (Службен весник на РСМ, бр. 138 од 17.11.2009 година - пречистен текст).

Закон за полиција (Сл. весник на РСМ, бр. 114/06 и 06/09).

Закон за правда за децата, Сл. весник на РСМ бр.148/2013 .

Закон за судовите (Сл. весник на РСМ бр. 58/06, 62/06, 35/08, и 150/10).

Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија» бр. 98/00, 17/03, 65/04, 113/05, 98/08, 107/08, 83/09, 156/09 ,51/11 и 157/11).

Заштита на сведоците и жртвите - ЕКО SOS Упатства – Резолуција 2004/27.

Златарић, Б, во Збирката документи од VI Интернационален Конгрес, Опатија, стр. 97 и 107.

Јашковић З. (1978): стр.56.

К.М.Banham Bridges (1927) : ''Factors Contributing to Juvenile Delinquency", page 559.

Камбовски, В. (2006). *Казнено право: Општ дел.* 2-ри Август.

Камбовски, В. (2008) Кривичен Законик на РМ, интегрален текст, предговор, кратки објаснувања и регистар на поими, ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, стр.77.

Камбовски, В. (2008). *Кривичен законик на РСМ: Интегрален текст, предговор, кратки објаснувања и регистар на поими.* ЈП Службен весник на Р.Македонија.

Камбовски, В., Лажетиќ, Г., Нанев, Л., Арифи, Б., Кошевалиска, О., (2018): Коментар на закон за правда за децата со практикум, УНИЦЕФ, во текстот како Камбовски et.all (2018).

Камчева, Т. (2011). *Поврзаноста на нарушувањето во однесувањето на децата и условите за живот во семејството.* Магистерски труд, Педагошки факултет, УГД, Штип.

Кипријановска, Д. (n.d): Казненото право и новите тенденции во невронауката. МРКПК.

Киткањ, З. (2009). *Престапничко однесување кај малолетните сторители со посебен осврт на лицата со интелектуален дефицит* (Doctoral dissertation, Филозофски факултет, Скопје).

Кнежевиђ, С. (2010). *Малолетничко кривично право – материјално, процесно и извршно.* Пројекат: Право на приступ правосуђу, Ниш.

Конгрес на ОН за превенција на криминал и постапување со престапници, Милано Италија, (26.08.-06.09.1985).

Константиновиќ-Вилиќ, С., & Николиќ-Ристановиќ, В. (2003). *Криминологија.* Центар за публикације, Правни факултет у Нишу.

Кошевалиска, О. (2013). Малолетничкиот казнен систем во контекст на теоретските амбиции на медијацијата. Во *Зборник на трудови во чест на Марјан Марјановски*, Правен факултет Јустинијан I, УКИМ, Скопје.

Кривичен законик. (2004). *Пречистен текст.* Службен весник на Р.Македонија, бр. 19 од 30.03.2004 година.

Лажетиќ – Бужаровска, 2011, Овластувањата на центрите за социјална работа и на јавниот обвинител во малолетничката правда, Трет Загребско - Скопски правен колоквиум, Zbornik Pravnog fakulteta u Zagrebu, Vol.61 No.2 Ožujak 2011, стр. 441-468;

Лажетиќ, Г., Димитријевска, С. (2015). Ризик-факторите за повторништвото кај децата заради подобра превенцијана детското престапништво, МРКПК, http://journal.maclc.mk/wp-content/uploads/2017/05/Buzarovska-Dimitrijevska.pdf последен пристап 13.05.2019;

Лажетиќ, Г., Кошевалиска, О., & Нанев, Л., (2022): Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија, ЕПИ, Скопје.

Лажетиќ, Г., Нанев, Л., Петровска, Н. (2020: Алатка за безбедност и заштита на децата од насилство во дигиталниот свет, ОБСЕ Мисија во Скопје и СППМД.

Лажетиќ, Г.Калајџиев, Г, .Мисоски, Б., Илиќ, Д. (2015) Казнено процесно право – учебно помагало. Скопје.

Лажетиќ, П., Петровска, А., & Кикерекова, Б. (2024). Поважните измени во Законот за правда за децата во светлината на тенденциите и состојбите со детското престапништво, Македонска ревија за казнено право и криминологија. Преземено на [24.12.2024] од http://www.maclc.mk/Upload/Documents/Lazetic,%20Petrovska,%20Kikerekova.pdf

Лажетиќ, П., Петровска, А., & Кикерекова, Б. (2024). Поважните измени во Законот за правда за децата во светлината на тенденциите и состојбите со детското престапништво, Македонска ревија за казнено право и криминологија. Преземено на [24.12.2024] од

http://www.maclc.mk/Upload/Documents/Lazetic,%20Petrovska,%20Kikerekova.pdf

Марјановиќ, Г. (1998). *Македонско казнено право: Општ дел.* Просветно дело.

Матовски, Н., Бужаровска, Г., Калајџиев, Г. (2011): Казнено процесно право, дополнето издание, Академик, ДООЕЛ, Скопје, стр.33.

Матовски, Н., Бужаровска, Г., Калајџиев, Г. (2011): Казнено процесно право стр.83-105.

Међедовић, Ј. (2009). Базична структура личности и криминалитет. Примењена психологија, Vol. 2 (3) str. 339-367. https://primenjena.psihologija.ff.uns.ac.rs/index.php/pp/article/download/1177/1190/2108

Мирчовска, Г.(2011). Семејството и агресивното однесување кај учениците, Магистерски трду, Социјална педагогија, Факултет за образовни науки, УГД, стр.27.

Мицковиќ, Д. (2008). Семејството во Европа XVI-XXI век, Издавач: Културна установа „Блесок", Скопје.

Нанев, Л. (2003). *Положбата на детето во кривичната постапка.* СППМД, Кавадарци.

Нанев, Л. (2008). Улогата на судијата за малолетници во системот на малолетничка правда. *Малолетничка правда - од идеја до практика, 1*(1), 245–265.

Национална стратегија за превенција и правда за деца во Република Северна Македонија [2022- 2027 и Акциски план] [2022-2023], Државен совет за превенција на детско престапништво и УНИЦЕФ Скопје, 2022.

Национална стратегија за превенција на малолетничко престапништво во Република Северна Македонија (2010–2020). (2010). Државен совет за превенција на малолетничкото престапништво.

Обединети нации, 1985 година, Правило 42, Пекингшките правила.

Обединети нации, 1990 година, Правило 47од анексот на Хаванските правила.

Одлука на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.160/2008 од 01.04.2009 година. (2009). *Службен весник на Република Северна Македонија,* бр. 46/2009.

Педагошки речник. (1967). Завод за учебници ЦРС, Белград.

Прирачник за заштита на деца жртви на насилство (2014), УНИЦЕФ.

Прирачник за Правда за децата, УНИЦЕФ, 2014.

Рот, Н. (1971). *Психологија на личноста.*

со нормите и стандардите на Европската Унија утврдени во директивата 2012/29/EU, Македонско здружение на млади правници, достапно на: https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2021/09/GAP-analiza_A4_WEB-compressed.pdf

Сотироски, Љ., & Кошевалиска, О. (2010). *Медијацијата во кривичните предмети (македонско и светско искуство).* 2-ри Август.

Стандарди и процедури за постапување на Центрите за социјална работа, ЈУ Завод за социјални дејности, УНИЦЕФ, Скопје, 2014.

Станојоска, А., & Аслимоски, П. (2015). Криминологија. Битола: Универзитет "Св. Климент Охридски".

Стевановиќ, Б. (1937). *Мерење на интелигенцијата.* Белград.

Стојковска, В. (2010). *Медијација во казнената област.* Докторска дисертација, Правен факултет Јустинијан I, УКИМ, Скопје.

Стратегија за намалување на штетните последици од злоупотребата на алкохол, 2008-2012, стр.6.

Стратегија на МВР. (n.d.). 2.4.1. Потпрограма - имплементација на стратешки документи.

Тодоровиќ, А. (1971). *Узорци малолетничког преступништва.* Институт за криминолошка и криминалистичка истраживања, Белград.

УНИЦЕФ Прирачник: Прирачник за позитивно родителство: Фер родител – фер дете, достапен на https://www.unicef.org/northmacedonia/sites/unicef.org.northmacedonia/files/2019-01/MK_CP_FairParentFairChildGuidebook_MK.pdf последен пристап на 13.05.2019

Фетаи, Ф. (2023). ПОЛОЖБАТА НА ЖРТВАТА ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА ВО СВЕТЛО. Македонска ревија за казнено право и криминологија. Преземено на 15.05.2024 од http://maclc.mk/Upload/Documents/FF.pdf

Фрицханд, А, (n.d.) Развојна психологија (предавања), http://anafritzhand.com/wp-content/uploads/ Razvojna-psihologija-pedagozi-predavanje-1.ppt

Фрицханд, А. (2007). *Вредности, вредносни ориентации, морални ставови и модели за идентификација во различни возрасни периоди* (Doctoral dissertation, Филозофски факултет, Скопје).

Штерјов, Л. (2013). *Влијанието на воспитната мерка - Засилен надзор од страна на центарот за социјална работа, врз положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда.* Магистерски труд, УГД, Штип.

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Гордана Лажетиќ е редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје, во областа Казнено процесно право.

Бобан Мисоски е е редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје, во областа Казнено процесно право.

Олга Кошевалиска е редовен професор на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во областите Казнено материјално право и Казнено процесно право.

Лазар Нанев е насловен вонреден професор на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Ниту еден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран на било кој начин без претходна писмена согласност на авторот

Е-издание: https://www.ukim.edu.mk/e-izdanija/PRF/Detsko-prestapnishtvo-i-pravda-za-deca.pdf